# МЕТОДИЈА ШАТОРОВ - ШАРЛО

## ДОКУМЕНТИ И МАТЕРИЈАЛИ

ДРЖАВЕН АРХИВ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МАКЕДОНИКА ЛИТЕРА

*За издавачот*
д-р Зоран Тодоровски
Нове Цветановски

*Рецензенти*
проф. д-р Новица Велјановски
проф. д-р Надежда Цветковска

*Превод*
(од руски, бугарски и српски јазик)
Кузман Георгиевски
Милош Линдро
Тронда Пејовиќ
д-р Зоран Тодоровски

*Уредник*
Аполон Гилевски

*Корица*
Кочо Фиданоски

**ДРЖАВЕН АРХИВ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МАКЕДОНИКА ЛИТЕРА**

# МЕТОДИЈА ШАТОРОВ - ШАРЛО

## ДОКУМЕНТИ И МАТЕРИЈАЛИ

Избор, предговор и редакција
д-р ***Зоран Тодоровски***

Соработник
***Ристе Бунтески-Бунте***

Скопје, 2012

## ПРЕДГОВОР

Животниот и револуционерниот опус на Методија Шаторов-Шарло го вбројуваат во редицата на најистакнатите македонски револуционерни и комунистички дејци на меѓународното работничко движење, на комунистичкото движење во Бугарија и во Македонија и на национално-револуционерното движење на македонскиот народ во раководството на ВМРО (Обединета). Со своето национално-револуционерно дејствување, пред и за време на Втората светска војна, Методија Шаторов-Шарло остави длабоки траги во македонската историја, пред сé како борец за слободата на македонскиот народ и за создавање на независна и обединета македонска држава, кој за своите комунистички идеали и за борбата за поправедно општество повеќе пати бил затворан и осудуван на смрт.

Методија Шаторов во комунистичките кругови е познат по своите конспиративни псевдоними: “Марко”, “Димо”, “Атанасов”, “Сава“, “Катилина” и “Панајот” (во раководството на Бугарската комунистичка партија) и ”Шарло” и “Митре” (во Покраинскиот комитет на КП во Македонија). Во анкетните листи на Коминтерната од 1930, 1933 и 1934 година во графата за “националност” Методија Шаторов секогаш се запишувал како “Македонец”, а државјанин на “Бугарија”.

По ослободувањето на Македонија дејноста на Методија Шаторов-Шарло како секретар на Покраинскиот комитет на КП во Македонија во македонскиот политички и партиски живот и во македонската историографија е оценета како едно од “белите петна” во македонската историја. Методија Шаторов-Шарло ќе стане објект преку кој најголем дел од македонското партиско раководство ќе ја гради својата политичка кариера и ќе ги стекнува најголемите признанија. Нарекуван погрдно како “стариот Бугарин”, Методија Шаторов-Шарло бил осуден како саботер и предавник на македонскиот народ, а сите негови блиски соработници и истомисленици - како „шарловисти” и “фракционери”. За Методија Шаторов-Шарло, како што вели неговиот најблизок соработник Перо Ивановски-Тиквар, “можеше и се бараше да се пишува, но само во една негативна ко-

нотација, за да биде прикажан за одметник и предавник на македонскиот народ”.

Со ваквите препознатливи етикети македонското партиско раководство го негира фактот дека Методија Шаторов-Шарло е еден од ретките македонски комунистички кадри што во своето досие во Коминтерната по националност се определи како “Македонец”, и покрај тоа што беше член на ЦК на БКП. Од друга страна, ним воопшто не им пречи што Покраинскиот комитет на КПМ не само што не беше самостојна македонска партиска организација, туку се наоѓаше во подредена положба во составот на КПЈ, но и пред и по него како партиски секретар ПК немаше македонско партиско обележје, туку југословенско и српско.

Во последниве години некои негови современици, соборци и партиски функционери, имајќи доблест и ревидирајќи ги своите стојалишта за Методија Шаторов, признаваат дека сето тоа што било вперено против него биле вистински лаги, дека тој не бил предавник како што се тврдело, дури и ќе го прогласат за “огнен поборник на самобитноста на македонското национално битие”.

Револуционерната дејност на Методија Шаторов во македонската и во бугарската историографија не беше еднакво третирана и валоризирана. Во македонската историографија до 1991 година за Методија Шаторов најмногу пишуваа неговите современици, учесници во НОВ, кои не само што партиски и политички го анатемисаа, туку употребуваа исти квалификации, обвинувајќи го за: “националшовинистички ставови”, “капитулантство”, “фракционерство”, “опортунизам” и сл. Со слични квалификации Методија Шаторов беше оценет и застапен во учебниците по историја до 1992 година, кога почна да се ревидира неговото место и неговата улога во македонската историја.

Во бугарската историографија Методија Шаторов е прикажуван и се слави како “голем бугарски револуционер”. Покрај тоа, додека во колективната меморија на нашата повоена генерација, а особено на училишната и студентската младина Методија Шаторов остана како најголем предавник на

Партијата и на македонскиот народ, од бугарската училишна младина тој е изучуван како истакнат член на ЦК на БКП и е познат како “нашиот командир”[1].

Исто така, додека името на Методија Шаторов воопшто не беше присутно во политичкиот и во стопанскиот живот на Народна и Социјалистичка Република Македонија, во комунистичка и во денешна Република Бугарија неговиот лик зазема видно место во Националниот воено-историски музеј во Софија и во Окружниот музеј во Пазарџик. Во овој град му е подигнат и голем споменик, каде што се сместени неговите посмртни остатоци, а за неговата револуционерна дејност се снимени повеќе документарно-образовни филмови. До 1990 година неговото име го носеа Заводот за акумулатори, Домот за деца и младинци и една улица во Пазарџик, а во 1968 година по наредба на министерот за народна одбрана на Р Бугарија, во списоците на бугарската армија е запишан “за вечни времиња” и неговото име е присутно при “полагањето на свечените заклетви во гарнизоните”[2]. Од 1945 до 1998 година во Бугарија, по повод годишнините на неговото раѓање и смрт, се приредуваа пригодни одбележувања и свечености, а тие редовно се регистрираа во партиските и во дневните весници и списанија[3]. Последното одбележување на 100-годишнината од раѓањето и 54-годишнината од “херојската смрт на истакнатиот антифашист и патриот” Методија Шаторов се одржа во Централ-

---

[1] Последната функција што ја имал М. Шаторов кога загинал како командир на Третата востаничка зона со центар во Пазарџик. Од анкетата направена на улиците во Пазарџик (в. “Народна армия”, София, 4. IX. 1968).

[2] В. “Землоделско знаме”, София, 4. IX. 1968.

[3] Пригодни написи се објавени во весниците и списанијата: “Септемвриско знаме”, Пазарџик; “Вечерни новини”, Софија; “Работничко дело”, Софија; “Земјоделско знаме”, Софија; “Кооперативно село”, Софија; “Народна армија”, Софија; “Труд”, Софија; “Народен женски глас”, Софија; “Пиринско дело”, Благоевград; сп. “Славјани”, Софија; “Народна младина”, Софија; “Пирин”, Благоевград; “Патриот”, Софија. Редакторот поседува копии на околу 40 написи од наведените весници и списанија, истражени во Народната библиотека “Св. Кирил и Методиј” во Софија.

ниот клуб на бугарските партизани во Софија на 2 септември 1998 година[4].

Во 1995 и 1996 година во Р Бугарија се објавени и две посебни монографии за Методија Шаторов и за неговото убиство[5].

Во Р Македонија меѓу првите, дури во 1993 година, за вистината за личноста на Методија Шаторов јавно прозборе новинарот и публицист Ристо Шуплиновски[6], а првата постудиозна монографија за животниот и револуционерен пат и за политичко-програмските погледи и залагања на Методија Шаторов ја објави публицистот Ристе Бунтески-Бунте во 1996 година[7]. Во 2005 година во Скопје се одржа и првиот научен со-

---

[4] В. "Дума", София, 31. VIII 1998, 13. Бугарската државно-партиска политика на 4 септември 1952 г., преку софиското радио го искористи поводот на 8-годишнината од смртта на Методија Шаторов-Шарло да се нафрли врз југословенското и македонското партиско раководство, обвинувајќи ги како главни виновници за судбината на Шарло, и за "разобличување на титовштината" (Државен архив на Република Македонија /натаму: ДАРМ/, Фонд: Методија Шаторов-Шарло). А македонските емигрантски средини во Софија на 11 јануари 1968 година ја одбележале 70-годишнината од раѓањето на Методија Шаторов во салата "Македонија", на која реферат прочитал Асен Чаракчиев, некогашен член на раководството на ВМРО (Обединета) во Бугарија, тогаш во функција на помошен директор на Историскиот институт при ЦК на БКП. Според известувањето од свеченоста, "собирот протече во знак на длабока почит кон светлото име на еден достоен син на бугарскиот народ - на херојот-революционер Методија Шаторов" (ДАРМ, Фонд: Методија Шаторов-Шарло).

[5] Илия Стефанов, Убийството на Методи Шаторов, Пазарджик, 2006; Тодор Балкански, Методи Шаторов-между македонизма и българизма, Велико Търново, 2006.

[6] Ристо Шуплиновски, "Вистината на видело", "Пулс", Скопје, 5. XI. 1993. Ристо Шуплиновски има објавено уште два написа и еден фељтон за Методија Шаторов: "Несфатливиот Шарло (Методија Шаторов-Шарло-предавник или втемелувач на државно-правната мисла за самостојна и суверена Република Македонија), в. "Нова Македонија", 11. I 1999; "Шарло-визионер за Македонија", сп. "Пулс", 14 I 1999; и "Шарло-претставник на револуционерното движење во Македонија", в. "Народен глас", Прилеп, II 1999 (фељтон во 5 продолженија).

[7] Ристе Бунтески-Бунте, Методија Шаторот-Шарло (политички ставови), Скопје, 1996. Види и кај: Зоран Тодоровски, Ристе Бунтески - Бунте: Методија Шаторов - Шарло (Политички ставови). Друштво за наука и умет-

бир посветен на Методија Шаторов: "Методија Шаторов-Шарло и неговото време 1897-1944"[8].

* * *

Методија Шаторов е роден на 10 јануари 1897 година во Прилеп. Татко му бил ситен дуќанџија. Тој почнал да работи и да му помага на татко си уште на 7-годишна возраст. Во 1910 година се запишал во гимназијата во Битола, а ја завршил во Призрен, кога за време на Балканските војни гимназијата била преместена во овој град. Во 1915 година завршил Учителска школа во Скопје. За време на Првата светска војна работел како секретар на селска општина во Прилепско.

Во септември 1918 година емигрирал во Бугарија и станал член на Бугарската социјалдемократска партија, активно учествувувајќи во масовните собири и демонстрации на партијата. Во исто време се вклучил во политичките активности на македонската емиграција во Софија, непрекинато учествувајќи во националноеволуционерното движење на македонската левица и до 1928 година извршувал одговорни работи. Од ноември 1918 до 1930 година работел во Софија како касиер, електротехничар и книговодител, а од 1931 до мај 1933 година

ност - Прилеп, 1996, Гласник на ИНИ, XXXXI/1-2, Скопје, 1997, 210-212; Зоран Тодоровски, "Предизвиците на Методија Шаторов - Шарло". Ристе Бунтески - Бунте: Методија Шаторов - Шарло (политички ставови), "Нова Македонија", "ЛИК", 19. XI 1997, 12.

[8] Како што забележал и бугарскиот историчар д-р Милен Михов, Научниот собир за Методија Шаторов "се претворил во јавен судир меѓу две струи". Едната предводена од "ортодоксните конзерватори, претставени од Вера Весковиќ-Вангели, Вл. Ивановски, Орде Иваноски, А. Спасовски, Трајче Груевски и Л. Георгиевски-Љупта", именувајќи ги притоа и како "цврстолинејски комунистички историчари", и другата "од мнозинството на учесниците кои ја поддржувале тезата за придонесот на М. Шаторов во македонската историја како борец за национална држава на македонскиот народ и за неопходноста за негова историска рехабилитација" (Политика в история. Новата българска история и македонската историография 1944-2005 г., Велико Търново, 2006, 194-195).

работел како книговодител во едно берлинско трговско претставништво.

Според досието-биографија на Методија Шаторов, заведено во Коминтерната, во 1920 година станал член на Бугарската комунистичка партија и зел активно учество во Септемврискoто антифашистичко востание во Бугарија во 1923 година. Во 1924 година бил уапсен и интерниран во Горна Џумаја. Од мачењето во полицијата излегол со нарушено здравје и долго време боледувал, при што бил принуден да оди во Москва на лечење. И подоцна, во 1928 година, по провалата на ЦК на БКП Методија Шаторов повторно бил апсен и мошне храбро се држел пред бугарската полиција. Како што пишува во неговото досие во Коминтерната, “во рацете на полицијата и непријателите секогаш се пројавувал како гранитен болшевик и проверен другар”.

Од 1925 година бил вклучен во Внатрешната македонска револуционерна организација (Обединета), а во август 1926 година бил избран за член на Комисијата за нелегални работи и член на Обласниот комитет на ВМРО (Обединета) за Пиринска Македонија. Во 1928 година, по своето враќање од Германија, ја раководел ВМРО (Обединета) во Пиринска Македонија, а во 1934 година, по враќањето од Советскиот Сојуз, по задача на ЦК на БКП повторно се вклучил во работата на ВМРО (Обединета).

Работејќи долги години во највисоките органи на БКП и на ВМРО (Обединета), Методија Шаторов најдобро ги познавал состојбите во ВМРО и во ВМРО (Обединета), како и кај македонските емигрантски и бегалски маси во Бугарија и сметал дека македонското движење зазема “централно место во сите националнореволуционерни движења”[9]. Уште веднаш по негово емигрирање во Бугарија во 1918 година, Методија Шаторов во 1919 година бил определен да му помага на Димо Хаџи Димов во Емигрантскиот комунистички сојуз со цел да ги

[9] Владо Поповски, Ленина Жила, Македонското прашање во документите на Коминтерната, Том I, Дел 2, Скопје, 1999, 1553. Од дискусијата на М. Шаторов на седницата на Втората нелегална конференција на БКП, одржана на 14 декември 1927 година.

привлекува македонските бегалци во оваа организација[10]. Како еден од поистакнатите и најангажирани раководители на ВМРО (Обединета) во Бугарија, Методија Шаторов бил задолжен да работи по "македонска линија" во Задграничното биро на ЦК на БКП. Па оттаму, кај Шаторов најрано од сите македонски револуционери и комунистички дејци созреала идејата за создавање посебна македонска национална организација или партија.

Во крајот на 1927 и почетокот на 1928 година Методија Шаторов учествувал на Втората нелегална конференција на БКП одржана во Берлин, каде што присуствувал како делегат од Софија. Во дискусијата тој се заложил за постоење на единствена македонска организација во Вардарска Македонија.

По завршувањето на Конференцијата во Берлин, Методија Шаторов се вратил во Бугарија и бил избран за секретар на Градскиот комитет на БКП и за член на ЦК на БКП. Во ЦК на БКП работел "специјално во областа на националното революционерно движење", бидејќи тогаш во овој највисок орган на БКП не постоела национално-революционерна комисија. Според досието на Методија Шаторов заведено во Државната безбедност на Дирекцијата на полицијата на Бугарија од 1924 година, тој бил окарактеризиран како "активен комунистички функционер", којшто "работел во националноослободителното движење среде македонската емиграција во Бугарија". Во 1928 година бил уапсен од бугарската полиција и без судење бил осуден на 11 месеци затвор. Во јули 1929 година бил ослободен од затвор, а во 1930 година ја напуштил Бугарија и заминал во Прага, а подоцна во Виена. Во 1926, 1927, 1930 и 1931 година по партиски задачи престојувал во Австрија и во Германија.

Од 1930 година Методија Шаторов работел во телата на Коминтерната во Москва по прашањето на национално-револуционерното движење на балканските народи. Во Москва тој бил избран за член на ЗБ на ЦК на БКП, каде што бил

---

[10] Държавен архив, Благоевград, Спомени от Георги Коцалиев за Методи Шаторов, л. 1-2; Държавен архив-София, Градски партиен архив, Тетратка Бр. 6, Сп. 5789-Ангел Георгиев, Методи Шаторов, л. 2.

задолжен да работи по „македонска линија”. Познавајќи ги добро состојбите во македонското револуционерно движење, тој ја истакнал идејата за создавање “посебна македонска национална организација или партија” што ќе дејствува по "македонските работи". За решавање на ова горливо македонско прашање Методија Шаторов покажал особено ангажирање по решенијата од Седмиот конгрес на Коминтерната во 1935 година и од Шестиот пленум на ЦК на БКП во 1936 година за ликвидирање на ВМРО (Обединета) и кога на заседанијата на ЗБ на ЦК на БКП во Москва и на ЦК на БКП во Софија се расправало за идниот статус на Македонската организација.

На заседанието на ЗБ на ЦК на БКП во Москва, одржано на 26 јануари 1937 година, на чиј дневен ред се дискутирало за идниот статус на Македонската организација, Методија Шаторов бил главен референт по прашањето каков став да заземе ЗБ на ЦК на БКП во врска со директивата на Коминтерната за “ликвидирањето” на ВМРО (Обединета). Методија Шаторов на заседанието се залагал за создавање на “национална македонска организација”.

Во Москва Методија Шаторов ја посетувал Меѓународната ленинистичка школа и по нејзиното завршување во 1935 година се вратил во Бугарија, при што особено се ангажирал за “реорганизирање и активирање на ВМРО (Обединета)”. Во 1936 година, со разоткривањето и апсењето на раководството на ВМРО (Обединета) под обвинение дека “бил главен организатор на организацијата во Софија”, Методија Шаторов бил осуден во отсуство на 5 години строг затвор и 50.000 лева глоба.

Во годините пред Втората светска војна (1938-1939) Методија Шаторов, во својство на член на ЗБ на ЦК на БКП, бил претседател на Бугарскиот комитет за помош на шпанскиот народ со седиште во Париз, каде што се наоѓал и Интернационалниот комитет. Задача на Комитетот било да развива политичка дејност во корист на републиканска Шпанија, да му дава материјална и морална помош на шпанскиот народ, да им помага на бугарските интербригадисти, учесници во Шпанската граѓанска војна, и на бугарските семејства во Шпанија, за што и престојувал во Барселона.

Кон крајот на 1939 година Методија Шаторов од Париз се префрлил во Советскиот Сојуз, а оттаму во ноември истата година се вратил во Македонија, во Прилеп. Во април 1940 година бил избран за секретар на Покраинскиот комитет на КПЈ за Македонија. Со доаѓањето на Методија Шаторов во пролетта 1940 година за политички секретар на ПК на КП во Македонија комунистичкото движење во Македонија доживува крупни промени, односно доживува ренесанса. Тој веднаш го сменил името на Партијата од Покраински комитет на КПЈ за Македонија во Покраински комитет на КП во Македонија.

Во резолуциите и повиците на ПК на КП во Македонија Методија Шаторов ќе започне да ја пропагира македонската национална платформа, чија крајна цел е: македонска држава со право на отцепување, официјализирајќи го, притоа, македонскиот јазик во меѓупартиската преписка. Важноста на овие партиски материјали е огромна поради тоа што овие документи првпат се пишувани на македонски јазик; како нивен потписник стои Покраинскиот комитет на КП во Македонија и речиси сите завршуваат со слоганот: “ДА ЖИВЕЕ СЛОБОДНА МАКЕДОНИЈА”[11]. Овие пропагандни материјали беа објавувани во органот на ПК на КП во Македонија “Билтен”, кој започна да излегува во јули 1940 година, кога на чело на Покраинскиот комитет беше Методија Шаторов.

На Петтата земска конференција на КПЈ одржана во Загреб во 1940 година Методија Шаторов е избран за единствен член на ЦК на КПЈ од Македонија. Во дискусијата на оваа Конференција тој истапил со став во кој ја обвинил КПЈ за секташко застранување. Според него, ставот на КПЈ да се чека македонското национално прашање да се реши во текот на револуцијата бил погрешен. Ставовите на Методија Шаторов на оваа конференција биле спротивставени и по однос на српските колонисти во Вардарска Македонија. Тој се залагал земјата, пасиштата и шумите во Македонија да се одземат од

[11] Во летокот под наслов “Брајкја” од ноември 1940 г., упатен до македонскиот народ, стои слоганот: “ДА ЖИВЕЕ СЛОБОДНАТА МАКЕДОНСКА РЕПУБЛИКА”.

колонистите и да им се вратат на македонските селани, а колонистите да се иселат во Србија.

Во мај 1941 година, во познатото писмо до "Стојана", Методија Шаторов ја осудил окупацијата на Македонија од германските, италијанските и од бугарските фашистички војски, подвлекувајќи дека "Македонците се борат за своја национална и политичка слобода". Во писмото тој ги повикал македонскиот народ и народностите во Македонија во заедничка борба за слобода: "Да се обединат сите Македонци и други народности во Македонија за општо свое право за слобода и рамноправност, но не цепење на македонската земја и македонскиот народ. За таа своја слобода и рамноправност Македонците треба да се борат заедно со Бугарите, Хрватите, Србите, Грците и Црногорците на Балканскиот Полуостров, затоа што судбината денеска им е еднаква".

Залагајќи се за решавање на статусот на Македонија и на Македонците, Методија Шаторов, во својство на секретар на ПК на КП во Македонија, во писмото до ЦК на БКП од мај 1941 година го покренал барањето за "издигнување на актуелното прашање, како задача за непосредно решение: Македонија да биде откината од Бугарија и да биде оформена како независна македонска држава". Во писмото тој го повикувал македонскиот народ да се крене против настојувањата на окупаторите за нови делби на Македонија и да ги мобилизира масите околу реализирањето на "македонските пароли за социјална и национална програма".

Со неговото долгогодишно револуционерно искуство и со познавањето на историските и политичките состојби на Македонија, под негово раководство ПК на КП во Македонија се избори за своја сопствена партија, ослободена од туѓи влијанија, способна да ги оствари програмските цели што ќе дејствуваат на целокупниот македонски простор. Раководството на Партијата презема низа активности за организационо средување, зацврстување и проширување на партиската организација и за нејзино идејно-политичко издигнување.

Покраинското партиско раководство на чело со Методија Шаторов успеа да развие широка пропагандна дејност, која

се изрази преку издадените прогласи, повици и апели. Во овие документи е изложена целокупната програмска и практична акција на Покраинскиот комитет во тогашните услови: борба за одбрана и афирмација на македонскиот национален индивидуалитет, борба против реакционерните мерки на владата Цветковиќ-Мачек, борба против скапотијата и шпекулацијата, борба против врзувањето на Кралството Југославија за кој и да е империјалистички блок, борба против вовлекувањето на Кралството Југославија во војна, сојуз со СССР, борба за демократски национални и социјални права на работниците и на национално угнетените маси во Кралството Југославија, а во тој контекст и во Вардарска Македонија.

Во својство секретар на ПК на КП во Македонија, Методија Шаторов покажал голема активност во организирањето на македонскиот народ во борбата за национално ослободување од тројното ропство и за организирање самостојна суверена држава. Основен предуслов во тоа гледал во организирањето на самостојна Комунистичка партија на Македонија, која ќе ги обедини комунистите и другите македонски сили во борбата за национално ослободување на целиот македонски простор, подготвени да ги отстранат штетните последици од распарченоста на македонската земја, кои предизвикале тешки последици врз македонското национално револуционерно движење.

На Покраинската конференција на КП во Македонија од 8 септември 1940 година беа разгледани клучните прашања од општествениот, меѓународниот и внатрешнополитичкиот живот, пред сé од интерес за “развој на борбата на македонскиот народ за подобар живот, демократизација и национално ослободување”. На Конференцијата беше донесена резолуција промовирана како “Македонска платформа”, зад која стоел Методија Шаторов, во којашто, меѓу другото, е истакнато дека ”големо значење за комунистичките организации се разбирањето и спроведувањето на револуционерната политика и политиката на националното прашање, затоа што тоа се јавува како прашање над прашањата.” Првпат комунистичкото движење во Вардарска Македонија, предводено од Покраинскиот комитет, изградило основни програмски цели за решавање на маке-

донското национално прашање, а се предвидувала борба на македонскиот народ за докажување на неговиот национален идентитет, за рамноправност со другите народи на Балканот, слобода во својата суверена државна заедница, односно, како што било истакнато во резолуцијата: “Само слободна и независна Македонија може да им гарантира слобода на сите поттиснати и поробени во Македонија”. Во резолуцијата било покренато прашањето за српските колонисти и за нивно иселување од Вардарска Македонија, односно на македонските селани да им се врати земјата, а на српските колонисти да им се даде земја во Србија, од каде што се дојдени.

Една од основните и најважни задачи на ПК на КП во Македонија била тактиката за создавање општ македонски националнореволуционерен фронт, односно народен фронт што ќе ги опфати сите социјални и етнички структури од населението во Вардарска Македонија (Македонци, Турци, Албанци и др.).

Во внатрешните партиски пресметки во Покраинскиот комитет Методија Шаторов бил обвинет дека “го саботирал организирањето на оружената борба”, дека самоволно “ја припоил македонската партиска организација кон Бугарската работничка партија” и дека бил “под влијание на Бугарската работничка партија”. Обвинувањата дека го саботирал собирањето оружје и организирањето на партизанските одреди Шаторов енергично ги негирал, исповедувајќи им се, притоа, на своите најблиски соработници: “Тука не е Србија, тука народот со знамиња ги дочекуваше Бугарите затоа што тој смета дека е ослободен, треба да се почека за да види народот каква е бугарската полиција, па тогаш“.

Меѓутоа, историските факти покажуваат дека веднаш по фашистичкиот напад на СССР е формирана Покраинска воена комисија, која врши подготовки за организирање диверзантски групи и нивна обука за ракување со оружје и организира работилници за производство на одреден вид оружје. Овие подготовки овозможиле на 22 август 1941 година да се формира Скопскиот партизански одред.

Врз основа на овие обвинувања, во средината на септември 1941 година легално избраниот Покраински комитет бил суспендиран, а Методија Шаторов бил сменет од должноста политички секретар и исклучен од Партијата. Во своето писмо до Извршниот комитет на Коминтерната, преку ЦК на КПЈ и ЦК на БКП, кое всушност претставува и официјална исповед на Методија Шаторов за неговата работа во ПК на КП во Македонија, тој најенергично ги отфрлил сите обвинувања против него, подвлекувајќи дека неговото исклучување е погрешно, дека е засновано на клевета и дека тој како "непартиски борец" веќе не може да земе учество во "револуционерната борба". Причината за сменувањето на Методија Шаторов од должноста политички секретар на Покраинскиот комитет лежи и во неговата македонска платформа, која се потпира врз правото на самоопределување до отцепување на секој народ посебно, односно врз правото за сопствена суверена држава на Балканот.

Откако бил отстранет од Партијата, по иницијатива на Јосип Броз-Тито Методија Шаторов бил осуден на смрт. Сакајќи да замине во партизани, тој не добил врска и за да ја избегне опасноста да биде ликвидиран од партизанскиот суд, се вратил во Бугарија. По доаѓањето во Бугарија, во октомври 1941 година, тој веднаш бил вклучен во партиските активности на БКП. Во 1942 година повторно бил избран за член на ЦК на БКП и за секретар на Софискиот окружен партиски комитет. Како секретар на оваа најголема партиска организација во Бугарија непосредно ја раководел Воената комисија за формирање партизански чети и ги раководел диверзантските групи што извршувале атентати над високи функционери на бугарската фашистичка власт, меѓу кои и на генералот Христо Луков. Во јуни 1943 година бил назначен за командир на Третата востаничка оперативна зона со центар во Пазарџиско, каде што го раководел партизанското движење и Штабот на зоната[12]. Со доаѓањето во Пазарџик Методија Шаторов го формирал Штабот на оваа област, на чие чело бил избран како

[12] Цола Драгойчева, Победата. Вращане на дълга, книга 3, София, 1970.

командант, ја зацврстил партиската организација со проширувањето на активностите среде населението, го зголемил бројот на партизаните на околу 800 борци и ги активирал нивните оружени акции. Во февруари 1944 година при еден судир со бугарските воени и полициски сили кај врвот Елеџик на Родопите, во кој загинале 24 партизани, Методија Шаторов бил ранет во ногата и во раката.

На 4 септември 1944 година, само неколку дена пред капитулацијата на Бугарија, Методија Шаторов бил убиен во сѐ уште неразјаснети околности. Енигмата на загинувањето, или поточно, на убиството на Методија Шаторов, сѐ уште е присутна како едно од "белите петна" во македонската и во бугарската историографија. Методија Шаторов бил убиен на 4 септември 1944 година кај Пазарџик, во обласа Милеви Скали, во борбата со бугарските воени и полициски единици. Според подоцнежните изјави на соборците на Методија Шаторов, во борбата кај Милеви Скали учествувале околу 200 партизани, наспроти 2.000-на војска и полиција. Кога започнала борбата, Методија Шаторов, откако дал наредба за распоред на позициите за одбрана, му наредил на одредот да се повлече, а тој, веќе ранет во ногата, останал да се прикрива во густата шума со 12 партизани, кои доброволно останале покрај својот командир. Методија Шаторов не починал веднаш, бил ранет и живеел уште неколку дена. Неговото мртво тело било пронајдено дури на 15 септември, кога било донесено во ослободениот Пазарџик. Во лекарското уверение издадено по неговата смрт стоело дека Методија Шаторов бил ранет и потоа бил жив уште 5-6 дена, јадел лисја и корени, поради што му се подул стомакот, што подоцна се потврдува и со направената аутопсија и со лекарскиот наод.

Мошне симптоматично е што никој од 200-те партизани и оние 12-темина партизани што останале со Методија Шаторов во шумата не го видел неговото убиство[13]. Исто така, не-

[13] Редакторот поседува околу 40 спомени и сеќавања на соборците на М. Шаторов што учествувале во борбата кај Милеви Скали, истражени во Централниот државен архив во Софија и во државните архиви на Софија, Благоевград и Пазарџик.

сфатливо е што по ослободувањето на Пазарџик и по прославата на градот на 9 септември никој не се сетил да го побара својот командир, туку дури на 15 септември било пронајдено неговото мртво тело и било донесено во ослободениот Пазарџик.

Мистериозноста на загинувањето на Методоја Шаторов долги години ги опседнуваше бугарските и македонските историчари и публицисти и досега се објавени голем број прилози со најразлични верзии во Бугарија и во Македонија. Во бугарската мемоарска и публицистичка продукција најмногу прилози околу загинувањето на Методија Шаторов, секогаш со нови и дополнети верзии и податоци[14], објавил генерал-лајтнант Атанас Семерџиев, кој заедно со Љубен Гумнеров[15] учествувал во борбата во која загинал Методија Шаторов и тие се сметаат за крунски сведоци на неговото загинување[16]. Во Македонија "мистериозното убиството" на Методија Шаторов-Шарло првпат го спомнува во своите публицистички трудови, и тоа во фуснота, Лазар Колишевски, кој всушност и ја скрои неговата политичка судбина[17].

---

[14] Атанас Семерджиев, За да има живот - партизански спомени, София, 1964; И никой не се врна, Софија,1973; Преживяното не подлежи на обжалване, София, 1999,

[15] Љубен Гумнеров бил секретар на Окружниот комитет во Пазарџик и член на Штабот на Третата оперативна зона 1943-1944,

[16] Генералот Атанас Семерџиев и Љубен Гумнеров мошне брзо напредувале во партиските структури на БКП и во воената служба на бугарската армија. Љубен Гумнеров станал член на ЦК на БКП, а генералот Атанас Семерџиев, за време на комунистичка Бугарија на Тодор Живков, околу 20 години бил началник на Генералштабот на бугарската армија, а веднаш по паѓањето на комунизмот во Бугарија бил избран за заменик-претседател на Република Бугарија (1990-1992). Во 1997 година бил обвинет за уништување на досиејата на Министерството за внатрешни работи и по подолга судска расправа бил помилуван.

На Меѓународната конференција на тема: "Студената војна на Балканот", одржана во Пловдив, Р Бугарија, од 18 до 20 мај 2000 г., редакторот се запозна со генералот Атанас Семерџиев и на прашањето "Како загина Методија Шаторов" тој мошне нервозно и возбудено ме упати на неговиот последен напис во две продолженија, објавен во в. "Дума" на 11 и 12 февруари 2000 г. под наслов: "Кой уби Методи Шаторов?".

[17] Драган Кљакиќ, Времето на Колишевски ,Скопје, 1994.

* * *

Методија Шаторов-Шарло се вбројува во редот на најистакнатите дејци на меѓународното работничко движење, на комунистичкото движење во Бугарија и во Македонија и на националнореволуционерното движење на македонскиот народ во рамките на активностите на ВМРО (Обединета).

Во Зборникот се содржани досега необјавени документи и материјали за Методија Шаторов-Шарло, за овој досега недоволно проучуван македонски комунистички револуционер, којшто во македонската историографија беше анатемисан и опсипуван со најцрни епитети, за кој до скоро не смееше да се пишува во позитивна конотација. Зборникот претставува прв досега објавен зборник на документи и материјали, низ кој се открива животот и револуционерниот пат на овој наш комунистички деец, јасно се гледаат неговите политичко-програмски погледи и залагања во однос на слободата, државноста и националноста на Македонија и на македонскиот народ. Всушност, Зборникот претставува преиспитување на севкупната револуционерна дејност на Методија Шаторов-Шарло.

Преку документите и материјалите што се презентирани во Зборникот, односно преку пишаната политичка оставина на Методија Шаторов-Шарло, читателите ќе се запознаат со некои негови нови, досега непознати погледи, залагања и дејства во однос на македонските проблеми и потреби за посебна македонска самостојна и независна држава. А тоа го овозможува новопронајдената архивска документација во руските и во бугарските партиски архиви, во која се расветлуваат нови моменти од неговата политичка и револуционерна активност по македонска национална линија. Во овие новооткриени документи и материјали Методија Шаторов-Шарло го гледаме како националнореволуционерна личност со проверен комунистички мироглед, со континуирано дејствување како македонски национален патриот со развиено и непоколебливо македонско национално чувство. Во нив, Методија Шаторов-Шарло е прикажан и како македонски комунистички активист,

кој ни најмалку не бил Македонец по директива и кој, и покрај сите игри на судбината и политиката на Коминтерната и на БКП, чиј член, воспитаник и функционер на најтесното партиско раководство бил сé до неговата смрт, не се откажал од својата македонска свест, од својата изразена промакедонска активност, ниту пак од борбата на својот народ за рамноправен третман со другите балкански народи за извојување на слободата на својата татковина.

Документите и материјалите вклучени во Зборникот ја опфаќаат революционерната дејност на Методија Шаторов во временски период од околу 20 години, од 1924 до 1943 година. Тоа е период од развојот и подемот на комунистичкото движење во Бугарија, Македонија и во Југославија, период мошне важен за историјата на македонскиот народ, кога се шireше комунистичкото движење и се поставуваа првите основи за решавање на македонското прашање. Преку документите на Методија Шаторов поширoко може да се видат историските и политичките придобивки на комунистичкото движење среде македонските емигрантски маси во Бугарија и среде македонскиот народ во Вардарска Македонија, како и ставовите на БКП, КПЈ и Коминтерната за македонското прашање и за решавањето на судбината на македонскиот народ.

Низ документите и материјалите се осознава вистинската личност на Методија Шаторов како беспрекорен, предан, дисциплиниран и бестрашен комунист, не само како истакнат революционер и деец на комунистичкото движење во Бугарија и во Македонија и на национално-революционерното движење на македонскиот народ, како раководител на ВМРО (Обединета), туку и како интернационален деец на меѓународното работничко движење. Поради неговата активна и континуирана комунистичка дејност, тој во периодот 1924-1925 и 1928-1929 беше постојано следен, апсен, затворан, интерниран и осудуван од бугарската полиција во Софија.

Од овој период потекнува и неговиот прв аналитички материјал за ”Историјата и суштината на ВМРО (Обединета), во кој Методија Шаторов пишува дека ВМРО (Обединета) ја истакнала “големата програмска парола за обединување на ма-

кедонскиот народ во една независна македонска држава" со истакнување на стратегиската парола за "самоопределување на македонскиот народ". Давајќи на знаење дека "ВМРО (Обединета) се залага за масовно оружено востание во Македонија", тој подвлекол дека "ВМРО (Обединета) во Македонија под бугарска власт се бори за самоопределување на Петричкиот крај до негово отцепување од империјалистичка Бугарија за да дојде до негово обединување со другите два дела на Македонија во една независна македонска држава". Материјалот Методија Шаторов го завршува со констатацијата: "Нашиот пат е единствениот што води кон национално и економско ослободување на македонскиот народ. ВМРО (Обединета) е единствената и вистинска македонска националнореволуционерна организација, во која членуваат револуционерни македонски сили без разлика на нивната партиска припадност. Таа има револуционерно-демократска идеологија и го држи знамето на македонската националност и борбата за слобода и независност".

Познавајќи ги најдобро состојбите во македонското револуционерно движење, Методија Шаторов во органите и телата на БКП и во Коминтерната бил задолжен да работи по „македонска линија". Тој се застапувал за решавање на македонското национално прашање, за создавање посебна македонска држава и за посебна македонска национална организација или партија, којашто ќе дејствува исклучиво по "македонските работи". Не случајно, тој во анкетните листи на Коминтерната од 1930-1935 година, како и во својата автобиографија од 1934 година, во графата за "националност" секогаш се запишувал како "Македонец", а државјанин на "Бугарија" (Док. I, бр. 4-10).

Документите во Зборникот изворно ја расветлуваат револуционерната и политичката дејност на Методија Шаторов, а особено мошне јасно ја проследуваат неговата активност по македонска национална линија. А според биографијата, заведена во неговото досие во Коминтерната, Методија Шаторов како учесник во националнореволуционерното движење ѝ припаѓал на "македонската левица" (Док. I, бр. 7).

Долги години работејќи во највисоките органи на БКП и на ВМРО (Обединета), Методија Шаторов најдоборо ги позна-

вал состојбите во ВМРО и во ВМРО (Обединета), како и кај македонските емигрантски и бегалски маси во Бугарија, и "македонското движење" го сметал како "централно место во сите националноревулуционерни движења" (Док. I, бр. 2) Како еден од поистакнатите и најангажирани раководители на ВМРО (Обединета) во Бугарија, Методија Шаторов бил задолжен да работи по "македонска линија" во ЗБ на ЦК на БКП. Па оттаму, кај Методија Шаторов најрано од сите македонски револуционери и комунистички дејци созреала идејата за создавање на посебна македонска национална организација или партија.

Ваквото свое залагање Методија Шаторов го најавил уште на Втората нелегална конференција на БКП, одржана од 8 декември 1927 до 15 јануари 1928 година во Берлин, каде што присуствувал како делегат од Софија под псевдонимот "Марко". Во дискусијата тој ја отфрлил "неопходноста од создавање самостојна организација на КПЈ во Македонија", заложувајќи се за "создавање на ВМРО (Об.)" и за постоење на единствена македонска организација во Вардарска Македонија, односно сметал дека "во Македонија не треба да има Комунистичка партија, туку само ВМРО (Обединета)" (Док. I, бр. 2). Ваквата негова дискусија на Конференцијата од присутните делегати била пресретната со "едногласно спротивставување и оспорување" на "еден погрешен поглед" на "заблудениот другар" и веднаш му била дадена карактеристика како на "опасен национал-револуционер, уфрлен во средината на комунистите, кој треба решително да биде критикуван и отстранет"[18]. По одржувањето на Конференцијата во Берлин Методија Шаторов се вратил во Бугарија, каде што работел во ЦК на БКП "специјално во областа на националното револуционерно движење, бидејќи тогаш не постоеше национално револуционерна комисија при Партијата" (Док. II, бр. 3).

Залагањето за создавање посебна македонска национална организација или партија што ќе дејствува по "македонски работи" Методија Шаторов особено го актуелизирал по реше-

[18] Владо Поповски, Ленина Жила, Македонското прашање... цит., 1227-1231.

нијата од Седмиот конгрес на Коминтерната во 1935 година и од Шестиот пленум на ЦК на БКП во 1936 година за ликвидирање на ВМРО (Обединета). На заседанието на ЗБ на ЦК на БКП во Москва, одржано на 26 јануари 1937 година, на чиј дневен ред се дискутирало за идниот статус на Македонската организација, Методија Шаторов, под псевдонимот "Марко", бил главен референт по прашањето каков став да заземе ЗБ на ЦК на БКП во врска со директивата на Коминтерната за "ликвидирањето" на ВМРО (Обединета). На заседанието присуствувале 10 члена на ЗБ на ЦК на БКП, меѓу кои и Васил Коларов, Владимир Поп Томов, Трајчо Костов и др.

Во своето излагање Методија Шаторов мошне јасно и отворено изјавил дека е "неопходно да создадеме национална македонска организација", а создавањето на новата организација да се одвива под мотото: "ВМРО (Об.) да се трансформира во нова демократска организација". Притоа, тој го покренал и прашањето "за македонска култура, за славењето македонски празници и за македонски училишта" (Док. I, 12).

Слични ставови и погледи на Методија Шаторов се содржани и во неговиот аналитичен материјал, исто така од 1937 година, под наслов "Зошто бугарската фашистичка диктатура по 19 мај спроведува отворена противмакедонска политика", испратен до Васил Коларов. "Петричко", односно Пиринска Македонија, Методија Шаторов во материјалот го нарекува "македонски крај", во кој македонското население целосно ја прифатило идејата за "изградување масовно македонско движење". Основната задача на ВМРО (Обединета), како што пишува тој во материјалот, била "да ги насочува своите сили за побрзо сплотување на разединетите македонски сили", за поскоро создавање на "македонско народно единство" и "борба за национална независност". Во материјалот тој сугерира да се избираат градски и селски комитети за борба, како "органи на единствениот македонски фронт, а фактички органи на идната единствена македонска народна организација", а главна цел, како што пишува тој во материјалот, е "задолжително во македонскиот крај ќе се наложи потреба од создавање организација или македонска партија" (Док. II, бр. 4).

Потребата за решавање на статусот на Македонија и на Македонците Методија Шаторов ја актуализирал неколку години подоцна, како секретар на Покраинскиот комитет на КП во Македонија, во писмото до ЦК на БКП од мај 1941 година. Во писмото тој го покренал барањето за "издигнување на актуелното прашање, како задача за непосредно решение: МАКЕДОНИЈА ДА БИДЕ ОТКИНАТА ОД БУГАРИЈА И ДА БИДЕ ОФОРМЕНА КАКО НЕЗАВИСНА МАКЕДОНСКА ДРЖАВА" (со големи букви во писмото-б.м.) (Док. I, бр. 35).

Во Зборникот се вклучени и повиците и прогласите на Покраинскиот комитет на КП во Македонија, како и написите објавени во в. "Билтен", орган на ПК на КП во Македонија од 1940-1941 година, додека на нејзино чело како секретар бил Методија Шаторов, односно написи што тој ги пишувал, ги редактирал и ги одобрувал за објавување. Покрај тоа што овие материјали одамна се објавени во Р Македонија, преку нивната содржина се гледааат ставовите на Методија Шаторов за македонското национално прашање, борбата за создавање посебна македонска држава, односот кон окупаторите на Македонија, особено кон бугарскиот окупатор, потребата од оружен отпор на македонскиот народ и др. (Глава IV и V).

* * *

Зборникот се состои од 105 документи и 45 материјали (реферати, прогласи и статии). Најголем број од нив се наоѓа во Централниот државен архив и во Архивот на Министерството за внатрешни работи на Бугарија во Софија, потоа во Рускиот центар за проучување на документите од најновата историја во Москва, како и во Државниот архив на Република Македонија и во Архивот на Институтот за национална историја во Скопје. Голем дел документи, особено полициското досие на Методија Шаторов, се објавува првпат, а мошне мал дел документи се објавени во одделни зборници во Р Бугарија и во Р Македонија.

Во Зборникот ги вклучуваме и повиците и прогласите на Покраинскиот комитет на КП во Македонија, како и написите

објавени во в. "Билтен", орган на ПК на КП во Македонија од 1940-1941 година, додека на нејзино чело како секретар бил Методија Шаторов, односно написи што тој ги пишувал, ги редактирал и ги одобрувал за објавување.

Документите и материјалите во Зборникот се хронолошки подредени според времето на нивното создавање, односно објавување. Текстовите се преведени од руски, бугарски и од српски јазик, а помал број има и на македонски јазик. Текстовите се изворно пренесени, без никаква интервенција. Секој документ има број и редакциски наслов според неговата тематика, а според археографските стандарди и неопходни податоци за архивот во кој се наоѓа и каде е претходно објавен, како и белешки (фусноти), каде што сметавме дека е потребно соодветно објаснување, прецизирање или дополнување. Скратените или испуштените зборови се ставаат во квадратни загради.

Заради прегледност на материјалите, Зборникот го поделивме на четири глави.

Првата глава ги содржи документите објавени од Методија Шаторов, односно документи напишани од него што произлегуваат од неговото перо (говори, дискусии, извештаи, обраќања, биографии, писма (лични и партиски), како и партиски и полициски документи објавени за Методија Шаторов (анкетни листови, прашалници, податоци за партиска активност, легитимации, уверенија, пропусници, одликувања и сл.).

Втората глава ги содржи материјалите (реферати и статии) објавени од Методија Шаторов.

Во третата глава се содржани документите што произлегуваат од полициското досие на Методија Шаторов, водено од Одделението за безбедност при Министерството за внатрешни работи на Бугарија (политичко, полициско и затворско досие; записници од претресите, распитите и сослушувањата; изјави, известувања и белешки; молби од Методија Шаторов и од неговата мајка; судски решенија, писма и акти).

Четвртата глава ги содржи прогласите и повиците на Покраинскиот комитет на КП во Македонија, додека на негово чело како секретар бил Методија Шаторов.

Петтата глава ги содржи статиите и написите објавени во весникот "Билтен" во 1940-1941 г., орган на Покраинскиот комитет на КП во Македонија, додека на негово чело како секретар бил Методија Шаторов.

* * *

Потребата за објавување на вистината и за расветлување на револуционерниот профил на Методија Шаторов-Шарло и за почнување  на подготовките за објавување на Зборникот потекна од една група ентузијасти и почитувачи на ликот и делото на Методија Шаторов-Шарло: сега веќе починатите публицисти Ристе Бунтески-Бунте, Ристо Шуплиновски-Шуплин и Кузман Георгиевски, а особено од Перо Ивановски-Тиквар, организационен секретар на Покраинскиот комитет на КП во Македонија и најблизок соработник на Методија Шаторов-Шарло. Тие не само што ме поддржуваа и ме охрабруваа во истражувањето нови документи, туку и активно се вклучија во подготовките на Зборникот. Така, Ристе Бунтески-Бунте се ангажираше во докомплетирањето на повиците на ПК на КП во Македонија и написите објавени во в. "Билтен", а Кузман Георгиевски во преведувањето на неколку документи на Методија Шаторов во ракопис пишувани на бугарски јазик.

Оттаму, голема благодарност за помошта при подготвувањето на Зборниот им должам на овие лица, како и на Милош Линдро за извршениот превод на дел од документите од бугарски јазик и на Тронда Пејовиќ за извршениот превод на документите и материјалите од руски и од бугарски јазик, како и за лектурата и именскиот регистар. Должна благодарност им искажувам и на рецензентите на Зборникот, проф. д-р Новица Вељановски и проф. д-р Надежда Цветковска.

Скопје, октомври 2012 год. Д-р Зоран Тодоровски

# I

# ДОКУМЕНТИ

**Бр. 1.**
**Свидетелство за завршено учителско училиште**
**на Методија Шаторов**

**Призрен, 24. VI 1915 г.**

Српска кралска
учителска школа

## СВИДЕТЕЛСТВО

КРАЛСКО СРПСКО УЧИТЕЛСКО УЧИЛИШТЕ
ЗА
УЧИТЕЛСКИ ИСПИТ НА ЗРЕЛОСТА

*Г. Методија Шаторовиќ,*
Роден на *10 јануари 1897 г. во Прилеп*
вера *источноправославна*
кој во школската 1914/15 година го завршил *IV* клас на Учит[елската] школа во *Призрен* со *многу добар* успех и *многу добро* поведение, на учителскиот испит, одржан од *6 до 24 јуни 1915 година во Српската* учителска школа во *Призрен*, го покажал овој успех:

На писмениот испит:

За педагогија........................................................ *Многу добар (4)*

На усниот испит:

За христијанска наука и црковно пеење...........*Одличен (5)*
За српски јазик со српска книжевност.............*Многу добар (4)*
За српска и општа историја и географија........*Многу добар (4)*
За психологија, логика, општа и применета
педагогија и историја на педагогијата............ *Многу добар (4)*
За математика.....................................................*Многу добар (4)*
За природни науки...............................................*Добар (3)*

На практичниот испит:

За школска работа.............................................. *Многу добар (4)*

Според покажаниот успех, Испитниот одбор објавува дека на:

*Г. Методија Шаторовиќ*
*му се признава зрелоста и*
способноста за учител

Бр.312
24 јуни 1915 г.
во Призрен

Раководител,
[потпис] Иванишевиќ,
проф.

Управник
на Учителската школа,
[потпис] Д-р А. Станишиќ

[печат]
Српска кралска учителска школа во Скопје

[Печат]
Министерство на просветата
на Царството Бугарија
Бр. 10170

Ова Свидетелство се признава за [...][19], издадено од Народното педагошко училиште во Царството.

Софија, 17 август 1918 година.

Началник на Одделението,
[потпис]

*Државен архив на Република Македонија, Скопје (натаму: ДАРМ), Фонд: Методија Шаторов -Шарло.*

[19] Нечитлив текст.

**Бр. 2**
**Говор на Методија Шаторов на II илегална конференција на БКП за македонското прашање и за состојбата во македонското движење во Бугарија**

**Берлин, XII 1927 г. – I 1928 г.**

**Говорот на др. Марко - соф[иски] делегат - службеник - Македонец**

(...) 10. Националното прашање

Бидејќи самиот е учесник во нац[ионално]-рев[олуционерното] движење, тој се обидува подробно да се задржи на нац[ионалното] прашање и на грешката на Партијата во таа област. “И до ден-денешен се наоѓаат млади и стари другари што ги карактеризираат сите Македонци како фашисти. Тоа е погрешно”.

Се задржува подробно на периодот од 1918 до 1927 г. и цени:

а) дека макед[онското] движење има долга и самостојна историја, која повеќето од нашите луѓе не ја знаат и не ја разбираат;

б) дека по погромот во 1918 г. на буг[арскиот] национализам беше погромен и национализмот во макед[онското] движење и беа создадени сите поволни услови тоа движење да премине во наши раце. Меѓутоа, среќната иницијатива на Хаџидимов и на Серчани во 1918-19 да ја обноват ВМРО врз нова основа не беше поддржана од Партијата, беше запоставена, се оддадовме да правиме емигр[антски] комунист[ички] сојуз, им го препуштивме макед[онското] движење на буг[арските] банкротирани националисти на чело со нивниот агент Т. Александров и [сие] и на тој начин дозволивме тоа движење да помине во туѓи и непријателски раце за да игра потоа една фатална улога во внатрешните борби во Бугарија;

в) дека и подоцна не ја разбравме својата грешка. Дури кога националистите беа уште слаби во 1919-1920 г., ние не презедовме ништо ни за заштита на нашето масовно движење

во Петричкиот округ, кое се тероризираше од ситните терористички банди на Т. Александровци кои ги немаа за[д] себе макед[онските] маси - последните беа со нас. Тие ги убиваа нашите луѓе, а ние [бевме пасивни]. Нашите дејци, а со нив и сите искрени макед[онски] револуционери од тие краишта, енергично инсистираа да се замеша Партијата за да ги разбие тие банди, што тогаш беше лесна работа, и да го земе макед[онското] движење во свои раце. ЦК беше упорен во својата пасивна и погрешна линија, додека националистите надвладеаја, за потоа веќе да разгледува како да гради единствен фронт со нив, што не е лесна задача зашто тие се отворени агенти на бугарската буржоазија, со која Партијата беше во смртна борба. Да прифатеше Партијата во тие години, дури до превратот, енергична борба со национал[истичките] буг[арски] агенти и да се потпреше врз макед[онските] маси во Петр[ичкиот] округ кои беа со неа, таа ќе успееше да ги разбие, ако притоа земеше правилна линија по нац[ионалното] прашање, таа ќе успееше да го завладее р[аководст]вото на тоа движење и на дело да го оствари единствениот фронт на нац[ионално]рев[олуционерното] макед[онско] движење со раб[отничко]-селанското рев[олуционерно] движење во Б[уга]рија и на Балканот.

Го убиваат К. Петров - ЦК молчи. Убиваат 14 наши активни другари во Петричко - ЦК молчи. ЦК добива ултиматум од бандата на Т. Александров и крие од Партијата. Чудно ли е што по сето тоа агентите на буг[арската] буржоазија и на буг[арскиот] национализам завладеаја со макед[онското] движење и успеаја да го спротивстават на раб[отничко]-сел[анското] движење и на КП?!

г) По превратот веќе тргнавме да бараме врски со Макед[онската] организација и со мак[едонското] движење. Го распуштаме ком[унистичкиот] емигр[антски] сојуз и го [прекинуваме излегувањето на] в-кот “Освобождение” - т.е. бевме веќе принудени сосема да капитулираме. Но и во тој период ЦК го крие од Партијата и од масите ултиматумот што го добива.

Влеговме во братствата и почнавме да работиме. Тоа беше правилно. Постигнавме значителни резултати. Се повр-

завме повторно со разочар[аните] и [левоор.] маси на ВМРО и на братствата. Под влијание на тој процес на свртување кон лево кликата на Т. Александровци прави маневри, се ориентира лево, ги бара СССР и нашата Партија. Меѓутоа, пред да успееме да ги создадеме своите ком[унистички] фракции и пред да создадеме и да организираме една вистинска левица способна да [ја прифати] внатрешната борба за раководството на макед[онското] движење, ние го објавуваме “манифестот”[20] и им олеснуваме на Воената лига и на нејзините орудија во ВМРО да го извршат својот погром над макед[онското] движење и неговата левица. Согласен е со Марек во оваа точка. Го обвинува ЦК што не презеде мерки да го спаси Хаџи Димов, кој толку лесно стана жртва и откако се знаело дека сигурно ќе го убијат.

Сега веќе постои ВМРО (Об.), меѓутоа фактички и на дело не ја поддржуваме во Бугарија и буг[арска) Македонија[21] таа да собере околу себе сé што е способно во макед[онското) движење. Југослов[енската] Партија во Македонија[22] дури работи со ВМРО, а не со ВМРО (Об.).

Тука другарот запаѓа во една [фрапантна] грешка - тој ја негира во овој момент неопходноста од создавање самостој[на] организација на КПЈ во Македонија - треба да се создава ВМРО (Об.), а комунистите да формираат ком[унистички] фракции кои се доволни. Во таа точка тој наидува на еднодушни противења и препирања на конференцијата.

Со тоа тој завршува. Покрај длабоката искреност и многуте вистински нешта кажани од тој другар, од последната точка на неговата критика се гледа дека тој сé уште не си ја разјаснил и не ја разбрал самостој[ната] улога што КП треба да ја има во макед[онското) и др. нац[ионално]рев[олуционерни] движења. Меѓутоа, нема сомневање дека тој ќе го изврши тоа разјаснување и тогаш веќе е несомнена корисната улога што комунистите што учествуваат во макед[онските] [организации] ќе ја играат во макед[онското] движење. Жално е што не

[20] Се мисли на Мајскиот манифест на ЦК на ВМРО, потпишан во Виена на 6 мај 1924 г.

[21] Се мисли на Пиринска Македонија.

[22] Се мисли на Комунистичката партија на Југославија.

успеав да установам колку таа заблуда на другарот е само негова лична, или таа е израз и на една струја или најмалку на еден погрешен поглед на комунисти што учествуваат [во] макед[онското] нац[ионално]револуц[ионерно] движење. Во таков случај тоа е опасно национал[но]револуц[ионерно] скршнување во средината на тие комунисти, кое треба решително да биде критикувано и отстрането. Се знае дека само со прифаќањето и доследното спроведување на една правилна линија по национ[алното] прашање и нац[ионално]рев[олуционерното] движење на Балканот таквото скршнување може да биде отстрането. Несомнено е дека досегашните грешки во таа важна област го потхрануваат таквото скршување, ако тоа навистина постои, или барем потхрануваат такви погрешни гледишта, кои не се ништо друго освен нијанси и почетни знаци за едно такво скршнување. (...)

*Владо Поповски, Ленина Жила, Македонското прашање во документите на Коминтерната, Том I, Дел 2, Скопје, 1999, 1235-1239.*

**Бр. 3**
**Дискусија на Методија Шаторов на II илегална конференција на БКП за извештајот на Васил Коларов**

**Берлин, 2. I 1928 г.**

…

**Марко** (Софија). Оваа 1928 година ќе биде година на војни. [...] Бегалската маса во 9/10 е од грчка Македонија. Не е вистина дека мак[едонската] емиграција ги поддржува патриотарите. Сите од грчка Македонија [се] опозициски настроени. Централистите и врховистите водеа жестока борба меѓу себе, а во грчка Македонија - Серски и Солунски округ – централистите беа мнозинство. В. “Македонија” се распространува не во 10.000, туку во 6.000. Во Петричкиот округ в. “Македонија” е задолжителен. Влијанието на патриотарите меѓу емиграцијата сé повеќе и повеќе се намалува.

…

**Марко**. Ти како да паѓаш од Марс. Го забораваш теророт што се врши - никој не смееше да го крене гласот зашто ќе биде убиен.

…

**Марко**. Ја поддржа својата теза дека нашето влијание меѓу емиграцијата расте. Друго е прашањето за фракциите меѓу мак[едонската] емиграција. Српската партија сакаше да нема организација на ВМРО (Обединета), туку само Комунистичка партија. Денес во српска Македонија не постои Ком[унистичката] партија, освен во Скопје. Поддржа (мислење) дека во Македонија не треба да има Ком[унистичка] партија, туку само ВМРО (Обединета)...

…

**Марко**. Јас не велам дека не треба да се создаде КП, туку само велам каква е ситуацијата внатре. Треба ли да постои ВМРО (Обединета) меѓу емиграцијата во стара Бугарија. Мое мислење е дека треба. Меѓутоа, нашата партија го спречуваше тоа.

…

**Марко**. Во организацијата ВМРО (Обединета) постојат големи [противречности] меѓу комунистите и левите елементи од бурж[оаскиот] табор. Последните се поддржувани од СССР. На пр. Филип Атанасов[23] е поддржуван со советски пари. Ќе се направи голема грешка ако му се даде одговорно место на тој продаден човек. Федералистите веќе немаат ништо заедничко со Фил. Атанасов. Треба да им се каже на руските другари да прекинат со Фил. Атанасов кој е во врска со Обов[24] и К[оста] Тодоров[25] и е [предан] на српската влада. Од септември наваму влијанието на автономистите во српска Македонија се губи од

[23] Филип Атанасов (?-1956), член на раководството на Македонската емигрантска федеративна организација и на ВМРО (Обединета).

[24] Александар Обов (1877-1975), деец на Бугарската земјоделска партија, мнистер во владата на А. Стамболиски (1920-1923), по Втората светска војна пратеник во Народното собрание на Бугарија.

[25] Коста Тодоров (1899-1947), деец на Бугарската земјоделска партија, амбасадор на Бугарија во Кралството на СХС (1921-1923).

ден на ден. Островски се лаже ако мисли дека нивното влијание постои. Со тие мак[едонски] организации, непријателски спрема нас, треба да водиме борба, а не (да склучуваме) спогодби. Макед[онското] население се бори со четите на Протогеровата[26] акција. Атентаторите немаат врска со населението – минуваат за 1-2 дена, извршуваат атентати и бегаат назад во Бугарија. Влијанието на автономистите е сведено до максимум да се биде член на братството од страв од репресии.

…

**Марко**. Врховизмот е симбол на предавство меѓу емиграцијата. Колку што има македонствујушти во Партијата - дотолку има и работа меѓу макед[онската] емиграција. Додека постои буржоазија, кај нас ќе има и мак[едонски] џелати што се купуваат со пари, а ние не можеме да се купуваме. Во нашиот дневен печат да се изнесуваат статии за состојбата на емиграцијата, но на таков начин што да можеме да ја имаме на наша страна. Федералистите не се комунисти, но се револуционерен елемент. И меѓу нив ком[унистичките] фракции треба да работат добро. Федералистите во ВМРО (Обединета) треба да имаат одделни организации, одделни канали за праќање литература.

*Владо Поповски, Ленина Жила, Македонското прашање... цит., 1235-1239.*

[26] Се мисли на четите на ВМРО предводени од членот на ЦК, Александар Протогеров.

**Бр. 4**
**Документи со податоци за Методија Шаторов во врска со неговото префрлување од БКП во ВКП(б)**

**Москва, 2. IX 1930 г.**

АНКЕТЕН ЛИСТ

1. Од која Комунистичка партија е испратен во Меѓународното ленинско школо
2. Презиме и име
Одговор: Катилина[27] М. (Шаторов М.).
3. Време и место на раѓањето
Одговор: 10. I 1897 г. Македонија – Југославија.
4. Точно да се укаже на состојбата (сталежот) и потеклото
Одговор: Занаетчиско потекло, малосопственик дуќанџија.
5. Твојата професија или специјалност
Одговор: Трговски службеник.
6. Националност – Македонец.
7. Државјанство – Бугарско.
8. Семејна состојба
Одговор: Неженет.
9. Образование
Одговор: Средно.
10. Кои јазици ги знаете
Одговор: Руски и германски. Повеќе (подобро) го владеам рускиот јазик, а помалку (послабо) германскиот. На руски читам, разбирам сé, но зборувам со грешки, особено во падежите.
11. Дали си бил во други земји и во кои, освен во својата
Одговор: Да. Во Австрија и во Германија, но само по партиски задолженија.
12. Точно да се укаже на професијата на родителите или на лицата што ги заменуват и местото на нивната работа

[27] Псевдоним на Методија Шаторов.

Одговор: Татко ми е починат, мајка ми е без професија, 70 г., живее во Софија.
13. Служба во армијата и на која должност

Одговор: Немам служено (одбегнував да се јавам).
14. Вашиот однос кон воената обврска во сегашно време

Одговор: По наполнети 30 г. возраст не ме примаа во согласност со важечкиот воен закон во Бугарија.
15. На која политичка партија ѝ припаѓавте за време на пристапувањето. Стапувањето во неа и број на партиската книшка.
16. Дали сте биле (членувале) во други партии

Одговор: Во никои други политички партии не сум членувал.
17. Дали си одговарал пред суд и дали си бил испрашуван

Одговор: Бев апсен (затворан) повеќепати до 1925 г. (атентатот)[28], но според сомневања и откриена (провалена) работа. Во 1925 г. ме испратија во прогонство. Во прогонство се разболев. Во 1928 г. бев затворен и 11 месеци бев во затвор.
18. Дали членувате во синдикални организации

Одговор: Член сум на Сојузот на трговските службеници од 1920 г. и др.

2/IX 1930 г. Катилина М.

*Российский центр хранения и изучения документов новейшей истории, Москва (натаму: РЦХИДНИ-Москва).*

[28] Се мисли на атентатот на црквата Св. Недела во Софија, извршен на 16 април 1925 г. од членовите на Воената организација на БКП. При атентатот загинале над 150 лица, а биле ранети над стотина лица, од кои и неколку бугарски генерали.

**Бр. 5**
**Анкетен лист на Методија Шаторов за прием во Меѓународната ленинска школа**

**Москва, 5. II 1931 г.**

ШАТОРОВ МЕТОДИЈА
(КАТИЛИНА МАРКО)

ЛИЧНА КАРТА НА СТУДЕНТОТ
НА МЕЃУНАРОДНАТА ЛЕНИНСКА...

Лична карта бр. ... на студентот во Меѓународната ленинска школа
Презиме – Катилина
Име – Марко
Примен - во 1930 г.
Партиска книшка -
Студентска книшка бр. III
Сектор - руски
Курс кусорочен
Кружок - I
Знаење на стран [ски] јазици - руски, германски помалку.

ОПШТИ ПОДАТОЦИ

I.

1. Год[ина] месец и ден на раѓањето
   Одговор: 1897, 10 јануари
2. Националност
   Одговор: Македонец
3. Социјална положба
   Одговор: службеник
4. Партиска припадност и партиски стаж
   Одговор: член на Бугарската комунистичка партија од 1920 г.
5. Членство во други партии (колку години)
   Одговор: -

6. Образование
   Одговор: до пристапувањето (нижо, средно, вишо)
   Средно педагошко училиште
7. Основна професија до школувањето (звање, време и место)
   Одговор: книговодител, 10 години
8. Дали членувал во синдикати (кои и колку време)
   Одговор: во синдикатот на трговските службеници од 1920 г.
9. Резултат на проверката
   Одговор: -
10. Време кога ја завршил школата
   Одговор: Отпатувал пред завршувањето, на 5. II 1931 година.

II. Улогата на синдикатот во 3-тиот период на повоениот развиток на капитализмот.

Усно објаснување: При подготовката и општиот развиток целосно се користени: марксистичката литература на Плеханов, Комунистичкиот манифест и Лениновото дело "Државата и револуцијата". Во општи црти, добро е осветлено прашањето за прераснувањето на буржоаско- демократските револуции во пролетерска револуција. Сериозен и проницлив другар.

(И. Левковски)

*РЦХИДНИ-Москва*

**Бр. 6**
**Анкетен лист за партиската активност на Методија Шаторов**

**Москва, 9 мај 1933 г.**

АНКЕТА ПОРАДИ ПРЕФРЛУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ ОД СТРАНСКИ КОМУНИСТИЧКИ ПАРТИИИ ВО ВКП(б)

1. Име презиме - Методија Шаторов
2. Кога е роден – на 10. I 1897 г. во градот Прилеп, Македонија
3. Социјална положба и потекло - службеник
4. Професија – книговодител
5. Последно место на работа -
6. Од кога е во Партијата и каде е примен во КП - од ноември 1920 г., во Софија (Бугарија)
7. Од кога е член на синд[икалната] организација - од септември 1920 г.
8. Кога дошол од Берлин во СССР - во април 1933 г.
9. Зошто отпатувал – поради закана со смрт од страна на македонските фашисти и поради болест
10. Дали добил одобрение од ЦК за да отпатува - да
11. До кога таму уплатувал партиска членарина - до III 1933 г.
12. Дали бил апсен, суден, за што, на колку време добил пресуда и колку останал затворен - затворан повеќе пати, без пресуда, останал во затвор една година
13. Точно да се наведат имињата и адресите на другарите од неговата земја што можат да ги потврдат наводите или да дадат повеќе подробности за политичкото минато – другарите В. Коларов и П. Искров[29], Коминтерна
14. Точна адреса: ул. “Болшаја Одринка”, д. 13, стан 49.

М. Шаторов — Датум на пополнувањето
9 мај 1933 г.

*РЦХИДНИ-Москва*

---

[29] Петар Искров (1891-1938), деец на БКП, член на Задграничното биро на ЦК на БКП (1928-1936) и член на Извршниот комитет на Коминтерната (1929-1943), репресиран од советските власти.

**Бр. 7**
**Автобиографија на Методија Шаторов во врска со неговото префрлување од БКП во ВКП(б)**

**Москва, VI 1933 г.**

## БИОГРАФИЈА
**М. Шаторов - член на БКП од 1920 година**

Роден сум на 10. I 1897 г. По националност сум Македонец, државјанство бугарско. Социјална положба на татко ми - мал дуќанџија (бакалница), мајка ми работеше заедно со него. Имавме куќа заедно со дуќанот во градот Прилеп (Македонија). Условите за живеење беа многу тешки. Започнав да работам, да му помагам на татко ми уште на возраст од 7 години. На мои 14 г. започнав да учам во Педагошкото училиште и во 1915 г. го завршив. Потоа (за време на војната) работев како секретар во селска општина во Македонија, до завршувањето на војната во 1918 г. Од ноември 1918 г. работев како благајник, електричар и книговидител до 1930 г. Од 1930 г. до 1. 5. 1933 г. работев како книговодител во берлинско трговско претставништво. Вкупно до денешен ден, имам работено 18 години. Материјалното обезбедување за сето тоа време произлегуваше од платата. Војска немам служено. За време на војната бев ослободен како секретар на селска општина. По војната од 1918 г. одбегнав да служам војска поради погрешното мислење за воената служба, тогаш, за време на моето стапување во партијата се мислеше дека армијата е буржоаска и од тоа произлегува дека во неа не треба да се служи. Женет сум. Жена ми е ќерка на железничар, член на германската партија. Имотната состојба на нејзините родители е никаква. Општествената исто така. Имам престојувано во странство во 1926 г., 1927 г. и 1930, 1931 г. по партиска работа и поради болест. Ги познавам земјите: Југославија, Австрија и Германија.

**б) Интелектуален развиток и образование**

Се школував во Педагошкото (средно) училиште. Почнав во 1910 г. во Битола, а завршив во 1915 г. во Искуп (Скопје), Македонија.

Партиско-политичко специјално образование немав. Поради болест, во јануари 1931 г. бев принуден да го прекинам учењето на Ленинските курсеви и заминав во странство. Се образував со самостојно читање книги. Во 1931 г. ги читав делата (состави) на Ленин, Маркс и на Сталин (одделни делови од Капиталот). Знам да пишувам и да зборувам југословенски и германски.

**в) Политичка организираност**

До зачленувањето во партијата не членував во друга партија. Во 1918 год. стапив во македонските масовни организации во Софија и од тоа време непрекинато земам учество во националнореволуционерното движење (македонска левица), а од 1921 до 1928 г. често бев на раководна должност. Во работата на Комсомолот немам учествувано. Уште за време на војната одржував врски со членови на Бугарската социјалдемократска партија (тесни социјалисти). По војната 1918-1919 г. непрекинато учествував во масовните собири и демонстрации на партијата, а во 1920 г. се зачленив во синдикалната организација (Сојуз на банкарските трговски службеници). Член на Комунистичката партија станав во ноември 1920 г. по предлог на раководството на банкарските и трговските службеници, како и на Емигрантскиот комунистички сојуз. Уште во почетокот на 1921 г. станав секретар на партиска ќелија. Земав активно учество во целокупниот партиски и вонпартиски живот и во сите масовни јавни дејности, во агитацијата и пропагандата на партијата и во сите партиски секојдневни активности. Постојано врбував нови партиски членови и имав контакти со работничките маси. Во 1921 г., освен што бев секретар на ќелија, бев секретар и на група ќелии и земав учество во нелегалната воена организација на партијата. Вршев одговорна работа во обезбедувањето на клубови и демонстрации, вооружени.

За време на Септемвриското (1923 г.) востание исто така ми беше поставена одговорна задача. По Септемвриското вос-

тание зедов активно учество во обновата на Софиската организација. Во тоа време бев секретар на Првиот софиски реонски и член на Окружниот софиски комитет. Во летото 1924 г., заедно со уште двајца другари, ја реорганизиравме Софиската организација на производствен принцип. По 16. 4. 1926 г. (атентатот на софиската катедрала), освен што бев секретар на Првиот реонски комитет, член на Окружниот комитет, бев и заменик на секретарот на Градскиот софиски комитет, другарот Горниев. На крајот од 1925 г. бев примен во болница, но не ги прекинав врските со другарите што работеа на обновата на Софиската организација, ниту ги прекинав врските со провинцијата, давав упатства, луѓе, јавки, материјали и друго. Во 1926 г. болен зедов учество во создавањето на работничката партија. Во 1927 г. отпатував на лекување во странство. Бев избран за делегат на Партиската конференција. Во групирање и во фракции не учествував, ѝ се потчинував на партиската дисциплина, не бев исклучуван. По II партиска конференција, на која бев избран за член на ЦК и секретар на Софиската партиска организација, се вратив во Бугарија, а во 1928 г. бев затворен. Во декември 1929 г. повторно заминав во странство, во врска со партиска работа. Во февруари 1930 г. допатував во СССР и во КИ[30]. По решавањето на проблемите стапив на учење во школото Ленински курсеви и во 1931 г., поради болест, заминав во Германија, а се вратив во 1933 г.

**г) Општествена положба**

Во септември 1920 г. станав член на синдикатот и член на раководството на Софиската организација. Во 1923 г. станав член на раководството на Сојузот на синдикатите. Учествував во раководењето на штрајкови, го организирав друштвото "Светлина" од работници- електротехничари и организирав штрајк. Ја организирав целокупната социјална работа во претпријатијата "Аврамов" и "Светлина" со работници – електротехничари и неколку банкарски службеници. Бев член на Кооперацијата "Ослободување" и ја вршев кооперативната работа.

[30] Комунистичка интернационала (Коминтерна).

Освен тоа, бев член на националнореволуционерната организација (македонска).

**д) Репресии и судење**

На апсење и репресии сум бил подложуван повеќе пари. Од 1922 до 1925 г. (атентатот) 4-5 пати. По состанокот на бирото на Софискиот окружен комитет бев затворен. Ме држеа затворен 5 дена. Бараа од мене да ги кажам учесниците на состанокот. Не дадов никакви признанија и ме пуштија. За време на атентатот бев затворен шест недели, а потоа ме испратија во прогонство... Таму, во бугарскиот дел на Македонија[31] работев во вонредно тешки услови за работа (16-часовен работен ден), физичка работа на градежен работник. По два месеци се разболев поради лошите климатски услови. По 4 месеци, во есента 1925 г. бев примен на лекување во болница. Во 1927 г. пак бев во затвор 2 дена. Во 1928 г. во провалата на Ц[ентралниот] комитет бев затворен и 45 дена бев измачуван. Бескрајните страдања беа заменети со затвор. Во затвор останав 11 месеци. Бев ослободен, бидејќи ни во полиц[иското] ни во судското иследување не дадов никакво признание. Освен тоа, тројца другари, кои во полиц[ијата] дадоа признание, на судот се откажаа од своите признанија. На тој начин мене и на уште еден другар Петров не ни одредија судење (таканаречениот процес на 52-темина). Во затворот бев поврзан со партијата. Таму ние имавме организација.

Москва, јуни 1933 год., дале изјави: Коларов и Искров (Балканска секција).

М. Шаторов

*РЦХИДНИ-Москва*

[31] Се мисли на Пиринска Македонија.

**Бр.8**
**Анкетен лист на Методија Шаторов**
**за неговата активност во БКП**

**Москва, 2. VII-1933 г.**

ДОВЕРЛИВО ШАТОРОВ
Л/д Бр. 3154 КАДРОВСКО ОДДЕЛЕНИЕ НА ИККИ

ЛИЧНА КАРТА
на активистот од КП Бугарија

Шаторов Методија
Псевдоним - Марко Катилина
Националност - Македонец
Државјанство - бугарско
Член на БКП од X 1920 г., сега сум префрлен во ВКП (б)
Се школувал во МЛШ [Меѓународна ленинска школа], 1930 г.
Какви изборни партиски и општетвени функции и места заземал -
- Секретар на ќелија
1921 г.
- Секретар на РК [Реонски комитет]
1922 г.
- член и зам. секр. на Окружен ком. во Софија
1924 г.
- делегат на II партиска конференција
1928 г.
- член на ЦК и секр. на Софиската орган.
1928 г.
- член на раководството во синд. орган.
1923 г.
- раководител на штрајкувачки комитет

датум на составување
II. VII-1933 г.

*РЦХИДНИ-Москва*

**Бр. 9**
**Анкетен лист на Методија Шаторов за неговата партиска активност**

**Москва, 29. VIII 1934 г.**

ДОВЕРЛИВО

ОВДЕШНИ (во школото) презиме и име
1. КАТИЛИНА
2. Сегашното презиме и име - ШАТОРОВ Методи
3. Партиски прекари и псевдоними (кога и каде живеел и работел под тие прекари) - Марко
4. Година и место на раѓање - 10. I 1897 г.
5. Националнот и државјанство - Македонец, бугарско
6. Партијност - член на БКП од 1920 г. и ВКП (б), уште непрефрлен
7. Професија - трговски службеник
8. Време на пристигнувањето во СССР и со какви документи - мај 1933 г. со свој личен документ
9. Место на живеење и место на работа или школување - МЛШ.

Белешка
отв. полож. од 29/VIII - 1934 г.
ЕМ д. Бр. 2, стр. 280
д. Бр. 3, стр. 260-261

*РЦХИДНИ-Москва*

**Бр. 10**
**Податоци за партиската активност на Методија Шаторов**

**Москва, IV 1935 г.**

Стр. тајно
Бугарија, д.19.

КАТЕЛИНА МАРК.

Чл. ПБ ЦК КПБ од 1935 г.
чл. ЦК од .....
чл. КПБ од 1920 г.

Македонец. Бугарски државјанин.
Роден во 1897 г. во семејство на ситен дуќанџија, службеник-книговодител, член на Синдикалната оргнизација од 1920 г. Образование средно. Во 1931 г. и 1934 г. со прекиди учествувал во МЛШ, ги познава Југославија, Австрија и Германија.

Од 1918 г. учествувал во национално-револуционерно движење.

Многу пати бил апсен, подложуван на испитување.

Вкупно во затвор бил една година.

Учесник и раководител на штрајкот во 1921 г.

Од 1921 г. на раководна партиска работа бил секретар на месната и реонска келија, член и секретар на Окружниот комитет на софиската организација.

Во ЦК бил кооптиран на V пленум. Сега е член на ПБ[32], го раководи одделението за национално-револуционерното движење среде Македонците.

15/11.1936, (потпис): Волоџа

Составено: л. д. Април 1935 г.

*РЦХИДНИ-Москва*

[32] Политбиро.

**Бр. 11**

**Обраќање на Методија Шаторов до Претставништвото на ЦК на БКП за неговите партиски активности и податоци за некои партиски работници и членови на раководството на ВМРО (Об.) во Бугарија**

**Москва, 3. I 1937 г.**

Другари,

Веднаш по моето пристигнување во Москва дознав дека се шират гласини за мене и се изнесуваат сомневања за мојата верност и преданост на Партијата и на револуционерното движење. Немаше да Ви се обраќам доколку овие гласини произлегувале од неодговорни другари, но бидејќи произлегуваат од др. Иванов, кој зазема одговорно место во органите на пролетерската диктатура, Ви се обраќам со следнава молба:

1. Да бидам распрашан за лицата-Македонци замешани во контрареволуционерната терористичка организација откриена во СССР во 1935 год.

2. Да се преиспитаат моето минато и сегашност и да се осветлат некои нејасни прашања за др. Иванов.

Пред да пристапиме кон горното, сакам да разјаснам некои прашања за работи што ги направив на свој начин во моите средби со др. Георги Димитров, Васил Коларов и Антон Иванов.

Лицето Илија Кочев го имам видено во Бугарија само еднаш, при неговото пристигнување во Софија од гр. Велес (Македонија под српска власт). Во февруари 1933 год. го видов во Берлин кога пристигна од Софија како “жртва на Иван Михајлов”. Не го знам неговото минато, но знам дека бил михајловист и голем авантурист. Кога во мај о[ваа] г[одина] дојдов во Москва, тој ме посетуваше заедно со Коце Грачанов, го среќавав во хотелот, во КИ и во нашата секција. Од неговиот близок пријател К. Грачанов дознав дека Илија се однесува како непријателски, антисоветски и контрареволуционерен елемент. За сé што дознав за него во Москва, јас навремено писмено известив во Кадровиот оддел при КИ и им обраќав внимание на Бугарите таму дека треба да се нареди негово следење, на-

ведувајќи го местото на неговиот престој во Донбас, каде што бил пратен на работа од МОПР[33]. Во едно писмо оттаму, адресирано до Грачанов, тој молеше да го поставиме прашањето за негово враќање во Бугарија на работа по линија на ВМРО (Об.). Се сеќавам дека во писмото на Грачанов му одговорив да не брза со поставувањето на прашањето и да поседи подолго во СССР каде што ќе научи многу работи и дека Организацијата сама ќе го повика кога ќе има потреба од него. Сметам дека сите други информации за него не е потребно да ги испраќам, бидејќи се соопштени од др. Громов[34].

К. Грачанов го познавам од 1923 год. кога дојде во Софија како бегалец од гр. Велес. Тој беше прогонет од Србите како активен автономист[35]. Нашето запознавање се случи преку негови сограѓани, наши партиски другари (Ал. Мартулков[36] и Борис Михов). Тогаш многу нé интересираше одгласот во Македонија на учеството на организацијата на Т. Александров[37] во фашистичкиот Деветтојунски преврат и нејзината предавничка улога во Септемвриското востание. Ние си поставивме задача да го оттргнеме Грачанов од организацијата на Т. Александров. Во текот на 5-6 години често се среќавав со него и успеавме да го "придобиеме" за македонското револ[уционерно] движење. Тој се сметаше за симпатизер на комунизмот, редовно ја проучуваше нелегалната партиска и друга литература и редовно даваше материјална помош. До моето заминување од Бугарија (XII 1929) тој не беше примен во ВМРО (Об.) зашто се сметаше за брборко, фалбаџија и [имаше] ред други негативни особини. Во текот на 1930-33 год. тој бил вклучен во ВМРО (Об.) и стана член во Месниот комитет на Обединета во Софија. Партијата во лицето на Руменов и Дим.

33 МОПР – Меѓународна организација за помош на револуционерите.

34 Псевдоним на Димитар Влахов.

35 Во оригиналот стои "михајловист" (пречкртано).

36 Алексо Мартулков (1878-1965), еден од основачите на првата социјалистичка група во Македонија (1895), припадник на ВМРО (Обединета) и член на АСНОМ. По Втората светска војна член на Президиумот на АСНОМ и народен пратеник во Народното собрание на НРМ.

37 Тодор Александров (1882-1924), член на ЦК на ВМРО и лидер на автономистичката ВМРО.

Ганев (Добруџанец, член на ЦК на РКП – осуден во Букурешт со А. Паукер), му доверувала партиски тајни. Тој ја препишувал Сашовата провала и др[уги] партиски документи. Кај него живееле нелегално прво Руменов, а потоа и Рилски. Кога доаѓал во Москва, живеел кај К. Лазаров, а откако се разведов од жена ми, тој посака да го примам кај мене. Неговото доаѓање кај мене стана со знаење и помош на ЗБ (Мавров). Во Бугарија пројавував кон него голема револ[уционерна] будност и откако дознав за неговата контрареволуционерна и терористичка дејност, се чувствував морално одговорен за тоа дека не сум можел да дознаам и да го откријам тој никаквец, виртуоз-контрареволуционер. Во Москва тој стана поблизок со мене и со борбата што ја водеа фракционерите во нашата партија против водачите на Партијата и против мене. Јас своевремено го известував др. В. Коларов за борбата на фракционерите-левичари, која ја пренесоа во масите. Конкретно го наведов примерот со Грачанов обработен од Руменов во 1933 год. Грачанов ме известуваше за сѐ што правеа фракционерите, за нивните собири, за погледите по конкретните прашања и настапите и др. Тој исто така ме извести за контрареволуционерното држење на Илич[38]. За моето заминување во Бугарија тој знаел, уште повеќе дека ќе заминев легално. Јас му ветив дека ќе ја испитам положбата на жена му, која тој сакаше да ја доведе тука од Софија. Ги распрашав другарите за неговата жена и дознав дека таа е таков елемент кој не е за СССР. Му напишав во декември 1934 год. едно писмо во кое го советував да прекине засекогаш со неа и да се ожени со друга во СССР.

Во однос на мене др. Иванов искажувал сомневања и дури директно велел: "Како било можно тој толку лесно да добие пасош и да биде во СССР? Тука работата не е чиста!" Мене не ми е познато ништо друго освен ова, но можно е тој да зборувал или да се сомневал и за други работи. Што се однесува до пасошот, треба да кажам дека не добив виза толку лесно. Чекав 4 месеци додека да ја добијам. Тоа го припишувам на нашиот процес (52-та). Додека не помина процесот, јас не добив

[38] Нечитлив збор, веројатно Илич или Илија.

виза. Се гледа дека полицијата очекувала нови откривања во судот од исказите и од другарите што биле во затворот. Јас бев отфрлен како сведок (...[39] ме посочи како таков). Јас и Дим. Петров бевме ослободени по 11-месечно седење во затворот со отфрлање на обвинителните акти, зашто против нас не можеа да формулираат обвинение. Иако доставив медицински потврди за мојата болест - своевремено не ме пушти Дирекцијата на полицијата – нешто што го спречи моето учество на II пленум. Во исто време со мене добија пасоши др. Спиридонов и Ем. Марков, кои исто така го напуштија затворот. Полицијата и сега продолжува да им издава пасоши на комунисти, иако знае со каква цел тие заминуваат во туѓина. Карактеристичен е следниот случај со Јор. Милев.

Јордан по неговото излегување од затвор добил пасош. Предавајќи му го документот, директорот на Полицијата, Преславски, му рекол: “Знам дека во затворот не си спечалил пари за заминување во Берлин, но оди - ти пак ќе ми паднеш в раце!”.

Другари,

Јас дојдов во СССР сосема свесен за мојата одговорност како член на ЦК на БКП. Ако во однос на мене има сомневање, од каде и да потекнува тоа, Ве молам да бидам испрашан за целата моја мината и идна дејност. Јас сум во Партијата цели 17 години. Мојата биографија ја знаете, ја имате написмено. Тоа што сум го вршел со својата преданост, верност и активност во Партијата и во револуционерното движење, како надвор така и кога сум бил во рацете на класниот непријател - сметам дека било мој долг на комунист, исто како што би требало да се држи секој партиски член. Јас немав личен живот во тие седумнаесет години. Дури и кога бев на смртна постела, им помагав на послабите другари од мене. Јас сум готов во секој момент да одговарам и да поднесам и најстрога револуционерна казна не само за темните моменти од мојот живот, како член на Партијата, но и за тие пред стапувањето во неа. Тука, па и меѓу Вас, има другари што ме познаваат во целиот период од 1920 год. наваму, а има такви и во земјата. Јас сум готов, без

[39] Нечитлив збор, веројатно Јонко.

навреда, сосема свесен за тоа што се случува тука, да дадам извештај за моето учество надвор и во револуционерното движење во Бугарија, зашто го давав и готов сум да го дадам секој момент од животот за бугарската и меѓународната револуција.

Москва, Со ком[унистички] поздрав:
3. I 1937 год. (Каталина)

*ЦДА, Фонд 3, оп. 4, а. е. 549, обраќањето е на бугарски јазик.*

**Бр. 12**

**Записник од седницата на Задграничното биро на ЦК на БКП во врска со поднесениот извештај на Методија Шаторов за состојбата во македонското националноослободително движење**

**Москва, 26. I 1937 г**.

**Сед. 36, 26. I 1937 г.** Васил, Искров, Марко, Владимиров, Веселин, Богданов, Спирид., Громов, Коларов, Симеонов.

*Марко*. По 19. V положбата на мак[едонските] маси извонредно се влоши. Опасноста масите, по растурањето на мих[ајлови]стите и др., да одат со владата не се оправда. Потоа таму се разви великобуг[арската] агитација, пречеа дури и чествувањата на маked[онски] дејци како Г. Делчев. Таму беа собрани за 1 година неплатените даноци за 5 години и други. Земјата беше прогласена за I класа и со тоа беше оданочена со повисок данок. Имаше неподносливи ограничувања за користење дрвен материјал, експлоатацијата на шумите ја презеде државата. Тутун, шкартирање, ниски цени.

До 19. V прогрес[ивното] мак[едонско] движење имаше влијание. Во текот на 10-12 години таму партијата немаше организација, Обединетата исто, но тие имаа одделни лица. Таму не се дозволуваа дури ни нашите легални изданија. Но имаше учители и други што вршеа поединечна работа. Имаше само

парт[иска] и комсомолска организација. До провалите од 1935 г. ВМРО (Об.) имаше во округот околу 250-300 члена, вклучително 50-60 во Софија и во Варна 25 души. До мај имаше т. н. “прогресивно движење”, нешто како РП за ВМРО (Об.). Но неговиот состав се покриваше со ВМРО (Об.). Кога по 19. V беше ликвидирана РП, ВМРО (Об.) го ликвидира “погр. Движење”. Само дел од членовите на ВМРО (Об.) беа и комунисти, на пр. во Неврокоп немаше членови на партијата. Во Софија комунисти и комсомолци имаше повеќе во раководството. Но разни санданисти, земјоделци и федералисти и др. не беа опфатени во ВМРО (Об.). Санданистите не влегуваа зашто ВМРО (Об.) била комунистичка. ВМРО (Об.) се состоеше исклучиво од комунисти или симпатизери на ком[уни]змот. Таа остана секташка организација. Ние не успеавме да исфрлиме правилни пароли и да ги привлечеме попрогресивните маси. За тоа имаше улога и друг момент – големиот терор на Мих[ајлов] и стравот од него.

**Печат.** “Мак[едонско] дело” многу малку се ширеше. Но “Мак[едонски] вести” одиграа поголема улога, и покрај спротивставувањето на уредникот Ангел Динев.

По линија на работата со масите во последнава година има големи успеси внатре во земјата. Сите се приклучија кон планинските кооперации (70% од населението учествува во нив), во читалиштата, во попул. банки, во стопанските кооперации, тутунски кооперации и др. Редица од тие масовни организации се преземени од наши луѓе. Тие учествуваат во организацијата на п[оранешното] македонско-одринско ополчение, националистичка организација, но во неа може да се работи. Имаат олеснувања - одобрување кредити, места и др.

**Братства.** Во Б[угари]ја. Учествувавме на изборите во 1936 г.; во низа братства има единофр[онтовски] листи; избрани се на местата на протогеров[истите] и на федералистите. Ги зедовме нејголемите братства, Кукушко, Гевгелиско и др., меѓутоа другите - мнозинството, останаа со михајловистите. Еницевардарското го расцепивме - михајловистите останаа со 15 д[уши], а другите 200 д[уши].

Во Варна работевме со протогеровистите.... Постојат паралелни братства (мих[ајловисти], протогеров[исти] и наши). Протогеровистите, благодарение на Велчевци се приближија повеќе кон нас отколку михајловистите. Оваа година во Варна масовно се празнуваше Илинден.

Во Гевгелиското братство е назначена тричленка[40]. По собранието масата го напушти собранието, останаа 9 души, кои ја избраа управата. Нашите го бојкотираа тоа братство.

Сега се врши полициска проверка на сите избрани раководства.

Во софиската Кооперативна банка излеговме со заедничка листа со федералистите, тоа ги обедини другите – протогеров[истите] и михајловистите. При изборот на Кукушкото братство присуствуваа над 1000 д[уши].

Шапкарев одржа реферат во кој ја изврте вистината, прикажувајќи го Г. Делчев како буг[арски] националист; но имаше кореферат (К. Ламбрев) б.п.

Михајловци се незадоволни од Ќосеиванов[41] зашто не води доследна нац[ионална] политика како Германија и Унгарија. Одат со Цанков[42], но откако Цанков се зближи со Југославија. 200 д[уши] михајловисти има во затвор, повеќето за убиства. Околу в[есникот] "Обзор" се групираат крајните михајловисти - Ив. Коларов и др. Друга група, т. н. петорка стари михајловисти: полков[никот] Николов, Тошев, Станишев работат во масовните мак[едонски] организации. Имаат извесни несогласувања со в[есникот] "Обзор". Повеќе се наклонети кон владата.

Во март 1936 г. михајловистите добија 15 милиони лева од Германија.

---

[40] Веројатно се мисли на тричлена комисија.

[41] Георги Ќосеиванов (1884-1960), бугарски политичар и дипломат, амбасадор на Бугарија во Грција, Романија и во Кралстото Југославија (1933-1934), претседател на бугарската влада (1935-1940).

[42] Александар Цанков (1895-1959), бугарски политичар и државник, претседател на бугарската влада (1923-1926), професор и ректор на Софискиот универзитет (1919-1920).

**Протогеровистите** сега не постојат како организација. Соработуваат во братствата со нас. Некои ги ревидираат своите погледи (офицерите).

**Македонски глас** - група. Не сосема јасна шовинистичка бугарска позиција.

**Санданисти** - подготвени се да работат со нас на македонска почва. Политички се со Зем[јоделскиот] сојуз.

* * *

**Неопходно е да создадеме национ[ална] македонска организација.**

Не можеме да создадеме легална организ[ација], демократска масовна организација, која ќе ги обедини сите не[фашистички] елементи.

Задача: за демократ[ски] права и слободи.

Прашањето за земјата, куќите, шумите, добитокот не е решено.

За македонската култура, за славење на мак[едонските] празници, за мак[едонските] училишта.

Жоро Настев[43] веќе зборуваше за тоа и затоа сега е уапсен, макар што е михајловист. Насекаде во Југославија Макед[онците] се нарекуваат Македонци, кај нас исто. Во Буг[арија] насекаде се водат дискусии: дали Македонците се Бугари.

Паролата: Слободна и незав[исна] М[акедони]ја е многу популарна и ако се истакне од една дем[ократска] организација ќе се прифати, но таа не треба да се истакнува половично и нерешително како што правевме досега.

Мото да е: да ја трансформираме ВМРО (Об.) во нова дем[ократска] организација - комитети по местата и во центарот.

Никакви членарини и редов[ни] собранија.

При поинаква полож[ба] во Б[угари]ја создавањето на мак[едонска] нац[ионална] партија ќе има големи успеси.

**Процесот.** Помина добро, ги судеа како македонски дејци, се излезе со изјава дека ВМРО (Об.) не е комун[истичка]

[43] Георги Настев (1894-1946), член на ЦК на ВМРО-михајловистичка (1932), полномошник на ЦК на ВМРО во Разлошко, Во 1946 г. убиен од бугарската комунистичка власт без судење.

организација, но во неа има Македонци-комунисти. Занков[44] ја заштити организацијата.

*Централен държавен архив, София (натаму: ЦДА), Фонд 3, Задгранични органи на БКП, оп. 4, а. е. 532, л. 31-33. Фрагменти објавени кај д-р Зоран Тодоровски, Шаторов за македонска национална партија, сп. "Збор", 1, I 1996, 33-34; Зоран Тодоровски, Револуционерната активност на Методија Шаторов-македонска национална организација, в. "Нова Македонија", ЛИК, бр. 404, 4. XII 1996, 28; и Зоран Тодоровски, Дејноста на Методија Шаторов во ЦК на БКП и во Коминтерната за решавање на македонското национално прашање, Методија Шаторов- Шарло и неговото време 1897-1944, ИНИ, Скопје 2007, 37-44. Целосно објавено во БКП, Коминтернът и македонският въпрос (1917-1946), Том втори. Съставители: Цочо Билярски и Ива Бурилкова, София, 1999, 997-999, дискусијата е на бугарски јазик.*

[44] Георги Занков (1886-1949), претседател на Илинденската организација, учествувал во основањето на ВМРО (Обединета).

## Бр. 13
## Податоци на Методија Шаторов за некои негови партиски соработници и за раководството на ВМРО (Обединета)

**Москва, 3. V 1937 г.**

Податоци
За другари - партиски работници и околу раководството на ВМРО (Об)
во Бугарија

1. Васил Атанасов Ивановски (Наско), родум од Костурско, тутунски работник од Пловдив, член на Обласниот к[омите]т на ВМРО (Об.), осуден на 5 години по Соф[искиот] мак[едонски] процес м[инатата] г[одина]. Учел на Запад и не припаѓал кон фракционерите. Одговара за агит[аторско] пропагандна работа. Политички е добар, но плашлив е и понекогаш го фаќа паника. Од 1933 год. бил чл[ен] на Плов[дискиот] окруж[ен] парт[иски] к[омите]т. Сега е илегалец во Софија. Го прифаќа и го следи новиот курс на Партијата.

2. Благој [...][45] (Климент), родум од Костурско, живее во Варна, работник, осуден во 1935 год. По Вар[ненската] провала на Окружниот парт[иски] к[омите]т, сега живее илегално во Софија. Во мај 1934 г. бил избран за чл[ен] на Обл[асниот] к[омите]т на ВМРО (Об.). Како партиец е добар, но политички е слаб - потребна му е подготовка. Тој во 1935 г. ги разобличи новите фракциски намери на Касабов, кој го исклучивме.

3. Арсо Ј. Василев (Трпко) од гр[адот] Гор[на] Џумаја (родум од Струмица), син на стар макед[онски] револуционер. Го познавам од 1925 год. За време на провалата на Комсомолот и МОПР во г[радот] Џумаја во 1924 г. се држел прекрасно во полицијата и во судот. Во годините 1930-34 бил често апсен и тепан. Работи во техниката на Обл[асниот] к[омите]т на ВМРО (Об.). Осуден е по Соф[искиот] мак[едонски] процес м[инатата] г[одина] на 5 год. затвор. Живее и работи илегално во Софија. Во летото 1936 год. пројави знаци на паѓање и бара-

[45] Празно место во текстот.

ше дозвола да замине во Струмица (под Југославија) поради тешкиот нелег[ален] живот. Според соц[ијалната] положба е занаетчија - дрводелец. Не припаѓаше кон лев[ите] фракционери. Брзо ја усвојуваше новата партиска ориентација. Брат му е исто комунист и осуден е на затвор. И покрај неговото привремено паѓање, тој е еден од сигурните работници за во иднина во Македонија.

4. Митко Зајаков (Донев). По завршувањето на МЛШ[46] во 1935 г. се врати, но досега не му донесе никаква полза на движењето. Администратор, кој ги одбивал сите со кои имал допир, надмен и грандоман, не ја има исполнето најелементарната работа што му ја наложи ВМРО (Об.). Во текот на 5 месеци 4 пати злоупотреби пари. Го поставив прашањето за негово исклучување, но се донесе решение да се направи последен обид со него. Според мене, не го бидува за никаква работа и треба да биде исклучен.

5. Дончо [...][47] (Рашко, Пејчев) од Станимачката тутуноработилница, добар партиец, завршил МЛШ во 1936 г., се врати и веднаш сериозно се фати за работа. Многу добро го усвои новиот партиски курс во мак[едонското] движење. Политички е доследен. Не бил никогаш на страната на фракционерите. Сега е раководител во Обл[асниот] к[омите]т на ВМРО (Об.).

Москва, Катилина
3. V 1937 год.

*ЦДА, Фонд 3, оп. 4, а. е. 549, извештајот е на бугарски јазик.*

[46] Меѓународна ленинска школа.
[47] Празно место во текстот.

**Бр. 14**
**Писмо на Методија Шаторов до Димо Дичев од Париз**

**Париз, 23. IV 1938 г.**

Париз,
23/IV 1938 год.

Другар Јанов[48],

Другарот Богданов е тука. Истиот човек ќе ти предаде едно писмо пратено од него. За во иднина ќе те молам да ми кажеш колку примероци од партиските документи и материјали да ти праќам. Досега праќав по 80 прим[ероци], од кои 40 по нашата, т.е. коминтерновската пошта, и 40 по обичната. Во случај кога нема никаква можност да праќаш, собирај ги и штом ќе ти се укаже таква можност, прати ги.

Сите писма за Бугарија праќајте ги на следната адреса: Mr Charles 8 Ar. Mathurin Moreau, Paris XIX, за да стигнат лесно писмата за праќање во Бугарија. Никој да не праќа писма од Шпанија на лични адреси во Париз за да не се оптоваруваат нашите адреси, кои ги користиме само за Бугарија (т.е. од Бугарија во Франција). Кажи му на Железов[49] дека е запишан за помош како и Халачев, Васил Игнатов и сите последни, како што ми ги прати Михајлов. На таткото на Г. Железов веќе му пратив аванс од 2.000 л[е]в[а].

Помошта почна да тече од 13. 3. о. г. Со првите пратки пратив бугар[ски] весници. „Правда" и „Известија" нема да праќам, бидејќи таму кај Вас ги има.

---

[48] Псевдоним на Димо Дичев (1902-1982), член на БКП од 1919 г., интербригадист во Шпанија (1936-1939), член на Воената комисија при ЦК на БКП. По 9 септември 1944 г. е член на ЦК на БКП, претседател на Сојузот на борците против фашизмот и капитализмот и народен пратеник во Народното собрание на Р Бугарија.

[49] Псевдоним на Георги Михајлов (1893-1960), член на БКП од 1918 г., бил член на германската КП (1926-1931) и на шпанската КП (1938), учествувал во Шпанската граѓанска војна.

Чекам одговор, борбени поздрави до сите,
Марко

*ЦДА, Фонд 3, оп. 3, а. е. 46, 1.*

**Бр. 15**
**Писмо на Методија Шаторов до Димо Дичев од Париз**

**Париз, 12. V 1938 г.**

Париз
12/V 1938 г.

Драги другар Јанов,

Твоето писмо и тоа на Карамфилов испратени до Антон[50] ги добивме. Тој е доста зафатен. Ќе остане уште неколку дена, а потоа заминува. Разменивме мислења за прашањата што ги поставивте. На засегнатите прашања одговарам јас, а ако му остане време, и тој ќе напише. Вашите новости за состојбата се радосни. Тука исто така се чувствува вербата во победата меѓу тие што во последно време беа расколебани поради лошите вести кај Вас. Огромно значење, морално и материјално, ќе има решението на С[оединетите] Држави за отфрлање на ембаргото врз оружјето - доволно е да се отстрани само тоа. Целата меѓународна состојба ќе се измени [...][51]. Примерот на Америка ќе го следи, без сомневање, Франција, а можеби и Англија. Правилно забележувате дека основни се единството, дисциплината и готовноста шпанските маси сами, без да се потпираат на помош однадвор, да се мобилизираат за борба против фашизмот. Тоа е направено и тоа одигра голема и решавачка улога во последните настани. Преминувам на конкретните прашања. Др. Карамфилов не е во право што смета дека не се потребни материјалите за процесот. Јас сум убеден дека се читани од некои другари на руски, но огромното мно-

[50] Се однесува на Антон Иванов.
[51] Нечитлив збор.

зинство од нашите момци не ги читале, или читале само мал дел од нив. Неопходно е секој борец подобро да се вооружи идеолошки, да знае повеќе факти од процесот на троцкистичко-бухаринската банда за да се бори против сите оние што, иако не се троцкисти, сметаат дека има нешто точно во тоа, меѓутоа не биваше Советите да постапат толку сурово против довчерашните „борци“. Младите, новите и сите тие што во минатото не знаеја кои беа Каменев, Зиновјев, Риков, Бухарин и компанија и кои беа нивните идеолошки сфаќања и нивната стратегија и тактика до Октомври и Револуцијата, како и нивната борба против Ленин-Сталин и Партијата, сега треба да ја изучат. Не треба да се заборави дека Бухарин кај нас во минатото се сметаше за теоретичар на комунизмот и тоа старо сфаќање е останато длабоко во главите на некои другари што од своја страна им го предаваат на масите. Треба и последниот борец да ја разбере длабоката вистина за настаните, минатото на партијата (бол[шевичка]) и за борбата на Ленин со сите неболшевички елементи во самата Партија, без да зборуваме за разните блокови и групи надвор од неа. Поради тоа материјалите треба да ги прочитаат оние што малку или воопшто не знаат руски, а такви има многу. Со ништо др[угарот] К. не може да ме убеди, бидејќи јас тоа го гледам дури и во Франција, каде што за цело време Партијата беше легална и имаше можност да разјаснува околу тој процес, а имаше комунисти што се посомневаа, што се јавија во заштита на бандитите. Тоа прашање треба длабоко и сериозно да се разгледа. Ви го пратив говорот на обвинителот на 90 страници во три ролни, една по друга (8а, 8б, 8с). Ви го пратив и писмото на ЦК до партиските членови. По некое време ќе Ви го пратам и останатиот дел од процесот, кој не го добивте. Денес праќам неколку прим[ероци] од билтенот на ЗБ. Таму има факти околу изборите, кои за мнозина се интересни и не ги знаат. Се жалите за тоа дека добивате многу малку весници. Тоа е вистина, но што да правиме кога во нашата земја излегуваат само фашистички весници? Единствено може да Ви се праќа „Зарја“. Од него праќам 19 прим[ероци], „Мир“ го праќам во 4 прим[ероци]. Др[угарот] Црамф[илов] нека не мисли дека не заслужува да се праќа. Ако го праќаме и

арчиме пар[тиски] пари, тоа е за вас, другари, да го зајакнете болшевизмот, а не за масите, на кои може да дејствува штетно. Вие, добрите другари, да читате и да знаете барем делумно за состојбата во фашист[ичкиот] лагер, за лагите и клеветите на адреса на нашето движење како и за разликите меѓу фракциите во народњачката партија. Јас би рекол дека за Вас би било од полза да го читате и другиот фашистички буг[арски] печат, да се вооружувате и, се разбира, ако е можно, да давате благовремен отпор. Тоа не може да биде, за жал. Освен „Мир" и „Зарја", ви праќаме американски весници како и тукашното „Фратерните", кое, за жал, престана да излегува од финансиски причини. Руски весници не ви праќам, бидејќи можете да ги купувате таму.

Што се однесува за други документи и информации од земјата, за положбата и изградбата на единствениот фронт кај нас, тоа го правам секогаш кога ќе наидам на такви, или ќе дознаам од луѓе. Јас не сакам да го повторувам тоа што го пишуваат весниците (особено „Зарја"), бидејќи Вие го читате. Сега нашата партија води борба против навлегувањето на фашизмот во културните др. народни организации (читалишта, книжарници и др.). Желбата ѝ е да ги контролира и да назначува свои раководства. Од борбата ќе зависи дали ќе успее. Владата прави сѐ што е можно (заплашува, применува насилство, поткупува и др.) за да го добие мнозинството од избраните народни пратеници. По два дена ќе Ви ја пратам оцената на ЗБ за изборите, која е доста добра за нашата партија за време на изборната борба.

Верувам дека си го добил моето писмо (второто), во кое известувам за ранувањето на Рак[52], Живко Драганов, Карамфилов и Табака[53]. Никој не може да замине горе. Тоа е линија

[52] Псевдоним на Симеон Филипов /Славов/ (1891-1942), член на БКП од 1922 г. За време на Шпанската граѓанска војна (1936-1939) бил еден од организаторите на диверзантските одреди што дејствувале во тилот на војските на Франко. Во 1937 г. бил командант на Славјанската батерија "Васил Коларов", а потоа бил во Штабот на интернационалните бригади.

[53] Псевдоним на Продан Табаков (1904-1941), деец на Бугарскиот младински комунистички сојуз, член на БКП од 1930 г. Од 1925 г. бил поли-

што строго се спазува од власта. Болните може да дојдат тука на лечење. Независно од тоа дека треба да дојдат на општа основа со документи, ќе бидат извонредно помогнати од Партијата. Тие што треба да одат за Бугарија, ќе заминат по нивното лечење, а инвалидите ќе останат тука. Тоа решение е неотповикливо. Советите во тој однос спроведуваат тврда и доследна политика. Никакви исклучоци. Никој да не си прави илузии.

Тука положбата на емиграцијата станува тешка. Почнаа масовни прогони од Франција. Нашата емиграција беше многу мала, а сега ќе стане уште помала. Од друга страна, Инт[ернационалниот] к[омите]т ја намали помошта за 50 отсто и го задолжува нашиот к[омите]т да ги собере другите 50 отсто. Такви се нашите услови во Франција, зашто ние не можеме да обезбедиме 8.000 франци месечно, кои се потребни за покривање на тие 50 отсто. Ние можеме и собираме 800-1.000 фр. Се наложува кастрење на помошта и тоа треба да се знае. Кастрењето започнува од 24. 4 о. г. Ќе се бориме да добиеме од Инт[ернационалниот] к[омите]т нешто повеќе, но веројатноста е мала.

Што се однесува за книгите, сметаме дека треба да останат таму. Речиси сите им се жалат на домашните да им испраќаат нешто за читање. Сега имате доволно книги и раздајте ги. Порано Михајлов постојано се жалеше за книги, а сега се жали од нив. За пакети Стариот си зема белешка. Тукашната емиграција не е како таа горе. Многу безработни, комарџии и семожни авантуристи имаме во Париз. По Чикаго доаѓа Париз. Тука се собрани сите меѓународни авантуристи, како што се вели кај нас: „Која мајка си го изгубила синот, ќе го најде во Париз". Живеат со фалсификувани документи, без документи, играат комар, или се обложуваат и живеат на грбот на овој или оној. Малку има чесна и трудољубива емиграција и поради тоа се големи тешкотиите за собирање помош.

Многу ме интересира да дознаам кои се затворените. Покрај тоа да ме известуваш за убиените другари, бидејќи се слушаат фантастични работи. Досега јас знам (за момчиња од

---

тички емигрант во Советскиот Сојуз. Учествувал во Шпанската граѓанска војна (1937-1939).

тука и дојдени од Бугарија) за осуммина убиени. Тоа според вашите податоци не е точно. За да да се побиваат благовремено тие гласови, молам да ми испратите список на убиените од октомври наваму.

Борбени поздрави,

Марко

P.S. Пишете што знаете за следните другари: Ванчо Ненов, Леон Анави и Влканов од Париз како и за Георги Радулов[54] од Русе. Тие што избегаа тука се: Јосиф Јосифов, Лазар Кирчев, Велко[55], Веселин Покровнички и Јанко Лалов. Спас сé уште не е вратен од Брисел и не се знае дали ќе се врати, бил незадоволен од неговото деградирање.

Пишете за Ќерамитчиев каде се наоѓа.

Керамитчиев бил еден од дезорганизаторите на фронтот и ги советувал момчињата да му се предаваат на Франко. Извлечете ги од тоа нужните консеквенции и преземете мерки.

Има двајца другари што се дојдени тука за лекување поради болест. Тие се Арабов од Пловдив и едно берберче од Софија, на чие име сега не можам да се сетам (ранет во прст). Биле здрави и испишани од болницата, но се изгубија во Париз. Ги бараме и штом дознаеме нешто за нив, ќе Ви пишам.

Марко

*ЦДА, Фонд 3, оп. 3, а. е. 46,3-4.*

---

[54] Георги Радулов (1912-1985), член на БКП од 1933 г., интербригадист во Шпанија (1936-1939), а потоа затвореник во француски логор (1939-1940).

[55] Псевдоним на Антон Иванов (1884-1942), член на ЦК на БКП (од 1923), секретар на Задграничното биро на ЦК на БКП и соработник на Коминтерната (1935-1937), член на Политбирото и секретар на ЦК на БКП (1941).

**Бр. 16**
**Писмо на Методија Шаторов до Димо Дичев од Париз**

**Париз, 28. V 1938 г.**

Париз,
28/V 1938 год.

Другар Јанов,

Вчера успеав да се видам со Кирчев[56]. Поразговаравме два часа, но се разбира, разговорите нема да завршат ниту денес, ниту утре. Во твоето писмо од 3 мај о. г. до Стариот[57] ти наспомна за влегување во врска со Внатрешната заради појаснување на лични прашања. Од зборовите на Кирчев ми стана јасно што сакаш. Јас би те советувал да се откажеш од таа мисла, бидејќи тоа е тешко и нереално и затоа тие прашања може и треба да ги решава ЗБ[58]. Ете зошто, ако има нешто да прашаш, направи го тоа преку мене, а јас веднаш ќе го известам ЗБ.

Помошта почна да тече од 13. 3. о. г. Првите пратки - против буг[арски] весници. „Правда“ и „Известија“ - нема да ги праќам, бидејќи таму кај Вас се наоѓаат.

Чекам одговор. Борбени поздрави на сите,
Марко

*ЦДА, Фонд 3, оп. 3, а. е. 46, 5.*

---

[56] Псевдоним на Стефан Палазов (1896-1971), член на БКП од 1919 г., интербригадист во Шпанија (1936-1938).

[57] Неутврден псевдоним.

[58] ЗБ – Задгранично биро.

**Бр. 17**
**Писмо на Методија Шаторов и Димо Дичев**
**до "Стари"[59] од Барцелона**

**Париз, 8. VI 1938 г.**

8 јуни [1]938 г.
гр. Барселона, Шпанија

Драги Старик,

Неколку денови имам намера да ти напишам и едвај денес ми се даде можност. Новата положба поставува пред нас нови прашања што треба итно да се решат. Така, имам да ти ги поставам следниве неколку прашања:

1. Имајќи ги предвид некои промени што се случија тука, а исто така и надвор, произлезе решение некои другари од разни братски партии да бидат отповикани од фронтот и да се стават на располагање на ЦК на своите партии; се разбира - политички здрави другари што можат да го пренесат во своите партии и држави огромното искуство од Граѓанската војна во Шпанија и од тактиката на Комун[истичката] партија на Шпан[ија]. Поради тоа треба да се договорат, или поточно да се уредат некои технички можности за нивното враќање во своите држави. Тоа прашање се однесува на наши луѓе од Југослав[ија] и грчки другари и др. Затоа кога ќе ги проучиш можностите, да нé известиш за тоа. Многупати се обидовме да се поврземе со ЦК на Бугар[ската] партија, но досега не успеавме. Ние сакавме да го усогласиме изборот со ЦК. По изборот, сакавме тие луѓе да поминат еден краток курс за ред проблеми и за дејствувањето на шпанската република и за линијата на нашата партија. Не знам, исто така, дали имаш таква можност таму каде што си. Ако имаш можност можеш да го кажеш твоето мислење за некои другари и др.

---

[59] Неутврден псевдоним.

2. Познато ти е дека уште кога беше тука меѓу прашањата што ги третиравме, некогаш станувапе збор и за Ашер. Знаеш дека за него постоеја некои ставови во врска со тоа дека е нејасно зошто е дојден тука и со какви побуди и оти е во врска со некојси почесен конзул на бугарската влада во Барселона; во врска со тоа дека тој постојано фантазира да биде назначен за специјална работа итн. Сепак, во последно време тоа негово настојување уште повеќе се засили. Освен тоа, има нови факти што повторно ни го свртуваат вниманието и налагаат посериозно и детално проучување. Кои се тие факти: тој тука, во Барселона, живеел со некојаси жена - Германка, која ништо не работи, но живее како голема дама. Еднаш била уапсена од тукашните власти како сомнителна. Пред месец - месец и половина заминала за Париз без да се знае од кои причини, а и самиот тој за таа работа ништо не кажува. Да се живее во Париз денес се потребни пари, а од каде? Ќе направам сè за да дознаам каде се наоѓа, но и вие потрудете се да дознаете за него, веројатно се врти кај негови познати. Втор факт: тука се наоѓа и некојси Машев, мислам дека Марко го знае. Дошол од Бугарија. Пред своето доаѓање се мотал лево-десно, божем имал некоја специјална работа. Сепак, важно е дека тој е во многу тесни врски со Ашер, а неговото минато (на Машев) е многу проблематично. Во 1920-[1]925 год. ѝ припаѓал на групата на „искристите“ во Бугарија, им припаѓал на Варненските искристи и на Ив. Ганчев - во [1]923 год. бил на некоја конференција на германските „леви“ како делегат на бугарските „леви“. По [1]926-[1]927 г. наводно влегол во раб[отничкото] млад[инско] движење, а од 1929/30 станал член на Раб[отничката] партија и за време на соф[иските] општински избори бил кандидат за општ[ински] советник на Р[аботничката] парт[ија]. Во тоа време се виде дека имал врски со предавничката троцкистичка група и лично се среќавал со Бандишев, С’мналиев и др.

Обајцата (тој и Ашер) на двапати доаѓаа кај мене и со особена заинтересираност и настојчивост бараа да се заземам во ЦК на Шпан[ската] партија за некојси <u>Хаим Хасан</u>, кој работел во шпанската републиканска амбасада во Бугарија, за да

биде назначен како амбасадорски чиновник регистриран во списоците на Министерството за надворешни работи на Бугарија, под изговор дека вршел голема работа и им бил многу потребен на нашите. Тие порано, додека биле во земјата, имале врска со него, а сега го посочуваат некојси Гринберг, кого П[артија]та го познавала многу добро - тој ќе дадел податоци за Хаим. Јас им реков дека ќе испратам писмо во Бугарија и ако навистина е потребен таков човек во ЦК на П[артија]та, да се обрати во ЦК на Шпан[ската] партија.

Сето тоа треба да се провери колку што е можно побргу.

1. Да се установи кој е Ашер - податоци од Партијата за него и за неговиот брат, кој често доаѓа или пак живее во Париз;

2. Да се даде една точна карактеристика за Машев од Партијата;

3. Кој е Хаим Хасан, исправен ли е политички, или не и

4. Да се дознае каде живее наводната свршеница на Ашер и од каде добива средства за живот.

Пишуваат од името на Никола Атанасов – Варна дека некојси Сава Ганчев, познат под псевдонимот Ради (поранешен член на Раб[отничката] партија), отишол кај жената и таткото на Никола Атанасов и им рекол: ако сакате да си дојде вашиот син и маж, ќе треба да дадете 4.000 лева потребни за пат и др. Тие пари ги зел. Значи тука имаме работа со грабливци и копуци. Тој случај треба да се провери и таквите елементи да се разобличат јавно за да не земат поширок размер, а тоа лошо се одразува на тукашните борци. (Адресата на жена му е: ул. Елена бр. 51, Варна).

И нешто друго - имам многу новости, но немам начин како да ти ги соопштам. Кажи му на Сакарело, ако можеш да го видиш, да направи нешто за нивните момци - неговото писмо го добив.

Пред неколку денови го испративме Рамек, но треба да ти кажам дека од неговиот избор не сум задоволен, ако писмото не беше така оперативно. За таа работа можеше да се најде друг, поспособен и посигурен. Тој е многу близок со Р'вал

и Винкер, препорачан од нив за горе, а освен тоа – иако не многу - страда од манија на следење и се фали. Сепак, при здрава контрола може да се искористи, а освен тоа слушаме дека неговата жена била апсена. Има и други слабости: пројавува особено голем интерес спрема другите - љубопитен е, склон е да се спријателува со мрачни и авантуристички личности - тоа треба особено да му се напомене.

Др. Стари,

прими ги моите срдечни ком[унистички] поздрави

Твој Јанов ______

Дознав дека жената на Ашер повторно се вратила. Треба н-не[60] да се распраша – Истиот.

Го прочитав писмото. Фатив некои белешки. Машев бил привремено искористен од Ив. В. Го пратив на времето кај Кирчев, откако го предупредив дека треба да се откаже од сите далавери ако смета да прави такви работи во Шпанија. Забележав дека има такви тенденции, зашто расправаше да се воспостават трг[овски] врски меѓу братот на Ашер и републ[иканската] влада. Поради тоа требаше да се расчисти со него уште по злоупотребата на парите. Иако е работник, за жал, ги има сите навики на буржоаските синови. Шин и Чичето го знаат. Ја знаат и историјата на жена му. Ќе го прашам и твојот пријател Леон Ф. за парите што се споменуваат. Машев пред мене ништо не спомнуваше за поранешната припадност на Чанков и Леви. Ми кажа дека кај нас дошол од соц[ијалистичката] левица.

Поздрави, Марко

13.6.1938 г.

P.S. Мускетарите очекуваат неколку души да пристигнат од нивната земја. Во почетокот кон пратениците на Жан во нивната земја се однесувале со недоверба, а потоа им поверува-

[60] Така е во писмото.

ле. Работата со Рам.[61] не оди. Мускетарите сметаат дека тој им пренесува сѐ на тамошните троцкисти. Сепак, човек соодветен за редакцијата немаат. Чекаат добри другари инвалиди од Шпанија.

*ЦДА, Фонд 3, оп. 3, а. е. 47, 1-4.*

## Бр. 18
## Писмо на Методија Шаторов до Димо Дичев од Париз

**Париз, 26. VI 1938 г.**

Париз,
26/VI 1938 год.

Драги Јанов,

Тука постои Бугарски комитет за помош на шпанскиот народ, чијшто претседател сум јас. Задачите на Комитетот се: да развива политичка дејност во корист на репуб[ликанска] Шпанија; да му укажува материјална и морална помош на шпанскиот народ и да им помага на бугарските семејства што имаат потреба тука и во Бугарија. Постојат такви национални комитети за сите емигранти во Франција, како и француски комитети по градовите. Сите се обединети во еден Интернационален к[омите]т со седиште во Париз. Тој к[омите]т се грижи за болните, ранетите и инвалидите. Основните фондови на К[омите]тот се сумите што ги внесува републиканската влада, бидејќи собраното секогаш е недоволно. Во зависност од можностите на републ[иканска] Шпанија, се вршат и исплатите на семејствата од странство што имаат потреба.

Освен за паричните средства, Комитетот се поврзува со семејствата и за ред прашања што ги интересираат, пред сѐ за положбата на боиштата во Шпанија. Имаме многу случаи кога

[61] Така е во писмото. Веројатно се однесува на некое име или псевдоним.

луѓето преку лична врска дознаваат […] побрзо одошто Комитетот. На тој начин К[омите]тот се компромитира. Како најсвеж пример ќе ти го посочам случајот со Анави Леон и со убиените студенти дојдени во Шпанија од Прага, за кој ние немавме поим, а таму приредиле комеморативна вечер. Кога нé прашуваа за ова или она, ние само кревавме рамења. На тоа од горе го добивме следното прашање: „Каков К[омите]т сте вие кога не знаете ништо, а знаат сосем споредни лица?“ Верувам дека ќе се согласиш оти положбата не ни е лесна во такви случаи, ете затоа те молам да ни помогнеш и по можност пиши веднаш ако некој другар е убиен или ранет со најелементарни податоци за тоа. Јас знам дека си зафатен со многу работа, затоа задолжи некого, некој другар што систематски ќе го прави тоа.

Што се однесува за помошта, К[омитет]от има право, откако ќе собере податоци, или ако самиот познава одредено семејство, да реши да даде помош. Јас ти пишував за двајца другари кои од М[…][62]улскиот фронт се обратија до К[омитет]от со молба да им даде помош на нивните семејства. К[омитет]от реши во принцип и ги запиша во списоците, но пари не пратил и нема да прати во Бугарија сé додека ти не дадеш податоци за нив. Ако податоците од Шпанија се противречни на нашите, парите ги враќаме назад во Интернационалниот к[омите]т. Таква е практиката не само на нашиот к[омитет], туку на сите.

Ете зошто молам одговори за двајцата ( )[63]. Пристигна молба и од Петар Д. Јанков од Казанлак, кој сега се наоѓа исто така во центр[ална] Шпанија. Што ќе кажеш за него? А за Борис Симеонов од селото Четма, Свиштовско? Вториот дал чек (и два дал Ламбов), Богданов[64] го донесе тука како партиски пари, но до денес не можам да го заменам, бидејќи нема дата. Откако ќе направам последен обид, ќе ти ги пратам назад. Тој исто така моли за помош (Б. Симеонов).

---

[62] Нечитлив збор.
[63] Така е во текстот.
[64] Псевдоним на Антон Иванов.

Јас те молам веднаш да ми одговориш дали имате потврда за убиството на Леон Анави и за судбината на Борис Петков? Ќе може ли [...][65] да дојде тука?

Борбени поздрави до сите,

Марко

*ЦДА, Фонд 3, оп. 3, а. е. 46, 13-14.*

**Бр. 19**
**Писмо на Методија Шаторов до Димо Дичев од Париз**

**Париз, 3. VIII 1938 г.**

Париз,
3/ VIII 1938 г.

Др[угар] Јанов,

Со оглед на состојбата, помошта за Бугарија (како и за сите земји) е сопрена. Разгласете го тоа меѓу борците. Се разбира, пред тоа треба да се спроведе полит[ичка] работа и да се објасни дека тоа се прави бидејќи републиканската влада, која е главниот внесувач на сумите во Интер[националниот] к[омите]т за помош на шпанскиот народ, нема пари. Војната и урнатините предизвикани од фашистите и потребите се толку големи и разновидни што Владата не може да ја исполни, и покрај добрата желба, и таа мала помош што им ја даваше на семејствата што имаат потреба.

Златото во Фр[анцуската] н[ародна] б[анка] е сé уште блокирано и не може да се користи за потребите на победата (станува збор за шпан[ското] злато оставено на чување во Банк де Франс). Само со една политичка подготовка може да се спречи незадоволството на тие што земаат помош. За жал, тоа не можеме да го направиме со семејствата во Бугарија,

[65] Нечитлив збор.

дури ни писмено. Постојано доаѓаат писма од Бугарија со поплаки за праќањето пари. Ни пуштаат само по малку за семејствата во Франција. Јас напишав погоре, па и усно порачав за тукашната фин[ансиска] положба. Ќе поставувате и ќе притискате особено за нашата земја каде што годинава настапи ужасен глад. Реколтата е изгорена, зимските посеви останаа со празни зрна итн.

Голем проблем за нас е издржувањето на другарите што доаѓаат како болни или ранети. Буг[арскиот] ком[итет] треба да додава уште минимум 50 отсто кон тоа што го дава Интернационалниот. Тој дава сто фр[анци] седмично, а од тоа не се живее и не се плаќа станарина. Покрај тоа јавуваат дека помошта за инвалидите е привремена појава и ќе ја оставеле исклучиво на нашиот К[омите]т. Главата ми се запали. Како ќе ги оставиме тие луѓе без средства? Не знам што ви расправаат таму, но тоа што ти го пишувам е факт. Не може да стане збор никакви нови семејства да се запишат за помош, кога за старите не даваат.

Поздрав до сите,
Марко

*ЦДА, Фонд 3, оп. 3, а. е. 46, 18-19.*

**Бр. 20**
**Легитимација (лична карта) на Методија Шаторов, издадена во Прилеп**

**Прилеп, 7. XI 1939 г.**

ЛИЧНА КАРТА

Презиме и име: Шаторовиќ Т. Методије
Занимање: трговец од Прилеп
Околија: Прилепска, Бановина Вардарска
Роден: 1898 год. во Прилеп

ЛИЧЕН ОПИС

Очи: костенливи Коса: костенлива
Брада: бричена Лице: обично
Стас: висок Мустаќи: бричени
Нос: правилен Особени знаци: -

Своерачен потпис: (М. Т. Шаторовиќ)

Дека означените податоци во оваа лична карта се точни како и фотографијата на сопственикот на оваа карта општината Прилепска тврди.

Напомена: -

Сп. бр. 396
7. XI 1939 год.
Во Прилеп

За деловодителот За претседателот на општината
(потпис нечитлив) (потпис нечитлив)

Таксата по Т. бр. 56 е наплатена.

Оваа легитимација важи за 1939 год.

Заверува Заверува
(потпис нечитлив) (потпис нечитлив)

*Национален военноисторически музей, София (нататму: НВИМ), Х-а-564, вх.I 135/1960 г.* Материјалите за Методија Шаторов на Музејот се подарени од неговата ќерка Кремена.

**Бр. 21**
**Работничка книшка на Методија Шаторов, издадена во Прилеп**

**Прилеп, 25. XII 1939 г.**

ЈУГОСЛАВИЈА
РАБОТНИЧКА КНИШКА

Презиме, име, татково име, кај мажени жени и вдовици и моминско презиме: Шаторов Методија Тасев

Датум на издавање: 25 декември 1939 год.

ЛИЧЕН ОПИС И ЗАНИМАЊЕ:

Раст: висок
Лице: обично
Коса: костенлива
Уста: правилна
Очи: костенливи
Мустаќи: бричени
Брада: бричена
Особени знаци: нема
Главно занимање: книговодител
Ден, месец и година на раѓање: 10. I 1898 год.
Место (општина) на раѓање: Прилеп
Седиште на околијата и бановина во која е роден: Прилеп, Вардарска
Презиме и име на таткото: Шатировиќ Тасе
Име и моминско презиме на мајката: Јованка род. Христиќ
Општо и стручно образование: завршена Средна учителска школа во Скопје
Членови на семејството (жена и деца вклучително до 18 години живот):
Жена - Марија Петровиќ, род. 1894 год.
Ќерка - Кремена, род. 31. III 1938 год.
Поседува вредност: куќа, 5. 000 дин.
Точноста на запишаното го потврдува власта (установата)

Место: Прилеп
Ден: 25 декември 1939 год.
За претседателот на општината: (потпис нечитлив)
Шеф на стат. отсек: (потпис нечитлив)
Назив и седиште на претпријатието (работодавецот), по можност жиг на фирмата: Тутунска станица во Прилеп
Точна ознака на видот (струката) на вработувањето: нест. работник
Почеток на вработувањето: 27. XII 1939 год.
Престанок на вработувањето: 28. V 1940 год.
Потпис на работодавецот (жиг на фирмата): (потпис нечитлив)
Назив и седиште на претпријатието (работодавецот), по можност жиг на фирмата: Колонијален дуќан на Јовиќ Ставре
Точна ознака на видот (струката) на вработувањето: книговодител
Почеток на вработувањето: 19. VII 1940 год.
Престанок на вработувањето: 19. VIII 1940 год.
Потпис на работодавецот (жиг на фирмата): беше вработен [...] во фирмата на Ставре Јовчиќ (потпис: Ставре Јовчиќ)
Назив и седиште на претпријатието (работодавецот), по можност жиг на фирмата: “Пирит” Ливница и фабрика за преработка на железо и метал на Крсто и Владимир Галиќ
Почеток на вработувањето: 21. IX 1940 год.

*НВИМ, Х-А-564, вх. N 135/1960 г.*

**Бр. 22**
**Писмо на Методија Шаторов до жена му Марија Петрова[66]**

**Скопје, 9. VII 1940 г.**

Мила Марија,

Без да дочекам писмо, решив да ти чкртнам неколку редови. Јас се вратив жив и здрав. До денешен ден се грижам за тебе и особено за Кремето[67], а ќе се грижам додека не добијам писмо од тебе. Многу ми е јасно какво било твоето патување[68] со неа со болно уво. Не знам зошто толку доцна пристигнувате таму. Јас тука се вратив уште пред 11 часа. Во секој случај, патувањето не ти било пријатно со болно дете. Јас сум многу задоволен од тоа што го видов. Кремето многу ми се бендиса. Се разбира, како и сите деца и таа има недостатоци, но општо земено добро се развива. Јас сум многу задоволен од екскурзијата, макар што таа можеби е причина што уште сум без работа. За да не ме сфатиш погрешно, повторувам дека не жалам за тоа што се случи - напротив, многу сум задоволен. Лошо беше само тоа дека кратко ги користев милувањата на ќерката. Големо ѓаволче е - нема што да се каже! Дали ќе раскажува или повторно ме заборавила? А што велеше откако се разделивме? Дали ме бараше?

Јас сум добро. Прашањето со работата уште не е решено, бидејќи газдата заминал и треба да чекаме да се врати. Не се знае дали нешто ќе биде. Знаеш дека железото се кове

[66] Марија Георгиева Петрова е втората сопруга на М. Шаторов. Родена е во 1894 г. во Сливен, Бугарија. Посетувала неколку семестри словенска филологија во Софија и завршила курсеви по ракоделство и шиење. Заедно со М. Шаторов извесно време била во Париз, каде што се родила нивната ќерка Кремена. Потоа со своите две ќерки, помалата Кремена и постарата Стефана, од првиот брак, живеела кај мајка си во Софија, на ул."Цар Самуил", бр. 26. Умрела по операција на 14. II 1941 г.

[67] Се однесува на Кремена, ќерка на М. Шаторова, родена на 31. III 1938 г. во Париз. Завршила англиска филологија и право на Софискиот универзитет, а потоа работела во партиските тела на БКП. Загинала во авионска несреќа на 24. XI 1966 г. кај Братислава, Словачка.

[68] Се мисли на патувањето на Марија и нивната ќерка Кремена во Белград, каде што се сретнале со М. Шаторов.

додека е жешко. Но сепак има надеж, зашто ако не биде ништо таму, ќе барам на друго место.

Многу ме загрижува тоа што си болна. Сакам што поскоро да слушнам дека операцијата е извршена и дека се чувствуваш добро. Исто така ме загрижува тоа што Кремена не прима храна. Кажи ѝ на Фана дека ѝ одговорив на нејзиното топло писмо, но за голема несреќа тоа не е добиено. Дали таа се чувствува подобро по одморот или не?

За Петровден ќе одам дома[69], бидејќи треба да го чекам газдата, да не го испуштам. Им напишав на сестрите[70] за случајот со Кремена и мајка ѝ. Срдечно ги поздравив и ќе им раскажувам за деталите кога ќе ги видам. За Тодорка[71] објаснив сé, откако го најдов писмото од Талија[72] по моето враќање, се разбира напишано претходно со надеж дека ќе ме затекне уште дома, да се распрашам подетално за неа и да ѝ напишам. На Талија ѝ напишав да вади пасош[73].

Немој да заборавиш да го прашаш докторот за апетитот на Кремена. Поздрави ги сите, особено баба[74], Кољо[75], Блага и другите.

Скопје, 9. VII 1940 г.

Те бакнува и силно ве прегрнува тебе и децата - твој Методи.

П. С. И денес нема писмо.

10. VII 1940 г. Исто.

*НВИМ, X-А-564, вх. N 135/1960 г.*

---

[69] Се мисли во Прилеп.

[70] Наталија, Гена и Блага Тасеви Шаторови.

[71] Се однесува на Тодорка Данаилова Чавдарова-Галилеева, ќерка на Наталија Тасева Котеска, најстарата сестра на М. Шаторов, која починала во Софија на 85 години.

[72] Наталија Тасева Шаторова-Котеска.

[73] Станува збор за пасошот што ѝ бил неопходен на сестрата на М. Шаторов, Наталија, за да патува од Прилеп (каде што живеела) до Софија.

[74] Се однесува на баба Стевана, тешта на М. Шаторов.

[75] Се однесува на Никола Петров, брат на сопругата на М. Шаторов, Марија, кој завршил инженерство во Чехословачка.

**Бр. 23**
**Писмо (поштенска картичка) на Методија Шаторов до жена му Марија Петрова**

**Скопје, 24. VII 1940 г.**

Драга Марија,

Твоето писмо од 18 о. м. го добив навремено, но се извинувам што не ти одговорив веднаш. Не треба да го оставаш лекувањето поради детето. Него можеш да го оставиш кај родниите за да не се губи време и да не му се дозволи на туморот да расте. Се разбира дека детето треба да се гледа, особено сега кога е заслабнато и ништо не јаде, но тоа не треба да биде причина да ја одложуваш операцијата. Убаво е да излезете на чист воздух и простор, особено за децата. Навистина, ќе треба повеќе од секое друго лето да внимаваш Кремена да не се прејадува со овошје и зеленчук зашто беснеат детски болести, а и самата таа е слаба и при една дизентерија нема да издржи. Не го поврзувај твоето излегување надвор со доаѓањето на Талија. Таа уште не ми има одговорено што мисли да прави. А што стана со бројот што требаше да ми го дадеш?

Топли поздрави до домашните, Блага и Михаил[76]. Јас сум на работа веќе десет дена[77]. Киро, изгледа, уште е на вежби.

Ве прегрнувам и бакнувам тебе и децата - твој Методи.

24. VII 1940 г.

Благо, ти го испраќам [писмото] тебе [за во случај] Марија да не има заминато. Дома сите се добро. Паднал град и го оштетил тутунот. Брат ти: Методи[78].

*НВИМ, Х-А-564, вх. N 135/1960 г.*

---

[76] Се однесува на Михаил Хаџисандров, сопруг на Блага.

[77] Работи како книговодител во фирмата на Ставре Јовчиќ (или Јовиќ) и во леарницата за челик на Крсто и Владимир Галиќ (види Работничка книшка, док. бр. 11).

[78] Писмото е адресирано до Блага Хаџисандрова, ул. “Клементина” бр. 90, Софија.

**Бр. 24**
**Писмо на Методија Шаторов до жена му Марија Петрова**

**Скопје, 7. VIII 1940 г.**

Мила Марија,

Твоето писмо од 30-2[79] о. м. го добив во понеделникот, токму кога бевме на ручек. Од името на старите, јас ти се заблагодарувам за свадбените честитки. Во 4 часот попладне во неделата младоженците[80] заминаа за Битола за да ги избегнат сите адети и традиции, кои според месните обичаи траат неколку дена по свадбата; придружени се со многу големи трошоци, и што е најважно, со многу глупави и излишни. На ручек беа поканети речиси сите свадбари. Веселбата траеше до 5 часот, по што сите се разотидоа. Јас бев старосват, но функциите, особено тие во црквата, не си ги извршив докрај. На невестата ѝ подарив 2,25 м штоф за костум. Во понеделникот ноќта се вратив.

Многу ме загрижува состојбата на детето[81]. Од твоето писмо не се гледа на што се должат температурата и болеста. Останува да нагаѓам, т. е. да мислам дека е настинка. Те молам да ми пишеш ако е сериозна работата и ако температурата се должи на некои други причини. Се надевам дека чистиот воздух и просторот што ќе го имате во одморалиштето ќе се одразат поволно на нејзиното здравје. Многу јасно си претставувам што значи да бараш куќа за одмор[82] и колку енергија си потрошила! Дај боже маките и страдањата да ти траат уште кратко време. Кога пишуваш за простор и куќа за децата се сетив веднаш за виличките што ги има во непосредна близина до тукашниот град[83]. Тие се залепени за планината и оддалечени се од центарот на градот само 20 минути.

---

[79] Се мисли од 30 јули - 2 август.

[80] Роднини на М. Шаторов, неутврдени.

[81] Се однесува на ќерката на М. Шаторов, Кремена.

[82] Се мисли на привремено изнајмување куќа во Књажево, близу София.

[83] Веројатно се мисли на вилите на падините на Водно, Скопје.

Многу пати помислував дека една таква виличка ќе биде прекрасна за децата. Притоа кириите не се високи и речиси сите имаат по малку лозје. Имаат убава изворска вода, а самата планина почнува веднаш од нив. На таа планина, богата со вода, имам одено 7-8 пати досега. Со нетрпение очекувам да се вратите за да изнајмиме една скромна куќарка токму таму[84]. Сега јас десетина дена живеам во нов стан кај еден мајстор, соученик и познат. Куќата се наоѓа на ул. “Хилендарска” 47. Забележи си и пиши ми таму. Тој дури ми предлага уште една соба на таванот и една кујна, но јас нема да се ангажирам додека не дојдеш.

Собата што ја изнајмив е многу убава (гледа на јужна страна, со положба на ...[85]), но двор нема. Живеам на вториот кат, кажано по нашински.

Нема да заборавам да ти пратам обувки. Талија ќе донесе сé и ќе раскаже за сите наши роднини. Уште нема добиено пасош, но има големи изгледи да го добие. Таа нема да тргне пред три седмици, т. е. на крајот на овој или во почетокот на идниот месец. Многу ме зачуди со болеста на Павлинка[86]. По сé изгледа, и таа добила температура токму сега, како и нашата Кремена.

Ќе те молам да ми го повториш бројот на возниот билет за да се јавам во Дирекцијата на тукашните железници. Којзнае како, но бројот сум го уништил.

Ништо не ми пишуваш за Фанчето[87]. Што прави таа за распустот? Ќе дојде ли и со вас на село? Ќе можеш ли да најдеш пари за докторите што ќе те лекуваат? Пиши ми штом ќе земеш пари од некој фурнаџија на заем.

---

[84] М. Шаторов планирал женаму и ќерката да дојдат кај него во Скопје.

[85] Нечитлив збор.

[86] Веројатно внука на М. Шаторов.

[87] Се однесува на Стефана Михајлова Пенџеркова (Петрова), ќерка на жената на М. Шаторов, Марија Петрова, од првиот брак, родена во 1923 г. во Сливен. Завршила гимназија во 1943 г. и работела како сметководителка. Како пензионерка живее во Софија.

Те молам, не го одложувај лекувањето, зашто туморите растат и покрај болките носат и нервно растројство[88].

Поздравете ги сите, а особено баба и Кољо.

7. VIII 1940 г.

Те бакнувам тебе и децата: твој Методи.

П.С. Кажи ѝ на Кремето дека штом таа ги каса другите, јас ќе ја каснам кога ќе дојдете за да ја заболи. Објасни ѝ го тоа да знае. Тодоровото Јове[89] е големо колку неа. Многу се сакаме. Таа е љубимка на сите нас. Постојано зборува за Кремето дека ќе си играла со неа топка.

Истиот

*НВИМ, X-A-564, вх. N 135/1960 г.*

**Бр. 25**
**Писмо од Методија Шаторов до жена му Марија Петрова**

**Скопје, 30. VIII 1940 г.**

Мила,

Твоето писмо од 19 о. м. го добив, а денес преку Талија и едно друго без датум. Исто така добив една отворена картичка од Блага, напишана на 21, а испратена на 26 о. м. Главна причина да не ти одговорам веднаш е тоа што ти не ги препрочитуваш писмата пред да напишеш. Си ставила два броја и човек да се чуди кој да го земе за точен. За секој случај го праќам ова писмо без да сум сигурен дали ќе го добиеш.

Добив писмо од Талија во кое пишува дека уште не добила пасош. По сѐ изгледа дека ќе ѝ помине мачка на патот[90] па не верувам дека ќе успее да ја види Тодорка. Оваа година воопшто не се добро со тутунот. Цело лето не заврна, и на крај кога

---

[88] Марија Петрова имала болест со дијагноза “рак”.
[89] Дете или внуче на Тодор Шаторов, брат на М. Шаторов.
[90] Нема да успее работата.

заврна 1/3 од тутунот им однесе дождот. И тоа мало количество што ќе го соберат нема да имаат време да го исушат. Ќе остане зелен и нискоквалитетен и сите надежи и очекувања ќе пропаднат.

Задоволен сум од тоа што ми го пишуваш за развојот на детето. Се разбира дека такви писма сакам да читам. Лошо е тоа што кај неа се создава инает, но на крајот на краиштата што да се прави? Убаво ќе биде ако инаетот се развие во добра насока и да не е воопшто инает. Ако Кремена сака да јаде чоколадо, нека оди кај татка си, зашто мајка ѝ не купува и нема пари. Јас ќе ѝ дадам чоколадо, ама ако не слуша и ќотек на детенцето.

Фана може колку што сака да се подбива за вилата, но тоа е многу реална работа. Случајно гледав една таква (вила), која по еден месец ќе се ослободи. Бараат за неа 200 динари кирија. Се состои од две соби и едно претсобје, кое може да служи како кујна. Целиот двор е обраснат со трева, има дрвја со круши, кајсии и праски. Исто така има бунар со убава подземна планинска вода. Како што гледаш, откако ја нацртав сликата – вистинска е идила. Прашањето со станот е второстепена работа, доволно е ти да оздравиш и да дојдеш. Впрочем, зошто не напишеш кога ќе почне твоето лекување на туморот? Задолжително ќе треба да почнеш по твоето враќање од одморалиштето!

Тука времето е убаво. Дождови нема. Топло е. На празник на планина. Лубеници има во изобилство. Што се однесува на лозјата, оваа година тие не чинат. Реколтата не е добра. Скапотијата од ден на ден се зголемува. Некои продукти почнаа тешко да се наоѓаат, како на пример зејтинот, но се очекува да се појави од новата реколта.

Твоите писма ги препрочитувам по неколку пати. Дознав за сѐ што ми пишуваш. Од пред две-три седмици станав љубител на спортските вести и редовно ги читав во весниците. Ги знам деталите за вашите гости. Читав во тукашниот печат извадоци од “Утро” на Танев за опљачкувањето на Добруџа. Според денешните вести, изгледа дека се гледа крајот на играта и ќе се види дека сѐ е за добивање на време.

Уште еднаш ќе те потсетам да ми напишеш нешто и за Фанчето. Изгледа дека штом стана ученичка во гимназијата станала вообразена и никако не ми пишува. Зарем нема време за такво нешто? Таа со вас ли е или останала дома со вујко ѝ? Претпоставувам дека е кај вас, но што знам? Работата на Мамалигареску[91] е спукана, но немам излишни гаќи за да му позајмам. Сега се сетив дека требаше да те прашам за една работа на Мара[92]. Не знам дали мојата последна желба е исполнета, но ако не ја исполнила, ќе ми биде многу мака.

Талија пишува дека си пратила картичка на имენденот на внуката[93]. Од тоа сфатив дека и тебе ти се честиташе, но...[94]. Таа пишува дека сакала да го честита имენденот на другата Богородица, според нивниот местен обичај. Во таа смисла, како што велат, ја изгубив и фурката и вретеното[95]. Најголема честитка ќе ми биде што поскоро да дојдете. По сѐ изгледа, немаш среќа да носиш нови чорапи. Но само здравје да е, можеш да одиш и боса, па и за босите има една убава песна. Талија е многу малку[96], а можеби и оневозможена да патува. На малечката ѝ праќам една клоца по задникот. Силно ве бакнувам трите - ваш Методи.

П. С. Киро[97] од Талија пред една седмица беше тука по работа. Двојката среќно го поминува медениот месец. Заборавив да ти кажам дека ти на времето заборави да ги понесеш портретите[98]. Кога се вратив дома и го отворив куферот, многу се јадосував што сме и двајцата занесени.

30. VIII 1940 г.

Имаш желба да запатуваш кокошки. Тоа е многу убаво занимање, и јас од млади години сум кокошкар... Во местата што ти ги опишав има услови за одгледување на сѐ. Кремена ќе

---

[91] Ироничен прекар за Романец, преносно и за Романија.
[92] Неутврдено лице.
[93] Како и док. бр. 55.
[94] Така е во текстот.
[95] Изгубил ориентација.
[96] Така е во текстот.
[97] Син на сестрата на М. Шаторов, Наталија.
[98] Веројатно се однесува на фотографиите што требало да ги добие М. Шаторов.

ја научиме да ги пасе, нели? Остави ја шегата, но местото е убаво, па и не е далеку од центарот на градот – само на ½ час пат за мене, а за вас мир и тишина.

Истиот

*НВИМ, X-А-564, вх. N 135/1960 г.*

**Бр. 26**
**Писмо од Методија Шаторов до жена му Марија Петрова**

**Скопје, 11. IX 1940 г.**

Мила,

Го добив твоето писмо од 2-4. IX. Како и секое писмо, така и ова ме израдува. Жал ми е што времето било толку лошо што не сте можеле да ги искористите благодетите на одморалиштето. Како што пишуваш, малечкото ѓаволче имало најмногу полза, па може да се рече дека единствено таа имала полза од чистиот воздух и лекувањето. Би требало сите да го почувствуваме благотворното влијание на природата, но здравје да е.

Без да те плашам, право да ти кажам твојата состојба многу ме загрижува. Сите нервни растројства, болки, губењето на апетитот и слабеењето на хранопроводот, според моите заклучоци, се резултат на твојата основна болест - туморот. Тоа го знам од сопственото богато искуство. Да се лекуваат само последиците и болестите што се само продукт на основната болест туморот значи да не се лекува ништо. Затоа нема да ги слушаш советите на овој или оној, па дури и да се доктори, и да ги лекуваш последиците а да не ја лекуваш прво основната, главна болест. Секоја таква постапка ќе биде палијативна мерка, а не суштинско лекување. Затоа јас те молам да преземеш решителни и навремени мерки додека не е доцна, додека туморот не се претворил во рак, зашто после ќе биде многу доцна.

Мислам дека сум јасен - треба да се оперираш веднаш штом ќе се врати докторот. Да ти кажам право, воопшто не сакам да се вратиш болна и да се лекуваш тука кога си веќе кај подобри доктори и специјалисти. По операцијата на туморите лека-полека ќе исчезнат и болките и нервозите, па и сè што е поврзано со последиците на главната болест. Во спротивното никој не може да ме убеди, па ни специјалистите. Во минатото јас спорев со докторите за мојата болест и на крајот на краиштата јас бев во право, а не тие. Немој да заборавиш дека огромното мнозинство од лекарите се трговци и за жал тргнуваат само од своите трговски интереси кога ги лекуваат пациентите. Сега сме на чисто, нели? Направи го тоа што ти го кажувам за да се спасиш и за да ни биде на сите добро.

Со задоволство би примил каков и да е подарок, пратен по која и да е жена - доволно е да можеш да го пратиш. За билетот тука ништо не може да се направи, освен ако не се даде наредба од таму, од Народната банка или железниците да ми се бројат парите од друштвото “Путник”. За тоа ќе треба да се јавиш на надлежно место да почнеш постапка.

Дали се запиша веќе Фана? Ти се жалиш од Кремена, но ми се чини дека не треба тоа да го правиш. Јас тука гледам полоши деца. Ќерката на мојот газда е млада попадика, а да видиш колку ѝ е лошо детето. Не може да се споредува со Кремена. Детето си го бара своето: да игра, да трчи, да се движи. Ако го нема тоа, ќе удира со нозете и ќе вика. Чувај ја само од заразните болести кај децата.

Јас сум добро. Здравје и енергија имам многу. Постојано одам на излети за да ги истрошам времето и енергијата и се движам во природните убавини. Сега сум без работа, зашто синот на мојот чорбаџија се врати од вежбите. Еден мој стар пријател ми вети дека ќе ме земе на работа во една трговска фирма од 1 октомври. Се надевам, сигурно е, дека ќе стапам на работа. Скапотијата и кризата немаат крај. Сметам дека ќе треба да побрзаш со твоето доаѓање зашто изгледите се такви што на оваа состојба не ѝ се гледа крајот. Војната долго ќе потрае, макар што сите сакаме да заврши колку што е можно побрзо. Но меѓу желбите и субјективните процени до реал-

носта има голема разлика. Не си во право кога велиш дека не си смеела да ми кажеш за портретите. Ти требало да кажеш, па ако не беше згодно, јас ќе се мотивирав. Во случајов апсолутно немаше причина да ги задржуваш кај себе. Слушам и читам дека сте многу радосни од стекот на настаните. Имало разни видови демонстрации, како што им личи на весели луѓе. Ќе имало и амнестија, но за кого, не знам.

Работата на Талија стои на мртва точка. Изгледите да дојде се никакви. На Мичето и на тета пренеси им ги моите честитки. Верувам дека тоа ќе го направиш во врска со мажачката на Мичето.

Топли поздрави до сите, вклучително на баба, Кољо и Блага.

Силно ве бакнува тебе и децата

твој Методи

10. IX 1940 год.

*НВИМ, Х-А-564, вх. N 135/1960 г.*

**Бр. 27**

**Писмо од Методија Шаторов до жена му Марија Петрова**

**Скопје, 9. X 1940 г.**

Мила,

Едвај најдов малку слободно време за да ти чкртнам неколку редови. Можеби ќе ти се види чудно, но тоа е факт. Работата не ми дозволува да напишам дури ни писма. Додека порано се жалев дека безделничам и дека одам на прошетки за да ја трошам својата енергија - сега е обратно. Сега сум на работа, и во делник и во празник. За едно се договоривме, а господата илјада работи и должности ми натрупаа. Да ги набројувам - нема крај. Книговодител, сметководител, благајник, магационер, контролор итн., итн... сето тоа за една фабрика и мелница. Се разбира дека ќе ја напуштам зашто не може да се издржи,

но ќе останам уште десет дена за да помине месец од моето поставување. Но тоа е второстепена работа.

Твоето писмо го добив по долго очекување. Многу бев загрижен и чекав што поскоро да разберам нешто за твоето здравје. Твоите информации не се воопшто добри. Не можам да им се начудам на тие доктори. Не само што изгледа, но јас тврдам дека сé што кажуваат се нагаѓања и претпоставки. Како може да бидат заменети твоите тумори, кои требаше да се оперираат, со некакви збрчкувања и не знам што си како резултат на губењето на менструацијата? Едно лекуваш, друго излегува! Но нели тие тумори беа уште пред да ја изгубиш менструацијата и уште пред да родиш? И тој твој идол, специјалистот Иванов падна! Досега зборуваше за операција, а сега те праќа кај интернист, а тој пак наоѓа слепување на цревата. Тие, докторите, сите се трговци. Како и да е, така или инаку, треба да се лекуваш. Веднаш преземи мерки. Ако треба зрачење – зрачи се. Во спротивно, оди на операција. Побарај средства од Петровата госпоѓа. Напишете ми ја адресата на фурнаџијата. Тебе ти препуштам да земеш колку што ти е потребно, само и само да оздравиш. Пиши ми веднаш. Не вознемирувај се за таа работа. Во состојба сум да го покријам долгот.

Не можам сега да ти пишувам повеќе. Тоа ќе го направам во недела. Силно прегрни ги и бакни ги децата и за мене. Фанчето нека си ги поправи забите, а малата нека си ја прибере бовчичката зашто татко ѝ ја чека.

Поздрави ги сите роднини. Денес добив второ писмо од Гена, во кое ме моли да ѝ напишам. Им чкртнав 2-3 реда.

Силно те бакнува твој Методи

Скопје,
9. X 1940 год.

*НВИМ, X-A-564, вх. N 135/1960 г.*

**Бр. 28**
**Писмо од Методија Шаторов до жена му Марија Петрова**

**Скопје, 8. XII 1940 г.**

Мила Марија,

Еве, вашето писмо од 30. XI - 2. XII о. г. го добив. Многу ви благодарам на сите: на тебе, Фана и на Ивана. Писмото ме израдува, зашто се гледа дека кризата во болеста поминала и ти веќе заздравуваш. Многу е природно што уште чувствуваш болки, бидејќи ниту цревото, ниту пак целиот организам уште не се сосема оздравени. Фактот дека стануваш, јадеш и се движиш е доволен доказ дека дошло до сигурно подобрување во состојбата на твојот организам.

Воопшто не си во право кога правиш погрешни заклучоци за мене и за Кремена. Јас ти ја објаснив причината за задоцнувањата. Во случајов јас имав многу повеќе основи да не сум мирен и да се нервирам отколку ти. Причините за задоцнувањето на вашите писма ми се јасни како бел ден. Времињата во кои живееме се исклучителни. Се радувам што Кољо е дома. Дај боже и во иднина да остане кај вас.

Што се однесува на Кремена, исто така не си во право. Јас не верувам дека те заборавила за две недели. Положбата во која се наоѓаш, во болница, во болничка облека, многу го исплашила и го збунила детето и во тој момент се стаписало. Ако Кремето пред година и пол, кога беше многу малечка, го препозна татка си по една разделба од две седмици, - сега треба да се претпостави дека ќе ја препознае мајка си многу побрзо. Јас сум убеден во тоа. Во случајов кај неа има само шашардисаност, уште повеќе што знаела дека оди кај мајка си. Кај Кремето се измешале различни впечатоци и чувства и затоа во еден момент се стаписала. Јас повеќе им верувам на зборовите на Фана, која те демантира во врска со ова прашање. Ти во овој случај си премногу чувствителна и затоа не си објективна.

Од писмото разбрав дека треба да му се пратат на Љубомир 1350 дин. Пред да го направам тоа, те молам напиши ми дали таа сума е одделна од 530 дин. што своевремено му ги пра-

тив. Штом ќе ми пишеш и ќе ми објасниш, веднаш ќе го направам тоа. Сметав јас лично да ѝ ги предадам парите на Ќоравата Ката, но не отидов туку останав тука. Тоа ќе го направам уште утре по пошта. Многу се израдував од поздравот на бај Иван. Кажи му дека јас сум добро. Бев, како што знаеш, а тој не знае, на свадба. Го женевме внукот. Имаше многу свадбари, поминавме весело со јадење и пиење. Нему и вам ви завидувам, всушност тоа не е завист туку ме обзема радост дека сте биле добро. Дај боже уште поубави нешта да слушам за вас и Наталија.

Сестрите и зетовците се добро. Завчера имаа гостин - еден од внуците. Ќе одам кај нив за празниците.

Паднаа големи дождови. Денес времето се поправи и имаме сонце. Дај боже да се поправи времето.

Те молам, известувајте ме за твојата здравствена состојба. Пишете ми што велат докторите, кога ќе може да излезеш од болница. Го добивте ли моето писмо од 4 о. м.? Во тоа не се сомневам! Можеби со мало задоцнување, но ќе го добиете.

Поздрави до баба, Кољо и до другите. Многу бакни ги децата од мене. Дали ќе имаме можност скоро да се видиме?

Силно те прегрнува и бакнува - твој

Методи

Скопје,
8. XII 1940 год.

*НВИМ, Х-А-564, вх. N 135/1960 г.*

## Бр. 29
## Уверение дека Методија Шаторов, неговата сопруга Марија и ќерка му Кремена се државјани на Кралството Југославија, издадено од општината во Прилеп

**Прилеп, 16 XII 1940 г.**

16 декември 1940 год.

На молба на Шаторовиќ Т. Методија од Прилеп, а врз основа на извештајот на Статистичкиот отсек на оваа Општина и Законот за таксите, Управата на Општината на гр. Прилеп го издава ова:

<u>УВЕРЕНИЕ</u>

Дека во пописните книги на оваа Општина од 1921 година во регистарот II на страница 818 се води дека молителот Шаторовиќ Т. Методије, неговата жена Марија и ќерката Кремена, сите од Прилеп, се граѓани на општината Прилеп;

Дека сите се државјани на Кралството Југославија;

Дека сите се со добро однесување;

Дека во истиот регистар и на истата страница се води дека се родени: молителот Методије на 10 јануари 1898, неговата жена Марија во 1894 и неговата ќерка Кремена на 31 март 1938 година.

Уверението му се издава на молителот по негово барање за негови потреби. Таксата е наплатена.

За деловодителот (потпис нечитлив) За претседателот на Општината - членот (потпис нечитлив)

*НВИМ, X-A-564, вх. N 135/1960 г.*

**Бр. 30**
**Писмо од Методија Шаторов до затекнатата ќерка Стефана**

**Скопје, 4. II 1941 г.**

4. II [1]941 г.

Мило Фанче,

Сите твои писма ги добив своевремено. Многу ти благодарам. Многу ми е жал што јас не бев толку редовен за да ти одговорам веднаш. Причината е што бев настинат. Тука зимата оваа година беше многу променлива, и до Василица поминав без дрва, зашто немаше од каде да се купат. Сега сум релативно добро. Здрав сум како што ми пожелуваше ти.

Многу сум загрижен за мама. Ако таа беше здрава, животните тешкотии ќе ги издржевме полесно. Зарем уште не можеа да откријат што болест е? Како се чувствува мајка ти во последниве денови? Дали има барем малку подобрување? Те молам, пиши ми редовно, макар и да не можам редовно да одговарам на твоите писма.

Студентот не се јави, а вети дека така ќе направи. Не му ја знам адресата за да му пишам и да му наложам. На Катја ѝ ги пратив парите. Побарајте и земете пари и од друго место зашто сега ви се неопходни.

Смирувај ја мајка ти. Бакни ја и од мене. Поздрави ги баба ти и вујко ти. Те бакнува татко ти

Методи

*НВИМ, X-A-564, вх. N 135/1960 г.*

**Бр. 31**
**Писмо од Методија Шаторов до жена му Марија Петрова**

**Скопје, 11. II 1941 г.**

Мила Марија,

Тукуштo го добив писмото на Фанче од 9 о. м. Тоа писмо многу ме израдува. Апетитот веќе ти се вратил. Тоа е еден добар знак. Не треба ниту за миг да се губи надежта. Слабоста не е опасна. Важно е да поминат болките и да добиеш апетит, по што заздравувањето на организмот и на телото ќе тргне многу побрзо. Не ми е јасно од што ти се повредени устата и грлото. Те молам нека ми напише Фана поопширно за ова прашање. Заборавив да ти кажам дека кога бев на гости за Коледе го зедов со себе и подарокот што ми го дадоа за тебе како старосватица - еден црн комбинезон и една кошула за мене. Да сме живи и здрави, ќе ти го пратам при првата можност.

Не треба да обраќаш внимание и да се јадосуваш затоа што Кремена не сакала да останува кај вас. Таа е мало дете, ништо не разбира, брзо навикнува со секого. Немојте брзо да ја земате сé додека ти не станеш убаво на нозе зашто ќе ви прави врева и нема ни за миг да те остави на мир, а токму тоа најмногу ти треба. Блага нека ја погледа и нека [...][99] малку!

Од пред неколку денови времето тука значително се поправи. Преку ден грее сонце, а ноќе е студено. Сакам колку што може поскоро да помине оваа зима зашто воопшто не можам да ја поднесувам, ниту пак ја сакам. Да почне топло време, сонце, пријатен живот во природата! Јас веќе навикнав на смелениот леб, зашто нема кој да ми меси. Брашно уште се наоѓа, макар што не е фабричко. Живеам осамено со надеж дека наскоро ќе оздравиш и ќе се прибереш. Лишен сум од секакви задоволства и разоноди, но за тоа не жалам. Во кино одам многу, многу ретко, само кога има некој убав филм, што е голема реткост. Пратив во Загреб илјада динари. Студентот не

[99] Нечитлив збор.

се јави. Од Блага ги добив сите четири картички од Коледе наваму. Ќе ѝ напишам по некој ден.

Како е Кољо? Дали е дома или патува? Фана ништо не ми пишува како ѝ оди училиштето. Нека не заборава дека и тоа ме интересира, иако не прашувам во секое мое писмо. Сестрите се добро. Ве поздравуваат. Талија добила писмо од Тодорка. Јас добив една шарена картичка од Тодоркини. Заблагодари ѝ се од мене ако доаѓа кај вас.

Многу поздрав до сите роднини - особено до баба, Кољо и Благините.

Ве бакнувам тебе и децата - твој Методи

Скопје,
11. II 1941 год.

*НВИМ, X-A-564, вх. N 135/1960 г.*

**Бр. 32**
**Писмо од Методија Шаторов до затекнатата ќерка Стефана**

**Скопје, 14. II 1941 г.**

Мило дете,

Ти се обраќам само тебе, зашто Кремена не е во состојба да ме разбере. Денес, во 10 часот претпладне ја добив страшната вест - телеграмата за смртта на мајка ти. Оваа неочекувана лоша вест дојде само два дена по твоето охрабрувачко писмо, во кое соопштуваше дека Марија почнала веќе да јаде, да има апетит. Загубата за сите нас е голема. Наместо мирен, среќен живот каков што посакувавме сите и за каков што мечтаевме сите, неумоливиот закон на природата ни го одзеде најмилото, најблиското за нас - мајка ти. Останува ние да го продолжиме животниот пат, пат полн со непријатности, грижи и незгоди со надеж дека ќе настапат поубави денови од денешните денови на општа касапница и истребување на човештвото. За нас останува споменот за мајка ти, за деновите на

преживеаните моменти, за среќните семејни минути, макар што во нашиот живот имало повеќе непријатности и душевни страдања отколку продолжителна среќа. Тој спомен ќе треба да го зачуваме сите сѐ додека сме живи зашто материјата исчезнува, поправо се претвора во друг вид материја врз основа на биолошките закономерности. Иако сум далеку од вас, многу добро знам која желба би ја искажала мајка ти во последните минути, а имено: да бидеме заедно, да се слушаме и разбираме. Ти си уште млада. Дури сега почнуваш да живееш смисловен и свесен живот. Ти претстојат уште неколку години пред да ја завршиш гимназијата, а и по нејзиното завршување ќе настапат години на борба за егзистенција. Годините во кои живееме се исклучителни. Животот стана тежок за сите, не само за нас. Тебе ти претстои не да паднеш во очај, рамнодушност и вечна тага за мајка ти, туку напротив, да се вооружиш духовно и да станеш мома со силна волја која ќе гледа на животот реалистички, да не се плашиш пред тешкотиите на суровиот денешен живот и со поголема сила и енергија да работиш врз себе, врз својата обука за да можеш утре да станеш поподготвена во животот. Не велам дека не треба да се мисли и да не се чува споменот за родителите, не велам дека треба да ја заборавиш мајка ти туку да се вооружиш со нејзиниот спомен за да ги постигнеш целите во твојот живот, за твоја и на другите среќна иднина.

Телеграмата ја добив околу 10 и пол часот на работа. Уште кога го видов разнесувачот како ми ја носи телеграмата, студена пот ме облеа и сфатив дека се случила голема несреќа. Ја напуштив работата и излегов на улица за да најдам утеха во одењето. Ви телеграфирав вам и на сестрите и сега седам дома со мислите пренесувајќи се кај вас и чувствувам иста тага и мака каква што чувствувате и вие таму. Мојата тага, откако ви телеграфирав, се зголеми и поради фактот што вие, децата, сте далеку од мене и не можам да ве видам за да ми се намали тагата.

На 11 о. м., штом го добив твоето писмо од 9 о. м., веднаш седнав и напишав писмо за мајка ти. Претпоставував дека е подобро, дека ќе ѝ причинам радост. Изгледа тоа писмо

сте го добиле кога таа била мртва и не можела барем во последниот час за миг и да се утеши од моите зборови.

Мене ми е јасна причината за нејзината смрт. Нејзиниот организам многу се истошти од болеста, од операцијата. Се разбира, смртта ќе настапела и ако не се направеше операција, но можеби малку подоцна. Несреќата е во тоа што за жал лекарите не ја одределе дијагнозата, не констатирале која е болеста за соодветно на тоа да ја лекуваат. Уште кога лекарите во болницата кажаа дека ќе треба да поминат неколку месеци за да престанат болките, мене ми беше јасно дека операцијата е извршена на здраво место и дека дијагнозата била погрешна. Во случајов, ја загубивме мајка ти зашто медицината како наука уште е далеку за да биде усовршена. Направивме сѐ што зависеше од нас. Никој не може да нѐ обвини за небрежност и лекомислено однесување кон нејзината болест. Јас бев првиот што често ѝ кажував и ѝ пишував да преземе навремени мерки бидејќи имам искуство во врска со тоа. Ниту во еден момент не се сомневав, и вујко ти и баба ти од своја страна дадоа сѐ за неа. Ја жалам мајка ти, но истовремено не заборавам да мислам и на баба ти. Јас те молам, иако си млада, смирувај ја баба ти. Ќе им напишам и на неа и на вујко ти.

Повторувам, чувствувам голема мака што не можам барем вас, малите, да ве видам во овој миг. Да дојдам во сегашнава ситуација е исклучено. Силно бакни ја Кремето од мене. На баба ти и на вујко ти мое сочувство.

Поздрави. Пиши!

Скопје, Те бакнува -
14. II 1941 год. татко ти Методи

*НВИМ, X-A-564, вх. N 135/1960 г.*

**Бр. 33**
**Писмо од Методија Шаторов до тештата и шурата**

**Скопје, 28. II 1941 г.**

Драга бабо и шура,

Несреќата што нé снајде вас и мене е неопислива. Го изгубивме најмилиот, најблискиот човек што го имавме, а имено вашата ќерка и сестра - мојата животна сопатничка. Таа загуба со ништо не може да се замени и пополни. Нé обзема голема тага, но ние треба да најдеме сили за да се бориме со неа, да ја совладаме. Изгубеното не се враќа. Останува, покрај тагата за мртвиот, да се надеваме и да живееме за живите, за младите.

Верувајте ми дека до ден-денес, а можеби така ќе биде и во иднина, јас не можам да си претставам дека Марија засекогаш нé напушти, засекогаш исчезна. Многу пати си го поставував ова прашање и на крајот на краиштата: тоа е така само затоа што јас немав можност да ја видам на смртната постела. Ми се чини дека пак ќе ја видам, дека наскоро со Кремето ќе дојдат и ќе почнеме да живееме помирен живот, каков што ѝ беше потребен и за каков што мечтаеше. Ах!

Нејзините мечти и желби не се остварија. Денешниот суров живот не ѝ дозволи барем малку да се порадува. Вие правевте сé што е можно од ваша страна за да ѝ ги олесните нејзините душевни страдања. Никој не може да ве прекори дека не сте направиле сé што е можно за нејзин безгрижен живот, за нејзино и наше добро, за нејзина среќа. Вие претрпевте колосални морални и материјални жртви. За жал, вашите жртви и тие на другите блиски не помогнаа. Неумоливата сурова природа ја грабна од нашите редови за никогаш повеќе да не ја видиме.

Мене до ден-денес не ми е јасно во што се состоеше нејзината болест. Едно ми е јасно, дека смртта на Марија настапи како последица на физичка истоштеност и немоќ. Јасно ми е дека операцијата на која се подложи беше непотребна, а дијагнозата дадена од лекарите беше неточна. Јас сум длабоко убе-

ден дека болеста беше рак (поточно тумор), но не можеле точно да констатираат каде имено. Не се согласувам со претпоставките на Марија во нејзиното претсмртно писмо (писмото што ми го напиша пред операцијата), во кое ми пишуваше дека сé е од нервите. Се разбира, тоа е голема заблуда. Нејзината болест беше сериозна и требаше уште многу порано да се преземат мерки. Од друга страна пак, што е најважно во случајов, медицината е таа што не си ги исполни своите должности, а тоа е најважно и решавачко. Неоткривањето на болеста ја доведе Марија во гроб, а нас нé лиши од неа, од нејзините грижи, од нејзината љубов.

Многу добро ја сфаќам вашата состојба и ја разбирам маката на која сте подложени. Како цел живот да сте осудени да гледате сираци и во таа благородна, возвишена задача да наоѓате утеха. Јас ќе се трудам, според моите можности, да ги исполнам претсмртните желби на Марија. Знам колкава душевна болка и мака чувствуваше што мајка си и брата си не ги ослободи од грижите за неа и за нејзините деца. Знам дека тоа многу ѝ тежеше. Да се исполни желбата на Марија во денешни времиња, така како што таа сакаше да се воспитуваат, а од друга страна да се ослободите од секакви грижи - е невозможно. Јас сметам дека Фанчето треба привремено да остане кај вас и да ѝ биде утеха на баба си, која ја одгледала и ја пораснала. Што се однесува на Кремена, таа ќе биде кај Блага. Апсолутно не треба баба да настојува да ја земе Кремето од Благините. Дури и ако Блага не можеше да ја гледа, јас ќе најдев начин и во овие ненормални времиња да ја приберам кај себе, но повеќе главоболки и грижи за мало дете да немате. Што се однесува до гледањето - Блага може често да ви ја донесува. Не ви треба сега да земате слугинка. Фанчето нека ѝ помогне на баба ѝ .

Пратив на 14 о. м. препорачано писмо. На 11-ти исто така пратив писмо. Фана заборавила да го потврди нивното добивање. Пред неколку седмици се јави кај мене семејството на еден фурнаџија да бара пари. Ако тие се земени, Фана нека ми пише за да ги платам. Тоа беше уште пред смртта на Марија.

Поздравете ги сите роднини. Ги бакнувам децата.
Срдечни поздрави - ваш Методи.
Скопје, 28. II (1)941 год.

*НВИМ, Х-А-564, вх. Н 135/1960 г.*

**Бр. 34**
**Дискусија на Методија Шаторов на Петтата земска конференција на КПЈ во Загреб**

**Загреб, 18-23 XI 1940 г.**

…

5. Нац[ионалното] прашање[100].

Дискусија

Македонија[101]. Рефератот [е] апстрактен. [Референтот] можел да го има материјалот. Македонците донесоа резолуција на конф[еренцијата][102]. Имаат печатени документи. Во рефератот е спротивно. Димитров пишува дека Нар[одниот] фронт во колониите и понатаму останува. Референтот пак повикува само на сојуз на работн[иците] и села[ните], значи отпаѓа либералната буржоазија итн. Значи, го отфрлува Нар[одниот] фронт. Тој [тоа го] гледа шаблонски, на ист начин како на пр[имер] во Хрватска. Втората грешка е во врска со прашањето на колонистите. Референтот вели дека колонистите на Кавказ биле бранети од болшевиците. Едно е царска Русија, друго е Макед[онија]. Едно [е] нац[ионалното] пра[шање] пред војната, а друго е денеска. Референтот има шовинистички став. Не можеме да отидеме кај мак[едонскиот] селанец и да му кажеме дека колонистите му се браќа на мак[едонскиот] селанец. Бидејќи генералите, жандармите, шпионите не се браќа. Доколку би оделе во сојуз со колонистите, тие би [одговориле] со

[100] Референт по националното прашање бил Милован Ѓилас.

[101] Дискусија на М. Шаторов.

[102] Се мисли на резолуцијата од Покраинската конференција, одржана околу 8 септември 1940 г.

лопата. Има околу 10 илјади фамилии со околу 70 илјади хектари. Сите тие се угнетувачи на македонскиот народ и со нив не можеме да имаме добри односи. Во Бела Русија сите колонисти биле уапсени и земјата [им била] одземена. Тоа мораме и ние да го сториме. Оној што ја познава психологијата на мак[едонскиот] селанец знае дека тој се бори за крвава одмазда врз колонистите.

Пред конф[еренцијата] го решававме тоа прашање. На конф[еренцијата] решивме во тој дух. Во Резолуцијата на конференцијата ние истакнавме дека и средните слоеви и либералната буржоазија влегуваат во нац[ионалниот] фронт, сите, со исклучок на шпионите и на импер[ијалистичките] агенти. Групите либерална бурж[оазија] и самите бараа контакт со нас. До денес ништо не е направено. И тоа затоа што некои другари саботираат. Селаните се основната маса во нац[ионалниот фронт]. Но има и друго: јазикот, културата итн., што го бара целата нација и либ[ералната] бурж[оазија].

Како да се соработува со бурж[оазијата] (од ЈРЗ[103])! Кои класи ги има во Мак[едонија]? Работн[ичката] класа е малобројна. Полупролетери. Селаните (90%). Индустријата не се развива. Мак[едонија] е аграрен приврзок на Србија. Има неколку категории мак[едонска] бурж[оазија]: 1) големосрпска, асимилаторска; 2) мак[едонска] бурж[оазија], бугарашка, 3) либер[ална] бурж[оазија] и интелиг[енција] против едните и другите, меѓутоа неком[пактна]. Пролетаријатот мора да ја раководи нац[ионалната] борба.

На колонистите им е дадена најдобрата земја. Таа им е одземена на селаните. Пасиштата и шумите им се одземени на селаните. Во Мак[едонија] има малку земја, затоа бараме колонистите да се иселат во Срб[ија]. Земјата има да им се [даде] на мак[едонските], селани, само доколку има отповеќе, тогаш да им се даде на другите нации.

Сталин во 1926 год. даде правилна линија, но досега во Мак[едонија] не се поставило правилно. Партијата има сек-

[103] ЈРЗ – Југословенска радикална заедница.

тантско, троцкистичко застранување. Не може да се чека на револ[уцијата].

Прашање на Ц[рно]горецот: Дали има сиромашни селани, колонисти?

Мак[едонија][104]: Има, со 3-4 ха, сиромашни. Има жандарми што им дават исполица на макед[онските] селани. Не е важно колку има сиромаси, важно е дека тоа се шовинистички елементи. На Косово има повеќе сиромасни. Во Мак[едонија] мнозинството се типични претставници.

*Peta zemaljska konferencija KPJ (19-23. oktobar 1940), Beograd, 1980, 210-211.*

## Бр. 35
## Писмо на Методија Шаторов до ЦК на БРП(к) за решавање на македонското прашање

**Скопје, околу 15. V 1941 г.**

### ЗА МАКЕДОНСКОТО ПРАШАЊЕ

Сосема ни е јасно дека поради актуелните настани, социјалното прашање (борбата против војната, против бесправноста и теророт, против пропаѓањето и скапотијата, против самоволието на власта итн.) сега станува поостро и понеодложно. Преку организирање на масите во таа социјална борба ние ќе создаваме импозантна општествена сила во новите земји, како и во старите територии и ќе ги подготвуваме можностите за дефинитивно решение и на националните прашања, кои за нас се проблем на општото социјално прашање. Меѓутоа, тоа ни најмалку не значи дека ние ќе се откажеме да ги поставуваме и националните прашања како такви, во согласност со нашето општо ленинско гледиште на случајот. Новосоздадената положба, меѓутоа, нѐ исправа пред низа допол-

[104] Дискусија на М. Шаторов.

нителни тешкотии, кои, така или инаку, ќе треба да ги совладуваме отсега па натаму.

Пред сé, дали може сега да ја истакнуваме паролата Македонија да ѝ се врати на Југославија и да ѝ се даде автономија внатре во една нова југословенска држава, дури кога последнава би била во пакт за заемна неутралност со СССР? Мене ми е сосема јасно дека нема да се најде ниту еден Македонец што би се согласил со слично решение на прашањето, и според тоа ние апсолутно би се откинале од масите, што би било непоправлива несреќа за нас. Сметам дека е сосема излишно повеќе да се зборува за ова прашање.

Второ, може ли уште сега **да се издигне актуелното прашање, како задача за непосредно решение, барањето** МАКЕДОНИЈА ДА СЕ ОТЦЕПИ ОД БУГАРИЈА И ДА СЕ ФОРМИРА КАКО НЕЗАВИСНА МАКЕДОНСКА ДРЖАВА? Теоретски, тоа може да е мошне правилно и мошне корисно, но сега засега, во реално создадената необична положба, исфрлањето слична АКЦИОНА (т.е. не само пропагандна) ПАРОЛА исто така би ни одзело големи делови од македонското и од бугарското население, кое, макар и заблудено, гледа на присоединувањето на Македонија кон Бугарија како на решение на нашите национални вековни прашања. **Потребно е, и може во сегашните услови, да се води разјаснувачка, пропагандна и политичко-акциона работа за разобличување на империјалистичкиот карактер на случувањата на Балканот, да се разоткриваат тајните намери на силите на Оската и на англоамериканската банда**, а исто така и на империјалистичките балкански влади; потребно е да се посочува примерот на правилното решение на националното прашање во СССР; потребно е нашата борба за вистински, мирен и братски договор меѓу балканските народи да се поврзува со нашата општа борба против војната и противнародните балкански влади - оружје на империјалистичките завојувани лагери; потребно е да им се укаже на масите дека и националното прашање, како и социјалното, бара заедничко дејствување (сојуз, пактови и др.) со СССР итн. Токму во тој однос последниот партиски документ правилно го постави прашањето, макар што не го дораз-

јаснува целосно, а тоа сме должни да го направиме во нашата понатамошна агитациска, пропагандна и целокупна работа. Без сомнение, ќе наидеме на сериозни тешкотии во тој однос, но партијата затоа е партија за да ги совладува тешкотиите, а не да се плаши од нив. А пак војната, заедно со сите нејзини стравотни последици, во тој однос ќе ни биде моќен незаменлив сојузник и ние наскоро ќе можеме да одбележиме големи успеси, доволно е нашата партиска работа да биде поставена како што треба, особено во новозаземените области, каде што влијанието на комунизмот, дури и според признанието на Бадевци, и без тоа е веќе големо.

Трето, крајно е време да се стави точка на сите доктринерско-секташки спорови и расправии во врска со прашањето дали Македонците се одделна нација или се македонски Бугари. За тоа прашање веќе многупати имав можност да си го кажам мислењето подетално, така што сметам дека е излишно сега да го повторувам. Само ќе кажам дека за ВИСТИНСКИ СЛОБОДНА МАКЕДОНИЈА СПОСОБНИ СЕ ДА СЕ БОРАТ НЕ САМО ТАКАНАРЕЧЕНИТЕ МАКЕДОНСКИ СЛАВЈАНИ, ТУКУ И МАКЕДОНСКИТЕ БУГАРИ, а исто така не помалку од нив и сите оние национални малцинства, кои во согласност со новата положба, остануваат во границите на земјите што се присоединети кон Бугарија. Гоцеделчевото сфаќање на ова прашање продолжува да го има и сега своето полно значење, а ние во никој случај не би требало да развиваме македонски или бугарски шовинизам. На пример, при решавањето на прашањата за враќање на земјите на поранешните тракиски иселеници и, следствено, за истерување на многу стотици работници - грчки граѓани и селани од Тракија, како и по прашањето за чудовишниот терор и истребителна политика практикувана денес во Југославија од "борците" против Версајските договори, ние можеме и треба да заземеме став достоен за нас како комунисти и како следбеници на Гоце и на Димо[105].

[105] Се мисли на Димо Хаџи Димов (1875-1924), деец на левицата во македонското революционерно движење. Идеолог на Привременото претставништво на поранешната обединета ВМРО и на Емигрантскиот (македонски) комунистички сојуз, член на ЦК на БКП (1924).

Тука пак ќе наидеме на многу тешкотии, но тоа е веќе подруго прашање. Во секој случај, **на Бадевиот[106] великобугарски шовинизам** ние не можеме и не треба да му спротивставуваме некаков нов **великомакедонски шовинизам**, кој понекогаш оди до таму што проверени и прекрасни македонски дејци се прогласуваат за ... национални ренегати само затоа што ... не сакале да се чувствуваат “македонски славјани”. Ние нема да ѝ пречиме на чисто културната работа на последниве, напротив, ќе треба да им гарантираме слобода и дури да **им помагаме**, но доктринерството и секташтвото во тоа прашање треба да бидат жестоко сузбивани, за таа цел дури и во “Работническо дело” би требало навреме да се напише соодветна статија, која ќе изигра прекрасна улога токму во овој момент.

**Четврто**, сето тоа не ни пречи, напротив, нѐ обврзува да се бориме, заедно со целокупниот македонски народ, против настојувањата на италијанските и другите империјалисти за нови делби на Македонија (Дебар, Кичево, Гостивар и др.), за реализирање на целокупна Македонија, за да не се дозволи Солун да стане германско или италијанско воено пристаниште и за да се разобличат навреме сите интригантски, противмакедонски и противбугарски и воопшто противбалкански аспирации и маневри на германските и на сите империјалисти. Во каква точно ФОРМА ќе се реализира вистинското ослободување на Македонија - тоа е прашање што ќе биде решено според реалните историски можности и со безусловна помош на СССР. Ние сме должни, сега засега, **да ја истакнуваме илузорноста на сегашното “решение” на македонското и на тракиското прашање и да ги мобилизираме масите околу нашите пароли, околу нашата социјална и национална програма.**

На крај, не треба, според мене, **не е умесно секоја радост на секој Македонец од настанатата промена да ја определуваме како пример на реакционерен шовинистички бес.** Од искуство веќе се убедив дека сличниот однос често дава многу

---

106 Се мисли на Јордан Бадев (1888-1944), еден од идеолозите на Македонскиот национален комитет, новинар, публицист, резервен член на Задграничното претставништво на ВМРО и припадник на протогеровистичката ВМРО.

негативни резултати за нас, бидејќи има луѓе што искрено мислат дека настанатото е навистина некакво правилно решение на прашањето. На таквите јас обично им го поставувам прашањето: а колку пати досега е ослободувана Македонија и зошто потоа следувале катастрофи? Зарем не било тоа поради империјалистичката политика на малите и на големите држави? Ова прашање дејствува отрезнувачки и ги отвора душите за да ги сфатат нашите понатамошни програми и акциони пароли и аргументи. Во тој однос е потребна повнимателна работа. Ние, се разбира, не можеме и не треба да паѓаме во лажниот патос на Бадевци и компанија и да налеваме вода во шовинистичката воденица на нашите империјалисти и лажни патриоти, но, ми се чини, не е ни умесно да стоиме **олимписки ладнокрвно** и да ги навредуваме чувствата на голем дел од македонското население, кое од едни или други причини уште не е дораснато до нашите подлабоки и подалечни сообразувања и предвидувања.

**Петто**, во врска со сето тоа, и прашањето за идниот сојуз меѓу балканските народи (во врска со нивните односи и кон СССР) повторно добива особено значење за нас. Кога го пропагираме советското искуство, советското решение на националното и на социјалното прашање, не треба да заборавме дека истакнувањето на паролата за советска власт кај нас и на целиот Балкан (нејзиното истакнување како **акциона** парола за непосредно реализирање со востание и сл.) сé уште не претстои во најблиските денови и следствено, би требало да се помисли посериозно за ФОРМАТА, во која евентуално би се изразила една државна соработка меѓу балканските народи (односно држави) при основна претпоставка за барање главна поддршка во мирната политика на моќниот СССР. Тоа прашање уште не ми е многу јасно, макар што ми е познат нашиот поранешен однос кон Балканската федерација. Сега условите се значително изменети и зарем не треба и ние да го измениме, да го уточниме, да го детализираме нашиот однос кон идејата за балканска федерација, без да правиме, се разбира, капитал од името (Балканска федерација, или Балкански сојуз, или Балканска соработка). Во врска со тоа се поставува и прашањето

со која партија денес би требало да се поврзе понепосредно македонското партиско комунистичко движење - со југословенската или пак со бугарската.

Еве за овие последниве, а исто така и за првите прашања би требало што поскоро да добиеме исцрпни, јасни и сестрани аргументирани директиви и имено такви директиви јас замолив да ни се дадат, а за таа цел да се побара побрзо и поактивно учество, пред сé на другарите што одлично го познаваат македонското и тракиското прашање и ги следат одблизу сите перипетии во развојот на односите меѓу Германија и СССР. Јас, се разбира, го искажав своето мислење како лично мое мислење, во погоре изнесената смисла, но тоа со ништо не ја задолжува партијата и нашето револуционерно македонско движење. Ако се дадат директиви што целосно не се согласуваат со моето лично мислење, јас ќе се потрудам да ги сфатам и најточно да ги применам во својата практика. Меѓутоа, има извесна збунетост кај нашите луѓе и нашите симпатизери и таа збунетост би требало што поскоро да се отстрани од корен. А за таа цел најдобро би било токму сега да се добијат поисцрпни, појасни, покатегорични директиви, кои можат да одиграат просто историска улога во денешната меѓународна и балканска положба.

*ЦДА, ф. 3б, оп. 4, а. е. 590, л. 30. Објавено во БКП, Коминтернът и македонският въпрос (1917-1946), Том втори. Съставители: Цочо Билярски и Ива Бурилкова, София, 1999, 1052-1055.*

**Бр. 36**
**Писмо на Методија Шаторов упатено до "Стојан"[107] за состојбата во Европа, на Балканот и во Македонија**

**Скопје, V 1941**

Драги Стојане,

Оваја пролет на полуострово се развија големи сабитија, који от корен променија политическото и военото положение на балканите, та представља голем интерес за нас како Македонци, па реков со тебе да разменам мисли.

Првото нешто које требе да се каже е, да вторатa империјалистичка војна се раширува и ќе продолжава, како што рече Молотов[108] летоска. Последниве недели, две големи империјалистички држави: Германија и Италија нападнаја две балкански држави (Југославија и Грција) и со млненосни удари разбија им армиите и ги окупираја.

Множина се прашаат како така една држава како Југославија, која броеше 15 милиона, капитулира за 10-12 дена. На това се дава отговор, оти Немците биле многу спремни, со голема техника и дисциплина. Това е истина, али несет само тија причините. Има многу по главни причини, а тие сет: прво, безразличието на широките народни маси по одношение на југославјанската држава и правителства, који 23 години пљачкаја и потискаја народите на Југославија; второ: предателството на петоколонашите и трето полната анархија во организацијата на военио апарат. Војниците на фронто и во тило по 4-5 дена не добиваја леп, нито пак муниција и то не само на еден сектор, а како правилно во цела Југославија, макар да имаше брашно и фурни колку да [сакаш]. Недостатачната спрема на Југославјанската армија се објаснува со па[ролата] оти правителството на Цветковиќ-Мачек[109] уште во м. октомври ланската [година]

---

[107] Неиндификуван соговорник, на кој М. Шаторов му ги презентирал своите актуелни полички ставови.

[108] Вјачеслав Михајлович Молотов (1890-1986), секретар на ЦК, член на Политбирото и претседател на Комунистичката партија на Советскиот Сојуз, министер за надворешни работи на СССР.

[109] Владата на Кралството Југославија на Драгиша Цветковиќ и д-р Влатко Мачек беше на власт од 26. VIII 1939 до 27. III 1941 г.

тргна по линијата на капитулација пред оската Берлин-Рим, а новото правителство на Симович[110] зеде само политически полумерки, који не се осетија от народните маси, а апарато државен не го пречисти од петоколонашите.

Како резултат на војната и наша Македонија е окупирана од германски, италјански и бугарски војски. Овај факт нас не интересуе како Македонци, који половина век сме се бореле како Македонци за национално и политическо ослобождение, како последователи на водачите и основателите на македонската натрешна организација на чело со Гоце Делчев, Јане Сандански, Гјорче Петрев, Пере Тошев и Димо Х. Димов.

Во чл. 1 от Уставо на Натрешната револјуциона организација е речено, оти организацијата се бори за политическа и национална слобода за автономија на Македонија. Во чл. втори на истио Устав се вели, оти та за осушестјаване на таја цел се бори против шовинизма за збиране на сите македонски сили во едно цело. Знае се от македонската историја, оти во натрешната организација влегвале лугје не само македонски Славјани, ами и Цинцари, Турци и др. који се бореле против турското господство и потисничество. На пример, славнио герој и војвода от Крушевското востание[111] беше цинцарино Питу Голев. Многу бедни Турци биле четници и се бореле против турскио апсолутизам за слобода и равноправие.

Јасно е како бел ден, оти македонците не се борат само за да имат свој попови и даскали и биле тие бугарски арнаутски или влашки. Македонците се борат за своја национална и политичка слобода. Некој македонци-врховистите сакајат да кажат, оти борбата на македонците е свршена со окупацијата на Македонија от страна на германски, италјански и бугарски војски. Дали това е истина. Но, ни не може да биде, зато што Македонија не доби ни национална и политическа слобода. Денеска не само Македонија, ами целиот Балкански Полуостров (без турска Тракија) е окупиран от армиите на две големи империјалистички држави; Германија и Италија, со прилепените бу-

[110] Владата на генерал Душан Симовиќ траеше од 27. III 1941 до 9. I 1942 г.

[111] Се мисли на Илинденското востание од 2 август 1903 г.

гарски војски. Голем дел от Македонија има веќе бугарска администрација. Полицејски чиновници, джандари, кметови, секретарбирници, писари, даночни чиновници - сет назначени и требе да се кажи, оти сите тија сет от Бугарија. На Македонците не се дава чиновничка служба, дури немат право да бидат селски кметови. Со право се праша секој честен Македонец: "каква ли е оваја слобода, штом Шумадинците се заместени со Бугари, а Македонците се држат под карантина. Во најдобрио случај на македонската интелегенција се таксуваат служби по селата на Бугарија, но по никаков начин служба во Македонија. Аргументите за това сет истите, кој употреблјава и србите:"Не знаете официално државен јазик".

Како што до сега врват работите, можи да се заклјучи, оти Македонија пак ќе биде разделена, као што беше досега таква. Германците истргаја војските от Дебар, Гостивар, Кичево и Тетово и тија четири македонски градови беја окупирани от Италјанците. Бугарски војски таму не сет допуштени како што не сет допуштени и во цела грцка Македонија. Окупацијата от страна на Италјанците на северозападна Македонија со право возбуди во македонските среди големо незадоволство от политиката на Хитлер и Мусолини. За мнозина стана јасно, оти характеро на оваја војна не е ослободителна а е војна завојевателна. Горните четири градове со околиите им сет осудени на сигурна смрт, зато што економически беја тие врзани за Битола и Скопје, без да говориме оти исторически и географически секогаш биле дел от Македонија.

Едно време беф ти пишал, оти Македонците нема ништо да спечалат от една империјалистическа војна, а ти во тија моји зборови се сомневаше. Ти велеше, оти нека да има војна само и само да им видиме грбовите на Србите, да се ослободиме. Како што слушам не си бил задоволен од "слободата". Ти си во право, зато што во Македонија се променија само управниците, а не и системот. Ние не видофме нити наши чиновници, нити да се споменува нешто за нашите македонски революционери, нито пак за македонската култура. Се што е наше ни се представуе како да е било бугарско. От горе на сето това настана голема скапотија и немаштија. Работа нема, пари малку, а со

тија пари ништо не можи да се купи. Шекерот стана 6-70 динара, сирењето 40 динара, маст, масло, кафе и др. продукти - исаф-само ако имаш едно кесе пари можиш да купиш. Пред да дојдат Германците и Бугарите се говореше, оти таму тија што праеле спекулација бивале стрелјани, пракјани да кршат камене. Сето това излезе лага со опашка, зато што гледаме како трговците пладнешки обирајат народо, а власта си гледа сеир. Голема спекулација се врши, а народо умира за леп во пасивните околии, а власта се грижи само за пречекуване на разни големци и владици.

Како во вашио град, така туку речи во сите градови на Македонија се создадоја македонски комитети[112]. Во тија комитети влегоја испечени врховисти, а негде и искрено мислешти и веровашти Македонци. Во некој градови, како што е скопскиот, беја от Бугарија испратени преседатели и секретари за да раководеле дејноста им. Со други зборови беја испратени тутори, за да не би Македонците нешто да згрешат. "Многу честни членови от комитети избегаја, зато што видеја, да комитетите се изплзуват за спроведуване на чисто бугарска политика, а не на македонска за викане само ура и да живее Хитлер, Мусолини и цар Борис; за вршене на нечести дела и грабене на имоти; земане потписи, меници и пр. Некаде влегоја во тија комитети и отворени македонски предатели, који во продолжение на 23 години беја десната рака на великосрпските шовинисти. Тија комитети ногу брзо си изиграја ролјата, зато што не се јавија заштитници на македонските интереси и изгубија секакво доверие во народо. Комитетите беја и сет база на окупаторите.

От досегашните речи и изјавленија на одговорните министри и лица, ништо не е речено за македонското село. Како мисли правителството да разреши аграрнио вопрос изгледа и на министрите не им е јасно. Тие немат определена аграрна програма. Това се изгледа да положението на македонскио селјак от промената нема да се измени. Известно е, оти натрешната организација на Гоце Делчев имаше како земле-

[112] Се однесува на Бугарските акциони комитети, кои беа создадени веднаш по навлегувањето на бугарската војска во Македонија.

делска програма раздаванеземјата од чифлик-сајбите на сиромашните сељаци. Таја програма на натрешната революционна организација е длабоко зараснала во сазнането на македонскио селјак. Тој есапи, промена во политическото положение на Македонија и слободата, без друго требе да врви со промена и во стопанисване на земјата. Ќе требе сета земја на чифлик сајбите (Турци и Македонци), на српските великаши и национални герои, како и земјата на Македонците, вакафите и црквите да се раздај на сиромашните селјаци. Наместо државата и македонските комитети да сторат това - они гледајат заграбената земја на српските великаши да ја дадат на старите некогашни стопани - чифликсајби или на некој бугарофили да станат чифликчии.

Нај-опасното е во овај момент пројавата на оделни шовинистически настроенија во средата на Македонците и Бугарите, који можат да имат многу тежки последици за македонскио народ. Над турци и арнаути се врши насилие. Над нифните религиозни и традиционални предрасуди се посега. Фесовите и фереџината насилно им се фрлат. Това нешто, от друга страна, особено во средата на Арнаутите, разбужда омраза по отношение на Бугари и Македонци. Во Тетово дошло до бој и има убиени и ранени Македонци, а италјанските војски гледат си сеир и распалват шовинистически бес мегју народите во Македонија, за да можат по лесно да ја владејат, кога не сет зговорни меѓу себе народите. Создава се едно положение на нетрпимост. Албанците во Македонија сакајат да влезат во албанска држава т.е. да станат, со други зборови, робови на италјанскио империјализам. Тоја нифни национализам е подкрепен, сознателно от италјанските власти, који сакајат дури гр. Скопје да влези во Албанија т.е. господари да сет Италјанците. Соштествува голема опасност Македонија да биде пак раскината, а незините народи да страдат от искуствената граница, која ќе се создај от империјалистите. То се знае, да италјанската политика е подкрепена од Хитлера.

Праша се што да се чини. Одговор е само еден: да се обединат сите Македонци и други народности во Македонија за општо своје право за слобода и равноправност, но не цепене

на македонската земја и македонскио народ. За таја своја слобода и равноправност Македонците требе да се борат заедно со Бугарите, Хрватите, Србите, Грците и Црногорците на баканскио полуостров, зато што судбината денеска им е еднаква. Целио Балкански п[олуостро]в е окупиран от големите империјалистическите држави Германија и Италија. Создаване на држава по подобие на Хрватско (Анте Павелич) е една комедија. Анте Павелич е орудие на Немците који одделија от Хрватско и дадоја Далмација на Италија. Това не е независимо Хрватско, не е слобода. Балканските народи денеска изгубија својата слобода и независимост и сите сет окупирани от тугји војски, затова и борбата за слободата треба да биде општа.

По горе беф ти пишал оти оваја империјалистическа војна продолжава и крајо не и се знае каков ќе биде. Америка се готви да влези во војна против оската Берлин-Рим-Токио[113]. Ништо не се знае што ке биде утре. Советскио Сојуз е неутрален и не зема страна во оваја империјалистическа војна, али не еднаж е зајавено от советските државници, оти имајат интереси во Дарданелите и на Бал[канскиот] П[олуостро]в. Со таја своја мирна политика Сов[етскиот] Сојуз ке остане последователен. Било во процесо на самата војна, било след војната на мирната конференција, Сов[етскиот] Сојуз ке држи на својето и ке добие што сака. Нема друга држава на свето која да штити слободата и независимоста на малите народи от импер[ијалистите] освен Сов[етскиот] Сојуз. Во самио Сов[етски] Сојуз живејат стотина народности во мир, братско разбирателство и полно равноправие.

Со поздрав твој МИТРЕ[114]

*Архив на Институтот за национална историја, Скопје (натаму: АИНИ), арх. бр. 73. Објавено во Историски архив на КПЈ, Том VII, док. бр. 4.*

---

[113] Троен пакт меѓу Германија, Италија и Јапонија, потпишан на 27 септември 1940 г. во Берлин.

[114] Псевдоним на М. Шаторов.

**Бр. 37**
**Писмо на Методија Шаторов до ЦК на КПЈ со објаснување по неговото исклучување од ПК на КП за Македонија**

**Скопје, крај на VIII 1941 г.**

Ви ги испраќам погоренаведените писма во оригинал. За првото писмо буквите Б.К. изгледа дека треба да бидат П.К. Допуштена е изгледа грешка. Ние веднаш им даваме известувања на организациите за решенијата на КИ и согласност на ПК. Очекуваме ваши инструкции и ваш човек. Ние сме готови за акција која може да се изведе во краток рок. Лично за себе молам да ми се дозволи да одам во партизанско движење. Што се однесува до грешките, јас ја признавам онаа за "Советска Македонија", која грешка со помошта на Бугарија ја исправивме. Што се однесува до другите грешки, како за оружјето или организациски не признавам. До врзувањето со КПБ јас точно ги спроведував вашите директиви и ненормалноста настана потоа.

Со комунистички поздрав,
за ПК Шарло

*Архив на ИНИ, арх. бр. 946. Објавено во Зборник докумената и података о Народноослободилачком рату југословенских народа, Том VII, књига 1, Борбе у Македонији, Београд, 1952, док. бр. 22; и во Илегалниот печат на КПЈ во Вардарска Македонија меѓу двете светски војни. Подготвил: д-р Иван Катарџиев, том II, книга 1, Скопје, 1983, 38.*

**Бр. 38**
**Извештај на Методија Шаторов до Извршниот комитет на Комунистичката интернационала за работата на Покраинскиот комитет во Македонија за периодот април-септември 1941 г.**

**Скопје, 16. IX 1941 г.**

[Преку ЦК на КПЈ и ЦК на РПБ]

Другари,

Пред неколку дена, веднаш по приемот на **[вашето писмо јас, а исто]** така и останатите другари од Бирото на ПК на Маке**[донија извршивме анализа за она]** што беше партиско, на претставникот на ЦК на КПЈ **[Драган Павловиќ (му одго**]ворив) и докажав дека им се покорувам на парти**[ската дисциплина и на ЦК на КПЈ, на ко**]минтернските форуми и дека сум дисциплинира**[н член на Партијата]**.

На состанокот што го одржа Бирото на ПК за **[Македонија изве**]стен сум дека по одлука на ЦК на КПЈ исклучен сум од **[редовите на Партијата и ПК поради гре**]шки, престапи и саботажи во однос на парти**[ската дисциплина и некои други прашања]**. Како документ, другарот претставник на ЦК на КПЈ ми ја даде **[одлуката на Исполкомот на КИ и писмото на]** ЦК на КПЈ испратено до членовите и партиските организа**[ции во Македонија, кое веќе го]** имате или ќе го имате в рака тоа писмо. Потребно **[е да се нагласи дека писмото е на**]пишано пред да стаса решението на КИ и пред да **[се донесе вашата одлука]**. Се разбира, да не стасаа вашата одлука и одлуката на ЦКБ **[јас би продолжил и исто како и до**]сега не би ги предале организациите на југословенс**[ката партија и би се отворила]** нова борба, слична и уште потешка од онаа што **[се водеше во нашата партија до]** август. Во тој случај целата одговорност <u>би паднала, **[во секој случај]**, на ЦК на КПЈ и на нејзиниот претставник и би се дошло **[во ситуација во ПК да се поведе]** борба</u>. За среќа, тоа писмо и доаѓањето на

југословенскиот **[претставник се совпаднаа]** кога ние од ЦКБ веќе бевме известени, затоа Партијата се **[бореше против саботерите]** и распаѓањето. Точките по кои бев обвинет и на **[состанокот на Политбирото со донесената ре]**золуција бев исклучен од Партијата и од ЦКЈ вам ви се позна**[ти и не би се задржувал на]** нив. Сметам дека е потребно да дадам објаснувања и за **[работата на ПК на Македонија]** и да ги молам Секретаријатот и Исполкомот на КИ да ги разгледаат **[мојот извештај и другите реа]**гирања. Исто така, ги молам централните комитети на двете парт**[ии да го разгледаат мојот извештај што ќе стаса]** до нивните раце, да одредат комисија што ќе ја провери **[точноста на обвинувањата]** и ќе утврди дали сум јас виновен а колку е винов**[но Бирото на ПК на Македонија]**.

Исклучен сум поради: а) поради свесно саботерско држење **[и одбивање на дирек]**тивата на ЦКЈ; б) поради уништување на повикот издаден од страна на ЦКЈ со кој **[се повикуваат]** масите на борба и акција; в) поради директивата што сум ја издал да им се **[предава оружјето]** на германските и на бугарските окупатори и да останат Партијата и масите **[да водат војна]** со голи раце; г) поради протерувањето на српските другари и заземањето на национал-**[шовини]**стички позиции; д) поради одбивањето да се јавам во Белград за разгледување на **[македо]**нското прашање; е) не сум организирал саботажни и четнички акции, туку свесно сум **[са]**ботирал и **[сум]** побегнал во Софија и сум ја избегнал нивната контрола; ж) поради тоа што **[сум]** издејствувал некакво 'божемно' поврзување со бугарската партија; з) поради **[паролата]** Советска Македонија. И така, обвинет сум по осум точки. Јас, другари, **[ќе]** одговорам на секое обвинување посебно:

1. Додека македонските организации и ПК беа дел од КПЈ, постои **[оваа годи]**на само еден единствен случај на свесно саботирање на директивите на ЦК на КПЈ, **[а тоа се случи]** по војната на Балканот од 20 април о.г. Случајот е следен. ПК ја **[одби директи]**вата на ЦКЈ да ја распушти Партијата за да останат во редовите нај**[верните комунисти]** и оние што се покажале пред класниот непријател **[со своето држење, поради**

**тоа]** што се наоѓавме под окупација на најзаколнатиот **[непријател на човештвото - под оку]**пација на фашизмот. Вистина е дека на мој предлог **[за јакнење на нашата организација решивме дека не]** треба да ја распуштаме Партијата, туку треба членови**[те на Партијата идеолошки да се изградуваат]** (тогаш имавме само 300 члена) и ако земев**[ме таков критериум тогаш]** во Партијата во Македонија не би останале ни 5 души. **[Затоа ја прифаќам критиката и]** ја земам одговорноста и ја молам КИ, ако е ЦКЈ во пра**[во, да ми одреди казна затоа што јас го]** знаев случајот со распуштањето на РПБ во 1934 год. од ст**[рана на Исполкомот на КИ и нејзината организација]** и бев решителен противник на таа панична дире**[ктива за распуштање на партиските организации]** и моја партиска должност беше да предложам **[решение на тоа прашање, а не да се]** изврши сосема обратното. Не би направиле големо д**[ело со казнување на членовите на Партијата и]** да ја распуштевме Партијата, кога само нашата мал**[а партиска организација заседе]** став по прашањето на "ослободувањето" на Македонија од страна на **[окупаторите и мобилизацијата]** на масите во Македонија, кои беа <u>обземени</u> со <u>фашистички</u> **[дух и ветувањата од името на царот Бо]**рис.

2. Уништен проглас на ЦКЈ со кој се повикувало чл**[енството на борба и акци]**ја не постои. Таков проглас не е добиен, ниту **[јас сум дошол до]** него. Вистина е, ако примевме еден примерок **[од тој проглас и доколку]** имавме техника, ние ќе го умножевме ако **[постоеше интерес на ПК, затоа што]** ние бевме дел од ЦКЈ и такво нешто, т.е. да не издава**[ме документи на ЦКЈ ниту про]**гласи, ниту на мене, ниту на некој од другарите не ни **[падна на памет ниту пак некој имал наме]**ра, со злокобниот 'Митре' и претставникот **[на ЦК на КПЈ Драган Павловиќ, кој изја]**ви дословно, дека ние да сме сакале да го издадеме про**[гласот, сме можеле, но сме оцениле дека тој спе]**цијално за Македонија би бил штетен. Во тој пр**[оглас народот се повикува на борба и акција во]** редот со другите покраини на Југославија, кои **[веќе кренале оружје против окупаторот]**. Повторувам, причина за неиздавањето на тој проглас

**[не е партиската печатница, која]** беше фрлена и оштетена од другарот технич**[ар, ни неодговорноста на поединци]** од Партијата за кој можеби жалат во ЦКЈ и[......................................] <u>и шовинистите</u>.[115]

3. За оружјето. Ова прашање исто така се зло**[употребува]**. Директива за несобирање на оружје не сме давале. За оружјето, кое **[веќе беше собрано и складирано, исто така]** не сме дале директива да се предава. **[За тоа можете да се информирате кај одговорниот]** другар од Скопје, одговорен во ПК за собирање оружје. **[Ние тоа оружје го набавивме купувајќи го намер]**но кај Арнаутите. ПК се позанимава со тоа **[прашање и одлучи да прекине]** во оваа етапа да собира ново оружје, особе**[но поради честите провали и затоа што на]** младата партија ѝ беше поважен политичкиот **[начин на дејствување. Затоа, секој што бил во тоа]** време во Македонија може да каже каков **[беше дочекот, а и приемот на бугарскиот]** окупатор и од македонските маси воодушевува**[њето, кое го искажаа и некои пар]**тијци, иако беше решено да го кријат и да го чуваат **[оружјето со муницијата, тие го]** уништуваа и го converteа, така ја уништија и нашата **[база за собирање]** ново оружје. Ние не решивме да собираме ново оружје **[поради тоа што добивме]** директива од ЦКЈ да ги чуваме кадрите дури и **[по цена да бидеме критикувани и да]**? бидеме најиспрашувани. Оцената за местото и задачите **[на партиската организација беше]** мерило за донесување на одлуката <u>да не се собира но</u>**<u>[во оружје, а не да се предава ОРУЖ</u>**<u>]ЈЕТО</u>. Јас лично ќе кажам, да знаевме дека **[нешто такво ќе се случи,]** требаше и по цена на големи жртви, и покрај директив**[ата, да продолжиме да]** собираме оружје. Но, на крајот од краиштата, тоа не може да би**[де изговор ни оправдување за Па]**ртијата, недостигот на оружје за почнување на четнички акц**[ии, а можеше да]** се набави малку оружје, да се купи, со кое би се п**[очнале акциите, а во иднина тоа да се]** одземе од непријателот. Не е причина недостигот на секак**[ов вид оружени средства]** за незапочнувањето на партизански акции. Оружје има и

[115] Недешифриран текст.

**[затоа не треба да се]** оправдува ПК. Основни причини поради кои досега не **[се организирани акции]** на партизанските одреди беа: политички и организац**[иони. Поопширно за нив)** ќе зборувам во точката 6.

4. Протерување на српските другари и заземање шовинистички **[став спрема нив]** би било ако ЦК кажеше конкретно како и кој од српск**[ите другари или другарки бил избр]**кан и злоставуван. За истото прашање ЦКЈ зборува и во резолуц**[ијата и му придава големо зна]**чење. За жал, ниту ЦКЈ, а ниту неговиот претставник, не можат да дадат **[некој таков]** пример. Исклучен е еден Црногорец, техничко лице во Партијата, но **[не поради тоа што е]** Црногорец, туку затоа што направил престап кон Партијата. Затоа што **[по заминув]**ањето на тројца другари (двајца Црногорци и еден Србин), а тоа се случи по **[нивна желба],** во согласност со ПК, кој оцени дека навистина не се корисни во Мак**[едонија]** и дека навистина се прогонувани од власта. Тука има другари што можат да дока**[жат врз]** основа на лични изјави на заминатите другари дека тие отидоа по сопствена желба. Ние **[имаме]** во Партијата уште доста Срби и Црногорци, кои се на одговорни места и **[не]** само што никој не ги брка, туку Партијата, раководството и јас правевме се да **[ги]** убедиме дека треба да останат. Претставникот на ЦКЈ самиот се увери во тоа од неко**[лку]** Срби и Црногорци во мое присуство. Да се пишува и зборува за “<u>на</u>**<u>[ционал-</u>**<u>]шовинизам и за протерување на српски другари</u>” е исто како да се бара исп**[овед од влас]**телата, а тоа личи на крадецот што викал: 'држ’те го крадецот'. **[Во двете по]**следни реченици јас поопширно ќе зборувам за тоа.

5. <u>Одбивање да се јавам во Белград</u>. Вистина е дека **[одбив да одам во]** Белград, но треба да прашате зошто. По барање на ЦКБ јас отидов **[во Софија заради поврзување]** и да примам инструкции, а тоа го сторив со одлука **[на ПК на Македонија оценувајќи го]** барањето на ЦКБ за правилно. ЦКБ не испрати човек само **[заради врски со партиските]** организации во Македонија, барајќи врски и од **[поединци комунисти, кои по]** војната, по првите воени заробеници и иста**[кнатите барања на партиските организ]**ации во Македонија (Струмица,

Гевгелија, Велес [....................,)[116] **беа]** опсипани со прашања зошто не се поврзуваме со ЦК[**Б и зошто не добиваме директиви. И пок**]рај сето тоа, ние не се поврзавме со ЦКБ се додека ЦК[**Ј не ни даде одобрување така што ние]** навистина го прашавме ЦКЈ за поврзувањето со ЦКБ **[и тоа го разгледувавме повеќепати во ПК]** во месец август, но тој (ЦКЈ) мислеше дека **[поврзувањето со ЦКБ ќе ја активира Партијата]** организациски. На другарите од ЦКЈ им напоменувам **[дека ние баравме од нив]** дозвола за поврзување со ЦКБ, тие ни пора**[чаа дека ќе ни испратат ја]**вка меѓу двата централни комитети, т.е. за и **[ние да воспоставиме врски, заради што]** отидов во Софија на 24.V, а се вратив на 1. VI. **[До овој датум ние бевме поврзани]** организационо и акционо со ЦКЈ, а потоа **[настанаа недоразбирањата и тогаш]** стаса пораката во ПК од страна на ЦКЈ да се ја**[вам во Белград заради добивање нови директиви. Во ПК]** решија да отиде еден член на ПК, кој беше истоврем**[ено и член на Воената комисија и тој се ја]**вил во ЦК и им дал информации за **[положбата на Партијата во Македонија и за моето отсу]**ство (дека во тој момент се наоѓам во Софија). ЦКБ са**[мо бараше да се запознае]** со состојбите во Македонија и за состојбата во партиск**[ата организација, за бројот на членовите и не бараше]** никаква реорганизација на Партијата (ЦКБ имаше **[предвид дека не може да се формираат два об]**ласни комитети) туку засега да остане вака **(како што било) и да форсира политика],** како таа за масовна работа. За мене лично ЦК**[Ј направи партиска грешка]** затоа што ме осуди. Се вратив во Маке**[донија со нови директиви. Кога]** се вратив во Македонија беше пристигнат **[вториот повик за состанок во ЦК на КПЈ во Бел]**град. Јас одговорив дека според одлуката на ЦКБ **[ние сме поврзани партиски со нив и]** ако е потребно да испратам друг другар **[кој би информирал за нашата работа, затоа што ЦКЈ]** многу добро знаеше за нашите врски со ЦКБ **[и добивањето директиви. Тоа му беше соопштено на одго]**ворниот другар Киро (кандидат на ЦКЈ)[117]. Како гр**[ешки нам ни се припишани**

[116] Недешифриран текст.

[117] Не можевме да дешифрираме на која личност се однесува.

**по два]** и пол месеци од нашето поврзување со РПБ - дојде **[одлуката на ЦКЈ и резолуцијата за]** моето исклучување и суспендирање на другите друг**[ари од ПК на Македонија. Дотогаш јас]** строго се придржував кон одлуката на ЦКБ. Ако јас сум на**[правил грешки и треба да си]** одам - тоа можеше да се случи само од при**[чини кои се партиски нерешливи и диктир]**ани од земјата, па тогаш да се изложувам на опасности. Зар не би мо**[жело да се претпостави дека и]** без нашето решение, нам ни **[беше потребна партиска помош. Затоа мислев дека]** ЦКБ можеше и требаше да ја преземе орган**[изацијата во Македонија. Јас]** сум отишол без да ја прашам Партијата. Работите да **[бидат уште покомплицирани,]** другарот Цветанов[118] од ЦКБ ми ги предаде **[документите на ИК-КИ, меѓу кои беа]** и повиците на ЦКЈ до мене. Со ризик да ја изгубам работата јас **[настојував уредно да одговорам на повиците на ЦКЈ, иако]** повиците ги добивавме со доцнење. Во тоа другарот **[од ЦКБ се увери на самото место]**. Вие, ако сметате дека од моја страна има ви**[на, јас партиски ќе ја примам казната.]**

6. Не сум организирал саботажни акции **[по директивите на ЦКЈ за]** да ја избегнам нивната контрола. Лага е дека **[сум дезертирал од работата и сум отишол]** на друго место. Јас не дезертирав од работата - ниту од Па**[ртијата. Во Софија во ЦКБ]** бев само еднаш во месец мај, заради **[поврзување и добивање директиви по]** барање на ЦКБ. Вистина е дека ние овде не орга**[низиравме саботажи и диверзии]** како во другите делови на Југославија. Мали **[акции и диверзии во град]**ските монополи има. Фабрики за саботажи нем**[а и тие грешки не]** се од политички и организациски карактер. Ги одб**[ивам обвинувањата, друга]**ри, дека тоа е сторено свесно. Целата партија па и **[ЦКЈ знаат дека можностите]** се мали, а сега веќе сме готови. Но нешто и за причините. Кога ќе се **[земат оние во Југославија]** (освен во Македонија) со окупацијата од самите почетоци македонските маси се сметаа за "ослободени". Тоа **[што мене ме обвинуваат морам да]** го отврлам. Затоа што Партијата уште пред доаѓањето на окупаторот **[правеше некои**

[118] Псевдоним за Цола Драгојчева, (1898-1994), член на ЦК на БКП.

**анализи и ги проценуваше]** вистинските намери на фашистите од Германија и Бугарија - **[и така дојдовме до некои заклучоци. Добро]** би било да кажам дека јас лично во нашата ус**[пешна и добро организирана аги]**тација и пропаганда укажував на опасноста, која му се за**[канува на македонскиот народ од]** бугарскиот, германскиот и од италијанскиот фашизам. Случајот на **[поддршката на силите на Оската и]** мобилизацијата, влегувањето на Германците во Бугарија, ни дадоа повод **[да им укажеме]** на македонските маси за поробувањето што им се спрема. Како доказ **[се објавените на]**ши билтени и прогласи. Вкоренето е кај Македонците: "да видиме **[што ќе биде" затоа не]** можевме за една третина од годината да ги искорениме од македонските **[глави, а тоа]** трезнење настана во душите на Македонците дури по избивањето на антисов**[етската]** војна. До тогаш ништо не беше во состојба да ги убеди дека СССР и Герм**[анија не се]** некои тајни воени сојузници. Народите во Југославија, а специјално во Србија **[и во Цр]**на Гора, убедени дека ја изгубиле својата слобода, веднаш на повикот на Парт**[ијата]** се кренаа на оружје. Тоа во Македонија не можеше да се случи. Требаше да се **[обја]**снува и пријателството на СССР со Англија, која кај македонските маси е си**[но]**ним на колонијалното ропство и поробување. Во почетокот Македонците беа загрижени само за нарушеното пријателство помеѓу СССР и Германија. Сега, пак, симпатиите на поголемиот дел на народот се за СССР, а против разбојникот Хитлер. Тоа е политичката причина, **[што се]** однесува до организационите причини, тоа укажува дека ние до антисоветската војна **[не бевме]** поврзани со селото. Вистина е дека во некои места имавме врски но **[не од]** некое особено значење во крајните делови на Македонија (Ресенско). **[Во тој пе]**риод правени се големи напори да воспоставиме барем некои врски **[со поединци за создавање]** <u>организации на кои барем малку би се потпреле</u>. Немаше никаква сми**[сла испраќањето на голораки чет]**ници в шума, каде што селаните би ги фаќале и предавале на влас**[тите, а со тоа поло]**жбата би била сосема подруга. <u>Се појавија услови за партизан**[ско војување дури со почетокот на реквизициите**</u>**. Селаните]** сега

ништо не ѝ даваа на бугарската држава - одзема**[њето на производи и барањето сите ли]**ца да плаќаат данок по српските закони. Така се создаде **[отпор. Се постави прашањето какви ќе бидат]** внатрешните состојби, како и нашите усни и печатени **[пропагандни материјали, имајќи го предвид]:** прогласот на Старостин, на советската младина, која свес**[но влезе со поддршка на револуционерите и до]**би услови за четничко движење. Започна **[четничка организирана активност,]** и тоа во околина која фашистите ја сметаа за **[тврдина на својата пропаганда и во округ чисто фашисти]**чки.

Уште од првите денови на антисоветската војна форм**[иравме воена комисија при ПК, иако нема место за пра]**вдање дека сме немале оружје. Тогаш беше одреден од страна **[на ПК другар одговорен за набавка на оружје.]** Сега тоа останува да го заврши новиот ПК.

Тоа се причините поради кои немаме четнички акции. Вист**[ина е дека има не]**кои причини, како што е воената према, која не **[е можно да се набави со купување и]** затоа што младите не служеле војска итн. (90% од Партијата **[не се спремни да излезат во четници.]** Секташењето по тоа прашање имаше фатено длабок**[и корења сѐ додека не се]** фрли паролата од страна на секташите **[да земеме оружје против окупаторот и за неколку]** месеци може да победиме - и се започна со орган**[изирани подготовки за прием на новите чле]**нови. Партиските членови се удвоени на 700 т.е. **[од постојните 350 дојдовме до бројката 700.]**

Не е вистина дека некој во Покраинскиот **[комитет ја чекал Црвената]** армија да нѐ ослободи, а ние да останеме **[дома и да чекаме на четни]**чки и организациони предуслови за чет**[ничко војување. И покрај моето залагање,]** не успеав за кратко време да создадам такви пре**[дуслови за четничко војување. Свесен сум и одговорен,]** без тоа да го разбере Партијата, јас не можев да **[преземам такви активности. Околу тоа праш]**ање, ако вие мислите дека од моја страна има свесно **[саботерско држење и неизвршување на комин]**терннските директиви - јас ќе ја примам казната **[што ми ја изрековте.]**

7. Сум издејствувал некакво (”божемно”) **[поврзување со Бугарската работничка партија. Во точката]** 5 се гледа јасно како стоеја работите. **[Македонскиот ПК немаше врски со ЦКЈ и ве уверувам]** дека бевме повикани, а не дека ние сме **[барале поврзување со ЦКБ, затоа се неприфатливи обвинувањата на мо]**ја адреса и на адреса на останатите другари во ПК на Македонија.

8. Паролата за Советска Македонија. Не сакам **[да се правдам ниту ќ]**е образложувам зошто, кога итн. беше исфр**[лена паролата за Советска Македонија. Таа се повтору]**ваше во документи, дека уште не било **[време да се говори за соработка помеѓу Сов. Сојуз и]** Англија, дека е тоа единствената парола околу која **[можат да се обединат македон]**ските маси итн. Не можам да се правдам ни**[ту да барам прошка и]**тн. Сето тоа е безначајно. Фактот остану**[ва дека тоа сознание го добив мн]**огу доцна. Поради тоа ми следува казна **[исклучување од Партијата и ПК.]**

Заклучок

Од горното излагање се гледа во кој**[а мера носам вина и каков сум]** бил, за што треба да добијам соодв**[етна казна** **со тоа што треба да се види и мојата претходна работа во]** минатото и другите случаи на мали греш**[ки што сум можел да ги направам како секретар на ПК.]** Инаку, се поставува прашањето зошто ЦКЈ смет**[а дека сум јас виновен и изнесува]** лаги и клевети, кои немаат врска со вист**[ината во врска со мојата партиска работа. Прашувам,]** каков е ЦКЈ да излегува пред членството **[на партиските организации на совет]**увањето во месец август во присуство на претста**[вникот на ЦКБ и да изнесува разни]** обвинувања и ги најде за неумесни. Дали мисли **[ЦКЈ дека со казнени мерки и со]** исклучувања ќе може да го зачува авторитетот во Маке**[донија и да ги реши сите проблеми]** што настанаа. Се разбира не! Партијците можат **[да бидат известени за казнувањето и распуштањето на ПК. Но,]** тие не можат да бидат убедени во вистинитоста **[на изнесените обвинувања на моја сметка. Со тоа нема]** да ми биде олеснета суд-

бината, туку затоа што **[во Партијата и КИ јас цели]** 22 години давав сé од себе. Јас ќе се радувам ако **[по моето исклучување ѝ биде подобро на мојата пар]**тија. Може и треба да бидам стрелан, ако **[сум направил грешки во партиската работа, зборувам]** отворено, дека сé ќе примам без лутина, **[но не можам да поднесам нас во ПК да нé нарекуваат]** саботери, затоа што и јас сум го говорел тоа **[и сум ги осудувал сите саботери во Партијата.]**

Но, како може и како треба да се разбере борбата на **[ЦКЈ против ПК на Македонија кога се знае]** дека ние сме поврзани со ЦКБ до 4.08./ што не **[сакаше Митре да нé сослуша и да ги прифати објаснувањата,]** а и тој самиот, кога му предложивме да се обр**[ати до БРП и Исполкомот на КИ одби]** и ја започна борбата и почна да ја цепи пар**[тиската организација во Македонија барајќи, според него]** објективно, во име на некакво зачување на целината на КПЈ **[и повикувајќи се на одредени правила на]** коминтернски уставни поставки и да се **[......................]**[119] со наша помош, да се разјасни прашањето помеѓу дв**[ата централни комитети и да не дозволи]** масите да зборуваат дека ЦК-ти се борат, како што се бор**[ат фашистите и окупаторите да ја завладеат]** Македонија. Лош впечаток остави таа борб**[а помеѓу двата централни комитети и јас за тоа би ги]** обвинил ЦКЈ и другарот Тито, затоа што пад**[на авторитетот на ПК, кој се штитеше со нив]**ниот авторитет. Јас кажав полно крупни **[зборови, кои се упатени кон Партијата и кон]** вас. Революционерната будност ми налагаше **[да се посомневам во одредени изјави на вашиот делегат, но не се сом]**нevав во чистите и чесни намери на ЦКЈ кој дојде - и не ја **[утврди вистинската состојба во Македонија затоа што скоро]** два месеци ги преспа - дојде како **[овластено лице од страна на ЦКЈ, а не беше прифатен од]** партијците во Македонија. Зарем само за исклучува**[ње треба да се обиколуваат партиските организации и само за исклучување од Парт]**ијата треба да се доаѓа. Се прашува ли ЦКЈ, зошто се **[поврзавме со ЦКБ и нејзе ѝ]** го предадовме ПК и организациите.

---

[119] Недешифриран текст.

Јас го обвинувам ЦКЈ што тој подмолно од 5. Зем**[ска конференција води бо]**рба против другарите во ПК, и како ни во клин ни во **[плоча се определува и не нарекува]** нас Македонците шовинисти, без никакви конкретни **[документи. Што се однесува до нас]** ние помогнавме на Конференцијата да се разјасни мак**[едонското прашање, иако]** нашата критика ЦК ја прими кисело. Од тогаш ние **[работиме на примена на заклучоците]** од Конференцијата па до поврзувањето со ЦКБ ние не бе**[вме во можност да примаме директиви од вас по]** прашања внатрешни и надворешни така што ние сами се ориен**[тиравме во нашата работа.]**

Во расправиите и борбата помеѓу ЦКЈ и ПК, до реш**[ението на ИККИ ние имавме]** само одбранбен став. Ако некои работи што сум **[му ги кажал на другарот претста]**вник на ЦКЈ ѝ станале познати и на партиската маса за **[тоа не прифаќам никаква одговорност затоа што]** во борбата против мене тој зборуваше: "Видете што збо**[рува секретарот на ПК"]**.

Како што ви е познато, нашиот став за непре**[давање на партиските организа]**ции на ЦКЈ беше одобрен од ЦКБ.

Другари, основна причина за моето исклучување **[не е неработењето на ПК на Македонија, туку лажната процена]** на состојбите во Партијата и нашето поврзување со ЦКБ. Оттаму **[и обвинението за одбивање на директивите и правото да]** ме исклучи ЦКЈ од Партијата. Другото обвинување за "протерување **[на српските другари и за заземање на макед]**онски шовинизам" е измислено за да се засили **[обвинението против мене за заземање]** неправилен антиболшевистички став по националното **[прашање во Македонија и анти]**болшевистичкиот став во практичната работа во одно**[с на решението што го нудеше КПЈ по тоа]** прашање, затоа што, во сите свои изданија од војната па на**[ваму тврдам дека "Маке]**донците ја изгубија својата независност и слобода"...**[изгу]**бена слобода? итн. Со таква констатација и пар**[тијата го губи својот авторитет и наидува на лош]** прием во Македонија и Компартијата ќе го загуби и он**[ој авторитет што до]**сега го има. Тоа го велам, т.е. тој

став не е случаен [..........................][120] и предавници на ЦКЈ. Со право се прашуваат партиските ч**[ленови во Македоија каква е разликата по тоа]** прашање помеѓу ЦКЈ и југословенскиот спикер **[на Лондонското радио. Разликите се н]**аоѓаат во тоа што ЦКЈ ги нарекува Македонците **[Македонци, а кралската влада ги нар]**екува Јужносрбијанци. Не го заземам јас и ма**[кедонските другари тој став,]** туку другарите од ЦКЈ. Тој удира во празно **[обвинувајќи нé нас за шовинизам и нам ни ја припишува]** вината, а самиот тој стои на позиции на велик**[осрпскиот шовинизам во однос на]** Македонија. Со таквиот став Компартијата во **[Македонија не може да се одбрани]** од Хитлеровите агенти во Македонија - буг**[арските пропагандисти. Меѓутоа, н]**ародните маси и погромашкото расположение про**[тив реквизициите и давачките на с]**еланите ќе ги задржи од активна **[соработка со германските и бугарските]** окупатори во Македонија, и покрај нивните си**[мпатии кон царот Борис и бугарс]**киот народ.

Другари,

Јас мислам дека одлуката на ЦКЈ за мое **[исклучување е престрога и д]**ека е диктирана, од една страна, од лошата пар**[тиска процена за мојата партиска работа]**, а од друга страна, таа е заснована на клев**[етите на другарот Митре и на одредени]** интелектуалци, кои во желба да дој**[дат до партиски позиции бараа покритие]** за својата работа и не се запреа ни **[пред фактите што ние ги изнесовме и затоа за мене е]** ужасно постоењето на другарот 'Митре' **[кој се служи со клевети во мое отсу]**ство, тој не заслужува да биде **[член на Партијата, гледајќи сé што мене ми припи]**ша, сé што е антипролетерско, антиком**[унистичко и антипартиско однесување.]** Како 'Митре' така и другите собир**[але податоци за мојата партиска работа без да имаат соодветни ква]**литети за тоа. Јас само ја сигнализирам **[таа непартиска постапка на Митрета и ги бранам ин]**тересите на Партијата и на револуционерното движење.

[120] Недешифриран текст.

Лично за себе ги признавам своит**[е грешки, но сметам дека иск]**лучувањето е неправилно и за сторените гре**[шки треба да бидам казнет, но не и]** исклучен. Ја молам КИ да се позанимава со **[моето исклучување затоа што ова е за мене големо]** прашање, тоа што сега јас сум исфрлен од **[Партијата и немам никаков партиски живот и]** како непартски борец не можам да зем**[ам учество во револуционерната борба. Затоа и не сакам]** да ја споменувам ни мојата биограф**[ија ни мојата беспрекорна работа во КИ, иако ова не треба]** да го кажам. По 22 **[години партиска работа да бидам исклучен и сепак да ја прифатам]** казната што ми е дадена. Не сум **[верувал дека по толку долготрајна партиска работа ќе бидам исклучен и тоа]** ме мачи. Немав **[можност да дадам одговор на обвинувањата на Митрета.]** Доколку сум зел одредена **[слобода посамостојно да решавам одредени партиски прашања во ПК, тоа не беше]** случај овде или, пак, **[тој смета дека немав право на тоа]**. ЦКЈ мене ми го одзеде правото да се ка**[ам за сторените грешки, но и не за обвинувањата од страна на Митрета и]** неговите најгадни из**[мислувања за мојата партиска работа и неверувањето во по]**бедата на социјалистичката р**[еволуција]**.

*ДАРМ, Фонд: НОБ, к. 1, арх. Бр. 5019.* Писмото е дешифрирано од д-р Миле Михајлов, Еден обид за дешифрирање на извештајот на Методија Шаторов-Шарло до Извршниот комитет на Комунистичката интернационала од 16. 9. 1941 година, Гласник на ИНИ, год. 50, бр. 1, Скопје, 2006, 195-206.

**Бр. 39**
**Пропусница издадена на Методија Шаторов за патување од Скопје до Софија и обратно**

**Скопје, 1941 год.**

Воената команда во гр. Скопје му ја издава оваа пропусница на МЕТОДИЈ ТАСЕВ ШАТОРОСКИ од гр. Скопје за тој да може слободно да патува од гр. Скопје до гр. Софија и обратно.

Оваа пропусница важи за еднократно одење и враќање.

1941 год., Скопје

ПОЛКОВНИК - КОМАНДАНТ
(потпис нечитлив)

*НВИМ, X-A-564, вх. N 135/1960 г.*

**Бр. 40**
**Грамота и значка "За народна слобода 1923-1944 год.", со кои Методија Шатаров се одликува (посмртно)**

**Софија, 24. VII 1952 г.**

**ГРАМОТА**

Од името на бугарскиот народ, Владата на Народна Република Бугарија му ја врачува оваа грамота со значка

"ЗА НАРОДНА СЛОБОДА 1923 - 1944 ГОД."

на др. Методи Шатаров (посмртно) од гр. Софија

во знак на признание за неговото учество во народноослободителното партизанско движење.

Софија, 24 јули 1952 год.

Министер за народна одбрана
Генерал-полковник (Панчевски)
(потпис нечитлив)

*НВИМ, X-A-564, вх. N 135/1960 г.*

## Бр. 41
## Грамота и значка со кои Методија Шаторов се одликува (посмртно) по повод 50 години на Синдикатот на работниците од трговијата и кредитот

**Софија, 30 III 1958 г.**

**ГРАМОТА**

По повод 50-годишнината од основањето на Синдикатот на работниците од трговијата и кредитот, Централниот комитет на синдикатот го наградува посмртно со почесна јубилејна значка

МЕТОДИ ТАСЕВ ШАТАРОВ

за неговата долгогодишна предана синдикална дејност.

Софија, 30 март 1958 год.

Секретар (К. Цончев) Претседател (В. Савов)
(потпис нечитлив) (потпис нечитлив)

Влезот е слободен.
Од Централното раководство

*НВИМ, Х-А-564, вх. N 135/1960 г.*

# II

# МАТЕРИЈАЛИ

**Бр. 1**
**Реферат на Методија Шаторов: “Историјата и суштината на ВМРО (Обединета)”**

**Софија, 1926 г.**

Историјата и суштината на ВМРО (Обединета)

I

Основите на ВМРО (Обединета) се поставени во 1925 година. Но ВМРО (Обединета) не може да се разгледува изолирано, без врска со старото македонско националнореволуционерно движење. Зашто таа е единствената наследничка на Гоцеделчевата ВМРО, која ги прифати и ги разви нејзините идеи и ја продолжи вистинската револуционерна борба за национално и економско ослободување на македонскиот народ. Според тоа, корените на ВМРО (Обединета) треба да се бараат во епското македонско минато, кое ја започна епохата на македонската преродба и будење за слобода и независност на македонскиот народ.

II

Македонското ослободително движење уште од почетокот ја има својата самобитност. Тоа почна стихијно, како движење на македонските селани против жестокото ограбување и угнетување од турските феудални бегови, султани и нивната администрација. Тоа беше движењето на македонските ајдути, кои, иако без јасна цел во борбата, ги изразуваа негодувањето и страсната желба на македонските исполичари и аргати. Кон негодувањето на селаните се придружија и незадоволните занаетчии, чие уништување од странската империјалистичка конкуренција стана масовна појава. Во истото тоа време во Македонија почна да се создава индустријата (претежно со странски капитал) и така на македонската општествена арена се појави уште еден општествен фактор - работниците.

III

Тоа беа условите што ја определија понатамошната осмислена со определена цел борба на целокупниот македонски народ за ослободување. Во тие услови широко поле за дејност најдоа првоапостолите на македонската револуција Гоце Делчев, Петар Арсов, Ѓорче Петров, Даме Груев, Пере Тошев, Јане Сандански, Васил Главинов и др., кои, инспирирани од слободољубивите идеи во странство, се вратија во татковината за да го организираат својот народ и да го поведат во револуционерна борба. Во 1895 година во Македонија беше создаден првиот ЦК на ВМРО и таа за неколку години се претвори во вистинска народна революционерна организација, која ги опфати широките маси (особено селските) и се здоби со извонредна доверба среде широките народни слоеви.

IV

Овој свој успех старата ВМРО го постигна благодарение на заштитата на аргатите и селските слуги (момоци), кои беа експлоатирани и потиснати од беговите и од чорбаџиите. Во тоа се состои длабоко народниот карактер на македонското националнореволуционерно движење уште од времето на Делчев и на Сандански. Но старата ВМРО ги придоби на своја страна и ги раздвижи широките народни слоеви освен со насобраните болни економски потреби на масите, уште и во името на еден свет идеал за македонскиот народ - да има своја посебна македонска држава. Само прикриените врховисти, спроведувачите на бугарската завојувачка политика внатре во Организацијата, прифаќаа една автономија на Македонија како етапа кон нејзино присоединување кон Бугарија. Вистинските претставници на македонскиот народ, првите негови револуционерни водачи во програмата на ВМРО ја фиксираа автономна Македонија како полесно остварлива парола со помошта на таканаречените “големи сили”. Тоа беше заблуда. Но без секакво сомнение е дека крајниот идеал на првоапостолите на македонската револуција била самостојна македонска држава: “Слободна и независна Македонија со широки права на сиромасите од сите националности што ја населуваат” (Гоце Делчев). Со

тоа се објаснува херојската и упорна борба на внатрешното македонско револуционерно движење како против турското ропство, така и против освојувачките стремежи на Бугарија, Србија и на Грција и против нивните агенти - врховистите. Наспроти воените планови и провокации на балканските држави за поделба на Македонија, старата ВМРО ја прифати масовната народнореволуционерна борба. "Ослободувањето на Македонија - вели Делчев - е во внатрешното оружено востание, кој мисли поинаку, тој се лаже и себеси и другите". На тој начин македонското националноослободително движење, бранејќи ги својата самостојност и македонскиот народ од посегањата на балканските освојувачи, застана на антивоена, противврховистичка и револуционерна нога. Притоа, старата ВМРО беше национална, но не и шовинистичка организација. Таа водеше остра борба против шовинистите и се обидуваше да го обедини целиот македонски народ, сите националности што ја населуваат Македонија за заедничка борба против општиот угнетувач и ограбувач - турскиот воено-феудален апсолутизам. Борбата не се водеше против Турците воопшто, туку против оние владејачки општествени слоеви од турската нација, кои покрај ропството во Македонија, вршеа политичко угнетување и економско ограбување и на турските работнички маси. "Јас не ги мразам османлиите како народ, туку го мразам нивниот систем на управување" - еве како Гоце Делчев го определуваше вистинскиот причинител на ропството во Македонија. Како револуционерни претставници на македонскиот народ, првите македонски дејци мразеа секаква реакција - тиранија и беа противници на монархијата. Во своите желби, тие слободна Македонија си ја претставуваа организирана како една демократска република според угледот на Швајцарија.

V

Македонскиот народ, воспитуван во духот на тие идеи и систематски организиран и подготвуван за решителна борба со непријателот, на 20 јули ст. стил (1903 година, Илинден) се крена на масовно востание. Така тој со крвта на десетици илјади свои чеда ја напиша најсветлата страница во македонската ис-

торија - Илинденската епопеја. Но востанието однапред беше осудено на пропаст по вина на врховистите и нивните господари - бугарските управувачи на чело со царот Фердинанд. Врховниот комитет, составен во Софија претежно од офицери по наредба на дворецот, откако безуспешно се обидуваше (со посредство на ветувања и оружен притисок однадвор) да ја потчини на својата волја Македонската револуционерна организација, презеде нова тактика. Тој го испрати во Македонија својот член Борис Сарафов, и други врховисти како него, кои привидно се покајале и наводно ги прифатиле идеите на централизмот со цел да навлезат во ВМРО, да ја преземат и да ја врховизираат однатре. Користејќи ги доверливоста и привременото политичко потслизнување на Д. Груев, како и поддршката на прикриениот врховист Гарванов, Борис Сарафов се добра до ЦК на ВМРО[121]. Во тоа време (крајот на 1902 и почетокот на 1903 година) Делчев, Ѓорче Петров и др. истакнати македонски дејци се наоѓале надвор од Македонија, некои од нив во својство на членови на Задграничното претставништво на Организацијата. Во тие околности беше донесено Солунското решение на 20-те делегати (повеќето одбрани приврзаници на Сарафов-Гарванов) за ИЗБРЗАНО востание - решение што беше потврдено и на Смилевскиот конгрес раководен од Даме Груев. Востанието беше објавено ПРЕДВРЕМЕНО и покрај волјата на најистакнатите и далековидни македонски револуционери (Гоце Делчев, Ѓорче Петров, Јане Сандански, Пере Тошев, Димо Х. Димов, Чернопеев и др.) и раководено од Сарафов, Гарванов и привремено солидарниот со нив Даме Груев. Задачата што си ја поставија врховистите со провоцирање на неподготвено и ненавремено објавено востание беше да го компромитираат револуционерниот чин на борбата, народот да се разочара, да ја изгуби вербата во сопствените сили за да ги сврти своите надежи кон бугарската армија. Меѓутоа, народот не знаеше за тие намери на врховизираното раководство и тој се крена на оружена борба за свое ослободување. Народот се одзва на повикот за востание зашто раковод-

[121] Борис Сарафов беше претседател на Врховниот македонски комитет (1899-1901), а не на ЦК на ВМОРО.

ството на неговата организација го покани, зашто долги години беше воспитуван од таа Организација дека со сопствени сили, преку масовно оружено востание ќе се избори за своето економско и национално ослободување. Не е виновен народот дека во раководството на ВМРО преовладаа врховистички елементи. Затоа Илинденското востание не е врховистичко туку е народно дело и се водеше под знамето на централизмот.

Централистите, иако беа противници на едно избрзано и неподготвено востание, иако Солунското решение на 20-темина го прогласија за безумие, кое ќе има страшни последици за народот поради неговото сигурно пропаѓање, штом народот се крена, тие заедно со него храбро се фрлија во првите редови на започнатата борба како вистински народни револуционери. Илинденското востание пропадна, жртвите и опустошувањата извршени од разбеснетата турска реакција беа големи. Во тој однос врховистите можеа да триумфираат. Но спротивно на нивните очекувања, Илинденската епопеја и ден-денес ги инспирира македонските маси. Со Илинден се гордее македонскиот народ и во него тој го гледа единствениот пат кон македонската слобода.

VI

Народнореволуционерната теорија и практика на внатрешното македонско ослободително движење најдоа исто толку сјајна примена во времето на Младотурската револуција и Хуриетот во 1908 година. Серскиот, Струмичкиот и Солунскиот револуционерен округ на чело со Сандански, Чернопеев и Апостол-војвода, кои ја претставуваа внатрешноста како опозиција на врховизираниот ЦК на ВМРО, зедоа (заедно со младотурците) живо учество во таа демократска револуција во Турската Империја, макар што дојде од горе, а не преку востание на масите. Тие го поддржаа младотурскиот преврат и излегоа со своја платформа барања што одговараа на економските, културните и политичките интереси на македонските селани, занаетчии и работници. Тие не се откажаа да ги искористат хуриетските услови за широка и масовна легална борба за извојување на тие барања на патот за целосно ослободување на

Македонија. Поради тоа македонскиот народ испрати во турскиот Парламент свои претставници. Во заштита на извојуваните извесни демократски права и слободи, кога турската реакција во Цариград ја крена главата, Јане Сандански застана на чело на една македонска револуционерна армија и заедно со турските револуционерни полкови од Македонија тргна кон турската престолнина, благодарение на што реакцијата беше уништена. Но младотурците (претставниците на тогашната напредна турска буржоазија) уште во првите денови на Хуриетот се покажаа недоследни, колебливи и крајно ограничени револуционери. Тие не ја укинаа монархијата, туку се задоволија со сменување на еден султан со ист таков друг - неговиот брат. Тие не ги укинаа привилегиите на турската нација туку ги зголемија обврските на македонскиот народ (воена служба). Тие на македонскиот народ не му дадоа национална и економска слобода, туку се ограничија на тоа да му дадат само некои политички права (право да избираат и да бидат избирани во Парламентот и др.). Но браната на апсолутизмот беше пробиена и тие политички права можеа да се искористат за развивање на широка масовна борба, со која народот ќе се избори за уште низа други економски, културни и политички права уште пред да стигне до целосно ослободување. Таков беше курсот на Сандански и на сите други што им останаа верни на принципите на внатрешната организација. Но и сега врховистите не задоцнија да ја изиграат својата злобна улога, испраќани и инструирани однадвор. Нивен курс беше да продолжат да ги форсираат четничките напади и терористичките провокации во Македонија со цел да предизвикаат масовно преследување на народот од турската власт, да го забрзаат претворањето на младотурците во контрареволуционерна сила, да го компромитираат Хуриетот и со сето тоа да создадат преседан (услови) за војна на Бугарија и другите балкански држави против Турција за да се изврши поделба на Македонија. Тоа беше курсот кон балканска освојувачка војна, која избувна во 1912 година. Овој антимакедонски курс го даваа новите членови на врховизираниот ЦК на ВМРО - Тодор Александров и Александар Проготеров, кои ѝ останаа верни на бугарската империјалис-

тичка политика и во текот на светската војна и по нејзиното завршување. Тие, заедно со бугарските управувачи, се главните виновници за новото, уште поцрно ропство на Македонија, расцепкана, угнетувана и разурната од софиските, белградските и од атинските освојувачи.

VII

По сите овие несреќи кај македонскиот народ испарија илузиите што му ги создаваа врховистите за некакво "ослобдување" што ќе дошло од Бугарија и од другите балкански држави. Во тоа се состоеше првиот голем пораз на врховизмот. Така беа создадени новите големи можности за возобновување на старата ВМРО, за создавање на едно ново единствено и масовно движење, инспирирано од револуционерните идеи на загинатите и живите први македонски дејци. Добар почеток во таа насока беше создавањето во 1919 година на Привременото претставништво на чело со Ѓорче Петров и Димо Хаџи Димов, Павел Христов, Христо Јанков и др. Тоа ги обединуваше револуционерните антиврховистички сили на борбена Македонија, без оглед на нивната партиска припадност. Меѓутоа, тогаш револуционерната партија на работниците уште не беше ослободена од погрешното третирање на националното прашање. Според нејзините тогашни сфаќања, националните движења, сите без разлика, работничките маси ги фрлаат под влијание на буржоазијата и им пречат да ги осознаат своите класни интереси. Тогаш партијата на револуционерниот пролетаријат сметаше дека националните движења го изживеале времето, дека влечат назад кон капитализмот во време кога живееме во ерата на пролетерската револуција за социјализам. Таа тогаш не го сфаќаше длабоко народниот карактер на националните движења во ерата на империјализмот како движења на национално угнетените и колонијално експлоатираните селани, кои претставуваат природен сојузник на пролетаријатот за заедничка борба против општиот непријател - империјализмот. Таа ги потценуваше националните чувства на поробениот македонски народ и прескокнуваше една цела етапа во неговата борба, борбата за национално (демо-

кратско) ослободување, повикувајќи ги македонските маси да се борат директно за советска власт и социјализам, во кој ќе биде решено и националното прашање. Следејќи таква политика за националното прашање, револуционерната партија на работниците го негираше македонското националнореволуционерно движење кое се обновуваше, го извлече својот член Димо Х. Димов од Привременото претставништво и на чело со него го создаде Емигрантскиот комунистички сојуз, кој опфаќаше само еден тесен круг Македонци-членови на Комунистичката партија. Широките народни маси останаа надвор од него, уште повеќе и поради тоа што тој сојуз беше имено емигрантски и ги исклучуваше национално угнетените маси во Македонија под бугарска власт. Неподдржано, туку негирано од партијата на револуционерниот пролетаријат по излегувањето на Димо Х. Димов од него, Привременото претставништво наскоро беше расформирано. Поради истата причина, Федеративната македонска национална организација, создадена подоцна, не можеше да се претвори во силна, масовна и чисто револуционерна организација.

VIII

Целата оваа слабост и расцепканост на револуционерните македонски сили ја искористи реакцијата. Под влијание на таканаречениот “црн блок”, Т. Александров и Ал. Протогеров ја обновија ВМРО и си ставија маска на автономисти за да ги привлечат кон себе националните македонски маси со цел да ги фрлат на помош на фашизмот против револуционерниот бран што се подигаше во Петричкиот крај и во внатрешноста на Бугарија. Така ВМРО повторно падна во врховистички раце и беше искористена при извршувањето на военофашистичкиот преврат во 1923 година и за задушување на селските востанија против превратот, како и на општото востание на работниците и селаните во септември истата година. Но во редовите на обновената од врховистите ВМРО имаше многу дејци и членови, кои стапија во неа со искрена намера вистински да се борат за ослободување на Македонија. Такви дејци и членови имаше и меѓу масовните емигрантски организации. Сите тие луѓе не

можеа да не бидат огорчени од претворањето на Организацијата во џандар-чувар на фашизмот и џелат на работниците и селаните во Бугарија и во самата Македонија под бугарска власт. Поради таа причина во ВМРО и во масовните емигрантски организации беше создадена една опозиција која растеше и се засилуваше (таа целосно надвладеа во Илинденската организација, заедно со нејзиното раководно тело и со редакцијата на в. "Илинден"). Опозицијата бараше обединување на сите македонски сили врз антиврховистичка база и се ориентираше спрема единствениот антиимперијалистички, антифашистички фронт. Революционерната опозиција се здоби со особено голема сила во 1924 година, кога Комунистичката партија го коригираше својот однос спрема националното прашање и македонските комунисти зедоа активно учество во македонското национално движење заради успех на македонската ослободителна идеја. Револуционерната опозиција стана толку силна што во истата (1924) година владата на Ал. Цанков, исплашена од бурниот раст на македонското ослободително движење, за да создаде почва за зближување со српската влада, почнува да ги спречува и да ги преследува македонскиот печат и македонската масовна и публицистичка дејност. Сево ова ги натера Т. Александров и Ал. Протогеров да се согласат со третиот член на ЦК на ВМРО - Петар Чаулев за потпишување на историскиот ВИЕНСКИ МАНИФЕСТ. Во Манифестот беа поставени принципите на новата ориентација за почнување на една вистинска револуционерна борба во сојуз со сите револуционерни фактори на Балканот против балканските империјалисти за слободна и независна Македонија. Тоа беше новата програма на македонското националноослободително движење, кое за општата борба ги обедини сите револуционерни македонски сили и внесе раздвижувачка струја, создаде голем борбен ентузијазам кај македонскиот народ и македонската емиграција. Во тоа се состоеше залогот на успехот на македонското дело.

IX

Под силниот притисок на бугарските управувачки средини Т. Александров и Ал. Протогеров срамно се откажаа од

Манифестот и повторно се вратија во служба на бугарските империјалисти. Но поради ова, Виенскиот манифест не го изгуби своето значење. Тој остана и понатаму да биде база за обединување на сите македонски револуционерни сили во една единствена внатрешна македонска националнореволуционерна организација. Во 1925 година беа поставени основите на ваквата организација наречена ВМРО (Обединета), која во своите редови ги вклучи старите централисти и илинденци, федералистите, левицата од автономиската организација, македонските комунисти и младото македонско поколение. Така македонскиот народ го најде својот нов револуционерен раководител во борбата за независност во новите услови.

X

Како единствена наследничка на Делчевата ВМРО, новата ВМРО (Обединета) ги прифати од неа сите револуционерни принципи и позитивни особини во кои се воспитуваа македонските маси. ВМРО (Обединета) со гордост го носи револуционерното наследство од славното македонско минато, чии главни водачи и херои беа Делчев, Сандански, Ѓорче Петров, Пере Тошев, Чернопеев и Димо Х. Димов.

Но, за да може достоинствено да го продолжи делото на првоапостолите на македонската революција, ВМРО (Обединета) требаше да извлече поука од преживеаните настани и соодветно со новите услови, во кои е поставен македонскиот народ да робува и да се бори, да ги отстрани грешките од минатото и да ги дополни и да ги развие идеологијата и практиката на старото македонско движење.

Во врска со основното прашање за националноста на Македонците, старата ВМРО имаше нејасни погледи и паѓаше во провречности. Таа го признаваше и, како трн во очите на врховистите, го истакнуваше постоењето на македонскиот народ во самостојната географска и економска целина на Македонија, која ги има сите права да се оддели во независна држава. Но истовремено, во старата ВМРО преовладуваше погрешното убедување дека македонските Словени се Бугари. Во тоа се крие причината зошто таа не можеше до крај да ја

издржи борбата против врховизмот и бугарската освојувачка политика спрема Македонија. Во старата ВМРО владееше мислењето дека самостојната борба на македонскиот народ за одделна македонска држава е диктирана од маневарски политички причини: не поради тоа дека Македонија не е бугарска па не треба да се присоедини кон Бугарија, туку затоа што другите заинтересирани држави не би дозволиле такво присоединување. Ваквиот во основа неточен став ги натера речиси сите македонски револуционери да станат доброволци во бугарската армија за време на Балканската војна против Турција - една капитална грешка со катастрофални последици за македонскиот народ. Основната причина за тој историски погрешен чекор се крие во најголемата штета што врховизмот и бугарската освојувачка политика ѝ ја нанесоа на македонската кауза со насадувањето на бугарштината во Македонија и привременото засенување на самостојното национално чувство кај Македонецот.

ВМРО (Обединета) не можеше да не извлече поука од таа погубна грешка во македонското минато. Таа не можеше да не им извика гласно на бугарскиот и на балканскиот империјализам: Долу крвавите раце од Македонија! Таа не можеше да не поведе борба за зачувување на Македонците од асимилација и за подигање на самостојната македонска национална свест, дека Македонците не се Срби или Грци, ниту пак Бугари, а се одделна нација. Затоа, и имено поради тоа ВМРО (Обединета) постави солидна база на македонското ослободително движење за доследна и аргументирана борба за слободна и независна македонска држава. Бо тој однос таа не само што ја коригира и ја дополни старата ВМРО, туку и ги продолжува заветите на Делчев, Арсов, Теодосиј Скопски и др., кои сакаа и работеа за создавање македонска национална литература, самостојни македонски училишта и автокефална македонска црква. ВМРО (Обединета) го продолжи делото на македонскиот весник “Лоза” што излегуваше во 80-тите години на минатиот век, кој беше пишуван на македонски јазик, разгласуваше за постоењето на самостојната македонска националност и се залагаше за независна македонска држава.

Старата ВМРО имаше штетни илузии дека македонскиот народ може да биде потпомогнат од големите западноевропски држави. Затоа таа ја издигна паролата "Автономија на Македонија под покровителство на големите сили". Таа не го сфаќаше империјалистичкиот карактер на последниве, кои Турската Империја ја претворија во своја полуколонија и се натпреваруваа да ја потчинат наполно и да ја избришат од картата како државна единица. Македонија, како поробена земја во пределите на феудална, апсолутистичка и полуколонијална Турција, се наоѓаше под ропство не само на турските господари, туку беше и објект на почетен колонијален грабеж од самите големи империјалистички држави кој постојано растеше.

Очигледно, старата ВМРО не ја имаше сфатено таа околност и се надеваше на тие држави. Современото македонско националноослободително движење работи и се бори во едно поинакво револуционерно време, со јасно разграничување на спротивните фронтови на револуцијата и реакцијата, кога на сите им стана јасен крволочниот карактер на "големите сили". И природно, ВМРО (Обединета) не може да посакува автономна Македонија под покровителство на "големите сили", затоа што тоа би значело самите ние да ги отвораме вратите на нашата родна земја за нејзино освојување од големите империјалистички држави, што би значело за македонскиот народ не помало ропство од денешното. Едно вистинско револуционерно национално движење, какво што е нашето, не може, стремејќи се да го оттргне својот народ од ропството на едни освојувачи (Србија, Бугарија, Грција), да им го расчистува патот кон Македонија на други освојувачи. И едните и другите, сите империјалисти, се непријатели на македонскиот народ, исто како што се непријатели на сите угнетени народи. Ете зошто ВМРО (Обединета) ја постави македонската националноослободителна борба на антиимперијалистичка основа.

Старата ВМРО не беше шовинистичка организација; таа посакуваше братство и "културен натпревар меѓу народите"; таа "не ги мразеше османлиите како народ, туку го мразеше нивниот стопански систем на управување"; таа примаше во своите редови луѓе од сите народности на Македонија; таа се

бореше за ослободување на Македонија “со широки права на сиромасите од сите народности што ја населуваат” (Делчев). Во почетокот ВМРО не го направи вториот голем чекор - да изгради единствен фронт со сите потиснати народности во Македонија и со самиот турски народ за заедничка борба против султанот и беговите. Доколку и се направил таков обид во време на Илинденското востание, со него не беа опфатени сите народи и националности внатре во Македонија, исклучен бил турскиот народен елемент, за кого курсот беше да се неутрализира, а во практиката во Костурско востаниците, нас’скани од врховистите, се пуштија да ги палат турските села. За обезбедување помош на турскиот народ од целата Турска Империја не станувашe збор. Зашто ВМРО сметаше на поддршката на “големите сили”, а не на единствениот фронт со турскиот народ, не на поддршката на самите народи на Балканот, Европа и светот. Првпат во 1908-09 година санданистите ја сфатија неопходноста од изградување единствен фронт со сите револуционерни сили во Македонија и во Турција и блескаво ја применија тактиката на единствен фронт со младотурците за време на Хуриетската револуција. ВМРО (Обединета) ја сфати таа тактика на санданистите како спасителна и непоколебливо ја прифати и ја приспособи кон условите на новото ропство на Македонија - раскината и освоена на делови од бугарскиот, српскиот и од грчкиот империјализам. Најблиски сојузници на македонскиот народ во борбата за слобода и независност се бугарските, српските и грчките работници и селани, како и другите национално угнетени (потиснати) народи и народности во Југославија, Грција и во Бугарија. Други сојузници на македонскиот народ се сите колонијални и зависни народи и прогресивни општествени сили во Европа и во светот. Македонскиот народ денес има уште еден голем и моќен пријател - СССР, кој идеално го реши националното прашање во поранешната Руска Империја и кој отворено е на страната на сите поробени народи во борбата за самоопределување и национална независност против ропството на империјализмот.

Старата ВМРО работеше со народот и за народот и во тој однос беше вистинска масовна народна организација.

Меѓутоа, таа истовремено практикуваше четништво, експропријација и терористички акции. Целокупната дејност на Делчевата ВМРО: агитација и пропаганда среде масите, кревање на селаните во борба против плаќањето на султанските даноци и беговските обврски, за експропријација на беговската земја и стада во корист на селаните, за бојкотирање на државните судови и воспоставување на народни судови на Организацијата, четништво, експропријација на пари, терористички акции и вооружување на масите; сето тоа се правеше како подготовка на народот за масовно оружено востание со цел да се извојува македонска слобода. Но, ако во почетокот на развојот на македонското националнореволуционерно движење малите чети беа предодредени да ги пропагираат револуционерните идеи и да ги организираат масите по селата, подоцна големите чети и нивните чести судири со турската војска станаа товар за народот и му даваа повод на непријателот да го тероризира месното население и да ги уништува револуционерните организации. Што се однесува до терористичките акции, тие, и покрај големите херојства и саможртви на извршителите, одвај придонесоа нешто добро, а предизвикаа безброј прогонувања, несреќи и жртви на народот и многу афери-провали на Организацијата. Со своите терористички постапки, внатрешните дејци (особено по Хуриетот) без да сакаат ги дополнуваа провокативните терористички акции на врховистите наменети за предизвикување војна. А експропријациите на пари го имаа тоа значење што со нивно посредство (покрај оданочувањата на чорбаџиите и доброволниот членски влог на организираните) Делчевата ВМРО ги собираше потребните средства за да не прима помош со обврски од Бугарија или од некоја друга држава со завојувачки стремежи кон Македонија со цел да се зачува самостојноста на Организацијата.

Уште за време на Хуриетот санданистите-левицата во врховизираната ВМРО ја согледаа штетата, макар и само на некои од методите во работата на Организацијата и престанаа со таа практика, впуштајќи се повеќе во масовната работа. ВМРО (Обединета) ја прекина целата таа практика во минатото која дава спротивни резултати. Таа не практикува индивиду-

ални терористички акции и никакви индивидуални дејства, кои ја имаат оттргнато од масите. Таа води револуционерна борба против непријателите само со народот и за народот. Во тој однос ВМРО (Обединета) е вистински масовна организација. Таа ја сфаќа потребата од револуционерни чети само непосредно пред и за време на востанието. ВМРО (Обединета) не може да практикува и експропријации на пари. За задоволување на потребите на движењето и борбата таа собира членски влогови и доброволни прилози (разни фондови) од своите членови и од самите македонски маси. Финансиското прашање за нас е и политичко прашање, прашање на дисциплината на обединистите и на мобилизацијата на масите околу ВМРО (Обединета). Нема посигурен извор на средства за движењето од влијанието на Организацијата среде широките народни маси и поддршката што тие ѝ ја даваат на својата организација. Но, ослободувајќи се од тактичките слабости на старото македонско националнореволуционерно движење, ВМРО (Обединета) со голема енергија се зафати да ја поддржува Делчевата ВМРО во областа на агитацијата и пропагандата и масовната работа.

ВМРО (Обединета) ја согледува големата полза од усната и печатената пропаганда за подигање на националнополитичката свест на македонските маси, кои се толку неопходни за успехот на македонското дело. За таа цел таа се служи како со индивидуална агитација, така и со колективна (разговори, реферати, утра, вечеринки, собранија и др.), како и со издавање на весници, апели, манифести и др. Целата своја агитација и пропаганда ВМРО (Обединета) ја води во тесна врска со борбата на македонските маси и за организирање на таа борба. ВМРО (Обединета) знае дека не се доволни само агитација и пропаганда, дека во процесот на своите секојдневни борби за економски, културни и политички придобивки масите најубаво ја кристализираат својата свест, го подигаат својот борбен дух и одат кон потполно ослободување. Ете зошто ВМРО (Обединета) ги мобилизира македонските маси во борба против колонијалната политика на завојувачите во Македонија:

Против извлекувањето на сите животни сокови од нашата несреќна татковина во полза на диктатурите од Софија, Белград и од Атина; против неподносливите даноци од туѓите држави, општинските даноци и присилната работа наметната врз македонските селани, занаетчии и работници; за анулирање на обврските на нашиот народ кон државите, банките и лихварите; против колонизирањето, за истерување на богатите колонисти од Македонија, за враќање на земјата на македонските селани што ја заграбиле; целокупната македонска земја да се одземе од општините, државите, манастирите, вакафите, чифлизите и да им се раздаде на македонските селани бесплатно; против колонијално ниските цени со кои туѓите трговци и држави го откупуваат тутунот, афионот и другите производи на македонските селани; против високите цени на туѓите фабрикати во Македонија; не сопирање, а обврска за стопанско и културно унапредување на македонските градови и села; против натрапување на туѓи кметови и администратори, за демократски права и слободи; против насилна асимилација, за отворање на македонски училишта и претворање на македонскиот јазик во официјално-литературен, за целосна национална рамноправност, за анулирање на задолженијата на бегалците во Бугарија по оземјувањето; за слободен организационен, културно-просветен и политички живот во братствата, во младинските и др. масовни македонски организации; против бирократско-фашистичкото туторство над тие организации, против растурањето на Македонскиот младински сојуз.

Покрај горните барања, ВМРО (Обединета) ја истакна големата програмска парола за обединување на македонскиот народ во една НЕЗАВИСНА МАКЕДОНСКА ДРЖАВА. Исто така, ВМРО (Обединета) ја истакна стратегиската парола за самоопределување на македонскиот народ кој ја конкретизира националноослободителната борба во трите македонски области и го открива начинот по кој ќе се стигне до слободна и независна Македонија.

ВМРО (Обединета) не си прави илузии дека поробувачите самите ќе му ја препуштат слободата на македонскиот на-

род, дека на мирен начин ќе се извојува македонската национална слобода. Затоа таа, по примерот на Делчевата ВМРО, се залага за масовно оружено востание во Македонија. Меѓутоа, денеска Македонија е раскината на три дела и борбата се отежнува и нејзиниот конкретен пат се менува. Нема попосакувана можност од еден нов победоносен Илинден истовремено во трите македонски области. Но тоа претпоставува революционерна ситуација истовремено во трите земји-завојувачки, инаку македонскиот народ сам не ќе издржи против три организирани и силни угнетувачи. Но революционерните ситуации, поради нерамномерниот развиток на империјализмот, не се создаваат истовремено во неколку држави. Поради таа околност, ќе треба востанието да почне во еден од трите дела на Македонија, заедно со општото народно востание во целата соодветна држава (Бугарија, Југославија или Грција). Решителната борба ќе почне во во тој дел на Македонија и во таа соодветна држава каде што порано ќе настапи революционерното време. Во таков случај првата задача на ВМРО (Обединета) во другите македонски области и таа на нашите сојузници во другите две држави ќе биде да ја форсираат дејноста и да ги поведат масите во борба со цел да се спречи интервенцијата против революционерната држава. Тоа е сосема возможно ако се има предвид огромниот револуционерен подем што ќе го предизвика победата на револуцијата во една балканска земја во соседните земји. При разгледувањето на ова прашање треба да се има предвид револуционерната епоха во која живееме и да не се испушта од вид постоењето на земјата на слободните народи (СССР), еден огромен факт кој не може да не го имаат предвид империјалистите кога ќе решаваат дали да ја нападнат революционерната земја. А кога револуцијата ќе избувне и ќе победи во другите балкански земји, а според тоа и во другите две македонски области, тогаш македонската национална револуција ќе се слее во еден општ, победоносен, нов Илинден во цела Македонија.

Со оглед на таа перспектива, ВМРО (Обединета) во Македонија под бугарска власт се бори за самоопределување на Петричкиот крај до негово отцепување од империјалистичка

Бугарија, за да дојде до негово обединување со другите два дела на Македонија во една независна македонска држава. Ние го упатуваме нашето барање за самоопределување до софиските освојувачи не затоа што се надеваме дека тие сами ќе ни го одобрат, туку за да го насочиме неговото сечило против нив и да ги разобличиме пред македонските маси како непријатели на македонската слобода и независност и на тој начин да ги мобилизираме тие маси за револуционерна борба. Ние се обраќаме до софиските завојувачи вака: Вие, господа, тврдите дека Македонците се Бугари и дека Македонија е бугарска; вие се преправате дека се стремите македонскиот народ да биде слободен. Е добро, ние пак тврдиме дека Македонците не се Бугари, дека Македонија не е ваша и дека напротив, вие сте исти такви поробувачи какви што се белградските и атинските. Дајте тогаш да му го поставиме прашањето на самото население во Петричкиот крај. Тоа нека си каже како се чувствува и дали сака да живее под вашиот јарем или пак ќе посака, заедно со населението од другите два дела на Македонија, да се оддели во самостојна македонска држава. Со еден збор, дајте му право на самоопределување. Но за да се изјасни населението слободно, да ја искаже својата волја, повлечете ги од Македонија бугарската војска и полиција...[122]. Тоа е револуционерна борба заедно со бугарските работници и селани, кои ни го признаваат правото на самоопределување до отцепување во самостојна државна единица, без да нé тераат да го примиме социјалистичкиот систем.

Нашиот заеднички фронт со класното работничко движење е изграден на исти начела, без ни најмалку да се нарушува самостојноста на македонското национално движење. Целата таа наша организација на борбата ги збеснува бугарските империјалисти и врховистите, кои понекогаш си ставаат маска на борци за автономна или независна Македонија. Но тоа уште повеќе ги демаскира пред македонските маси. Нека беснеат и нека нé клеветат непријателите дека сме биле "комунистички фалсификат". Нас тоа нема да нé збуни, зашто ние, кои вистин-

[122] Текстот е оштетен.

ски ги сакаме македонската национална слобода и независност и се бориме за нив, не може да не бараме сигурни сојузници во борбата, а такви се работниците и селаните и другите национално угнетени народи на Балканот и во светот. Нашиот пат е единствен што води кон национално и економско ослободување на македонскиот народ. ВМРО (Обединета) е единствената и вистинска македонска националнореволуционерна организација, во која членуваат революционерни македонски сили без разлика на нивната партиска припадност. Таа е самостојна македонска организација составена претежно од македонски селани. Таа има революционерно-демократска идеологија и го држи знамето на македонската националност и борбата за слобода и независност.

*Државен архив на Република Македонија, Скопје (натаму: ДАРМ), Фонд: Варија, откуп од Васил Хаџи Кимов, превод од бугарски јазик.*

**Бр. 2**
**Реферат на Методија Шаторов: "За работата на БКП во националнореволуционеното движење"[123]**

**Москва, 1930 г.**

2161/10/ТБ. Доверливо

РЕФЕРАТ
ЗА РАБОТАТА НА БКП (т.с.) ВО
НАЦИОНАЛНОРЕВОЛУЦИОНЕРНОТО ДВИЖЕЊЕ

Во почетокот на 1928 г., по Втората партиска конференција и по моето враќање во Бугарија, јас ја презедов работата во Партијата, специјално во областа на националнореволуционерното движење. Бидејќи тогаш не постоеја нацио-

[123] Рефератот е презентиран на Заседанието на Балканскиот земски секретаријат, одржано во февруари 1930 г. во Москва.

налноreволуционерна комисија во Партијата и комунистички фракции за да ја водат работата во националноreволуционерното движење во Бугарија, по моето враќање формиравме комисија од 3-ца луѓе, која почна да работи под мое раководство. Во составот на оваа комисија влегуваа еден другар од Добруџа, еден од Македонија и јас, притоа се планираше да биде вклучен и еден другар од Тракија (но во прво време не успеавме да најдеме таков). На неколкуте состаноци на оваа комисија се разгледуваше прашањето за нејзините задачи и беше решено: да се преземе раководството на комунистичките фракции во македонското и во добруџанското движење, а исто така да се преземат мерки за создавање на исти такви фракции, да се одредат нивните задачи и нивното значење.

Освен централната националноreволуционерна комисија, беа создадени и месни комисии, кои ги раководеа месните партиски организации. Требаше да совладаме големи тешкотии, бидејќи во нашата партија имаше и уште има многу нејасноти во националноreволуционерното движење, а главна е потценувањето на значењето на ова толку важно прашање. Многумина националноreволуционерното движење го сметаат за второстепена работа, а не за нешто што има првостепено значење. Бидејќи ова прашање стана централно, околу кое беа поставени сите други прашања на внатрешната и особено на надворешната политика на буржоаска Бугарија, а тоа и до денес продолжува да биде така, треба да му се обрне големо внимание. Сепак, ќе се ограничам на тоа дека при постоењето на повеќе од половина милион македонска, добруџанска и тракиска емиграција во Бугарија и поради влегувањето на делови од Македонија и од Тракија во составот на Бугарија, ова прашање ќе игра решавачка улога во политиката и поради тоа нашата партија му обрнува и мора да му обрнува големо внимание.

По разјаснувањето на овие прашања во централната и во месната софиска комисија (во Софија се наоѓа најмногубројната емиграција), започнавме да создаваме комунистички фракции во македонските братства (легални масовни организации) и во Добруџанското друштво во Софија. Од своја страна, Партијата направи сѐ што е можно за разјаснување на задачите

и целите на комунистичките фракции во националнореволуционерното движење, а исто така и во провинцијата. Особено беше важно на партиската маса да ѝ се објасни Резолуцијата за националнореволуционерното движење, како и карактерот на нивните национални организации. Само по себе се подразбира дека во оваа работа Партијата се судри со мноштво тешкотии, бидејќи беше неопходно да се побиваат погрешните сфаќања што постоеја кај многу партијци. Многумина сметаа дека ВМРО и легалните емигрантски организации навистина се единствени организации на националнореволуционерното движење во Бугарија и на Балканот и поради тоа Комунистичката партија мораше да ги помага само нив. Другите, особено и претежно Македонците, ги поддржуваа решенијата на Втората партиска конференција, сметајќи дека се правилни и не подлежат на критика. Грешката што ја дозволи нашата партија во првите години по војната, која се состоеше во забраната да се зборува за националнореволуционерното движење, освен тоа што постоеше во Партијата (Емигрантски комунистички сојуз) - Партијата ја повторуваше до Втората партиска конференција и по неа преку работата на многу другари. Поради тоа беше неопходно во Партијата да се внесе идеолошка јасност по ова прашање, неопходно беше да се укаже на ВМРО како на фашистичка организација. Беше неопходно истото да се направи и во однос на ВДРО (Внатрешна добруџанска револуционерна организација). Овие две "нелегални" организации во Бугарија им даваа тон и на легалните емигрантски друштва и братства. Во работата за објаснување на решенијата на оваа конференција ние постигнавме одредени успеси.

Специјално во Софија беа создадени комунистички фракции како во основните емигрантски организации така и во централните (Добруџанската). Во составот на овие комунистички фракции беа вклучени сите Македонци и Добруџанци што влегуваа во софиската партиска организација и на тој начин беа формирани комунистички фракции. Во некои од нив беа избрани бироа, а во повеќето случаи во прво време беа назначени другари за да ги раководат овие комунистички фракции. Освен тоа, Централната комисија ги пронајде дејците на

ВМРО и воспостави со нив непосредна врска. Таа добиваше од нив податоци за состојбата во оваа организација и за внатрешната борба во неа. Благодарение на ова, ЦК на Партијата имаше точни информации за почнувањето на борбата меѓу Македонците-автономисти. Беше познато дека постојат две струи и дека внатрешната борба се засилува поради подготовките за нејзиниот конгрес. ЦК го знаеше распоредот на силите, точно како што се покажа подоцна, а имено дека протогеровистите одат заедно со Цанков, а михајловистите со Љапчев[124]. Без оглед на овие точни податоци, ЦК не им поверува и дозволи неправилна оцена, тргнувајќи од социјалниот состав на овие две групи. Тој сметаше дека протогеровистите ја претставуваат крупнобуржоаската македонска емиграција поврзана со бугарската крупна буржоазија чиј претставник е Љапчев. Што се однесува до крилото на Михајлов, тоа ќе тргне со ситнобуржоаските фашизирани водачи на владејачкиот Демократски зговор. Оваа грешка на ЦК на Партијата не повлече со себе непосредна штета за движењето, бидејќи таа спрема двете групи, како спрема фашистички групации, се однесуваше непријателски. Грешката на ЦК на Партијата се објаснува, меѓу другото, и со околноста дека групата Цанков-Калфов[125] уште не ги имаше дефинитивно оформено своите врски со Конзервативната партија (најкрупната буржоаска група во Зговорот). Ова оформување се случи подоцна и тогаш на сите им стана јасно дека Михајлов оди заедно со Љапчев и со В'лков[126], а Протогеров[127] - со Цанков-Русев[128]-Калфов. Оваа

---

[124] Андреј Љапчев (1866-1933), потпретседател ма Македонскиот врховен комитет, претседател на бугарската влада (1926-1931).

[125] Христо Калфов (1883-1945 ), полковник во бугарската армија, министер за надворешни работи на Бугарија (1923-1926), пратеник во Народното собрание на Бугарија.

[126] Иван В'лков (1875-1962), генерал во бугарската армија, претседател на Воениот сојуз, министер на војската на Бугарија (1923-1929), амбасадор на Бугарија во Италија (1929-1934).

[127] Александар Протогеров (1867-1928), генерал на бугарската армија, член на ЦК на ВМРО (1911-1928).

грешка на ЦК фактички немаше значење за Партијата и за партиската маса, бидејќи нејзиниот однос спрема групите во ВМРО беше негативен. Сепак, треба да се забележи едно - дека нашето разузнавање во оваа фашистичка организација беше доста добро организирано. Најмалиот настан или дури нивните намери спрема нас им беа познати на луѓето во ЦК на Партијата.

Откако групата Цанков-Русев јасно се определи на страната на конзервативците - особено по убиството на Протогеров - грешката на ЦК беше навремено исправена. Во тој момент Партијата упати апел, во кој се објаснуваше суштината на борбата во македонската организација и им се предлагаше на чесните и здрави елементи во неа да ги напуштат нејзините редови и да влезат во редовите на вистинската националнореволуционерна организација и сл. Во врска со овие настани, организациската работа во легалните македонски организации не беше развиена, бидејќи и без тоа се вршеше сосема млитава организациска дејност и поради тоа што непријателските групи уште не беа доволно пројавени, се избегнуваа секакви отворени јавни или затворени организациски состаноци. Сé што правеа националните организации во тоа време, го правеа преку националните комитети, во кои немаше наши луѓе.

Во добруџанските организации - легални и нелегални - ние создадовме комунистички фракции. Бидејќи во тие организации имаше повеќе комунисти, нивната работа беше полесна и подобра. Беа направени неопходните разместувања и беа ослободени некои партијци (Георгиев и др.), кои беа мошне сомнителни и им се закануваше провала. Лично јас одржував врска и со доктор Вичев[129] - што му било ветено уште во Берлин во 1928 г.

---

[128] Иван Русев (1872-1945), генерал во бугарската армија, член на Воениот сојуз, министер за внатрешни работи на Бугарија (1923-1926), пратеник во Народното собрание на Бугарија.

[129] Петар Вичев (1884-1933), деец на добруџанското револуционерно движење, д-р по правни науки, претседател на Врховниот управен комитет на Добруџанската организација во Бугарија.

Мора да се одбележи дека доктор Вичев пројавуваше и сега пројавува големи колебања како претставник на ситната буржоазија во добруџанското движење. Со него водев бескрајни разговори по повод спроведувањето на решенијата на ДРО. И покрај тоа што му беа познати сите тие решенија, при донесувањето на кои тој исто така беше присутен во странство, тој сепак пројавуваше колебања и скршнувања, како на пример, во врска со прашањето за градбата на ДРО и работата во легалните добруџански друштва. Исто така, јас му обраќав внимание и барав од него погрижливо уредување на весникот ("Слободна Добруџа"). Во него тој не ја истакнуваше јасно и отворено паролата за слободна Добруџа во рамките на една балканска федерација во сојуз со угнетените националности и КЛАСИ НА БАЛКАНОТ. Тој продолжи да чекори по патот на сепаратизмот, т. е. расцепот на легалните организации. По долги преговори, тој се согласи да работи заедно со комунистите во постојните добруџански организации заради освојување на нивното раководство.

Во таа насока течеа работите сѐ до провалата во септември 1928 г., по која јас бев уапсен. По моето излегување од затвор - во втората половина на 1929 г. - поради болест не можев да ја следам и да ја раководам работата, уште повеќе што морав да се кријам поради новите провали во септември и во октомври 1929 г. Но од информациите што можев да ги добијам заклучив дека состојбата како во добруџанската така и во македонската организација е лоша. Во овој момент во нив нема комунистички фракции. Тоа што се спроведува - се врши преку одделни лица. Од друга страна - врската меѓу ЦК на Партијата и тие лица е мошне нередовна и слаба. Врската со Македонците се реализира преку Добруџанците, но имајќи предвид дека и врската со последниве е слаба, јасно е дека состојбата е мошне лоша. Од последниве податоци се гледа дека барем во прво време не е направено ништо за да се создаде постојана и цврста врска, А ПАК ДА НЕ ЗБОРУВАМЕ ЗА ФРАКЦИИ.

Јас не го знам погледот на претставникот на КИ во врска со прашањето за расцепот што се случи во добруџанската легална организација. Не ми е познато ни дали прашањето

за расцепот го разгледал Централниот комитет на ДРО и дали тој дал согласност за расцеп на Коминтерната. Според мое мислење, моментот за расцеп е умешно усогласен со моментот по завршувањето на конгресот на Добруџанската организација во 1929 г. На сите им беше јасно дека по два-три обиди на левицата на оваа организација, особено во Софија, да го земе раководството во свои раце, откако тоа раководство го имаше двапати, откако на фашистите во добруџанското движење им успеваше фактички да го направат расколот и со помош на полицијата да ја запленат архивата и да ги уапсат поистакнатите претставници на левицата - единствен пат за левицата беше да се оддели во посебна организација. Левицата создаде <u>иницијативен комитет</u>, кој застана на чело на борбата и си постави задача да ги обедини сите исклучени и непризнаени организации од страна на Софискиот извршен добруџански комитет. Беше објавен апел од името на 145 Добруџанци, членови на софиското општество, во корист на расколот. Да се стои со скрстени раце, т. е. да не се преземе оваа мерка значеше да не се води никаква дејност по настаните што се случија во Добруџанската организација во октомври 1929 г. Треба да се одбележи дека мнозинството од софиското општество е на страната на левицата и има безусловна поддршка од масите. Фактот дека 145 нејзини членови го потпишаа овој апел јасно го потврдува тоа.

<u>Марко</u> (член на ЦК)

*РЦХИДНИ-Москва; ЦДА, Фонд 3, оп. 1, а е. 306, л. 1-6. Објавено во Коминтернът и България (март 1919-септември 1944 г.), Том II, Документи, София, 2005, 657-660, превод од руски јазик.*

**Бр. 3**
**Статија на Методија Шаторов "Единствен фронт со македонските маси и борбата со скршнувањата"**

**Софија, 17. IX 1935 г.**

ЕДИНСТВЕНИОТ ФРОНТ СО МАКЕДОНСКИТЕ МАСИ И БОРБАТА СО СКРШНУВАЊАТА

Реализирајќи го единствениот револуционерен фронт во практиката, нашата партија, а особено нашите организации во Петричко, прават грешки и скршнувања, кои може да имаат судбоносно значење за остварувањето на единствениот фронт.

Во низа организации во Петричко преовладува сфаќањето дека партијата нема зошто да помага и да учествува во градењето и создавањето на националреволуционерните организации како што е ВМРО(Об.), бидејќи македонските маси биле спремни да се борат под раководството на КП директно за социјалистичка револуција и дека масите биле сити и веќе ги презирале македонските организации.

Точно е дека македонските маси ги презираат организациите на фашистичките врховисти како што е ВМРО (михајловистичка и протогеровистичка). Масите десетици години страдаа, подложени на жестока експлоатација, ограбувани, невидено тероризирани не само од страна на бугарскиот империјализам туку и директно од бандите на Михајлов. Но тоа ни најмалку не значи и не докажува дека македонските маси воопшто не сакаат да има националреволуционерни организации туку дека се спремни да се борат за национално ослободување. Силата и размавот на национално угнетените Македонци ќе бидат големи, ако нашата партија и организациите ќе го постават националното прашање на правилна и здрава основа. Националреволуционерната борба на македонските маси ќе постои сè додека има национално угнетување во Македонија под бугарска власт. ВМРО(Об.) постои и се бори за национално ослободување. Но дури и таа да

не постоеше, комунистите ќе требаше да преземат иницијатива за создавање на таква националнореволуционерна организација.

Како дошло до ситуација некои наши партиски организации да ја негираат потребата од постоење на националреволуционерни организации? Пред сè, да потсетиме дека тој крај во текот на низа години партиски беше отсечен. Болшевизацијата на партијата таму е на ниско ниво. Поради отсеченоста на тамошните другари, таму продолжи да владее старото тесњашко-луксембуршко гледиште на националното прашање. Меѓутоа, позната е борбата на Ленин против Роза Луксембург и полските социјалдемократи за националното прашање. Ленин докажа дека полските социјалдемократи во својата желба да се покажат како големи интернационалисти, ги занемаруваат националното прашање и националното движење во капиталистичките земји, сметајќи дека тие го предизвикуваат национализмот и го оттргнуваат пролетаријатот од неговата главна задача: соборувањето на капитализмот. Кога пролетаријатот ќе ја соборел капиталистичката експлоатација, националното прашање само по себе ќе се решело. Болшевиците на чело со Ленин тврдеа дека негирањето или заобиколувањето на националното прашање е негирање и несфаќање на сојузот на селаните од национално угнетените области и колонии со пролетаријатот на владејачката нација. Селаните и сите трудбеници од угнетените нации се сојузници на пролетаријатот во борбата против империјализмот. Изоставањето или негирањето на националреволуционерното движење значи лишување на пролетаријатот од една крупна сила како сојузник. Огромното мнозинство од национално поробените нема да се вклучи во борбата против империјализмот ако уште од самиот почеток се повика отворено да се бори околу партиската програма и партиските пароли. Вклучувањето на националните проблеми во борбата е лесно и можно и ќе ги опфати не само најнапредните пролетери туку и широките работнички маси кога ќе се повикуваат и организираат за борба против националното угнетување. Огромна е силата што ја сочинуваат национално поробените народи против империјалистичкото владеење

ако комунистите умеат правилно да го постават и правилно да го раководат националното прашање.

Ако се има предвид горното, ќе им стане јасно на одделни членови и партиски организации во Петричко колку голема грешка прават кога тврдат дека „масите се подготвени да се борат за социјална револуција“, дека „нема потреба да се создаваат и поддржуваат националреволуционерни организации“. Ова, на прв поглед интернационалистичко гледиште, всушност е опортунистичко сфаќање на националното прашање, кое нема ништо заедничко со болшевизмот. Зашто тоа предвреме ја осудува партијата на неактивност, на одбегнување на постојната борба за национално ослободување на македонските маси, на изолирање од широките маси и нивно невклучување во единствениот антиимперијалистички и антифашистички фронт.

Друго скршнување од правилното болшевичко сфаќање на националното прашање е негирањето на постоењето на македонската нација. Се среќаваат другари кои уште не можат или не сакаат да сфатат дека оцената на партијата дека македонските Словени претставуваат одделна нација не подлежи на никакво сомневање и негирање. Единствениот аргумент на тие другари е тој дека „Македонците зборуваат на бугарски јазик“. Дека Македонците, како под бугарска така и под српска власт, не зборуваат на бугарски јазик, докажаа низа филолози од меѓународно значење. Но да допуштиме за момент дека Македонците зборуваат на бугарски јазик. Дали тоа значи дека тие се дел од бугарската нација? Се разбира, не. Еднаквоста на јазикот на две различни нации не е аргумент за докажување на нивното единство. Сјаен пример за тоа се Англија и Соединетите Држави.

Другарот Сталин рекол дека НАЦИЈА Е ИСТОРИСКИ СОЗДАДЕН КОЛЕКТИВ НА ЛУЃЕ ШТО ЖИВЕАТ НА ЕДНА ТЕРИТОРИЈА СО ЗАЕДНИЧКА ЕКОНОМИЈА, ЈАЗИК И КУЛТУРА – ПСИХИЧКА, ДУХОВНА ЗАЕДНИЦА. Ако еден од споменатите услови отсуствува, не може да се зборува за нација. Македонците може да зборуваат дури и на бугарски, и покрај тоа претставуваат одделна нација. Според нашите убедувања, прашањето за одделен литературен македонски јазик не е нешто што не

може да се реши. Другарите кои тврдат дека не постои македонска нација, не стојат на болшевички позиции за националното прашање. Оттаму доаѓа и до несфаќање на Лениновата парола истакната од нашата партија – самоопределување, дури до отцепување во самостојна државна единица Македонија.

Во врска со горниот случај, имаме другари што сметаат дека македонска нација нема, а има Македонци, тие во овој поим ги вклучуваат не само Македонците–Словени, туку и Грците, Турците, Евреите и др. Како пример тие ги наведуваат Швајцарија и Швајцарците. Ние нема да се задржуваме тука за да ја докажуваме неприфатливоста на овој пример. Само ќе кажеме дека швајцарска нација нема, а Швајцарија е федеративна држава на обединети самостојни области и кантони – нешто што апсолутно не може да се спореди со денешна Македонија. Македонската нација, меѓутоа, не исклучува давање широки автономни права и создавање автономни реони на малцинствата во идната слободна Македонија – напротив, тоа ќе биде логична последица на македонската револуција, исто како што денес националното прашање е решено во СССР. Горните две скршнувања во нашата партија, кои се среќаваат претежно во Петричко и среде комунистите-Македонци, не се ништо друго освен големодржавничко скршнување во редовите на нашата работничка партија. Првите, колку и да се навидум интернационалисти, со својата политика им служат само на непријателите на револуционерното движење, бидејќи на тој начин се отфрлаат широките народни македонски маси и се огорчуваат како активни борци за бугарската пролетерска и македонската демократска револуција. „Интернационалистите“, заобиколувајќи го прашањето за нацијата, за националното македонско движење и националното ослободување, стоејќи на старите луксембуршко-тесњашки позиции, всушност им помагаат на бугарската и на македонската буржоазија да го држат во своите раце знамето на националното ослободување и на таков начин ги отфрлаат масите и се изолираат од нив, бидејќи македонските маси сакаат национално ослободување.

Втората група другари, негирајќи ја македонската нација, застануваат на бугарски националистички позиции, всушност им

го негираат на Македонците правото на самоопределување до отцепување, бидејќи само нациите, според зборовите на другарот Сталин, имаат право на самостојно егзистирање. Тие, всушност, застануваат на позициите за присоединување на „Бугарите од Македонија“ кон Бугарите од стара Бугарија, т.е. на освојувачката империјалистичка позиција на бугарската буржоазија.

Во овој момент, кога воено-фашистичката диктатура кај нас прави сѐ што е можно да затвори сѐ што е национално македонско, кога ги лишува македонските маси од најелементарните права, го држи во колонијално ропство Петричкиот крај, се одржува на власт со жесток фашистички терор и развива колосално големодржавничка демагогија, неопходноста од вистинско градење единствен фронт со национално угнетените македонски маси е првостепена задача. Поради тоа, борбата со скршнувањата по националното прашање во редовите на БКП добива голема важност. Незамислив е успехот на единствениот антифашистички фронт ако во својата борба за него не се бориме против скршнувањата во нашата партија по националното прашање.

Борбата треба да биде непомирлива, да биде придружена со идеолошки разјаснувања и воздејство спрема другарите што грешат. Само на тој начин ние ќе можеме да го оствариме единствениот антифашистички фронт со национално угнетените Македонци во нашата земја.

*В. “Пропагандист”, год. II, бр. 5, 17. XI. 35 г., превод од бугарски јазик.*

**Бр. 4**
**Реферат на Методија Шаторов: "Зошто бугарската фашистичка диктатура по 19 мај спроведува отворена противмакедонска политика?"**
**1937 г.**

## ЗОШТО БУГАРСКАТА ФАШИСТИЧКА ДИКТАТУРА ПО 19 МАЈ СПРОВЕДУВА ОТВОРЕНА ПРОТИВМАКЕДОНСКА ПОЛИТИКА?[130]

Завојувачката политика на бугарскиот империјализам во лицето на македонското националноослободително движење секогаш имала свој сериозен противник - затоа што тоа националноослободително движење е антитеза на анексионистичката политика во однос на Македонија.

Ако во извесни моменти великобугарските шовинистички реакционерни средини и нивните влади им помагале и им помагаат на одделни македонски организации или движења, тоа помагање е само дотолку, доколку тие организации и движења се стават во услуга на нивната завојувачка политика. И обратно.

Штом тоа движење, помалку или повеќе, ќе добие посамостоен карактер и ќе се насочи против реакционерната политика на бугарските завојувачи, тоа се подложува на најжестоко прогонување.

По 19 мај[131], со воведувањето отворена фашистичка диктатура, бугарската реакција спроведе поширока терористичка акција против целокупното македонско движење, против сé што е македонско. И тоа лесно може да се објасни. - Кога бугарските империјалисти и фашисти се наоѓаат во период на непосредна и засилена подготовка за војна, секоја македонска иницијатива, од каде и да произлегува, која се стреми да го зачува самостојниот карактер на македонската борба, се јавува

[130] На горната маргина на текстот е допишано на рака со мастило: "Тов. Коларов", што упатува дека рефератот му е доставен на Васил Коларов.

[131] Се однесува на 19- мајскиот преврат во 1934 г. во Бугарија.

многу поопасна и заради тоа главниот удар на реакцијата беше насочен, главно, ДА ГО УБИЕ, ПРЕД СЕ, МАКЕДОНСКИОТ КАРАКТЕР НА БОРБАТА.

За таа цел беа растурени редица македонски организации и институции, како ВМРО на Михајлов[132] и на Шанданов[133], Националниот комитет, Македонскиот младински сојуз и др., кои не беа на централистички позиции, но кои сепак имаа македонски карактер.

Затоа, бугарските власти во македонскиот крај ги симнуваат од училиштата и од читалиштата имињата и портретите на видни македонски револуционери, забрануваат какви било беседи или читање реферати во врска со македонски прашања. Ја отпуштаат македонската интелигенција во државните и во општинските установи, како што е случајот во Г. Џумаја, Светиврачко, ги отпуштаат учителите-санданисти во Неврокопско и во Разлошко, дури и попот - санданист.

Затоа, им се забранува на блиските на убиените Македонци да организираат панихиди, да ги посетуваат гробовите, како што е случајот по повод годишнината од убиството на Т. Александров, на Јане Сандански и др.

Исто така, им се забранува на населението во македонскиот крај и на бегалците во Бугарија слободно да ги прославуваат своите народни празници како што се Илинден, Гоцевиот ден, годишнината од Крушевската Република и др. Младите Македонци, кои сакале да постават венци на споменикот на непознатиот четник во Горна Џумаја, на бистата на П. Ј. Јаворов во Неврокоп и др., биле највулгарно растерани од полицијата.

Тој терористички бран, во помал или во поголем обем, ги засегна приврзаниците на михајловистите, некои од нив сé уште не се помириле со состојбата и прават обиди да ги

[132] Иван Михајлов (1896-1990), член на ЦК на ВМРО и лидер на михајловистичката ВМРО.

[133] Петар Шанданов (1882-1970), раководител на Битолскиот револуционерен округ, резервен член на ЦК на ВМРО (1925-1928), член на ЦК на протогеровистичката ВМРО, делегат на Второто заседание на АСНОМ и член на Президиумот на Народното собрание на Македонија.

обноват своите растурени организации, како што е случајот во Г. Џумаја.

Со сите тие мерки бугарската реакција сака:

1. Да го зачува заграбениот дел од територијата на Македонија, да го држи во покорност македонското население за да може полесно да го ограбува;

2. Да го присвои македонското прашање, претворајќи го во чисто бугарско државно прашање;

3. Да го подготви психолошки и фактички општественото мислење, тука и во странство, за евентуално освојување на останатите делови од Македонија како бугарски.

## ЕКОНОМСКАТА СОСТОЈБА И ГРАБЕЖОТ НА МАКЕДОНСКОТО НАСЕЛЕНИЕ ВО ПЕТРИЧКО

Како што кажавме веќе погоре, терористичката акција на фашистичката диктатура има уште цел да го држи во ропска потчинетост македонското население за на тој начин тоа да биде полесно ограбувано. И навистина, крајно сиромашната состојба во која се наоѓа македонското население во Петричко не може, или речиси не може, да се споредува со ниедна друга состојба на бугарското население во разните делови на Бугарија.

Безобѕирниот грабеж на продуктите на македонскиот производител, големите даночни оптоварувања и постојаното тормозење до таков степен материјално го истоштија населението што тоа нема во џебот ниту 2 лева кибрит да си купи.

Со сопствени уши слушав од македонските селани и граѓани во Горноџумајско како раскажуваат дека при запишувањето на своите деца во училиштата, наместо пари за да ги платат таксите, носеле јајца, млеко и други продукти.

Населението систематски недоволно јаде, а многу често и буквално гладува.

Единствена негова храна е пченкарното брашно, во најдобрите случаи измешано со брашно од јачмен. Видов двајца работници кои одеа од село на работа во рудникот Србиново (Г. Џумаја) да јадат “баница”, направена од брашно од јачмен и

р‘ж измешано со трици. Кога ги прашав, таков ли ви е лебот во селото, тие се поднасмеаја и одговорија - "Не, тоа е баница, лебот ни е уште полош, но често и него го нема и затоа одиме на работа во рудникот".

Занимање. - Главно занимање на македонското население во Петричко е земјоделството. 85 % од населението се занимава со земјоделство, кое на задружни начела ги експлоатира шумите. Поголемиот дел од земјата е неплодороден, бидејќи државата и општинските власти не водат никаква грижа за нејзино одржување, при што оваа околност мошне многу го отежнува занимањето на населението. Освен тоа, таму се чувствува најголем проблем поради недостиг на земја. Просечно, според признанието на софискиот областен инспектор што бил во обиколка на македонската област, на едно стопанство се паѓа од 6 до 7 декари обработлива земја, што според густината на населението во однос на тоа во Бугарија е значително помала. Така, на пример, официјалната статистика ја дава следнава слика:

На еден квадратен километар по околија се паѓа:

Горноџумајско - 28,6 души; Петричко - 32,9; Неврокопско - 26,7; Разлошко -25,3; Светиврачко - 24,8.

Таа ненормална состојба може да се објасни со неправилната распределба на земјата и недостигот на една здрава стопанска политика од страна на бугарската држава.

Голем дел од земјата (и тоа најдобрата), која беше оставена од турските бегови, беше заграбена од државата и од разни македонски пљачкаши во Неврокопско, Горноџумајско, Разлошко и др.

Голем дел од таа земја државата им раздаде на своите чиновници доведени од внатрешноста на Бугарија, кои не се занимаваат со земјоделство и земјата му ја даваат под наем на сиромашното македонско население.

Шумите, кои заземаат големи пространства во Македонија (Петричко), исто така се сопственост на државата и на општините, а само еден, многу мал дел, е сопственост на населението.

Освен тоа, големи пространства, поради тоа што се изложени на водните стихии, стојат неискористени, а при една добра стопанска политика, како што веќе рековме, тие можат да се претворат во златни полиња.

Но и земјата што му припаѓа на македонскиот селанец не се засадува сета со зрнести и со индустриски култури. Меѓутоа, дури и при нејзино целосно искористување, населението не може да произведе продукти што барем малку ќе ја обезбедат неговата прехрана.

Еве на пример што претставува Горноџумајска околија. Според официјалната статистиката, Горноџумајска околија се смета за една од оние околии што имаат најголем дел во македонскиот крај. Според нивната пресметка, на едно стопанство (што се состои од 10 души) просечно се паѓа по 27 декари.

Кога ќе прочита, човек ќе помисли дека навистина никој не е подобар од Горноџумајци. Каква е всушност состојбата? - Во таа бројка се вклучуваат и оние делови земја, кои со ништо не може да се засадат (зашто се каменести и карпести), но кои во државните агрономства се прогласуваат од населението за обработлива почва, зашто во спротивен случај државата ќе им ги земе. Но, дури и да се прифати оваа бројка за точна, да видиме што може да извлече еден сопственик од нејзината обработка. Имав можност да разговарам со селанец од Горно Орахово, кој ми кажа дека во минатата година засадил 27 декари со пченка, но со произведеното количество едвај можел да истера до почетокот на пролетта (треба да се има предвид дека тоа село не произведува, или сосема малку произведува други индустриски култури). Во некои села, како Лотодаш и др., дури и многумина што засадуваат по 30-40 декари не можат да истераат до новото садење. Тоа се објаснува со крајно слабата плодородност на земјата. Од еден декар се добива од 70 до120 кг пченка, до 70 кг јачмен, а жито речиси не се сее.

Човек треба со своите сопствени очи да види што претставува животот (на тоа крајно трудољубиво население), особено на тие што се изложени на пороиштата, за да има појасна претстава.

Фашистичката влада многупати раструбуваше дека ги започнала своите мерки за заштита на нивите изложени на поплави. Всушност, апсолутно ништо не е направено. Единствената мерка што била преземена да се спроведе е кампањата за пошумување. Но, за да се добие нужниот ефект, населението треба да чека 10-20 години додека да израснат дрвјата за да ги запрат водните стихии.

А од друга страна, со таа кампања за пошумување уште повеќе му се отежнува на населението - зашто големите пространства, кои порано служеле како паша за добитокот, сега се прогласуваат за "строго ограничени периметри - браништа, како што ги нарекува народот", и со тоа му се одзема можноста на населението да го исхранува и тој малку добиток што го има.

Уште повеќе, од 19 мај наваму планинските и општинските власти спроведуваат една политика што се стреми населението да се принуди да ги продаде своите кози, од кои единствено бедниот Македонец очекува малку млеко за своите деца. Дојде до ситуација оној што е сопственик на една или неколку кози да не може да ги пушти на паша дури ни во своето сопствено парче земја. Штом падарите ќе сретнат некого да ја води својата коза (дури да е и саанска), му се одзема козата и на сопственикот му се изрекува казна од 100 до 500 лева, и посебно треба да плати такса за да добие дозвола да го пасе својот добиток на одобрените места. Мошне е тешка состојбата и на тутунопроизводителите. Производството на тутун во целиот македонски крај е едно од главните извори за егзистенција. Според количеството, македонската област е прва во споредба со другите бугарски области.

Според официјалната статистика, во 1936 г. во македонската област за производство на тутун биле ангажирани 37.593 стопанства со вкупно засадени 128.000 декари. Количеството тутун се пресметува на 11.000.000 кг. Просечно на едно семејство му се паѓа околу 3-3,5 декара.

Еве каква слика за состојбата на тутунскиот производител ни дава Горноџумајска околија, во која најмногу се сади тутун. - Од 5.604 стопанства во целата околија, 4.300 се занима-

ваат со производство на тутун, кој е засаден на површина од 10.900 декари, или просечно се паѓа по 2,4 декара на стопанство. Од еден декар просечно се добива 60-70 кг тутун, или просечно се паѓа по 140-150 кг тутун на семејство. Дури во некои села како што се Грамада, Лешница, Трасково и др. се добива од 24 до 40 кг од декар. А во одделни села - Србиново, Ораново, Железница, Лешко, Надеж и др. производителите имаат просечно од 1 до 2 декара земја. - Самиот центар Горна Џумаја се прехранува од одгледување тутун. - Единственото прашање што сега ги вознемирува тутунопроизводителите е уништувањето на шкартот и зголемувањето на цената на тутунот.

Македонскиот крај во културен и во урбанистички однос е мошне заостанат. Според статистиката на Министерството за урбанизам, која дава податоци за Горноџумајска околија, се гледа дека од вкупната должина од 263,3 км пат, само 30,1 км пат е трасиран и асфалтиран. Значи, единствениот пат што може да се смета за пристоен е патот што води за Демир Хисар и тој се одржува затоа што има важно стратегиско значење за бугарските завојувачи. Не се спроведува апсолутно никаква комунална политика, ако се исклучи ангаријата на населението за градење на некои малку потребни патишта за населението. А во исто време, државата ограбува милиони лева од оголениот грб на осиромашеното македонско население. Даночните и акцизните власти праќаат во селата специјални ударни одреди за присилно да им ги одземаат покуќнината и имотот на оние што не платиле разни даноци и казни. Акцизните власти го пресретнуваат населението по патиштата и крстопатите и го претресуваат за да најдат “шверцуван” тутун. За една цигара тутун изрекуваат по 2-3 илјади лева казна, а на многумина им го запленуваат целиот тутун, зашто некој направил една цигара од своето сопствено производство.

На населението му се одзема и можноста за просвета. На читалиштата не им се одобрува речиси никаква културно-просветна дејност. Според официјалните соопштенија, неписменоста е многу поголема во македонскиот крај во споредба со таа во внатрешноста на Бугарија.

Така, на пример, во Дупничка околија при прегледот на 3.645 младинци што подлежат на воена обврска само 167, или 4,6% биле неписмени, додека во истото време од прегледаните 3.215 младинци во Горноџумајско, 1.039, или 32 % биле неписмени.

Од сето досега кажано многу добро се гледа целосното национално-политичко и економско беззаконие што постои во македонскиот крај. Оваа состојба неоспорно отвора крајно благопријатна почва за работа и при една исправна политика од страна на народно-револуционерните организации и класните партии може да се добијат добри резултати.

## РАСПОЛОЖЕНИЕТО НА НАСЕЛЕНИЕТО

Поголемиот дел од македонското население и бегалците се настроени против фашистичката диктатура и нејзините органи во лицето на одделни македонски народни предавници "обзорци", разните пљачкаши во Петричко, кои повторно ги креваат главите (таканаречените војводи).

Исто така, непријателски е односот на македонското население во Петричко и против Цанков. Тој, засега, наоѓа свои привrзаници само меѓу најкорумпираните македонски пљачкаши ("војводите"). И затоа, плашејќи се да не се врати "старата" состојба, населението е едногласно во односот кон Цанков и конкретните носители на цанковштината, издигајќи го лозунгот: "Борба против Цанков и 'војводите'"!

До извесен степен, населението во Петричко е непријателски настроено и спрема БЗНС на Гичев[134], доколку неговите привrзаници во македонскиот крај имаат блиски односи со луѓето на Михајлов. Треба да се каже дека влијанието на Земјоделскиот сојуз "Врапча" е незначително.

[134] Димитар Гичев (1893-1964), деец на Бугарскиот земјоделски народен сојуз (БЗНС), еден од основачите на БЗНС-„Врабча 1" и негов раководител, пратеник во Народното собрание на Бугарија, министер за земјоделство во владата на Бугарија (1931-1933).

Ако може да се зборува за позначително влијание, тоа е влијанието на земјоделците-пладненци. И тоа се должи, главно, на нивната непријателска политика кон “војводите”.

Тие – пладненците, во однос на македонското прашање се најблиску до нас и целосно ја прифаќаат идејата за создавање на едно масовно народно македонско движење, напуштајќи ја практиката на партиско сфаќање на македонското население. Влијанието на другите партии нема апсолутно никакво значење, со мал исклучок на демократите.

Големо е влијанието на класната партија, особено во Горноџумајско и во Разлошко. Народните маси со отворени симпатии ја прифаќаат макар и најнезначителната иницијатива на партијата, дури таа и формално да не произлегува од неа.

Засега со најголема сигурност може да се каже дека партијноста не е пошироко навлезена во македонскиот крај, како што навлегла среде народот во внатрешноста на Бугарија.

## ВЛИЈАНИЕТО НА МАКЕДОНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

Наспроти големите грешки и левосектантската политика што ја спроведува левото македонско крило, сепак неговото влијание е најголемо среде македонските народни маси. Идејата и принципите на старата ВМРО на Гоце остануваат како единствено знаме на македонскиот народ. И до ден-денес, и покрај свирепостите во недалечното минато, сочувани се многу групи - привrзаници на санданизмот (во Неврокопско, Мелничко и др.). Меѓутоа, најголема несреќа е тоа што македонските идејни струи таму не се организационо опфатени, а не е во состојба да ги опфати во себе ни ВМРО (Об.) како организација поради едноставната причина што таа се смета како комунистичка организација.

ВМРО на Михајлов како целина си останува на старите позиции, т.е. на фронтот на бугарските завојувачи. Меѓутоа, како организациона и политичка сила таа не е она што беше до 19 мај. Нејзиното влијание неколкукратно е намалено. Сé уште се големи недоразбирањата во самите нејзини редови. Против отворената великобугарска и ревизионистичка политика што

ја спроведува групата “Обзор” застануваат многумина довчерашни приврзаници и членови на ВМРО - Михајловистичка.

Општо земено, голема е разочараноста од актуелната политика на соработка со бугарските империјалистички и фашистички средини. Одделни личности отворено настапуваат против “Обзор”. Таков е случајот со групата околу “Македонски глас”, горноџумајската младина - неколку поранешни михајловисти на чело со Стојан Попов и др.

Овие лица и групи прават, макар и со големи колебања, обид за договор со левите Македонци (Г. Џумаја, Пловдив и др.).

При таквата состојба можно е да се дојде до договор за заедничка борба со извесни групи, кои, помалку или повеќе, имаат влијание среде македонските маси и стојат на посамостојни македонски позиции.

Тоа значи дека кога го разобличуваме оној дел од михајловистите, кој отворено се става на страната на најреакционерните бугарски средини и на страната на Цанков и меѓународниот фашизам, треба да бидеме внимателни кон другиот дел, кој, така или инаку, прави сериозен обид да се ослободи од туторството на бугарските фракционерски и фашистички средини.

Доколку фашистичката диктатура денес го поддржува реакционерниот дел од михајловистите и подготвува почва повторно да ја врати михајловштината во македонскиот крај, во тој случај нашата борба треба да биде насочена и против тој дел, против михајловштината. Тој лозунг е единствениот и најпопуларниот што може да го сплоти огромното мнозинство од македонското население во Петричко.

Влијанието на протогеровистите во македонскиот крај е речиси безначајно. Тие имаат само одделни личности, кои не се одликуваат со влијание меѓу македонското население.

Протогеровистите исто така не се единствени. Кај нив се создадени две струи: едната на чело со Шанданов, која има најмногу приврзаници и е за заедничка борба со левите Македонци; другата на чело со Крстан П. Тодоров[135], која е против секакво зближување со комунистите и со левите Македонци.

---

[135] Крстан Поп Тодоров (1893-1943), член на ЦК на ВМРО-протогеровистичка.

Од друга страна, мнозина поранешни приврзаници на протогеровистите целосно поминаа на наша страна и работат како ОБЕДИНИСТИ или ЦЕНТРАЛИСТИ (Варна, Плевен, Софија).

Во општи црти, таков е соодносот на силите во македонскиот крај, кој покажува дека доминираат силите на демократијата, а тоа несомнено дава можност за побрзо формирање на македонски народен фронт.

## КАКО НИЕ ГО ПОСТАВУВАМЕ ПРАШАЊЕТО ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ЕДИНСТВЕН МАКЕДОНСКИ НАРОДЕН ФРОНТ

Основна задача на ВМРО (Об.) во сегашниот момент не е да создава нејзини затворени, сектантски групи, туку сите свои сили да ги насочува за побрзо сплотување на разединетите македонски сили, врз основа на едно или неколку заеднички барања, за поскоро создавање на МАКЕДОНСКО НАРОДНО ЕДИНСТВО.

Затоа, ВМРО (Об.) сета своја работа ја насочува за создавање активи пред сé таму каде што се сконцентрирани Македонците во најразновидни политички, стопански, културно-просветни, професионални, спортски и други организации на македонскиот народ.

Ги привлекува на работа одделните групи како што се приврзаниците на Сандански, земјоделците-пладненци, михајловистите, без да им прилепува етикета “обединисти”, доволно е тие да работат за интересите на македонскиот народ и да се борат против фашистичката диктатура и беззаконието.

Идејата што го обединува македонскиот народ и се јавува како негово знаме е борбата за национална независност. Но тоа е само заедничката идеја и крајна цел, а лозунзите околу кои се обединуваат народните македонски маси се оние што непосредно ги засегаат сегашната положба и општонационалните и економските интереси.

Денес усилбите се насочени кон тоа да се постигне договор за заедничка дејност меѓу сите партиски групи, маке-

донските национални организации, сите културно-просветни, стопански и др. организации.

За таа цел по местата треба да се избираат општо-градски, селски и други општи комитети за борба, кои ќе бидат органи на единствениот македонски фронт, а фактички и органи на идната единствена македонска народна организација.

Ние сметаме дека во македонскиот крај, кој е национално поробен дел на Македонија, на прво место треба да се постават прашањата што имаат национален карактер, прашања што еднакво ги засегаат сите, или речиси сите македонски средини.

Додека бугарските империјалисти и фашисти со сите средства се стремат да го убијат МАКЕДОНСКИОТ КАРАКТЕР НА БОРБАТА, наш долг е да бидеме против таа политика и да им разјаснуваме на сите Македонци кои се нивните пријатели и непријатели во Бугарија и во светот, и истовремено високо да го издигнуваме знамето на самостојната македонска борба.

Во актуелната состојба, додека при водењето на преговорите со одделните партии и организации се настојува да се дојде до договор на Македонците за единствена борба против фашизмот и реакцијата во Бугарија, неопходно е истовремено да се популаризира идејата за создавање и на единствена македонска народна организација.

Тоа воопшто не значи дека денес ВМРО (Об.) механички треба да се растури, напротив, додека паралелно со неа постојат и други македонски револуционерни организации, како оние на Михајлов и Шанданов и додека покренуваат други идеи и принципи, ВМРО (Об.) треба да се зачува, сé повисоко издигајќи го знамето на централизмот.

Но како што кажавме во почетокот, таа нема цел да се наметне како народна организација, зашто тоа не може да го стори, туку има цел да ја подготви почвата во процесот на борбата за создавање на дополнителна веќе македонска народна организација.

Ние сметаме дека во македонскиот крај, каде што во минатото немало РП и таа не е популарна меѓу населението, не-

правилно е да се создава вештачки. РП како антифашистичка организација има извонредно големо значење за бугарскиот народ, бидејќи таа во минатото навистина се претвори во народна организација.

ТАА ОКОЛНОСТ ВО МАКЕДОНСКИОТ КРАЈ ОТСУСТВУВА. И ако ние сега решиме да создадеме РП, ќе ги оттурнеме тие партиски елементи -пладненците и др., кои работат како Македонци, но кои не би се согласиле да станат реписти[136].

Ние сметаме дека најдобрата форма, која сега би била прифатена од сите, е формирањето на македонски народен фронт; создавањето на заеднички комитети во местата, кои ќе ја координираат дејноста на целиот македонски национален и партиски актив што работи во најразличните организации.

Таа форма денес се реализира на многу места.

Благодарение на таа форма на работа во Горна Џумаја, организацијата успеа да собере околу себе повеќе од 240 активисти и да опфати десетици масовни организации, кои имаат десетици и стотици членови.

Истото нешто се врши речиси во сите други краишта на Македонија и среде бегалците.

Таа форма им овозможи на нашите другари да привлечат на работа разни македонски општественици, како С. Попов, Шанданов, Хајдуков и др., кои не се ниту комунисти, ниту обединисти и кои не би станале членови во една организација што би го носела името - РАБОТНИЧКА ПАРТИЈА.

При утрешни евентуални поповолни услови и при единствена дејност на борбата, во македонскиот крај задолжително ќе се наметне потребата од создавање организација или македонска партија.

Што се однесува до КП, не само што треба, но е крајно неопходно да се создаде, зашто во македонската област не се води само национална борба туку и класна, зашто работништвото од ден на ден сé повеќе расте, иако бавно се создава индустрија - шумска, рударска, тутунска и тн.

---

[136] Членови на Работничката партија.

Потребно е и поголемо внимание од страна на револуционерните работнички синдикати во македонскиот крај.

*ЦДА, Фонд 3, оп. 1, а. е. 524, л. 1-7, превод од бугарски јазик.*

**Бр. 5**
**Статија на Методија Шаторов за состојбата во Европа, Југославија и во Македонија спроти Втората светска војна**

**Скопје, 30. IX 1940 г.**

ПОЛОЖЕНИЕТО И НОВАТА ОПАСНОСТ НА МАКЕДОНИА[137]

Ужасни сабитиа престојат. Војната се затегна и ќе продолжи уште многу време. Империалистите од Берлин-Рим барат модус за да се погодат и разделат колоните во Африка и да си распределат државите и народите на Балкански Полуостров. Балканските народи очекува ропство от разговорите во Рим и Берлин мегју Рибентроп[138] и Ќано[139].

Во Југославиа положението станува од ден на ден се полошо. Покрај скапотијата и гладот, фашизираното правителство на Цветковиќ-Мачек- поп Корошец се крепи со крвав терор и сé повеке и повеке прави отступки на фашистите от Германиа и Италиа. Што е посакал Хитлер и Мусолини от Југославиа - та е сé дала. Југословенското правителство се нагодува кај отворено фашистките држави. Лотиќевци од своја

[137] Текстот е релативно добро сочуван, освен деветтата и десеттата страница. Текстот е на македонски јазик.

[138] Јоахим Рибентроп (1893-1946), амбасадор на Германија во Лондон (1936-1938) и министер за надворешни работи на Германија (1938-1945)

[139] Галеацо Ќано (1903-1944), италијански политичар и државник, министер за надворешни работи (1936-1943).

страна пак барат исто това што направи Антонеску[140] и железната гарда на Сима Хора во Романиа - то се вели: полно подчинување на Југославија от осовината. Како првите така и вторите готват економско и политичко робство на народите во Југославија под јармо на осовината.

За голема радост како правителството на Цветковиќ-Мачек-поп Корошец, така и Лотиќевци немат апсолутен утицај во средата на македонскиот народ. Специјално за Македонците постои истата опасност како за друзите народи во Југославиа да станат робови на Германиа и Италиа, но под превезо на Бугариа. Бугариа е галеното дете на Хитлер и Мусолини. Бугарија има аспираци над Македонија и се готви да е земи под помошта на Германија и Италија. Се праша што ке добиат Македонците од едно такво сменувајне на господарите от сменувајне на империјалистите кои ја душат и ке а душат и утре. Со преминувајне на Македонците под власта на цар Борис, апсолутно нема да се измени посуштината положението на Македонија. На место србски џандари, ке има бугарски, на место србски порезници ке има бугарски и т.н. Македонците ке бидат преследувани од бугарските власти, така како што се денеска преследувани от србските империјалисти. Бугарските џандари не помалку умеат да псуват "вашата мамка македонска!".

Оти точно ново робство за Македонците представуваат преминавајнето им под бугарска власт - нека послужи за пример онаја част од Македониа која е под бугарска власт - Петричко[141]. Цели 28 години од како Петричко е во бугарските раце. Тој крај не е напреднал ни во едно направление. Македонците во Петричко исто како Македонците под српскио сет колониа, населението ја много поголемо от колку стара Бугарија а за права и слобода да не се говориме. От војната навамо сет истепани околу 3 иљади најпредани, најверни синови на македонскио народ, само затоа зашто некеа да бидат поробени

[140] Јон Антонеску (1882-1946), романски фашистички диктатор. Учествувал во војната против СССР.

[141] Термин што се употребуваше за Пиринска Македонија додека Петрич беше административен центар на округот.

некеа да бидат експлоатирани колониално, а сакаја слобода и равноправије.

Опасноста за Македониа не ида само от това оти булгарската власт крепена од Хитлера и Мусолини сака да ја земи за себеси, не! најголемата опасност иди от това, оти тргнале платени и не платени агенти на Хитлера, Мусолини и цар Борис да убедува Македонците оти не требало тие да се борат, оти било бесмислено да се организира Македонците во сојуз со другите потиснати народи во Југославија, кога имало који да ги "ослободи". Нема поголемо предателство спрема Македониа и македонските интереси от ова врста агитациа. Таја агитација ги остава Македонците на чекајне, на бездејствије. От такво бездејствије страдат самите Македонци, оти се продолжува господството денеска на српските потисници и завојевачи. Од това бездејствије и неорганизираност на Македонците утре ке се користат бугарските завојевачи и империјалисти - машите на Хитлера и Мусолини који држат во ропство својте сопствени народи.

Длабоко може да се разбери оти можи да биди само оној народ носител на слобода, који е и сам тој ослободен. За жалост нити германскиот, нити италианскиот, а уште помалку бугарскиот народ е слободен. Денеска бугарскиот народ стенчи под игото на цар Бориса и правителството на професор Филов[142]. Сите права, сите слободи е изгубил бугарскиот народ под јармо на цар Борис и бугарската реакциа. Глад, мизериа и ропство се осека во секоја бугарска сиромашна кукја. Цар Борис испрати во Дубруџа[143] прво џандари и порезници, уште преди да влезат тамо бугарските војски. Каква дивна слика! На место слобода на добруџанците им дадова порезници и џандари. А пита се зашто така споро Бугарите окупират Добруџа и зашто уште кога романските војски сет таму - влегуват бугарските џандари. Отговорот е прост. Бојат се да остават Добруџа

[142] Богдан Филов (1883-1945), претседател на бугарската влада (1940-1943, ректор на Софискиот универзитет (1931-1932), член и претседател на БАН (1937-1944).

[143] Јужниот дел на Добруџа во 1940 година, со договорот во Крајова, Романија ѝ го врати на Бугарија.

еден сат без власт, без војска и џандари, за да не би да решат самите добруџанци својата работа, за да не објават Совјетска Република.

Македонскио народ со радост поздрави рушението на полуфеудална боероска и реакционерна Романија и ослободувајнето на Бесарабците и Буковинците. Советскио Сојуз отвори со распадувајнето на Романиа добруџанското прашајне от таја работа искористиа бугарските реакционери и претставиа пред народите оти Хитлер и Мусолини донесле слобода на Добруџа. Македонскиот народ исто така позрави ослободувајнето на Литва Латвија и Естонија[144], који еднаш за секогаш скинаја со експлоатациата и ропството. Народите на тиа држави стана слободни, национално независни и избегна страшната ужас на империјалистичките воини. Исто така македонскио народ треба да не слуша бугарските, германските, италианските агенти и поробители и да не се надева на ниф, а машки да заработи да се организира и бори против српските потисници заједно со сите потиснати народи во Југославија за своја слобода, за своја национална независимост. Само при това условие от страна на Македонците, условие за борба, можи да се очекува помошт од Црвената Армија.

КАТИЛ

*В. "Билтен" бр. 3, 30, IX 1940, ДАРМ, Фонд: Весници на партиска организација, К - 80, Инв. бр. 25.*

[144] Во 1940 година овие три републики доброволно се приклучија како сојузни републики кон СССР.

# III

# П О Л И Ц И С К О Д О С И Е

## Бр. 1
## Записник од претресот на полициски службеник во домот на Методија Шаторов во Софија

**Софија, 9. VII 1924 г.**

Бр. 729 / 2. IX 1925 год.

ЗАПИСНИК ОД ПОСЕТА

Ст. Софија. Денеска, на 9. 7. 1924 год., јас, долупотпишаниот (во својство на чиновник) Илија Крушовски, чиновник во Јавната безбедност - Министерство за внатрешни работи и народно здравје, потврдувам преку овој записник дека откако го посетив (име) Методи Шатров (на возраст) 27 год. (роден во) гр. Прилеп, Македонија, живее на ул. „Раковски“ бр. 52, испратен од ... со рапорт бр. ... во неговото живеалиште се најдени следниве книшки со комунистичка содржина: шест книшки „Зборови и дела“[1]921 г., „Црвени календари“[1]922 г., и [1]923, „Канибалите“ – 3 примероци, 7 примероци „Манифест до работн[иците]“ од [1]923, три кн[ишки] „Работн[ички] синдикатив од [1]921 г., (2) кн[ишки] „Банкротот на буржоазијата“ од [1]921 г., (1) „Задачи и тактика“ од [1]921 г., (1) „Раководство“ [1]922, (1) „Ком[унистички] манифест“ [1]919, (1) „Работниците“ [1]921, (3) „Социјализмот во земјоделствотов[1]920 г., (3) примероци „Вик“ од[1]924 г., „Болшевичка Русија“ од Коларов.

Дежурен чиновник: (потпис) И. Крушовски
Присуствуваа: (потписи – нечитливи)
помл[ад] стр[ажар] на VI у[часто]к

Потврда

Јас, долупотпишаниот ... потврдувам дека ги примив назад одземените, според горниот протокол, суми и предмети, а имено: ...

*Архив на Министерството за вътрешни работи, София (нататаму: АМВР), К-13117, л. 9.*

**Бр. 2**
**Досие со податоци за Методија Шаторов**

**Софија, 12. VIII 1924 г.**

МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ
РАБОТИ И ЗА НАРОДНО ЗДРАВЈЕ
ЈАВНА БЕЗБЕДНОСТ

Прашалник
за утврдување на идентитетот на лицето
Година 1924, месец август, ден 12

1. Име – *Методи*
2. Презиме – *Шатор*
3. (Наречен уште и) – *Тасев*
4. Роден во годината *1897*, месец *јануари*, ден *9*
5. Место на раѓање – *гр. Прилеп*
   Место на живеење – *гр. Софија, ул „Раковска“ 52*
6. Вероисповед – *православен*
7. Народност – *Бугарин*
8. Чиј поданик е? - "-
9. Главно занимање – *чиновник кај „Рубљов и Арамович“*
10. Кои други професии или занаети ги знае или ги практикува? -
11. Колкави средства за издршка имал или има? -
12. Дали е женет? – *не*
13. Име и презиме на жената или на мажот (да се наведе и моминското презиме на сопругата) -
14. Колку деца има? -
15. Името на децата, пол и возраст: -
16. Име и презиме на таткото – *Тасе Трајков Шатор*
17. Име и презиме на мајката (родена) – *Иванка Христова*
18. Дали се живи родителите (ако не се, да се наведе кога и каде починале): *таткото почина во Прилеп*
19. Каде живеат родителите и со што се занимаваат? *во Прилеп*

20. Каде се родени родителите?
21. Име и презиме на браќата и сестрите и каде живее секој од нив? *Кирил, год*[ини] *23, Софија, бул. „Дондуков“ 52, Тодор, год*[ини] *21, во Прилеп, Наталија Димева, год*[ини] *40 во Прилеп, Евгенија Бочева, год* [ини] *35, Прилеп и Блага Тасева, год* [ини] *18, Прилеп*
22. Уште колку роднини има лицето во Бугарија или во други земји и каде живеат?
23. Кога лицето дошло во Бугарија (да се наведат точно годината, месецот и денот): *во септември 1918 год*.
24. Преку кој граничен премин влегол? *преку Србија, Цариброд*
25. Со какви документи? – [општи] *документи*
26. Дали сега поседува такви* (да се напише какви документи има, билет, пасош и сл., да им се запишат броевите, од кого се издадени, кога им истекува рокот): -
27. Дали поседува билет за слободен престој, кој го издал, кога и бројот? И со каков рок? –
28. Во кој конзулат или амбасада во земјата бил или е запишан? -
29. Каде живеел во земјата (да се наведе во кои места живеел, кога, колку, со што се занимавал, кај кого работел и кого познава): -
30. Дали подлежи на регрутација во неговата држава?
31. Дали служел? *не*
32. Во кој полк, во која чета и во кое годиште (ќе се наведе бр. на отпусната листа и од кого е издадена): -.
33. Какви документи уште поседува? -.
34. Дали е осудуван за некакви престапи (во кој затвор и колку одлежал и каде?): *не*
35. Има ли документ за ослободување од затвор? -
36. Кои јазици ги зборува? -
37. Образование - *средно*
38. Особени знаци: -
    Телесна конституција – *добра*
    Раст – *среден*
    Лице – *обично*

Боја на лицето -
Чело -
Очи – *костенливи*
Нос: -
Уши: -
Уста -
Брада – *бричена*
Веѓи -
Коса – *костенлива*
Мустаќи – *бричени*
Фризура -
Особени белези: .
Забелешки: Затворен како комунист, кој ги знае лицата од формираната „петорка“.

Потпис на распрашуваниот:
(потпис) М. Шатор

Потпис на полицискиот чиновник*:
(потписот е нечитлив)

-------

* Да се наведе точно чинот што го зазема чиновникот во Полицијата.

*АМВР, К-13117, л. 3-4.*

**Бр. 3**
**Досие со податоци за Методија Шаторов**

**Софија, 8. V 1925 г.**

МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ
РАБОТИ И ЗА НАРОДНО ЗДРАВЈЕ
ЈАВНА БЕЗБЕДНОСТ

Прашалник
за утврдување на идентитетот на лицето
година [1]925, месец мај, ден 8

1. Име – *Методи*
2. Презиме – *Шатор*
3. (Наречен уште и) -
4. Роден во годината *1897*, месец *јануари*, ден *10*
5. Место на раѓање – *гр. Прилеп*
   Место на живеење – *гр. Софија*
6. Вероисповед – *источноправославна*
7. Народност – *Бугарин*
8. Чиј поданик е - *бугарски*
9. Главно занимање – *чиновник*
10. Кои други професии или занаети ги знае или ги практикува? -
11. Колкави средства за издршка имал или има? *Се издржува само од службата.*
12. Дали е женет? – *не*
13. Име и презиме на жената или на мажот (да се наведе и моминското презиме на сопругата) -
14. Колку деца има? -
15. Имиња на децата, пол и возраст: -
16. Име и презиме на таткото – *Тасе Шатор*
17. Име и презиме на мајката (родено) – *Иванка Христова*
18. Дали се живи родителите (ако не се, да се наведе кога и каде починале): *Таткото почина на 5. III [1]917 год. во гр. Прилеп, а мајката е жива и се наоѓа во гр. Прилеп.*

19. Каде живеат родителите и со што се занимаваат? *во гр. Прилеп*
20. Каде се родени родителите? *исто така во гр. Прилеп*
21. Име и презиме на браќата и сестрите и каде живее секој од нив. *Кирил, живее на бул. „Дондуков“ 54, Тодор во гр. Прилеп, Наталија, Евгенија (мажени) и Благородна (мома), исто така во Прилеп.*
22. Уште колку роднини има лицето во Бугарија или во други земји и каде живеат?
23. Кога лицето дошло во Бугарија (да се наведат точно годината, месецот и денот): *на 29. IX [1]918 год.*
24. Преку кој граничен премин влегол? *преку Цариброд*
25. Со какви документи? *со лична исправа*
26. Дали сега поседува такви?* (да се напише какви документи има, билет, пасош и сл., да им се запишат броевите, од кого се издадени, кога им истекува рокот): *легитимација бр. 2345 од 2. IV [1]925 год., издадена од VI Полициски участок во гр. Софија*
27. Дали поседува билет за слободен престој, кој го издал, кога и бројот? И со каков рок? –
28. Во кој конзулат или амбасада во земјата бил или е запишан? -
29. Каде живеел во земјата (да се наведе во кои места живеел, кога, колку, со што се занимавал, кај кого работел и кого познава): *За целото време во гр. Софија – чиновник кај „Л. Трамонтеми и Сие“ и „Д. Рубљов & Ил. Аранович“.*
30. Дали подлежи на регрутација во неговата држава?
31. Дали служел? *не*
32. Во кој полк, во која чета и во кое годиште (да се наведе бр. на отпусната листа и од кого е издадена): -
33. Уште какви документи поседува? -
34. Дали е осудуван за некакви престапи (во кој затвор и колку одлежал и каде?): -
35. Има ли документ за ослободување од затвор? -

    Кои јазици ги зборува? *бугарски*

    Образование? *средно*

Особени знаци: -
Телесна конституција – *висока / правилна*
Раст – *висок*
Лице – *тркалезно*
Боја на лицето – *обична, бела*
Чело – *обично*
Очи – *костенливи*
Уста – *обична*
Нос – *правилен*
Уши: – *обични, мали*
Брада – *бричена*
Веѓи – *црни, составени, широки*
Коса – -"-
Мустаќи – *бричени*
Фризура -
Особени белези: – *нема*
Забелешки: -

Потпис на распрашуваниот:
М. Шатор

Потпис на полицискиот чиновник**:
Суд[ски] инсп[ектор]
(Потписот е нечитлив)

-----------

* Доколку се работи за екстернирање, тогаш личните исправи ќе му се одземат и ќе се приложат кон сегашната, а нему ќе му се издаде уверение од полицискиот службеник што го води распитот.

** Да се наведе точно чинот што го зазема чиновникот во Полицијата.

*АМВР, К- 13117.*

**Бр. 4**
**Изјава на Методија Шаторов пред полициските органи**

**Софија, 8. V 1925 г.**

Не Ѝ припаѓам и не Ѝ припаѓав на ниедна политичка организација во земјата. Бев член на професионалниот сојуз до септември 1923 год., по што престанав да членувам во него. Лицата што најдобро ме познаваат се: Давид Рубљов и Илија Аранович, бул. „Дондуков“ 34.

Престанав да бидам член на трговските службеници (Сојузот) по настаните што се случија, по што се откажав од сѐ, гледав да заработам нешто повеќе за себе и за семејството. Не сум член на ниту една илегална организација, без разлика каква и да е. Немам формирано никакви тројки, петорки или какви било групи, ниту пак од некаде добивав илегална литература или оружје.

[потпис] М. Шатор

*АМВР, К- 13117, л. 1-2.*

**Бр. 5**
**Известување од полицијата до градоначалникот на Софија за интернирањето на Методија Шаторов во Горна Џумаја**

**Софија, VI 1925 г.**

До Господинот градоначалник на престолнината
Овде

Ви се испраќа лицето Методи Шатор, родум од гр. Прилеп, живее во гр. Софија, комунист, на кој да му се даде можност во рок од два дена да си го прибере багажот и веднаш потоа со пакет бр. ... да го препратите до околискиот началник

на гр. Горна Џумаја за одредување на неговото место на живеење.

Нач[ални]к на одделение: (потпис) Бачев
Спец. инспектор: (потпис – нечитлив)

*АМВР, С-105026, т. I, л. 5.*

**Бр. 6**
**Молба од Методија Шаторов до околискиот началник во Горна Џумаја да биде вратен од интернација во Софија заради лекување**

**Горна Џумаја, 27. VIII 1925 г.**

Бр. 5503
27 VIII [19]25 г.

До Господинот
околиски началник
Овде

Молба од
Методи Шатор, интерниран во
гр. Г. Џумаја, со постојано
место на живеење во гр. Софија

Господине началник,

На 29 јули о.г. поднесов молба, проследена со лекарско уверение од кое се гледа дека сум болен. На горепотврдената молба неуследи одговор од компетентното место, околност која ме принуди да поднесам друга молба. Болестите од кои страдам ме доведуваат во состојба да не можам да работам, а средства за лекување и за живеење овде немам.

Имајќи го предвид горното, Ве молам, Господине началник, да се заземете да бидам вратен во моето постојано место на живеење.

Уверен дека молбата ќе ми биде исполнета, останувам

гр. Гор. Џумаја Со почит:
27. VIII [1]925 год. (потпис) М. Шатор

*АМВР, С-105026, т. I, л. 11.*

**Бр. 7**
**Молба од Методија Шаторов до околискиот началник на Горна Џумаја за одобрување 20-дневно отсуство заради лекување во Софија**

**Горна Џумаја, 28. VII 1925 г.**

До Господинот
околиски началник
Овде

Молба од
Методи Шатор од гр. Софија

Господине началник,

Како што Ви е познато, интерниран сум во гр. Гор[на] Џумаја, каде што, на жешка клима, лишен од средства за издржување заболев, што се гледа и од овде приложеното лекарско уверение. За лекување на болестите „дизентерија" и „хемороиди" неопходно ми е отсуство, заради што најучтиво Ве молам да ми одобрите 20-дневно отсуство за да одам во Софија во болница.

Прилог: лекар[ско] уверение.

Со почит: (потпис) М. Шатор

гр. Гор[на] Џумаја
28. VII [1]925
Печат: МВРНЗ ДИРЕКЦИЈА НА ПОЛИЦИЈАТА

*АМВР, К- 13117.*

**Бр. 8**
**Мислење на околискиот началник на Горна Џумаја за одобрување 20-дневно отсуство на Методија Шаторов заради лекување**

**Софија, 4. VIII 1925 г.**

Отдел Држ[авна] безбед[ност]
Вл. бр. 184
Пристигнато на 4. VIII 1925 год.

Сево ова му го пишувам на Господинот директор на Полицијата – Софија со известување дека врз основа на приложеното лекарско уверение, на мислење сум да му се одобрат 20 дена отсуство за специјално лекување во Софија.

гр. Горна Џумаја 30. VII 1925
ОКОЛИСКИ НАЧАЛНИК: (потпис – нечитлив)
СЕКРЕТАР: (потпис – нечитлив)

*АМВР, К- 13117.*

**Бр. 9**
**Известување од полициски началник за интернирањето на Методија Шаторов во Горна Џумаја**

**Софија, 1. IX 1925 г.**

До Господинот околиски н[ачалник]
гр. Горна Џумаја

Ви се испраќа лицето Методи Шатор, родум од гр. Прилеп, живее во гр. Софија, – комунист, за одредување место на живеење во Вашиот град и за негово ставање под полициски надзор.

Н[ачални]к на одделението (потпис – нечитлив)
Инспектор (потпис – нечитлив)

*АМВР, К- 13117, л. 12.*

**Бр. 10**
**Лекарско уверение на Методија Шаторов**

**Горна Џумаја, 6. IX 1925 г.**

Заклучок: До Дирекцијата на Полицијата
Кон бр. за располагање со мислењето на лекарот (потпис – нечитлив)

Лекарско уверение

Јас, долупотпишаниот д-р А. Д. Стојчев, со ова потврдувам дека денеска го прегледав Методи Шатров на 28 години, родум од гр. Прилеп, живее во гр. Софија, и сметам дека тој страда од болеста: Entero-Colitis Hemorrhadica на маларична почва и отпорна на лекување. На мислење сум да го смени местото на живеење и да отиде да живее во високо немаларично место.

Ова му го давам за да му послужи онаму каде што ќе му биде потребно.

6 септември 1925 г.
гр. Г. Џумаја

(потпис – нечитлив)

Методи Шатор

Родум од гр. Прилеп, комунист, интерниран во гр. Гор[на] Џумаја, 26. V о.г. Истиот моли да му се одобри да се врати во Софија за специјално лекување.

Приложува лекарско уверение.

*АМВР, К- 13117, л. 15-16.*

**Бр. 11**
**Молба од Методија Шаторов до околискиот началник на Горна Џумаја со барање да биде вратен во Софија заради лекување**

**Горна Џумаја, 7. IX 1925 г.**

До Господинот
околиски началник

Овде

Молба од
Методи Шатор од гр. Софија
интерниран во гр. Г[орна] Џумаја

Господине началник,

Најучтиво Ве молам да се заземете да бидам вратен во моето постојано место на живеење во гр. Софија, бидејќи имам нужда од специјално лекување. Јас сум без работа и сум во очајна физичка состојба.

Уверен дека молбата ќе ми биде исполнета, останувам

гр. Г. Џумаја — Со почит:
7/IX 1925 год. — (потпис – М. Шатор)

Прилог: лекарско уверение

Кон бр. 4386 Сево ова му го испраќам, со приложеното лекарско уверение, на Господинот директор на Полицијата за да располага со мислењето на лекарот.

гр. Горна Џумаја 11. IX [1]925 год.

ОКОЛ. НАЧАЛНИК: (потпис – нечитлив)
СЕКРЕТАР: (потпис – нечитлив)

*АМВР, К- 13117.*

**Бр. 12**
**Белешки од околискиот началник на Горна Џумаја да му се одобри враќање на Методија Шаторов во Софија заради лекување**

**Горна Џумаја, VII, 1925 г.**

Методи Шатор
родум од Прилеп, комунист, интернир[ан] во гр. Горна Џумаја, на 26. V о.г.
Истиот моли да му се одобри да се врати во Софија заради специјално лекување.
Приложува лекарско уверение.
Окол[искиот] н[ачални]к на гр. Гор[на] Џумаја ја испраќа молбата на разгледување со мнението на лекарот.

Методи Шатор
Родум од гр. Прилеп, комунист.
Интер[ниран] во гр. Гор [на] Џумаја на 26. V о.г.
Достави лек[арско] уверение и моли да му се одобри за 20 дена да се врати во Софија за да се лекува.
Околискиот н[ачални]к на гр. Горна Џумаја се залага да му се одобри.

*АМВР, С-105026, т. I, л. 6-7.*

**Бр. 13**
**Лекарско уверение на Методија Шаторов**

**Горна Џумаја, 28. VII 1928 г.**

Лекарско уверение

Јас, долупотпишаниот горноџумајски градски лекар д-р Н. Жогов, на Методи Шатор од гр. Софија, на околу 28-год[ишна] возраст, му го давам ова уверение како потврда за тоа дека тој страда од болеста Enteritis et Hemorhoides.

Гр. Горна Џумаја, 28 јули 1925 г.

*АМВР, С-105026, т. I, л. 10.*

## Бр. 14
## Молба од Методија Шаторов до директорот на полицијата во Софија да биде вратен од интернација во Софија

**Софија, 12. XI 1925 г.**

До Господинот
директор на Полицијата
Овде

Молба
од Методи Шатор, жител на Софија –
кој се наоѓа на лекување во Александровската болница

Господине директор,

Преку Управата што Ви е доверена испратен сум овде на лекување од гр. Горна Џумаја, каде што бев интерниран во текот на пролетта оваа година, кога се случија ужасните атентати и злодела во Софија. Во текот на септември поднесов молба да бидам вратен во местото на живеење – Софија каде што ми се работата и семејството, но не дочекав резултат.

Со оглед на тоа дека имам за издржување мајка и сестра и на околноста дека при отпуштањето ќе бидам слаб и болникав, и тоа среде зима, најучтиво Ве молам, Господине директоре, да се заземете кај надлежната комисија да не ме враќа назад и да ме остави овде во местото на постојано живеење.

гр. Софија
12. XI [1]925 год.

Со почит:
(потпис) М. Шатор

Прилог: лек[арско] уверение

*АМВР, К- 13117, л. 17.*

**Бр. 15**

**Потврда од Управата на Александровската болница во Софија дека Методија Шаторов се наоѓа на лекување во болницата**

**Софија, XI 1925 г.**

МИНИСТЕРСТВО
ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ И НАРОДНО ЗДРАВЈЕ
АЛЕКСАНДРОВСКА ДРЖАВНА БОЛНИЦА
бр. 15862
ноември 1925 год.
СОФИЈА

ПОТВРДА

Управата на Александровската болница потврдува дека Методи Шатор, на 28 год., родум од Прилеп, околија – , а кој живее во Софија, на ул. -, на 3. X 1925 год. добил инфекција и е донесен во I Внатреш[на] клиника на болницата, каде што се наоѓа и понатаму на лекување од болеста – и според мнението на лекарот на одделението продолжува да се лекува.

Ова му се дава за да му послужи каде што ќе биде потребно.

Управител: (потпис – нечитлив)
Секретар: (потпис – нечитлив)

*АМВР, К- 13117, л. 17.*

**Бр. 16**
**Извештаи од полицискиот следење на Методија Шаторов**

**Софија, 29-31. III 1928 г.**

МЕТОДИ ТАСЕВ ШАТОР

Родум од гр[адот] Прилеп - Македонија, живее на ул[ицата] ”Банско“ бр. 53, сметководител.

Карактеристични белези: раст висок, лице тркалезно, коса костенлива, очи костенливи, уста обична, нос правилен, мустаќи бричени, брада бричена, возраст 30 години, особени белези нема.

Поседува лична карта со бр. 2345 од 2. IV 1925 г. издадена од Седмиот полиц[иски] участок.

29 март 1928 год.

Излезе од својот дом во 11 ч[асот] претпладне и по бул[еварот] “Сливница“, “Раковска“ влезе на 5-6 м[инути] во бр. 10, потоа на истата улица во бр. 66, од каде што излезе во 12.5 ч[асот] и по “Раковска“, “Св. Кирил и Методиј“ се прибра во својот стан. Попладне излезе од дома во 7 ч[асот] и по “Сливница“, “Раковска“ влезе во бр. 66 само на 3-4 м[инути], потоа по “Искар“ влезе во кројачкиот дуќан на Петар Греков. Тука Тасев читаше весник, изгледаше како човек близок со шивачот, разговараше со него до 9.15 ч[асот] и се прибра во својот стан.

30 март

Излезе од дома во 11 ч[асот] претпладне и по “Раковска“ влезе на 5 м[инути] во кројачкиот дуќан на Петар Греков, после продолжи по “Сердика“. Се избричи во фризерницата „Леда“, потоа по “Тријадица“, “Веслец“, “Дондуков“ влезе во бр. 52 – зарзаватчилница, каде што остана во разговор со зарзаватчијата - 28-30 год. набиен и низок човек. Оттаму во 1 ч[асот] се прибра во својот стан. Во 4 ч[асот] попладне излезе и отиде на “Гурко“ бр.

12 или 14. Во 5.45 излезе и по “Гурко“, “Леге“, “Сердика“, “Искар“ влезе во бр. 7, од каде што, во 8.20 ч[асот] попладне, со бавни чекори се прибра во својот стан.

31 март

Во 11.15 ч[асот] претпладне излезе од дома и отиде на “Дондуков“ бр. 52 - кај зарзаватчијата. Оттаму во 12.40 [часот] се прибра дома. Попладне излезе во 6.20 ч[асот] по бул[еварот] “Сливница“, влезе на 5-6 м[инути] во бр. 184 (нов) и отиде на “Раковска“ бр. 10. По 10 м[инути] излезе, продолжи по “Раковска“, кон бр. 30, од бутката си купи весник, го читаше по улицата, сврти кон “Искар“ и влезе во бр. 7 – кај шивачот. Во 8.15 ч[асот] од кројачкиот дуќан се прибра дома.

*АМВР, К - 13117, л. 29.*

**Бр. 17**
**Извештаи од полициското следење на Методија Шаторов**

**Софија, 2-18. IV 1928 г.**

2 април

Денес целиот ден го мина во својот стан на ул[ицата] “Банско“ бр. 53.

3 април

Методи Тасев денес излезе од дома дури во 6.25 ч[асот] попладне, лесно облечен, и отиде во блиската аптека на ул[ицата] “Раковска“. По 10 м[инути] излезе од аптеката и се прибра одново дома, каде што остана до доцна во ноќта.

4 април

Тасев денес целиот ден не излезе поради нерасположение.

10 април

Шаторов излезе од дома во 12 без 25 ч[асот] и, по “Банско“, “Св. Кирил и Методиј“, “Сердика“, “Егзарх Јосиф“ - влезе во претставништвото за цигари на Ж. Мечев - “Ц[ар] Борис“ бр. 152 и по 1/2 ч[ас] излезе и влезе во зградата бр. 152. По 2 м[инути] излезе и отиде на “Пиротска“ бр. 44, каде што исто престојуваше не повеќе од 2-3 м[инути] и отиде по “Пиротска“, пл[оштадот] “Банско“, “Сердика“, “Искар“, “Раковска“ на бр. 66, од каде што излезе дури во 1 ч[асот] попладне и се прибра дома. Попладне и до доцна во ноќта Шаторов не излезе никаде.

11 април

Шаторов целото претпладне остана дома при што, одвреме навреме се покажуваше на прозорецот на 1-2 м. Во 3.20 ч[асот] попладне излезе по ул[ицата] “Банско“, “Св.Кирил и Методиј“, “Раковска“, “Искар“, “Веслец“, “Тријадица“ и отиде на 3-4 м[инути] во дуќанот за пеглање на бр. 4. Потоа излезе и по “Веслец“ (мина покрај Петко Стоев, кој стоеше на аголот на “Веслец“ и “Искар“ без да се поздрават) “Искар“ и влезе во кројачкиот дуќан на Греков, каде што седна да разговара и да чита весници - „Новини“ и „Дневник“. Во 5.15 ч[асот] излезе и отиде во блискиот кројачки дуќан на А. Симеонов, со кој исто, уште од влезната врата, размени неколку зборови и продолжи по “Сердика“, “Егзарх Јосиф“, “Ломска“ и влезе во бр. 49, од каде што по 2 м[инути] излезе и влезе во бр. 47, кој има излез и на бул[еварот] “Драгоман“, и агентот го испуштил [од вид].

12 април

Методи Шаторов излезе од својот дом во 10.45 ч[асот] претпладне и отиде во кројачкиот дуќан на Греков - "Искар" бр. 7, од каде што излезе во 11.35 ч[асот] и отиде во зарзаватчилницата, која се наоѓа на аголот на бул[еварот] "Дондуков" и "Бенковска", каде што седна на еден сандак и започна да чита весник. Во 12.30 ч[асот] попладне Шаторов стана и бавно одејќи се прибра во својот стан. Попладне до доцна вечерта тој не го напушти својот стан, ниту некој го посети.

13 април

Денес Шаторов излезе од својот дом во 10.25 ч[асот] и одејќи бавно по разни улици стигна до "Искар" бр. 7 - дуќанот на шивачот Петар Греков, каде што влезе, седна на еден стол и почна да разговара со самиот Греков. Така зборуваа до 12.35 ч[асот], кога излегоа заедно по "Искар", "Раковска" и Шаторов влезе во бр. 66, а Греков продолжи по "Раковска" - во правец на железничката станица. Шаторов излезе од бр. 66 дури во 1.10 ч[асот] и се прибра во својот стан. Попладне излезе во 6.5 ч[асот] и отиде по "Егзарх Јосиф", влезе во Виенската слаткарница, каде што јадеше торта. Потоа продолжи по истата улица и отиде во продавницата на [....]чев бр. 152 - "Ц[ар]Борис". По 2 м[инути] престојување излезе и, по "Екз[арх] Јосиф", пл[оштадот] "Бански", "Искар" - влезе кај шивачот Греков, каде што седна да чита весник. Во 7.45 ч[асот] излезе од дуќанот и, бавно одејќи, се прибра во својот стан.

17 април

Денес Шаторов претпладне не излезе од дома. Дури во 4.10 ч[асот] попладне излезе и отиде на "Раковска" бр. 66 од каде што, во 5 ч[асот] попладне, заминуваа со куфери две жени и еден господин на околу 30 г[одини] со среден раст, облечен во црни алишта и црн капут, со црна долга брада. Овие патници се испра-

тени на улицата од М[етоди] Тасев и една стара госпоѓа. По заминувањето на пајтонот, Методи Тасев се прибра со старата г-ѓа и излезе во 7.35 ч[асот] попладне, прибирајќи се по “Раковска“ во својот стан.

18 април

Денес Методи Тасев цел ден беше во станот, без да биде посетуван од некого.

*АМВР, К - 13117, л. 32.*

**Бр. 18**
**Извештаи од полициското следење на Методија Шаторов**

**Софија, 5-15. V 1928 г.**

Р А П О Р Т

Ви реферирам, Господине началник, за следново:

5 мај 1928 г.

Методи Тасев Шаторов од пред два дена живее во нов стан на “Цар Симеон“ бр. 181, заедно со братот Кирил Шаторов и нивната мајка Иванка Т. Шаторова, на 60 год[ини], за кој само таа има пријава, а за двајцата се уште не е издадена.

8 мај 1928 г.

Излезе од својот дом во 10 ч[асот] претпладне заедно со мајка си и отиде во Десеттиот полиц[иски] участок, од каде што дури сега зеде пријави за себе и за неговиот брат. Со мајка си се раздели на улицата “Пиротска“, качувајќи се на трамвај, од кој слезе на пл[оштадот] “Св. Недела“ и, по бул[еварот] “Дондуков“ отиде кај зарзаватчијата на истата улица и на аголот на

“Бенковска“. По 5 м[инути] излезе оттука со адвокатска чанта и отиде по улицата “Веслец“, каде што сврти во станицата за Пирдоп. По 8 м[инути] задржување излезе и отиде на “Дондуков“ 1 - во млекарницата „Толстој“, каде што појадуваше. Потоа се врати назад на аголот “Дондуков“ и “Бенковска“ и разговараше 2 м[инути] со зарзаватчијата. По краткиот разговор со зарзаватчијата тој ги посети следниве места - продавниците за железарии на ул[ицата] “Нишка“, гаражата на ул[ицата] “Раковска“ 97, здружението на трговските претпријатија - “Леге“ 14, зарзаватчијата на “Дондуков“ и “Бенковска“, бараката бр. 4 на Солни пазар и во 8.20 ч[асот] попладне се прибра во својот дом.

<u>9 мај</u>

Во 9.20 ч[асот] претпладне излезе од својот дом и ги посети продавниците за железарии на ул[ицата] “Пиротска“, “Ц[ар] Симеон“ и “Ополченска“ по што, во 1.20 ч[асот] попладне, се прибра дома. Во 4.25 ч[асот] попладне Шаторов излезе од својот дом и отиде на Солни пазар во бараката бр. 4. Оттука излезе со лицето кое е сопственик на бараката, отидоа да купат платно за облека и го однесоа кај кројачот П. Греков на шиење. Зарзаватчијата излезе и отиде во бараката на Солни пазар, а Шаторов во Здружението на трговските претпријатија-на “Леге“ бр. 14. По малку време излезе оттаму, повторно отиде на Солни пазар и во 8.10 ч[асот] се прибра во својот дом.

<u>10 мај</u>

М. Т. Шаторов излезе од својот дом во 9.30 ч[асот] претпладне, се качи на трамвај на ул[ицата] “Пиротска“ и слезе на ул[ицата] “Црковна“. Тргна пеш по “Регентска“, така што ги обиколи сите дуќани каде што има железарски материјали, и околу 11.20 ч[асот] стигна до млекарницата „Линдберг“ на бул[еварот] “Дондуков“, каде што појадуваше. Потоа отиде на “Леге“ бр. 14, а оттаму на “Ц[ар] Симеон“ бр. 99 (бакалница со железарија).

Излезе во 11.40 ч[асот] и отиде во агенцијата „Сполука“ на пл[оштадот] “Св. Недела“ бр. 15 (отечественофронтовско гнездо). Кога излегол оттаму, агентот не можел да забележи, затоа што двата влеза на базарот не можат да се набљудуваат едновремено.

11 мај

М. Тасев излезе од дома во 10 ч[асот] претпладне по ул[ицата] “Брегалница“, “Пиротска“, по која влезе во продавниците за железарии бр. ??, исто и во бр. 56 (книжарница), од каде што зеде некакви стари обувки и отиде на Солни пазар, барака бр. 75, каде што затекна уште 4-5 души од околните зарзаватчии. Тука се задржа до 10 ч[асот] разговарајќи, по што излезе со еден од нив и отидоа во кафеанчето „Китка“ - на “Позитано“ бр. 7, каде што играа табла до 11 часот и 15 м[инути]. Оттаму излезе и отиде за “Ломска“ бр. 9 - продавница за железарии, потоа помина низ Халите, покрај бањата, влезе на 5 м[инути] во бакалницата на аголот на “Сердика“ и “Искар“, потоа на 5 м[инути] кај шивачот П. Греков, оттаму отиде на бул[еварот] “Дондуков“ во дуќанот за обувки „Вајс“, каде што го остави пакетот, излезе и влезе во бр. 7 - електротехничко биро „Фарадеј“ и во 12.35 ч[асот] тргна, се качи на трамвај и се прибра дома. Во 4,5 ч[асот] попладне излезе и отиде на 5 м[инути] во продавницата на “Ополченска“ бр. 33 и отиде на пазар во истата барака. Поради дождливото време тој и зарзаватчијата отидоа во кафеанчето на “Позитано“ 7 и играа табла до 7 ч[асот] попладне, а потоа отидоа на плоштадот “Св. Недела“, се качија на трамвај и се прибраа дома.

14 мај

Шаторов излезе од својот дом во 10 ч[асот] претпладне и отиде на бања. Во 11.50 ч[асот] излезе и се прибра во својот дом, без да излегува во останатото време од денот.

<u>15 мај</u>

Цело претпладне престојуваше во својот дом. Попладне излезе и отиде на „Царибродска“ бр. 42 - во куќа, од која излезе во 3.15 ч[асот] и отиде на “Леге“ бр. 14 - во Здружението на трговските претпријатија. Оттаму, по 5 м[инути] задржување, излезе и отиде кај шивачот П. Греков, каде што престојуваше кратко, излезе и отиде кај зарзаватчијата на аголот на бул[еварот] “Дондуков“ и “Банска“...........

*АМВР, К - 13117, л. 33.*

**Бр. 19**
**Извештаи од полициското следење на Методија Шаторов**

**Софија, 21-30. V 1928 г.**

... Се задржа 5 м[инути] и отиде да си ги земе обувките оставени за поправка, потоа на 5 м[инути] отиде на Солни пазар во бараката бр. 5, а оттаму во бр. 76 . Во 5.40 ч[асот] попладне излезе од бараката и отиде на “Позитано“ бр.7 - во кафеанчето „Китка“ - каде што пиеше кафе и читаше весници до 6 ч[асот], потоа на 5 м[инути] во бакалницата на “Ц[ар] Борис“ 99, оттаму по “Нишка“, “Пиротска“, “Брегалница“ и во 8.10 ч[асот] се прибра дома.

<u>22 мај</u>

Шаторов излезе од својот дом во 10 ч[асот] претпладне и, по “Ц[ар] Симеон“, на кратко влезе во бр. 92 (продавница за железарии); помина низ градината “Св. Никола“, влезе во продавницата за железарии на улицата “Ополченска“ бр. 81; на Солни пазар во бараката бр. 76; на “Алабинска“ бр. 48 во општоелектричното друштво „Светлина“, и оттука, по “Леге“, “Сердика“, “Искар“, “Раковска“, бул[еварот] ”Сливница“, помина под

железничкиот мост и ги обиколи сите фабрики во Индустрискиот кварт, потоа по “Гробарска“, влезе на 2 м[инути] во бр. 37 и 53, а на аголот на „М[арија] Лујза“ влезе во бакалницата, каде што седна да се одмори. Во 12.40 ч[асот] попладне се качи на трамвај и се прибра во својот стан. Излезе во 4 ч[асот] попладне, отиде по “Пиротска“, влезе во книжарницата на бр. 56, од каде што излезе со еден пакет од 10 см на 25 см и отиде по “Трговска“, “Леге“ бр. 14, од каде што, по 10 м[инути], излезе и отиде на “Дондуков“, на аголот со “Бенковска“ (зарзаватчилница), каде што седна да напише писмо, а потоа го читаше весникот „Новини“. Во 6.10 ч[асот] излезе и отиде на “Раковска“ бр. 66, каде што му го предаде пакетот на кафеџијата за да го предаде во домот на истата адреса. Оттаму отиде на “Тријадица“ бр. 3, од каде што, откако се избричи, излезе по “Сердика“, “Дондуков“, намина во млекарницата „А. Н. Толстој“ и по “Нишка“, “Странџа“, “Пиротска“, “Ц[ар] Симеон“ се прибра во својот стан.

<u>26 мај</u>

Методи Тасев денес излезе од дома во 10 ч[асот] претпладне и до 1.10 ч[асот] попладне ги обиколуваше железарските продавници по ул[ицата] “Нишка“, “Лавеле“, “Ц[ар] Борис“ и др. Влезе накратко во “Леге“ бр. 14 и кај неговиот брат (зарзаватчија на бул[еварот] “Дондуков“ и “Бенковска“), по што се качи на трамвај и се прибра во својот дом. Во 2.30 ч[асот] попладне излезе од дома и отиде на Солни пазар, во бараката бр. 76; после отиде да се избричи на улицата “Сердика“ и оттаму отиде на 5 м[инути] кај шивачот Греков и пак назад, на Солни пазар, на бр. 76. Оттука тој излегол преку задната врата и агентот го загубил.

<u>27 мај</u>

М. Т. Шаторов излезе од својот дом во 9.30 ч[асот] претпладне, отиде право во Воениот клуб на „Утрото“ организирано од Велешкотото и Солунското братство. Во 12 ч[асот] го напушти „Утрото“ и отиде во бутката што се наоѓа на аголот на „Гур-

ко“ и „Александар I“, се задржа 15 м[инути], потоа отиде во зарзаватчилницата на неговиот брат, од каде што, по малку, замина и се прибра во својот стан. Попладне не излезе од својот дом.

<u>28 мај</u>

Денес Методи Т[асев] Шаторов целиот ден го помина во станот.

<u>29 мај</u>

Методи Тасев Шаторов денес цел ден не е забележан никаде.

(За информација - овоштарницата - бараката на бул[еварот] “Дондуков“ и [нечитливо] е на брат му; бараката бр. 3 на Солни пазар е на Тодор Топ[...нечитливо], кој е на добар глас. Од истата барака бр. 3 како и од бр. 4 и бр. 7 се снабдува брат му. Тутунската трафика на аголот на „Гурко“ и „Александар I“ е на Данаил Т. Зојчев).

<u>30 мај</u>

Шаторов излезе од дома во 10.15 ч[асот] претпладне и отиде во продавницата за железарија на “Пиротска“ бр. 78, каде што предложи тенко [...нечитливо] железно телено платно, потоа се качи на трамвај и отиде на „Гроф Игнатиев“ бр. 52 - во фурната, каде што го месат лебот, се задржа до 11.45 ч[асот] претпладне. Излезе од фурната и влезе накратко во Друштвото АЕТ, потоа отиде на 5 м[инути] кај неговиот брат, а оттаму на „Московска“ бр. 1 - во складот за бензин и масла. По 2 м[инути] излезе и отиде на “Леге“ бр. 14, од каде што, исто по 2 м[инути], излезе и отиде на пл[оштадот] “Св. Недела“ - во кафеанчето „Баучер“. Тука, без да седнува, излезе и веднаш отиде на Солни пазар во бараката бр. 77, каде што разговараше со стопанот и во 1.25 ч[асот] попладне тргна и се прибра дома.

*АМВР, К - 13117, л. 31.*

**Бр. 20**
**Извештаи од полицискотo следење на Методија Шаторов**

**Софија, 1-29. VI 1928 г.**

МЕТОДИ ТАСЕВ ШАТОРОВ Препис

1 јуни 1928 г.

Методи Тасев Шаторов преку цел ден престојуваше во својот дом. Само мајка му, неколку пати претпладне и попладне, излегуваше до влезната врата, погледнуваше нагоре-надолу, како да очекува некого, и повторно се прибираше.

2 јуни о[ваа] г[одина]

Во 8 ч[асот] претпладне мајка му излезе и купи од блиската трафика еден утрински весник и се прибра. Во 10 ч[асот] Шаторов излезе по “Цар Симеон“, а мајка му остана на вратата до моментот кога тој сврти по “Брегалница“. На “Пиротска“ се качи на трамвај и слезе на “Регентска“ и “Априлов“. Тука, по ул[ицата] “Регентска“, тој ги обиколи сите колонијални и железарски продавници, кај артилериските касарни повторно се качи на трамвај и во 12.15 ч[асот] попладне слезе на ул[ицата] “Перник“ и оттаму се прибра дома. Попладне престојуваше дома.

5 јуни о[ваа]г[одина]

Шаторов целиот ден и ноќта ги помина во својот стан без да биде посетуван од некого.

6 јуни о[ваа]г[одина]

Методи Шаторов преку целиот ден не е забележан да излегува од својот стан. Само мајка му околу 9 ч[асот] прет-

пладне излезе и купи утрински весник и кисело млеко, а потоа се прибра дома.

<u>7 јуни о[ваа] г[одина]</u>

Претладне Шаторов не излезе од дома. Мајка му околу 9.30 ч[асот] купи весници и му ги однесе. Тој излезе во 1.45 ч[асот] попладне и отиде на Солни пазар, од каде што се прибра дома околу 6.30 ч[асот]. Околу 7 ч[асот] мајка му ги купи весниците „Новини“, „Дневник“ и „Македонија“ и му ги однесе.

<u>8 јуни о[ваа] г[одина]</u>

Шаторов излезе од дома во 8,30 ч[асот] претпладне и отиде на ул[ицата] “Царибродска“ бр. 44 каде што живее семејството на Иван Тодоров Врчков - зарзаватчија. Оттаму излезе во 9.30 ч[асот] и отиде на Солни пазар во бараката 76 каде што седна на разговор и кафе. Околу 12 ч[асот] се прибра дома. Попладне излезе во 3 ч[асот] и отиде пак на Солни пазар, од каде што околу 7 ч[асот] се прибра дома.

<u>9 јуни о[ваа] г[одина]</u>

Шаторов излезе од дома во 10,25 ч[асот] претпладне и отиде на ул[ицата] “Царибродска“ бр. 44. По 10 м[инути] излезе, се качи на трамвај и слезе пред џамијата. Отиде на бања и во 12.15 ч[асот] излезе и се прибра дома. Попладне излезе во 4.30 ч[асот] и отиде во бараката на брат му на “Дондуков“ и “Бенковска“, си ја зеде чантата и отиде на Солни пазар, каде што седна во една од бараките да пие кафе. Околу 6.30 ч[асот] попладне се прибра дома.

<u>28 јуни [1]928</u>

Претпладне Шаторов не излезе. Околу 8.30 ч[асот] претпл[адне] излезе мајка му и од блиската трафика купи весници. Во

4.5 ч[асот] поплад[не] Шаторов излезе по улицата "Цар Симеон" и, одејќи бавно, постојано се вртеше назад. Стигна до аголот на "Царибродска" и застана за да се сврти назад. Потоа отиде на "Царибродска" бр. 44, од каде што агентот не забележал кога излегол.

<u>29 јуни [1]928</u>

Методи Тасев Шаторов бил забележан околу 7.35 ч[асот] поплад[не] како се движи по ул[ицата] "Витошка" со лицето Михаил Георгиев Чаков, и тоа во многу интимен разговор. Двајцата влегле во бр. 46 - станот на Чаков, од каде што не излегле до доцна (9.20 вечерта), и агентот ја продолжил претходно наложената работа, така што оваа ја изоставил.

*АМВР, К - 13117, л. 30.*

**Бр. 21**
**Извештаи од полициското следење на Методија Шаторов**

**Софија, 11-14. VII 1928 г.**

<u>11 јули [1]928 г.</u>

Од 7 ч[асот] претпл[адне] до 3.30 ч[асот] поплад[не] не излезе од дома. Потоа излезе од куќата, при што мајка му стоеше на врата и набљудуваше дали ќе тргне некој по него. Се движеше по ул[ицата] "Ц[ар] Симеон". Минувајќи го мостот, пресече од едниот до другиот тротоар и го искористи тоа за да се сврти назад и да дознае дали го следат. Ја помина градинката "Св. Никола", излезе на "Пиротска" и отиде на бр. 53 - книжарницата „Светлина" на Георги Крстев. По 40 м[инути] излезе и отиде во Виенската слаткарница на ул[ицата] „Егз[арх] Јосиф" (под хот[елот] „Лидо Венеција").

Во 7 ч[асот] излезе од слаткарницата (каде што разговарал со сопствениците) и по „“Ц[ар] Борис““, „Нишка“, „Бр. Миладинови“, “Позитано“ и на плоштадот - таму каде што плоштадот го сече ул[ицата] „Ц[ар] Самуил“ влезе во втората барака, десно. Околу 8 ч[асот] замина дома.

<u>12 јули [1]928 г.</u>

Преку целиот ден не е најден никаде.

<u>13 јули [1]928 г.</u>

Утрото беше во својот дом. Во 4.30 ч[асот] поплад[не] излезе и по “Ц[ар] Симеон“, “Алдомировска“, “Пиротска“ - кај мостот се качи на трамвај. Слезе на бул[еварот] “Драгоман“ и по “Цар Самуил“ отиде на пл[оштадот] “Позитано“ во истата зарзаватчиска барака. Во 6 ч[асот] излезе од бараката и отиде во млекарницата „Толстој“ на пл[оштадот] “Света Недела“. По 10 м[инути] излезе и по “Дондуков“, “Трговска“ во почетокот на “Пиротска“ се качи на трамвај за “Јуч-Бунар“ (во движење) и агентот го остави.

<u>14 јули [1]928 г.</u>

Во 11 ч[асот] претпл[адне] излезе од дома, зеде трамвај и слезе на бул[еварот] “Драгоман“, од каде што отиде на ул[ицата] “Позитано“ во истата зарзаватчиска барака (стопан е брат му). Одејќи по ул[ицата] “Бр. Миладинови“ (за кон “Позитано“), се сретна со Хр[исто] Калајџиев[145] - без да се поздрават. По краток

[145] Христо Калајџиев (1886-1964), деец на левицата во македонското револуционерно движење и на БКП. Еден од основачите на Работничката партија и редактор на нејзиниот орган “Работническо дело”, член на Извршното биро на ЦК на БКП, народен пратеник во Народното собрание на Бугарија (1927-1931). По Втората светска војна бил претседател на Сојузот на македонските културно-просветни друштва во Бугарија, член на ЦК на БКП (1958-1964) и пратеник во Народното собрание на НР Бугарија.

разговор со брата си, Шатор излезе од бараката, отиде на пл. “Св. Недела“, се качи на подуенскиот трамвај и слезе кај печатницата „Дневник“ и, по ул[ицата] ”Банско“ влезе во рускиот Црвен крст. По 25 м[инути] излезе и, по истиот пат со трамвај, слезе на “Св. Недела“ и отиде на пл. “Позитано“ - во бараката на брата си. По малку, по ул[ицата] “Ц[ар] Самуил“, “Пиротска“ - влезе во бр. 56, книжарницата „Изгрев“. Се задржа 10 м[инути] и се прибра дома. Попладнето не излезе.

*АМВР, К - 13117, л. 27.*

**Бр. 22**
**Извештаи од полициското следење на Методија Шаторов**

**Софија, 15-18. VII 1928 г.**

15 јули [1]928 г.

Во 8.30 ч[асот] претпл[адне] излезе од дома и по “Ц[ар] Симеон“, „Алдомировска“, “Пиротска“ влезе во бр. 56 - книжарницата „Изгрев“. Се задржа 10 м[инути] и по “Пиротска“, “Цар Борис“ - сврти во Народниот суд. По 10 м[инути] излезе и тргна по “Ц[ар] Борис“ во насока кон ул[ицата] “Клементина“. Малку по него, од истиот суд излезе и Петар Георгиев.

Шатор отиде на пл[оштадот] “Позитано“ - во зарзаватчилницата на брата си. По малку излезе и си отиде дома, качувајќи се на трамвај на бул[еварот] “Драгоман“. Попладне не е забележан.

17 јули [1]928 г.

Во 8.10 ч[асот] претпл[адне] излезе мајка му, купи утрински весници и му ги однесе. До пладне Шатор не излезе. Во 3.30 ч[асот] попладне Шатор излезе од дома и, по ул[ицата] “Ц[ар] Симеон“, покрај реката “Пиротска“, преку мостот на “Пиротска“

се качи на трамвај, слезе кај „Дневник“ и по “Ботев“, преку празното место - отиде во болницата на рускиот Црвен крст. Се задржа околу 15 м[инути] и отиде во зарзаватчилницата на брат му на пл[оштадот] “Позитано“. По 15 м[инути] отиде во млекарницата „Кокиче“ на “Витошка“(до кафеанчето Б). По 10 м[инути] замина во централната општина. Излезе по 5 м[инути] и по “Алабинска“, “Цар Калојан“ (тука почна да итрува и многу често да се врти, поради што агентот го остави).

Агентот го чекаше пред неговата куќа. По 25-30 м[инути] Шатор се прибра.

При неговото излегување во 3.30 ч[асот] сестрата на Шатор стоеше 5 м[инути] пред вратата гледајќи дали брат и ќе биде следен.

<u>18 јули [1]928 г.</u>

Во 10 ч[асот] претпладне излезе од дома и отиде во бараката на брат му на пл[оштадот] “Позитано“. Во 11.30 ч[асот] отиде во Народниот суд. Таму се задржа 10 м[инути] и се врати назад во зарзаватчилницата. Во 12.30 [часот] замина дома.

Во 5 ч[асот] попладне излезе од дома и отиде во Народниот суд. Се задржа 10 м[инути] и по “Ц[ар] Борис“, крај Католичкото училиште, „Трапезица“, “Ломска“, “Нишка“, “Дондуков“, “Веслец“ - сврти на “Искар“ и влезе во бр. 7 - шивачницата на Петар Греков. Во 7. 20 ч[асот] излезе и отиде кај брат му на ул. “Позитано“. Многупати се вртеше. Во 8 ч[асот] си тргна за дома, а бидејќи продолжи често да се врти, агентот го остави.

*АМВР, к - 13117, л. 24.*

**Бр. 23**
**Извештаи од полициското следење на Методија Шаторов**

**Софија, 2-7. VIII 1928 г.**

МЕТОДИ ТАСЕВ ШАТОРОВ

2 август 1928 г.

Методи Тасев Шаторов излезе од дома во 9.30 ч[асот] претпладне и отиде на панихида во црквата "Св. Петка". Во 10.30 ч[асот] претпладне излезе од црквата и отиде во бараката бр. 78 на Солни пазар, каде што остана до 11.30 ч[асот] претпладне и потоа со трамвај замина дома. Попладне тој ден не беше забележан да излегува.

3 август 1928 г.

Шаторов излезе од дома во 9.30 ч[асот] претпл[адне] и отиде на Солни пазар во бараката бр. 78, каде што остана до 11.30 ч[асот] претпладне, по што се прибра дома. Попладне излезе во 5.10 ч[асот] и отиде право во бараката бр. 78. Таму со зарзаватчиите до 8.10 ч[асот] попладне правеа некаква пресметка, по што се прибра дома.

4 август 1928 г.

Шаторов излезе во 10 ч[асот] претпл[адне] и отиде право на Солни пазар - барака бр. 78. Тука до 12.15 ч[асот] попладне, седнат на стол, пишуваше. Потоа стана и си отиде дома. Попладне излезе во 4.40 ч[асот] и отиде пак до истата барака. Тука остана до 7.34 ч[асот] попладне. Потоа пак си отиде дома.

6 август 1928 г.

Излезе од дома во 9 ч[асот] претпл[адне] и отиде право во бараката бр. 78, каде што остана до 11.50 ч[асот] претпладне, потоа излезе со еден тефтер в рака и си отиде дома. Попладне излезе во 4.15 ч[асот] и отиде пак во истата барака. Во 7.35 ч[асот] излезе од бараката и до 8.50 ч[асот] им раздаваше на трговците некакви листови, потоа си замина дома.

7 август 1928 г.

Изутрината излезе од дома и отиде право во бараката бр. 78, каде што остана до 11 ч[асот]. Потоа замина и обиколи неколку касапници на ул[ицата] “Пиротска“(бр. 43, 77, 81), по што се прибра дома. Попладне излезе во 3.45 ч[асот] и отиде на Солни пазар. Таму остана до 8.10 ч[асот] во разговор со разни зарзаватчии, по што, со трамвај, се прибра дома.

*АМВР, К - 13117, л. 25.*

## Бр. 24
## Записник од претресот на домот на Методија Шаторов

**Софија, 5. IX 1928 г.**

ЗАПИСНИК ОД ПРЕТРЕС

Денес, на 5 септември 1928 год. Ст. (?) Софија јас, долупотпишаниот агент Никола Григоров при Дирекцијата на Полицијата, следејќи ја заповедта на господинот директор на Полицијата, во присуство на Георги Георгиев, кој живее во Софија, ул. „Цар Симеон“ бр. 181, и помл[адиот] полициски стражар при Првиот пол[ициски] участок Димитар Иванов, направив државен претрес во домот на Методи Тасев Шатор, кој живее

на ул. „Цар Симеон“ бр. 181, при што не беше откриено ништо од бараните предмети.

Овој записник е составен, прочитан и потпишан од погоренабројаните лица.

Претресуван: (потпис) М. Шатор
Присутни: (потписи) Г. Георгиев
Д. Иванов)

Записникот го состави и претресот го изведе: (потпис) Н. Григоров

*АМВР, С-105026, т. IV, л. 114.*

**Бр. 25**
**Акт на Дирекцијата на полицијата во Софија за апсењето на Методија Шаторов**

**Софија, 5. IX 1928 г.**

ДИРЕКЦИЈА НА ПОЛИЦИЈАТА Задача: Да се уапси лицето Методи Шаторов
85 група II
5. IX 1928 г.
Ст. Софија

До Господинот началник
на Внатрешната политичка служба

Р А П О Р Т бр. 31

Ве информирам, Господине началник, за следново: Денес, на 5. IX 1928 г., по Ваша заповед го притворив лицето Методи Тасев Шаторов, со место на живеење на улица :”Цар Симеон“ бр. 181, кој е затворен во Дирекцијата на полицијата.

Агент бр. 85/ VI гр.

*АМВР, К - 13117, л. 38.*

**Бр. 26**
**Барање на Дирекцијата на полицијата во Софија за продолжување на притворот на Методија Шаторов со групата активисти-комунисти**

**Софија, 15. IX 1928 г.**

МПНЗ
ДИРЕКЦИЈА НА ПОЛИЦИЈАТА
ОДДЕЛ ДРЖАВНА БЕЗБЕДНОСТ До Господинот
Бр. 22455 јавен обвинител при Соф.
IX 1928 г. окр. суд
Овде
ГР. СОФИЈА Вл. бр. 16340
15. IX 1928 г.

Бидејќи се задржани во притвор од Дирекцијата повеќе од пет луѓе во врска со разоткриената нелегална комунистичка организација, а десетдневниот рок е сосема недоволен за нивно опстојно распрашување, Ве молам, Господине јавен обвинител, да дозволите да се задржат уште десет дена следниве лица од центарот на истата организација: Георги Костов Ковачев, Димитар Ненов Гочев, Иван Фратев Попов, Лалју Георгиев Ширков, Методи Тасев Шатаров, Петар Георгиев Желјасков[146], Нико Георгиев Покровнишки, Михаил Пенџерков и

Заклучок: Ова го изнесувам во судот за да се постави прашањето за продолжување на рокот на полициското задржување за уште 10 дена, како што се бара од дир[екторот] на Полицијата. Во врска со прашањето за давање одобрение по

[146] Петар Георгиев (Желјасков) (1891-1978), член на БРСДП од 1910 г. Редактор на в. "Работническо дело" (1918-1923), од 1923 г. е член на ЦК на БКП, политички секретар на ИБ на ЦК на БКП (1926-1928). Бил главен редактор на в. "Работническо дело" (1945-1950), професор на Софискиот универзитет (1951-1961) и директор на Институтот по историја на БКП при ЦК на БКП (1956-1962).

чл. 79 од КЗ, почитуваниот суд има веќе практика што е утврдена од Соф[искиот] ап[елационен] суд.

26. 9/28 Пр. (потпис – нечитлив)

*АМВР, С-105026, т. I, л. 43.*

**Бр. 27**
**Молба од Иванка Шаторова, мајката на Методија Шаторов, до директорот на полицијата во Софија, тој да биде пуштен од затворот поради болест**

**Софија, 17. IX 1928 г.**

До директорот на
Полицијата
Овде

Молба
од Јонка Шаторова Ју[...]шкова
бегалка од гр. Прилеп
жив[ее] во Софија, ул. „Ц[ар] Симеон“ бр. 181

Господине директоре,

Пред 13 дена, од политичкото одделение на Дирекцијата е уапсен син ми Методи Шаторов. Бидејќи син ми од времето на неговото интернирање во гр. Горна Џумаја во текот на 1925 година, каде што заболе од тифус во Горна Џумаја никако не е лекуван, му останаа последици од болеста во цревото, која компликација не можеше да се излекува сè до денес, и покрај сите грижи покажани од нас, неговите блиски. Во текот на тие три години тој водеше еден специјален режим на исхрана за да може да го намали крвавењето по големата нужда предизвикано од болеста во цревата. Бидејќи режимот на затворот му ја влоши здравствената состојба, јас, старата бежанка, на колена Ве преколнувам да се заземете да биде прегледан и испратен на

лекување во болницата додека не се дознае дали за нешто е виновен, за да не ја изгубам мојата единствена поткрепа во животот.

Ве молам, Господине, (...)[147] спасете еден човечки живот додека не се установи дали е виновен или не.

Со почит,

(потпис) Иванка Шаторова

Софија, 17 септември 1928 г.

Заклучок: Внатр. сл. да го прегледа лекар и ако има нужда да го испратат во болница.
19. IX 1918
Печат: МВРНЗ ДИРЕКЦИЈА НА ПОЛИЦИЈАТА
Оддел – Д[ржавна] б[езбедност]
Вл. бр. 3256 Дело бр.
Примено на 18. IX 1928

*АМВР, К- 13117, л. 35.*

**Бр. 28**
**Изјава на Методија Шаторов**
**пред полициските органи во Софија**

**18. IX 1928 г.**

Печат: МВРНЗ ДИРЕКЦИЈА НА ПОЛИЦИЈАТА
Оддел – КРИМИНАЛЕН
Вх. бр. 7474 Дело бр.
Примено на 18. IX 1928

[147] Нечитлив збор.

Распрашан Методи Тасев Шатор, род. во гр. Прилеп – Македонија, жив. на ул. „Цар Симеон“ бр. 181, 31-годишен, неженет, писмен, Бугарин, источноправославен, трговски службеник, под суд и под истрага... изјави:

Од пред 4 години наваму не сум се занимавал со никаква работа – ниту од општествен карактер, ниту пак болеста ми допушташе да си ја гледам дури и приватната работа. Долги месеци лежев во кревет дома и во болница. Не земав и не земам никакво учество во Комунистичката, ниту во Работничката партија. Не знам и немав ништо заедничко со нелегални организации. Кога донекаде заздравував, се зафаќав со приватна работа за да извадам за прехрана за мене и за мојата стара мајка. Со Петар Георгиев се познавам од пред 5-6 години и тоа познанство стана случајно, во клубовите на синдикатите и партијата, но како и тогаш така и сега со него не сум имал ниту синдикална, ниту партиска работа. Ако сум се видел со него оваа година во „Батенберг“ и ако сум разговарал, тоа било случајно и ништо од нелегална природа, ниту пак сум влегувал во некаков комитет. Тоа може да го потврди и спомнатиот господин Петар Георгиев. Стоев и разговарав со многу луѓе – било по дуќаните, локалите или на улица, и во најголемиот број случаи темата на нашите разговори беше во врска со мојата болест, за што бев принуден да зборувам со одбивност. Повеќето од времето, кога не бев на работа и бев тешко болен, го минував в кревет.

Потпишал: (потпис – М. Шатор)

*АМВР, К- 13117, л. 36.*

## Бр. 29
## Изјава на Иванка Шаторова, мајка на Методија Шаторов, до обвинителот на Софискот окружен суд

**Софија, 24. IX 1928 г.**

До Господинот обвинител
при Окружниот суд
Софија

И З Ј А В А
Од Ионка Тасева Шаторова,
ж[ител] на гр[адот] Софија, ул[ица] ”Цар Симеон“, бр. 181

Господине обвинител,

На 5-ти о[вој] м[есец] син ми Методи Шаторов беше затворен и до денес е во притвор во Дирекцијата на полицијата. Зошто е тоа направено, не ни е познато: јас, неговата стара мајка, како и неговите помали браќа, сме под страшен морален притисок од таа неизвесност, дотолку повеќе што тој нема добро здравје. Но, со неговото затворање ние сме лишени од нашата единствена материјална издршка. Ете поради што, кога ќе го имате предвид тоа, Господине обвинител, Ве молам најучтиво да го направите неопходното да се побара коресподенцијата за да се види причината за неговиот притвор, веќе дваесет дена, и - ако има основа за тоа - да се спроведе редовна судска истражна постапка, така што син ми да биде испратен во Централниот затвор, а доколку нема таква - да биде ослободен без одлагање.

Гр[ад] Софија, 24 септември 1928 год. Со почит,
(Потпис) Иванка Шаторова

Мн[огу] брзо

Ова го испраќам во Дирекцијата на полицијата за да се дадат информации во врска со жалбата и, ако е извршен престап, да се побара дозвола за притворање за повеќе од 24 часа, ако е тоа неопходно, во спротивен случај [лицето] да се ослободи.

Бр. В 17098, ........гр[ад] Софија 27. IX [1]928 год.

Обвинител: [потпис нечитлив]

Секретар: [потпис нечитлив]

*АМВР, К - 13117, л. 37.*

**Бр. 30**

**Барање на Дирекцијата на полицијата во Софија за продолжување на притворот на Методија Шаторов со групата активисти-комунисти**

**Софија, 29. IX 1928 г.**

МПНЗ
ДИРЕКЦИЈА НА ПОЛИЦИЈАТА
ОДДЕЛ ДРЖАВНА БЕЗБЕДНОСТ
Бр. 22615

29. IX 1928 г.
ГР. СОФИЈА

Вл. бр. 17402
29. IX 29/1928 г.
До Господинот
јавен обвинител при
Соф. окр. суд
Овде

Кон бр. 22455
14.IX о.г.

Бидејќи досега определениот рок за задржување на лицата: Георги Костов Ковачев, Димитар Ненов Гочев, Лалју Георгиев Ширков, Методи Тасев Шаторов, Петар Георгиев Желјасков, Нико Георгиев Покровнишки, Михаил Пенџеров, Георги Хр. Даскалов (Мирчо) и Јонко Панов (Пергела) е сосема недоволен за нивно опстојно распрашување, молам, Госпо-

дине јавен обвинителу, да се определи нивно задржување за уште 10 дена.

Началник на одделот: (потпис – Митев?)

Н[ачални]к на внатр[ешната] полит[ичка] служба: Ст. Драганов

Мн[огу] итно

Ова го испраќам во Соф[искиот] окр[ужен] суд кон бр. 11071 од 20. IX [1]928 год. со молба да го продолжи барaниот рок во согл[асно]ст со чл. 79 од ЗЗД бр. 11262 гр. Софија 29. IX [1]928 г.

Јавен обвинител: (потпис – нечитлив)

Секретар: (потпис – нечитлив)

Заклучоци:
Вл. бр. 25705 / 27. IX [19]28 г.
Итно! / Внат. 3 / 1. X [1]928 г. за претс[едателот]
(потпис – нечитлив)

*АМВР, С-105026, т. I, л. 35.*

## Бр. 31
## Записник од распитот на Методија Шаторов од страна на Дирекцијата на полицијата

**Софија, 29. IX 1928 г.**

Записник од распит

Денеска, на 29. IX 1928 година јас, долупотпишаниот Стоил Драганов, началник на Внатрешната политичка служба при Дирекцијата на полицијата, врз основа на усната заповед на началникот на одделот Државна безбедност, пристапив кон водење на следната истрага по обвинението на Методи Шаторов, задржан во притвор во Дирекцијата на Полицијата, обвинет како член на нелегалната комунистичка организација: Се

викам Методи Тасев Шаторов, родум од гр. Прилеп (Македонија), на 31-год[ишна] возраст, Бугарин, писмен, источноправославен, неженет, трговски службеник, неосудуван, со стан на ул. „Цар Симеон“ бр. 181, изјавувам:

Со Петар Георгиев се познавам од пред неколку години. Болен сум од пред 4 год[ини] и оттогаш не се занимавам со никакви конспирации. Во минатата година, кога заминав во Виена, од никого не бев задолжуван, ниту пак се среќавав при заминувањето со некој конспиратор. Се вратив од Виена во м. февруари. При пристигнувањето не носев никакви документи и писма. Со г. Петар Георгиев се сретнав пролетта во пивницата „Батенберг“, каде што бев отиден да јадам. За сето време разговарав со него околу тоа како сум со болеста. Него го среќавав и случајно по улиците, каде што само разменувавме поздрави. Со Михаил Чаков се познавам долги години. Со него се среќавав често и одев кај него во дуќанот, каде што многупати присуствував по 1-2 часа, но секогаш водевме обичен разговор. Особено по моето влошување во мај и.г., кога не можев да се движам, често седев во неговиот дуќан. Не правев никаква конспирација со него, ниту пак тој ми предавал нешта или луѓе од организацијата на нелегалните. Во месеците мај, јуни, јули и август 4/5 од времето го поминував дома во креветот. Болестите не ми дозволуваа да се занимавам со ништо. Околу 5 август се зафатив со малку работа во зеленчуковиот еснаф, што до максимум ми ја влоши ситуацијата. Одрекувам сѐ што кажал за мене Георгиев, зашто не го правев тоа. Ако горните лица кажуваат нешто за мене – тоа е сигурно за да се оттргнат од одговорноста.

Горното го напишав своерачно: (потпис – М. Шатор)

Истрагата ја водеше: (потпис – нечитлив)

Присутни лица: (потпис), живее на ул. „Странџа“ бр. 60, Петар Ефтимов(потпис), живее на ул. „М. Лујза“ 78, Никола Јанкулов

*АМВР, С-105026, т. IV, л. 115.*

**Бр. 32**
**Записник од распитот на Методија Шаторов во Дирекцијата на полицијата во Софија**

**Софија, 29. IX 1928 г.**

ЗАПИСНИК ОД РАСПИТОТ

Денес, ... 1928 г. јас, СТОИЛ ДРАГАНОВ, началник на Внатрешната полит[ичка] служба при Дирекцијата на полицијата, врз основа на усната заповед на началникот на Одделот за државна безбедност, пристапив кон спроведување на следната информација по обвинението на задржаниот во притвор во Дирекцијата на полицијата МЕТОДИ ТАСЕВ ШАТОРОВ, обвинет како член на нелегалната комунистичка организација: Се викам Методи Тасев Шаторов, родум од гр[адот] Прилеп (Македонија), 31 год. возраст, Бугарин, писмен, источноправославен, неженет, трговски службеник, неосудуван, живеам на ул[ицата] "Цар Симеон", бр. 181, изјавувам:

Со Петар Георгиев се познавам неколку години. Од пред 4 години сум болен и не се занимавам со конспирации. Во минатата година, кога заминав за Виена, од никого не бев ангажиран, ниту пак се среќавав при заминувањето со некој конспиратор. Од Виена се вратив во м[есец] февруари. При пристигнувањето не носев никакви документи и писма. Се сретнав со г. Петар Георгиев пролетта во пивницата „Батемберг", каде што отидов да се хранам. Цело време разговаравме за тоа како поминав и како сум со болеста. Со него се среќавав случајно и по улиците, при што само се поздравувавме. Со Михаил Чаков се познавам многу години. Со него се гледав често и одев кај него во дуќанот, но секогаш водевме обични разговори. Особено по влошувањето на здравјето во м[есец] мај о[ваа] г[одина], кога не можев да се движам, често седев во неговиот дуќан. Никаква конспирација не вршев со него, ниту пак ми предаваше нешта или луѓе од организацијата на нелегалните. Во мај, јуни, јули и август 4/5 од времето го поминав дома, во постела. Болестите не ми дозволија да се

занимавам со ништо. Околу 5 август се зафатив со малку работа во зарзаватчискиот еснаф, што максимално ми ја влоши состојбата. Негирам се што е кажано од Георгиев на моја адреса, затоа што не го правев тоа. Доколку горните лица кажуваат нешто за мене - сигурно сакаат да се извлечат од одговорноста.

Горното го напишав своерачно: [потпис] М. Т. Шаторов

*АМВР, К - 13117, л. 19.*

## Бр. 33
## Записници од соочувањата на Методија Шаторов со уапсените лица

**Софија, 1. X 1928 г.**

Записник од соочување

Денеска, на 1 октомври 1928 г., јас, долупотпишаниот Драган Геров, подначалник на надворешната политичка служба при Дирекцијата на Полицијата, врз основа на усна заповед на началникот на одделот на Државната безбедност, направив соочување помеѓу лицата Методи Шаторов, Михаил Чаков, Петар Георгиев и Нико Покровнишки, обвинети како членови на илегална комунистичка организација.

Направено е соочување помеѓу лицата Методиј Шаторов и Михаил Чаков, при што Михаил Чаков изјави: Го познавам Методиј Шатеров од 1921 година. Се запознав со него додека работеше во фирмата „Рубљов & Аранович“, трговци на ул. „Дундуков“. Јас како железнички посредник товарев стока за превоз на станицата и Методиј Шаторов ми ја издаваше, а јас ја примав. Го познавам уште од синдикатите на Сојузот на трговските и банкарските службеници, каде што и двајцата бевме десетници. Од 1925 година тој речиси постојано боледува од неизлечива болест. Заради тоа беше и во Виена, бидејќи овдешниве лекари не можеа да го излечат. Откако се врати од Виена, случајно го сретнав на ул. „Марија Лујза“ и разговарав-

ме за текот на неговата болест и за други нешта, меѓу другото тој ми рече дека сака да се сретне со Петар Георгиев. Јас го најдов Петар Георгиев и му кажав дека Методи Шатеров сака да го сретне. Една вечер Петар Георгиев му закажа средба во пивницата „Батенберг – галерија", не помнам во колку часот. Средбата се случи во април и.г.

Горните искази ги напиша своерачно

1 октомври 1928 год. (потпис) М. Чаков

Лицето за кое зборував погоре е Методи Шаторов (потпис)

М. Чаков

Методи Шаторов изјави: Го познавам Михаил Чаков долги години, уште кога беше службеник во „Д[ружт]вото Маритима", а јас бев службеник во фирмата „Рубљов & Аранович", бул. „Дундуков". Често носев (фр..ти?) и му давав стока на Чаков, а исто така и примав. Порано двајцата бевме синдикални десетници. Од 1925 година јас боледувам и откако ги обиколив сите болници и професори бев принуден да заминам на лекување во Виена, заради што се снабдив со средства и од дома и од роднини. Заминав во мај [1]927 год., а се вратив во текот на февруари и. г. Во Софија го сретнав Михаил Чаков, со кого бев близок. Не помнам кога првпат се сретнав со него, ниту помнам дека сум го наговарал да ме состане со Петар Георгиев во „Батемберг". Но едно со сигурност знам, дека за време на пролетта и. г. се видов со Петар Георгиев во пивницата „Батенберг", каде што на иста маса јадевме и разговаравме на општи теми и за мојата болест.

Напиша своерачно: (потпис) М. Шатор

При соочувањето меѓу Методи Шаторов и Нико Покровнишки, вториот изјави:

Посоченото лице, кое во мое присуство рече дека се вика Методи Шаторов, јас го знам под името Ангел. Ова лице, Ангел, го среќавав во станот на Јонко – задр[ужен] дом, на ул. „Алавинска“ бр. 37, во собата 175. Тоа беше кон крајот на јуни или во почетокот на јули 1928 г. По тоа време веднаш го поканивме да појадува со нас – јас и Јонко Панов, на што Ангел (Методи) Шаторов одговори дека не може да јаде, бидејќи држи диета, оти страдал од болест на дебелото црево – имало некакви црвчиња во цревото и затоа не може да јаде каква и да е храна. Се сеќавам дека еднаш дојде кај Јонко и еднаш за да ме види мене. Друго за него не знам.

Напиша своерачно: (потпис) Н. Покровнишки

Методи Шаторов изјави: Посоченото лице, кое во мое присуство се нарече Нико Покровишки, јас не го познавам. Во неговиот стан, ниту во станот на Јонко Панов немам одено.

Потпиша своерачно: (потпис) М. Шатор

При соочувањето меѓу Петар Георгиев и Методи Шаторов првиот изјави:

Посоченото лице е Методи Шаторов, кого лично добро го познавам од пред неколку години од клубот на партијата. Во април [1]928 г. Мих. Чаков ме извести дека е пристигнат истиот – Методи Шаторов, и дека сака да се сретне со мене. Договоривме средбата да се случи во пив[ницата] „Батенберг“. Притоа примив писмо (не можам да се сетам кој ми го предаде) од задграничниот ЦК, во кое се наредуваше да се прифати Мет. Шаторов за раководител на Софиската организација, како и да му се довери организирањето на комисијата за работење сред националослободителните организации. Горното писмо од ЦК беше примено или претходно преку М. Чаков, или направо од М. Шаторов. Во неколкуте средби потоа во пив[ницата] „Батенберг“, договорени претходно, на кои зборувавме за пра-

шања од политички и од организационен карактер.[148] Како човек на организацијата, му дадов нешто околу 3-4 илј[ади] лева. Средбата договорена преку Чаков навистина се одржа во пив[ницата] „Батенберг“ и во согласност со наредбата, посочената работа му се довери на М. Шаторов.

Горното го напишав своерачно: (потпис) П. Жељасков

Методи Шаторов изјави: Посоченото лице Петар Георгиев Жељасков го знам долго време. Средбата што ја спомenува се случи во пивницата „Батенберг“, но не по некаков претходен договор. Сето друго што е кажано и погоре напишано го одрекувам како невистинито.

Напиша своерачно: (потпис) М. Шаторов

Лицето за кое зборувам на првата страница, посочено од мене, го знам, се вика Методи Шатеров.
(потпис) М. Чаков

Соочувањето го водеше: (потпис)

1 октомври 1928 г.
Софија
Присутни лица: 1. (потпис), живее на ул. „Странџа“ бр. 60
(Петар Ефтимов)
2. (потпис), живее на ул. „М. Лујза“ 78
(Никола Јанкулов)

*АМВР, С-105026, т. IV, л. 116-117.*

[148] Реченицата е неправилна во оригиналот.

**Бр. 34**
**Известување на Кривичното одделение на Софискиот суд за продолжувањето на притворот на Методија Шаторов со групата активисти-комунисти**

**Софија, 2. X 1928 г.**

Вл. бр. 17616 / 2. X 928
I КРИВИЧНО ОДДЕЛЕНИЕ

Ова, заедно со решението на судот бр. 1490, му го испраќам на јавниот обвинител при судот за распоредување.

... (потпис – нечитлив)

Бр. 25939

Решение
бр. 1490
I НО – РЗ – 2. X [1]928 г.

Откако ги зеде предвид писмото на дир[екторот] на Полицијата бр. 22615 од 29. IX [1]928 г. и податоците кон преписката на [...] вл. бр. 16340/928 г., наоѓа дека е неопходно за успехот на истрагата да продолжи задржувањето на лицата посочени во писмото на дир[екторот] на Полицијата бр. 22615/1928 г., поради што, во согласност со чл. 179

одлучи

Во интерес на истрагата, се дозволува да бидат задржани лицата Георги Костов Ковачев, Димитар Ненов Гочев, Иван Фратев Попов, Лалју Георгиев Ширков, Методи Тасев Шаторов, Петар Георгиев Жељасков, Нико Георгиев Покровнишки, Михаил Пенџерков, Георги Хр. Даскалов (Мирчо) и Јонко Панов (Пергела) до 6 октомври 1928 година вклучително.

Претседател: (потпис – нечитлив)
Членови: (потписи – нечитливи)
Секретар: (потпис – нечитлив)

*АМВР, С-105026, т. I, л. 36.*

**Бр. 35**
**Записник од распитот на Методија Шаторов од истражен судија**

**Софија, 19. X 1928 г.**

Записник
од распит на обвинет бр. _____
Гр. Софија, 19 октомври 1928 год.

Ние, Ив. Костојчинов, истражен судија при Софискиот окружен суд, на Седмиот участок во гр. Софија, врз основа на решението бр. 1 од 12 октомври о.г., денес ги распрашавме во својство на обвинети во делото бр. 199/1928 год. следниве лица, кои на прашањата што им ги поставивме секому одделно, одговорија:

Се викам Методи Тасев Шаторов, родум од гр. Прилеп, Македонија, живеам во Софија, ул. „Цар Симеон" бр. 181, 31 год[ишен], Буг[арин], прав[ославен], нежен[ет], пис[мен], трговски службеник, одговарам:

Никогаш не бев член на Бугар[ската] комун[истичка] партија кога таа беше легална. Како трговски службеник, во текот на 1921 г. станав член на Сојузот на трговските службеници, сојуз што влегуваше во Работничкиот синдикален сојуз. Тој се растури кога се растури и Ком[унистичката] партија. Потоа, во текот на 1924 година, се создадоа независните работнички синдикати и јас бев член во Синдикатот на трговските службеници. Во текот на 1925 г. заболев од стомачна болест, од која страдам и сега. Долго време се лекував во Александриската болница и дома. Во текот на 1926 година заминав во Виена само за да ми се одреди дијагнозата и набрзо се вратив. Се лекував тука во Софија, но без резултати. Во текот на мај 1927 г. пак заминав во Виена за да се лекувам. Таму се лекував во Државната болница до февруари и. г., кога се вратив со извесно подобрување. Во Виена се среќавав само со еден мој братучед. Од информациите од весниците знам дека Задгр[аничниот] центр[ален] ком[ите]т на нелегалната Ком[унистичка]

партија е во Виена. Со никаков комунист или член на Задгр[аничниот] централен] ком[ите]т на Б[угарската] нелег[ална] ком[унистичка] партија во Виена ниту се среќавав, ниту зборував во врска со нелег[алната] Ком[унистичка] партија. Не знам кои лица влегуваа тогаш во Задгр[аничниот] централен] ком[ите]т. Пред да си дојдам тука во София, никој од раководството на нелег[алната] К[омунистичка] партија или на Центр[алниот] к[омите]т во Виена не ме сретна, ниту ме задолжи да се зафатам со организациона работа тука во София, не ми наложи да се сретнам со Петар Георгиев Жељасков и за него не ми е дадено никакво писмо од Задгр[аничниот] централен] к[омите]т. По враќањето од Виена, како со познат се сретнав со Михаил Чаков, кого го знам од пред 6-7 години. Наскоро по идењето од Виена или пак во текот на април и.г. не го имам прашано Михаил Чаков дали го знае Петар Георгиев Жељасков и, откако наводно ми кажал дека го познава, да сум му порачал да му каже на Петар Георгиев Жељасков дека сакам да го видам. Такво нешто не му имам кажано на Михаил Чаков и тој никогаш и никаде не ме има состанувано со Петар Георгиев Жељасков и јас на последниов не му имам предадено никакво писмо од Задгр[аничниот] цен[трален] к[омите]т од Виена. Да имало такво нешто, тоа би се случело уште веднаш по моето враќање од Виена во февруари и. г., а не по два месеци, т. е. во април и. г. Јас го познавам Петар Георгиев Жељасков уште од 1922 г. Со него случајно се сретнав во април и. г. на бул. „Дондуков“ кај театарот Пачев. Ме праша како сум и разбра дека бев во Виена – веројатно имаше разбрано дека сум се свршил во Виена, нешто што навистина го направив, се свршив со една милосрдна сестра во болницата, и ме праша дали е тоа точно. Му реков дека е точно и тој рече да го почестам и двајцата отидовме во пивницата „Батенберг“ да се почестиме. Таму зборувавме со него за мојата болест. Потоа се разделивме и се разотидовме. Никаков разговор со Петар Георгиев за работа во нелег[алната] комун[истичка] организација немаме водено. Потоа пак случајно на улица понекогаш се среќавав со Петар Георгиев, но само се поздравувавме. На улицата „Гледстон“ во текот на пролетта немам одено, воопшто јас

не одам во тие квартови и не е точно дека таму, на ул. „Гледстон“, ме запрел Михаил Чаков за да ме сретне со Петар Георгиев и потоа да ми договори втора средба во пивницата „Батемберг“. Михаил Чаков никогаш не ми има дадено никакви пари како на човек на нелег[алната] комун[истичка] организација. Не знаев и дури не верував дека Михаил Чаков може да учествува и да врши работа во нелег[алната] комун[истичка] организација. Не знаев дека постоела нелег[ална] комун[истичка] организација во Софија. Исто така не знам какви има нелегални организации и комитети на тие организации. Не знаев дали постои Соф[иска нелег[ална] комун[истичка] организација со раководно тело – Местен комитет. Не знам, исто така, дали има во Софија и Окружен комитет на нелег[ална] комун[истичка] организација и дека тука во Софија бил Цен[тралниот] к[омите]т на нелег[алната] комун[истичка] организација и кои лица влегуваат како во организацијата така и во нејзиниот комитет. Со Младен Стојанов никогаш не се имам сретнато и не го познавам. Лицето Јонко Панов не го познавам, ниту имам слушнато за такво лице, ниту пак некогаш се имам сретнато со него.

Не го познавам лицето Никола Покровнишки, не знам од каде е и каде живее – никогаш немам одено во неговата соба во Трг[овскиот] зад[ружен] дом и таму не го имам сретнато Јонко Панов, кого не го познавам и не знам што изјавувал во полициската истрага при едно соочување меѓу мене и тоа лице – Никола Покровнишки. Со сила му беше изнудено да признае дека јас сум одел во неговиот стан и таму сум се сретнал со Јонко Панов. Од каде знае тој дека јас сум боледувал од стомак и кога ме поканил сум откажал да јадам, не знам. Можно е друго лице да се сретнало во станот со Јонко Панов кое, можеби, исто така страдало од стомак. Јас страдам од посебна дизентерија, а не од некакви црвчиња во стомакот. На сите познати што ме прашуваа за болеста им кажував дека страдам од дизентерија, а не од некакви црвчиња во стомакот. Та, ако би се сретнал во станот на Нико Покровнишки со Јонко Панов и ако би бил, да допуштиме, поканет да јадам од Никола Покровнишки, никогаш не би се извинил со тоа дека

страдам од некакви црвчиња во стомакот, туку ќе кажев дека страдам од дизентерија и тоа заболување Никола Покровнишки, како и секој друг, ќе го запомнеше и ако беше верно сето тоа што го рече за мене, ќе кажеше дека страдам од дизентерија, а не од некакви црвчиња. Не бев задолжен од Задгр[аничниот] ЦК на нелег[алната] комун[истичка] организација откако ќе се вратам во Софија да се зафатам со создавање и организирање на нелег[алната] комун[истичка] организација во Софија. По моето пристигнување од Виена во февруари и. г. во почетокот бев добро, но потоа состојбата ми се влоши и од тогаш па додека ме притворија ретко излегував од дома, зашто повеќе боледував. Апсолутно никаква нелегална работа во каква и да било комун[истичка] организација или комитет на таа организација немам вршено. Не признавам дека сум виновен оти сум бил член на нелегал[на] комун[истичка] организација, организатор на истата или дека сум бил член на раководните тела – на Месниот или на Окружниот комитет на нелег[алната] комун[истичка] организација и дека сум одржувал врски со Задгр[аничниот] цен[трален] к[омите]т на истата нелег[ална] комун[истичка] организација во Виена, која како нелегална организација има цел да го промени постојниот државен систем и да воспостави селско-работничка власт и влада. Друго немам што да кажам. Ми се прочита.

Потпис: М. Шатор
Истражен судија: (потпис) Ив. Костојчинов

*АМВР, С-105026, т. II, л. 90-92.*

**Бр. 36**
**Известување од истражниот судија до директорот на Софискиот окружен затвор за задржувањето во затвор на Методија Шаторов и Иван Денков Игов**

**Софија, 19. X 1928 г.**

Препис

Одлука бр. VIII
за преземање мерки за неоддалечување на обвинетиот по истражното дело бр. 199/1928 г. од претходната истрага
гр. Софија, 19 октомври 1928 г.

Ние, судски иследник при Софискиот окружен суд, на VII участок, имајќи предвид:

1) дека Методи Тасев Шаторов, родум од гр. Прилеп, живее во Софија, и Иван Денков Игов, родум од гр. Цариброд, живее во Софија, со одлуката бр. 1 по истражното дело бр. 199/1928 год. се приведени во својство на обвинети за престап предвиден во чл. 2 и 14 од ЗЗД., дека биле членови и организатори на нелегал[ни] комун[истички] организации и дека одржувале врска со нелегални организации во странство;

2) дека постојат големи индиции, од кои може да се заклучи оти обвинетите ги извршиле престапните дела што им се припишуваат;

3) –

4) дека во тој случај е неопходно врз основа на чл. 24 од ЗЗД и чл. 218-231 од Законот за кривична постапка да се преземе мерка за неоддалечување на обвинетите од претходната истрага.

Наредивме:

Да определиме мерка за неоддалечување на обвинетите Методи Тасев Шаторов и Иван Денков Игов, задржување под стража до завршувањето на делото.

Оваа наредба подлежи на обжалување пред Софискиот окружен суд; препис од неа, заедно со обвинетите, му се испраќа на г. директор на Соф[искиот] централен затвор за исполнување, а содржината да им се предочи на обвинетите.

VII истражен судија: (потпис: Ив. Костојчинов)

Оваа наредба ни се прочита, обвинети: потписи – М. Шатор,

Ив. Д. Игов

Потврдено, VII истражен судија Ив. Костојчинов

Оваа [одлука], заедно со обвинетите, му ја испраќам на г. директор на Софискиот окружен затвор за исполнување.
Гр. Софија, 19. X 1928 год.

*АМВР, К- 13117, л. 60.*

## Бр. 37
## Известување од директорот на Централниот затвор во Софија за задржувањето во затвор на Методија Шаторов и Иван Денков Игов

**Софија, 19. X 1928 г.**

Бр. 11634
23. X [1]928

До Господинот VII софиски судија иследник
Овде

НС 199.28 од 19. X о.г.

Ве известувам, Господине иследник, дека на 19-ти ги задржав во затвор обвинетите МЕТОДИ ТАСЕВ ШАТОРОВ

и ИВАН ДЕНКОВ ИГОВ, врз основа на Вашето известие од посочениот број.

Директор: (потпис – Сиромахов)
Деловодител: (потпис – нечитлив)

*АМВР, К- 13117, л. 61.*

**Бр. 38**
**Податоци за Методија Шаторов**

**Софија, 19. X 1928 г.**

Податоци
За Методи Тасев Шаторов, обвинет 99 за ... дело ... со карактер
бр. 199/1928 г.

| Прашања | Одговори |
|---|---|

1. За личноста на обвинетото лице

| | |
|---|---|
| 1. Име и презиме на таткото на обвинетото лице | 1. Тасе Шаторов |
| 2. Име и презиме на мајката на обвинетото лице | 2. Иванка Христова |
| 3. Ден, месец и год. на раѓањето на обвинетото лице | 3. 10. 1897 г. |
| 4. Дали е законски или незаконски родено обвинетото лице | 4. законски |
| 5. Место на раѓање | 5. гр. Прилеп |
| 6. Последното постојано место на живеење | 6. Софија |
| 7. Народност | 7. Бугарин |
| 8. Вероисповед | 8. исто [чно]православна |

| | |
|---|---|
| 9. Семејна положба на обвинетото лице непосредно пред извршувањето на престапот<br>а) Неженето ли е | 9. не<br><br>а) |
| б) Женето, вдовец/ица или разведено | б) |
| в) Името и презимето на сопругот или сопругата | в) |
| г) Број на деца | г) |
| д) Колку од нив се живи | д) |
| е) Колку од нив се законски родени и колку незаконски | е) |
| 10. Писменост и образование на обвинетото лице непосредно пред извршувањето на престапот<br>а) Знае ли да чита и да пишува | 10. средно<br>а) |
| б) Или знае само да чита | б) знае |
| в) Или не знае ниту да чита ниту да пишува | в) |
| г) Ако посетувало училиште, да се наведе какво училиште и кое одделение, клас и сл. завршило | г) гимназија<br>педаг[ошко] у[чилиште]<br>Скопје |
| 11. Занимање на обвинетото лице непосредно пред извршувањето на престапот<br>а) Кое е неговото занимање | 11. службеник<br>а) |
| б) Каква положба зазема во професијата: сопственик, или мајстор, помошник, калфа, чирак, работник итн. | б) службеник |
| в) Ако обвинетото лице е без сопствено занимање, да се | в) |

| | |
|---|---|
| наведе занимањето на лицето што го издржува | |
| г) Ако обвинетото лице е мажена жена без сопствено занимање, да се наведе занимањето на мажот | г) |
| 12. Дали обвинетото лице го практикувало занимањето или не | 12. |

II. Карактеристични знаци (Signalements)

| | |
|---|---|
| Висина измерена во сантиметри | 1.80 |
| Коса | црна |
| Очи | костенливи |
| Нос | |
| Уста | обична |
| Боја | бела |
| Телесни недостатоци (глув, слеп, нем и сл.) | нема |

*АМВР, С-105026, т. II, л. 99.*

## Бр. 39
## Известување од Министерството за правосудство дека Методија Шаторов не бил осудуван

**Софија, 24. X 1928 г.**

МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВОСУДСТВО
КРИВИЧНО ОДДЕЛЕНИЕ БР. 6999
24. X 1928 г.
Софија

ДОКАЗИ ЗА СУДСКО КАЗНУВАЊЕ

Министерството за правосудство потврдува дека истрагата извршена со најголемо внимание во Централното правосудно биро според класираните билтени покажа дека Методи Тасев Шаторов
син на Тасе Шаторов и Иванка Христова
роден во гр. Прилеп, Македонија, во 1897 год.
сега живее во гр. Софија,
по занимање службеник,
обвинет по истражното дело на истражниот судија на Седмиот истражен участок при Софискиот истражен суд под бр. 199/928 г., не е осудуван.

Началник на одделението: (потпис нечитлив)

Заклучок: На бр. ... До Г. VII истражен судија при Соф[искиот] окр[ужен]суд.

*АМВР, С-105026, т. II, л. 102.*

**Бр. 40**
**Известување од истражниот судија дека Методија Шаторов треба да се лекува од дизентерија**

**Софија, X 1928 г.**

ИСТРАЖЕН СУДИЈА ПРИ
СОФИСКИОТ ОКРУЖЕН СУД
Участок VII
Бр. 199-28
Октомври 1928 г.
Софија

До директорот на
Централниот затвор
Овде

Бидејќи затвореникот МЕТОДИ ТАСЕВ ШАТАРОВ страда од дизентерија, наредете да се лекува.

VII истражен судија: (потпис) Ив. Костојчинов
Секретар: (потпис нечитлив)

Заклучок: Лекар за исполнување (потпис – нечитлив)

*АМВР, К- 13117, л. 62.*

**Бр. 41**
**Молба од Методија Шаторов до директорот на Софискиот централен затвор да му дозволи лекување во затворот**

**Софија, 12. XII 1928 г.**

СОФ. ЦЕНТР. ЗАТВОР
Вл. бр. 14045
ПРИМ. НА 12. XII [1]928 г.

До Господинот
директор на затворот
Овде

Молба од
Методи Шаторов, политички
затвореник, ќелија бр. 73

Господине директоре,

Со оглед на тоа дека имам потреба од систематско болничко лекување, кое е придружено со извесни грижи и за таа цел е неопходно пошироко место, а такви услови во овдешната болница нема, Ве молам да наредите, Господине директоре, да се лекувам во ќелијата, откако за таа цел ќе се направи едно доброволно разместување на моите другари, кои се согласни да одам во ќелијата бр. 71, а кај мене да дојде Никола Покровнишки, кој ќе ми помага при правењето на клизмите.

Се надевам, Господине директоре, дека мојата скромна и оправдана молба ќе биде исполнета.

Со почит:
(потпис) М. Шатор

Согласен сум да одам кај Методи Шаторов да му помагам при лекувањето.

Со почит:
(потпис) Н. Покровнишки

Заклучок: Не може.

(потпис – нечитлив)

*АМВР, К- 13117, л. 64.*

**Бр. 42**
**Молба од Методија Шаторов до министерот за правосудство да му се овозможи лекување во затворот**

**Софија, 3. I 1929 г.**

СОФ. ЦЕНТР. ЗАТВОР
Вл. бр. 96
ПРИМ. НА 4. I[1] 929 г.

Преку
Господинот директор на
Затворот и
преку
Господинот јавен обвинител при
Соф[искиот] окр[ужен] суд
До Почитуваното
Министерство за правосудство
Овде

Молба
од Методи Шаторов, политички
затвореник, под истрага

Господине министре,

Ми соопштија дека казната што се однесува на политичките затвореници (притворот од 20 дена, забраната на храна, преписка и др.) ме опфаќа од денеска и мене.

Со оглед на тоа дека сум болен од болеста Proctito-Colitis Ulcerosa – во цревата, болест која бара систематско и рационално лекување, нешто што бара неопходни лекарства за таа цел, кои ги нема во овдешната болница и специјална храна за мојата болест, која не може да биде подготвувана во болницата, Ве молам казната, наложена на сите политички затвореници, вклучувајќи ме и мене, во однос на мене да биде заменета.

Во спротивно, Господине министре, јас сум принуден, наспроти мојата волја и желбите, да гладувам и да не се лекувам, бидејќи можностите за тоа ми се одземени со наложената

казна. Од вчера, а особено од денеска (откако ми беше земен примусот) јас немам можност да се [лекувам] и сум изложен на глад и на очигледна смрт.

Имајќи го предвид горното, Ве молам, Господине министре, што побрзо да наредите да биде сменета казната што ми е наложена.

Софија (затворот) Со почит:
3. I [1]929 год. (потпис) М. Шатор

*АМВР, К- 13117, л. 66.*

**Бр. 43**

**Известување на директорот на Централниот затвор во Софија до Софискиот окружен суд за врачувањето обвинителен акт на Методија Шаторов**

**Софија, 30. V 1929 г.**

Вл. бр. 5937 од 23.V [1]929 год.

Натпис врз обраќањето на затвореникот Методија Шаторов, со кое се моли Соф[искиот] окр[ужен] суд да се направи нужното за врачување обвинителен акт во врска со делото бр. 199/929 год. на VII истражен судија.

Ова му го доставувам на располагање на господинот VII софиски истражен судија [ракописен текст].

Бр. 6181 - 30 мај 1929 година - Софија

ДИРЕКТОР: Вл. Д. Сиромахов [своерачен потпис]
ДЕЛОВОДИТЕЛ: Георгиев [своерачен потпис]

*АМВР, К - 13117, л. 67.*

## Бр. 44
## Известување од директорот на Софискиот централен затвор за ослободувањето од затвор на Методија Шаторов

**Софија, 23. VII 1929 г.**

Бр. 8378
23. VII [1]929 г.

До Господинот
претседател на Софискиот окружен
суд, I крив[ично] одделение
ОВДЕ

На бр. 478.29.1 од 23. VII о.г.

Ве известувам, Господине претседателе, дека на 23 јули о. г. го ослободив од затвор лицето МЕТОДИ ТАСЕВ ШАТАРОВ од гр. Прилеп.

ПРИЛОГ: Потпишан записник
ДИРЕКТОР: потпис – Бајров
ДЕЛОВОДИТЕЛ: потпис –

Напишаново, пренумерирано, прошнирано и потпечатено со печат на Соф[искиот] центр[ален] затвор содржи (10) десет нумерирани листа.
Софија, 27 јули 1929 г.
Директор: (потпис – нечитлив)
Деловодител: (потпис – нечитлив)

*АМВР, К- 13117, л. 69.*

## Бр. 45
## Затворско досие со податоци за Методија Шаторов

**Софија, 24. VII 1929 г.**

Софиски окружен затвор

ДЕЛО
бр. 1312-28
Методи Тасев Шаторов – гр. Прилеп

Влегол во затворот во ноември 1928 г.
Ослободен
На 24 јули 1929 г. ослободен со скратување

ОПИС

на документите што се наоѓаат во делото бр. 1342 / 28 г.

Видови документи

1. Лична карта
2. Наред[ба] за ист[рага] д[ело] бр. 199-28 год.
3. Писмо бр. 11634-28 г. од затворот
4. Писмо бр. 199-28 г. 7 соф[иски] истр[ажен] суд[ија]
5. Молба од М. Шаторов
6. -"- -"- продолжение
7. -"- -"-
8. Известување бр. 6181 / 29 год. од затворот
9. Писмо бр. 478. 29. 1. I / 29 год. од Соф[искиот] окр[ужен] суд
10. -"- бр. 8378 / 29 г. до -"-

*АМВР, К- 13117, л. 66.*

## Бр. 46
## Изјава од Методија Шаторов и Димитар Петров Анастасов дека нема да се оддалечуваат од Софија додека не се заврши судската истрага

**Софија, VII 1929 г.**

ИЗЈАВА

за неоддалечување поради започната истрага

Долупотпишаните Методи Тасев Шаторов и Димитар Петров Анастасов од Софија

преку оваа изјава се задолжуваме пред г. истражен судија при Софискиот окружен суд, на [...] участок, во гр. Софија,

дека сè додека не се заврши започнатата судска истрага околу нашето обвинение, нема да се оддалечуваме од местото на живеење, гр. Софија, без негово одобрение, а во случај да ја нарушиме оваа обврска, господинот иследник ќе има право против нас да употреби построга мерка за наше неоддалечување, предвидена во законот.

Гр. Софија, VII 1929 год.

Потпис: 1. М. Шатор
2. (нечитлив)
Секретар: (потпис – нечитлив)

*АМВР, С-105026, VIII том, л. 48.*

**Бр. 47**
**Известување од претседателот на Софискиот окружен суд за пуштањето на слобода на Методија Шаторов**

**Софија, 23. VIII 1929 г.**

Софискиот
ОКРУЖЕН СУД
Бр. 478. 29/
23. VIII 1929 г.
Софија

До Господинот
директор на
Центр. затвор

Во согласност со одлуката на судот под бр. ... од 23. VII о. г. донесена за казненото дело бр. 478 / 1929 год. се замолувате, Г. директоре, да го пуштите на слобода обвинетиот Методи Тасев Шаторов задржан со наре[дбата] бр. 8 од 19. X [1]928 г. бр. 199/928 г. на VII истражен судија, доколку не е задржан за друго дело, бидејќи делото во однос на него е прекинато.

Прилог: записник

Претседател: (потпис нечитлив)
Секретар: (потпис нечитлив)

*АМВР, К- 13117, л. 68.*

## Бр. 48
## Известување на Министерството за надворешни работи до амбасадата на Бугарија во Прага за политичката активност на Методија Шаторов

**Софија, 3. III 1932 г.**

20979
18. III [1]932

До Бугарската
царска легација
гр[ад] Прага

На бр. 173/3. III [1]932 г.

Се известува Царската легација дека лицето Методиј Тасев Шаторов е родено на 10. I 1897 г. во гр[адот] Прилеп - Македонија. Подоцна неговото семејство се преселува во Бугарија и се населува со постојано жителство во Софија. По професија Шаторов е трговски службеник. Член е на Бугарската комунистичка партија, во која во 1928 г. ја врши функцијата секретар на Месниот комитет во Софиската организација.

НАЧАЛНИК НА ОДДЕЛ[ЕНИЕ]: Луков
Н-К НА ВНАТР[ЕШНАТА] ПОЛИТ[ИЧКА] СЛУЖБА:
[потпис нечитлив]

*АМВР, К - 13117, л. 40.*

## Бр. 49
## Писмо од амбасадата на Бугарија во Прага до Дирекцијата на полицијата со барање податоци за Методија Шаторов

**Прага, 14. III 1932 г.**

1023
14. III [19]32 год.

До Дирекцијата на полицијата
С о ф и ј а

По барање на чехословачките полициски власти, Царската легација моли да се соберат и соопштат информации што се однесуваат на местото на живеење, работата, врските и политичката дејност на бугарскиот поданик <u>М е т о д и Т а с е в Ш а т о р о в</u> од Софија, 23-годишен, трговец.

Тој ја напуштил Бугарија во 1930 год. со пасош бр. 43,734/1913 од 24. III 1930 год. издаден во Софија.

На 17 март 1931 год. Методи Шаторов се јавил во Легацијата за да го продолжи својот пасош. Му бил издаден пасош со бр. 005121/399, кој подоцна бил одземен во Виена во едно ателје за фалсификување на пасоши и документи.

С е к р е т а р: [потпис нечитлив]

*АМВР, К - 13117, л. 39.*

## Бр. 50
## Писмо од Дирекцијата на полицијата во Софија до судијата-иследник при Софискиот областен суд со кое му се испраќаат прашалници за утврдување идентитетот на Методија Шаторов и Арсо Василев П. Тодоров

**Софија, 1. X 1935 г.**

№ 24233 / 1.X 935 год.

Препис
До Господинот VI судија-иследник
при Соф[искиот] областен суд

<u>Кон бр. 23970 / 11. IX [1]935 г.</u>

Ви се испраќаат два прашалници за утврдување на идентитетот на лицата Арсо Василев П. Тодоров и Методи Тасев Шаторов - функционери на нелегалната комунистичка организација ВМРО (Об[единета]), кој сега е во бегство, и две покани издадени

од Третиот реонски комитет - Софија при ВМРО (Об[единета]) - печатница „Симеон Каврикиров - II - ра“.

Од истиот се расфрлени покани по соф[иските] улици.

НАЧАЛНИК НА ПОЛИТ[ИЧКАТА] ПОЛИЦИЈА: (п.) Драганов
За НАЧАЛНИК НА ОДДЕЛЕНИЕТО „А“: (п.) Малинков.

*АМВР, К - 13117, л. 41.*

## Бр. 51
## Акт на Дирекцијата на полицијата во Софија со податоци за Методија Шаторов

**Софија, 2. VI 1936 г.**

Дирекција на полицијата - Софија
ЦЕНТРАЛЕН БИЛТЕН ЗА ИСТРАГА
(Год. XIII, Софија, 2 јуни 1936 г., број 295)

2134 Шаторов Методи Тасев, род[ен] на 10. 1. [18]97, во градот Прилеп - Македонија, жив, Софија, чиновник, син на Тасе Шаторов и Иванка Христова, р[аст] ср[еден], б[ез] б[елези], бр[ада] и м[устаќи] бр[ичени], к[оса] и о[чи] кост[енливи]. Обвинет според З[аконот] з[а] з[аштита] на д[ржавата], К[азнен] о[ддел] х. д. 42. 36. 3. на Соф[искиот] о[бластен] с[уд] (гл. 1438 и 2350-927 г.) Дир[екција] на пол[ицијата], Одд[еление] за адм[инистрација], влез 14110-936 г.

*АМВР, К - 13117, л. 50.*

**Бр. 52**
**Известување за судската пресуда на Методија Шаторов**

**Софија, 1936 г.**

Со пресудата бр. 525 од 21. VII [1]936 год. на Третото казнено одделение при Софискиот областен суд дело бр. 42/935 год. осуден по чл. 2 и 3 Второто казнено одделение од ЗЗД на 5 години строг темничен затвор, 50.000 лв. глоба и лишеност од права осум години – вонредно.

*АМВР, К- 13117.*

**Бр. 53**
**Политичко досие на Дирекцијата на полицијата во Софија за Методија Шаторов**

**Софија, 20. VI 1941 г.**

МЕТОДИЈ ТАСЕВ ШАТОРОВ
Род. на 10. I 1897 г. во гр[адот] Прилеп, живеел во Софија, по професија трговски службеник.
Активен комунистички функционер.
Има досие, од чии податоци се гледа:
1. Задржан на 7. VIII 1924 год. како комунист кој познавал лица од образувана „петорка“.
2. Задржан на 8. V 1925 год. и регистриран на ново место на живеење.
3. Во 1928 год. е секретар на О[кружниот] к[омитет] на К[омунистичката] п[артија] - Софија, задржан е и распрашуван заедно со другите членови на илегалната организација.
4. Во 1930 год., ја напуштил Бугарија со редовен пасош бр. 43734/1913 од 24. III 1930 год. и заминал во странство. Во 1931 год. се јавил во Бугарската царска легација во гр[адот] Прага, каде што го продолжил пасошот, кој подоцна бил најден во Виена, во

ателјето на Коминтерната за фалсификување на пасоши и документи наменети за комунистички функционери.
5. Во октомври 1935 год. се разоткриени членови на илегалната комунистичка организација ВМРО(Об[единета]). Од распитот е установено дека Шаторов е главен организатор на организацијата во Софија. Побаран, тој не е најден. Со пресудата бр. 525 од 21. VII 1936 год. на Третото казнено одделение при Софискиот областен суд, дело бр. 42/1935 год. е осуден по чл. 2 и 3 од казнениот дел на З[аконот] за з[аштита] на д[ржавата] на 5 години строг темничен затвор, 50.000 лева глоба и 8 г[одини] лишување од права, во отсуство.
6. Живеел во странство - според податоците во СССР – а, според исказите на сведоци, живеел и во Париз, извршувајќи разни функции во партијата.
7. Во ноември 1939 год. се уапсени членовите на нелегалната Комунистичка партија: Добри Колев Терпешев[149] и Иван Петров Колев, и при претресувањето на последниот се најдени 8.000 долари. Од изнуденото признание во овој случај се установи дека доларите се испратени од Методија Тасев Шаторов кога бил во странство - во Париз, а потоа во српска Македонија[150], а биле наменети за законодавните избори. Парите се испратени од Коминтерната. Иван Петров Колев и Добри Колев Терпешев се осудени од Софискиот областен суд на по 7 год. строг темничен затвор, а Методија, поради недостиг на докази, ослободен е од одговорност.

20. VI 1941 год.

*АМВР, К - 13117, л. 42.*

[149] Добри Терпешев (1884-1967 ), член на ЦК на БКП од 1938 г., министер во првата влада на Народна Република Бугарија и потпретседател на владата (1949-1950).

[150] Се мисли на Вардарска Македонија.

## Бр. 54
## Политичко досие на Дирекцијата на полицијата во Софија за Методија Шаторов

**Софија, 3. XII 1942 г.**

3. XII 1942

МЕТОДИ ТАСЕВ ШАТОРОВ, илегално име (Марков), род[ен] на 10. I 1897 год. во градот Прилеп, по професија трговски службеник.

Како активен комунистички функционер од 1921 година, регистриран е при Дирекцијата на полицијата со досие бр. 346.

1/ Притворен е на 7. VIII 1924 год. како комунист кој знаел за образувањето на „петорки".

2/ Притворен е на 8. V 1925 год. како комунистички функционер и наложена мерка за неоддалечување од местото на живеење.

3/ Во 1928 год., како секретар на Окружниот комитет на Комунистичката партија, притворен е и распрашуван со другите членови на илегалната организација.

4/ Во 1930 год. ја напуштил земјата со редовен пасош бр. 43734/1913 од 24.III 1930 год. и заминал во странство. Во 1931 год. се јавил во Бугарската царска легација во гр[адот] Прага, каде што го подновил пасошот бр. 005121/399, кој подоцна бил најден од виенската полиција во едно ателје на Коминтерната за фалсификување на документи наменети за комунистички функционери.

5/ Во октомври 1935 год. при разоткривањето на членовите на комунистичката организација ВМРО (Обединета) се установило дека Шаторов е нејзин главен организатор за Софија. Тогаш бил баран и се криел. Осуден бил во отсуство со пресудата бр. 525 од 21.VII 1936 год. по делото бр. 42/935 год. на Третото казнено одделение на Софискиот областен суд по чл. 2 и 3 од ЗЗД на 5 (пет) години строг темничен затвор, 50.000 лева глоба и 8 години лишување од правата. Во тоа време Шаторов живеел во СССР и во Париз, извршувајќи разни функции во Комунистичката партија.

6/ Во ноември 1939 год. при апсењето на членовите на ЦК на БКП ДОБРИ КОЛЕВ ТЕРПЕШЕВ и ИВАН ПЕТРОВ КОЛЕВ и при

претресувањето на последниот се најдени 8.000 долари, за кои е установено дека се испратени од Шаторов за спроведување изборна агитација на Комунистичката партија.

Информациите за оваа дејност на Шаторов како член на О[кружниот] к[омитет] на Б[угарската] к[омунистичка] п[артија] Ви се испратени со дописот бр. II-А-2578 од 23. XI 1942 год.

*АМВР, К - 13117, л. 129.*

## Бр. 55
## Лична карта со податоци за Методија Шаторов

**Прилеп, 13. I 1943 г.**

Лична карта

на: (име, презиме и прекар) *Методиј Тасев Шаторов*

обвинет за......

гр. *Прилеп 13. I 1943 год.*

<table>
<tr><td>1</td><td colspan="3">Име и презиме на таткото Тасе Трајков Шаторов<br>(жив ли е или не) починал</td></tr>
<tr><td>2</td><td colspan="3">Име на мајката по татко Иванка Ицкова Дишкова<br>(жива ли е или не) починала</td></tr>
<tr><td>3</td><td colspan="3">Дата на раѓањето, година 1898<br>месец I<br>ден 10</td></tr>
<tr><td rowspan="2">4</td><td rowspan="2">Место на раѓање</td><td colspan="2">град Прилеп<br>во Царството, општина Прилепска<br>околија Прилепска</td></tr>
<tr><td colspan="2">град -<br>во туѓина општина -<br>држава -</td></tr>
<tr><td>5</td><td>Раѓање</td><td colspan="2">законски родено да<br>незаконски родено -</td></tr>
<tr><td>6</td><td>Семејна положба</td><td>неженет –<br>женет да<br>вдовец -<br>разведен -</td><td>Колку живи деца има 1</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| 7 | Име и презиме на сопругата по татко *Марија, презимето по татко не е познато* |
| 8 | Народност *Бугарин* |
| 9 | Подаништво *бугарско* |
| 10 | Веросиповед *источноправославна* |
| 11 | Занимање *приватен чиновник* |
| 12 | Образование *средно* |
| 13 | Мајчин јазик *бугарски* |
| 14 | Колку туѓи јазици знае, *не е познато*<br>да чита и пишува, или само да зборува? |
| 15 | Последното место на живеење *гр. Скопје* |
| 16 | Имотна состојба *средна* |
| 17 | Осудуван ли е порано и колку пати? *Не е познато* |
| 18 | Карактеристични знаци:<br>Раст *висок*<br>Коса *костенлива*<br>Очи *костенливи*<br>Нос *правилен*<br>Уста *обична*<br>Боја на кожата *бела*<br>Особени знаци *нема* |

Обвинетиот:
*Потврдено од Прилепската градска општина*
*Секретар: (потпис нечитлив)* Воен иследник

*АМВР, С-105026, т. I, л. 106.*

**Бр. 56**
**Барање од Софискиот специјален воен суд до Прилепскиот областен суд за издавање свидетелство на Методија Шаторов**

**Софија, 22. I 1943 г.**

II д. бр. 1108 1942 г. Билтен 37 / обр. бр. 6

До секретарот на Прилепскиот областен суд

Молам секретарот на Прилепскиот областен суд, според овој лист, да му издаде свидетелство на обвинетиот Методиј Тасев Шаторов,
син на Тасе Трајков Шатаров и Иванка Ицкова,
роден во гр. Прилеп,
возраст (дата и година на раѓањето) 10. I 1898 год.,
женет ли е или не женет
занимање приватен чиновник
Гр. Софија, 22. I 1943 год.
Секретар на јавниот воен обвинител: (потпис – нечитлив)
при Софискиот специјален воен суд

*АМВР, С-105026, т. I, л. 150.*

**Бр. 57**
**Потврда од Прилепскиот областен суд дека Методија Шаторов бил осуден на пет години затвор и 50.000 лева глоба**

**Прилеп, 26. I 1943 г.**

Потврда за осудување
Н. д. бр. 1108 1942 год.

Секретарот на Прилепскиот областен суд потврдува дека од проверката направена со најголемо внимание во Бирото за осудување се покажа дека Методи Тасев Шаторов е осу-

дуван со пресуда бр. 525 од 21. II [1]936 год. на Софискиот областен суд врз основа на чл. 2 од ЗЗД и 60 од НЗ на пет години строг темничен затвор и 50.000 лв. глоба и лишеност од права по т. 30 од НЗ за осум години.

Извршил: (потпис: Козарова)

Гр. Прилеп, 26. I 1943 год.
Секретар: (потпис – нечитлив)

*АМВР, С-105026, т. I, л. 150.*

**Бр. 58**
**Акт на Дирекцијата на полицијата во Софија за апсење на Методија Шаторов и Дико Димитров Диков**

**Софија, 16. III 1943 г.**

Вл. бр. II - А - 1461 Препис
17. III [1] 943 год.
ТУКА- Дирекција на полицијата
Одд[еление] за државна безбедност

Наредете да бидат најдени, уапсени и донесени во Државното обвинителство лицата: ДИКО ДИМИТРОВ ДИКОВ и МЕТОДИ ТАСЕВ ШАТОРОВ, осудени - според пресудата бр. 90/43 год. на Софискиот воено-полев суд на смрт со стрелање.
Бр. 2499, 16. III 1943 година, Софија

Мајор-обвинител при Соф[искиот] воено-полев суд:
(потписот е нечитлив)

*АМВР, К - 13117, л. 46.*

## Бр. 59
## Писмо од Дирекцијата на полицијата во Софија до обвинителот при Софискиот воено-прек суд дека Методија Шаторов и Дико Димитров Диков се во илегалност

**Софија, 19. III 1943 г.**

II - А - 853 Доверливо! Препис
19. III [1]943

До Господинот обвинител
при Соф[искиот] воено-прек суд
Т у к а

На бр. 2499, 16. III 1943 година.

Ве известуваме, Господине обвинител, дека лицата: ДИКО ДИМИТРОВ ДИКОВ и МЕТОДИ ТАСЕВ ШАТОРОВ се во илегалност.

Барањето продолжува засилено.

НАЧАЛНИК НА Д. БЕЗБЕДНОСТ: [потписот е нечитлив]
НАЧАЛНИК НА ОДДЕЛЕНИЕТО „А“ [потписот е нечитлив]

*АМВР, К - 13117, л. 45.*

## Бр. 60
## Акт на Дирекцијата на полицијата во Софија за испитување и утврдување на идентитетот на Методија Шаторов и на други лица

**Софија, 27. IV 1943 г.**

N II - А - 1921
27. IV 1943 г.

Мн[огу] брзо!
Тука - Дирекција на полицијата -
Одд[еление] за државна безбедност

II - А- 665. - Со оглед на разоткриените податоци во кореспонденцијата, да бидат испитани следниве лица:
Цола Драгојчева,
Андон Танев Ѓошев, под псевдоним Черно, Дончо,
Цветко Радионов, под псевдоним Васил,
Дико Димитров Диков, под псевдоним Пешо,
Димо Дичев,
Христо Михаилов, под псевдоним Дјатката,
Савов (Славов?) Монката, под псевдоним Капитан Рак,
Борис Копчев,
Методи Шаторов, под псевдоним Марко.

Ако се со непознат престој, да се соопшти за тоа. Да се соберат податоци од нивните досиеја или од нивните роднини за нивниот идентитет, да се пополнат прашалниците за утврдување на идентитетот и да се испратат во Државното обвинителство .

Бр. 3350, 27. IV 1942 година, Софија

Капетан- зам[еник] обвинител при Соф[искиот] воено-полев суд.

*АМВР, К - 13117, л. 47.*

**Бр. 61**
**Писмо од Централната полициска управа во Софија до Софискиот областен суд за прекинување на истрагата на Методија Шаторов**

**Софија, VII 1943 г.**

МПНЗ
ГРАДСКА До Софискиот областен суд
[ПОЛИЦ]ИСКА УПРАВА Трето казнено одделение – Овде
Бр. 30695
јули 1943 г.

гр. СОФИЈА

ОХ дело бр. 42/36 г.-2. VIII. [19]43 г.

Молам за совет дали треба да се прекине истрагата против лицето Методи Тасев поп Шаторов.
Д-бр. 131

Началник на Централната адм[инистративна] полиција:
(потпис)
Ст. Проданов

Секретар: (потпис)
П. Беловодски

*АМВР, С-105026, т. I, л. 55.*

**Бр. 62**
**Решение на Софискиот областен суд за продолжување на истрагата на Методија Шаторов и Димитар Јанакиев Влахов**

**Софија, 12. VIII 1943 г.**

Решение бр.

Софискиот областен суд, Трето каз[нено] одделение за време на организацио[ниот] состанок на 12 август илјада деветстотини четириесет и третата година, во состав:
претседател: Ем. Хитров
членови: Н. Гајдаров, Н. Неделев – д.чл.
кај секретарот Венелин Шутилов и со учество на зам[еник] јавниот обвинител Бож. Николов го слушна изнесеното од претседат. чл. Ем. Хитров НОХ дело бр. 42 според описот за 1936 година по повод писмото бр. 30694-30696 од 30. VII 1943 год. на Централната полициска управа кој, откако го зеде предвид фактот дека осудениот Арсо Василев Тодоров си ја издржал казната, смета дека истрагата спрема него треба да се прекине, но спрема другите двајца осудени, напротив, истрагата не треба да се прекинува, бидејќи во однос на нив ниту е амнестирано делото, ниту пак им истекол рокот, поради што судот

одлучи:

Да се напише до Цент[ралната] полиц[иска] управа одговор на писмото бр. 30696 / 30. VII 1943 г. дека истрагата спрема Арсо Василев Тодоров треба да прекине, бидејќи тој ја издржал казната.

Да се напише до Град[ската] полиц[иска] управа одговор на писмото бр. 30694 и 30695 / 30. VII 1943 г. дека истрагата спрема... Димитар Јанакиев Влахов и Методи Тасев Шаторов треба да продолжи и не подлежи на прекинување.

Претседател: (потпис – нечитлив)
Членови: (потписи – нечитливи)
и.д. секретар: (потпис – нечитлив)

*АМВР, С-105026, т. I, л. 57.*

## Бр. 63
## Известување од Софискиот областен суд за продолжување на истрагата на Методија Шаторов и Димитар Јанакиев Влахов

**Софија, 14. VIII 1943 г.**

Софискиот
42/936-3 До Господинот
14 август 1943 г. градски полициски управник
Софија Овде

Ве известуваме, Господине управник, во одговор на Вашето писмо под бр. 30694 и 30695 од VII 1943 г. дека истрагата спрема лицата Димитар Јанакиев Влахов и Методи Тасев Шаторов треба да продолжи и не подлежи на прекинување.

Секретар:

*АМВР, С-105026, т. I, л. 58.*

**Бр. 64**
**Казнена карта на Методија Шаторов**

**Софија, 1943 г.**

ДИРЕКЦИЈА НА НАРОДНАТА МИЛИЦИЈА Прогласен за ОПАСНО ЛИЦЕ бр. ...
ОДДЕЛ КРИМИНАЛЕН на .......................................194....г.
- ТЕХНИЧКА МИЛИЦИЈА - Отпишан на ....... ...........194....г.

КАЗНЕНИЧКА КАРТА

Име, презиме и прекар *Методи Тасев Шаторов*
роден во *1897 год.* во *гр. Прилеп*, окол. *Македонија* обл. ... народ[ност] *Буг[арин]*
државјансто *буг[арско],* занимање *бојаџија,* оженет со ... по татко ...
син на *Тасе Шаторов* и на *Иванка Христова* по татко...
последно место на живеење *Софија*, ул ... бр. ...
пресуди:
1) Бр. и год. на делото *42 / 936.*
2) Бр. и дата на пресудата *?*
3) Кој суд ја издал пресудата - *Софискиот обл[астен] суд.*
4) Начин на извршување на престапот (кога, каде, што, на каков начин, со што и што настрадало) - *Членувал во забранета организација.*
5) Според кој член и закон е осуден - *2 од ЗЗД и 60 од НЗ.*
6) Тежина и вид на казната - *5 год[ини] стр[ог] т[емничен] з[атвор] и 50.000 лева глоба, 8 год[ини] без права.*

*АМВР, К- 13117.*

# IV

# П Р О Г Л А С И
# НА ПК НА КП ВО МАКЕДОНИЈА

## Бр. 1
## НА РАБОТНИО НАРОД ВО МАКЕДОНИЈА[151]
***Повик***

**Скопје, VI 1940 г.**

Огинот на империјалистичката војна сé повеке се шири. Југославија за малку што не е зафатена од тој огин. Народите на Југославија се свесни за големата опасност коа им се токми да бидат вовлечени во војната, ако брго од темел не се мени досегашната надворешна политика на Југославија коа политика на конец е иста со надворешната политика на малите "неутрални" земји (Норвегија, Белгија, Холандија) шчо ја загубиа своата независимост. Ненародната влада Цветковиќ-Мачек коа ги цица и гмечи работничката класа и работните маси, како и потиснатите народи, а на прво место македонскио народ во исто време преставува голема опасност за миро и независимост на народите во Југославија. Со своата дволична политика на неутралност и неискрена политика според Совјетскиот Сојуз таја му отвора пат како на воените провокатори од Лондон и Париз, така и на империјалистичките завојувачи од Рим и Берлин. *Нашата Комунистичка партија од секуј пат водела упорита борба за да не станат нашите народи ситни пари за поткусурување во раците на кој било од завојувачките блокои. Нашата Комунистичка партија од секуј пат работела и работи за да ги спаси народите во Југославија от таква страшна садба.*

Спасо на народите во Југославија е едино во менувањето на надворешната политика во извојувањето на вистинска демократија и слобода за работнијо народ и потиснатите народи во Југославија. Нужно е Југославија да напраји пакт за взаимна помош со едината навистина неутрална и најголема земја на свето, со чија помош народите на Југославија ке се спасат од страотите на империјалитичката војна. *Таја земја е Сојузо на*

[151] Повикот е упатен до македонскиот народ по повод влошувањето на меѓународната ситуација и опасноста од проширување на војната како резултат на експанзијата на фашизмот во Европа.

*Совјетските Социјалистички Републики, Совјетскиот Сојуз, силната работничко-селска држава, под раководството на Комунистичката партија, на чело со другаро Сталин, осигурава на своите народи слога и мир, сé поарен и поубав живот и слободно развивање на социјалистичката изградувачка.* Примеро на Летонија, Естонија и Литванија покажува дека Совјетскиот Сојуз ги брани и ги помага малите народи, им гарантува мир и ги остава само да си ги наредат натрешните работи и управлениeто. Примеро со Финска покажува дека Совјетскиот Сојуз можи да скрши секое обидвање за воена провокациа и да ја одфрли војната од малите народи, ценеќи ја нивната слобода и независимост.

*Единио пат за да останат народите на Југославија надвор од денешнава империјалистическа војна и да не ја загубат своата независимост, а во случај напаѓачка да ја одбранат, е воваспоставувањето на дипломатски обноски и склучувањето пакт за взаимна помош со Совјетскијот Сојуз. За ово да направат народите на Југославија треба да си сторат своја народна влада коа ке даи право и слобода на работнио народ и потиснатите народи.*

*Работен народе во Македонија!*

Македонија е прва на ред за да се разигра на неа крвавото воено оро. Арнаутите, Турците, Македонците во Македонија ке бидат првите жертви на военото колење и пустење.

Со своата политика на национално потиснување режимо го обесправувал македонскио народ, му а задушувал националната свест и чувство и му ги скусувал неговите права. Тој извикувал караници и сејал омраза помеѓу народите ги разединувал и ги отуѓувал од државната заедница. Со своата аграрна политика режимо не го реши прашањето за делењето на земјата. Со своата арамијска политика режимо сé повече го цедел македонскио народ и го турнал во крајна сиромаштија и беднотија.

Разните режимски политичари ги есапат Македонците робови, шчо само има да слушат и дават. *Режимо на кундако и арамилако зацарил во Македонија.*

Разни продајници на македонскио народ ја помажувале тиранската и арамијската политика на големо-српската хегемонија и потиснувањето за личен ќар и положеније.

Многу мина не гледаеќи го правио пат, ја гледат спасувачката во одделувањето на Македонија со помошта на други држави, како на пример со помошта на италијанските и бугарските реакционери. Спасо од големосрпската империјалистичка политика го гледат во заробувањето на македонскио народ од друга ушче полоша империјалистичка политика.

Некој мислат дека слободата на македонскио народ можи да се добие со пазарување и компромиси со режимо. Сите овие патишта се само продавање на интересите на македонскио народ.

Водачите на српските граѓански партији и социјалдемократите воопшчо не го признаваат македонскио народ и во македонското национално прашање ја бранат режимската политика на националното потиснување на арамилак. А уште повејке по договоро од 26-VII 1939 год.[152] на српските и хрватските чорбаџији кој е направен на сметка на потиснатите народи, а у прв ред на сметка на македонскио народ.

Едино наша Кумунистичка партија имала исправно гледишче по националното прашање. Пато за слободата на македонскио народ и неговото право на самоопределување води низ борбата на македонскио народ, заедно со останалите народи на Југославија и со помошта на српскио народ против режимо, против режимската политика на национално потиснување и арамилак, за равноправност на народите. *Работничката класа со нашата Партија на чело, била и е во првите редови во борбата на македонскио народ за национална слобода и равноправност.*

[152] Датумот е погрешно отпечатен. Се однесува на 26 август 1939 година кога е објавен текстот на Спогодбата Цветковиќ-Мачек, врз основа на која беше создадена Бановина Хрватска и која требало да биде појдовна основа за внатрешното политичко преуредување на Кралството на Југославија.

Денеска кога се работи за садбата на сите народи, кога режимо и владата Цветковиќ-Мачек можат секуј час да ги турнат народите во Југославија во војна, *за кого и зошчо македонскио народ да се бие и шчо да прави?*

Сите прави и вистински Македонци треба отворено и без двоумење да се изјаснат по две прашања: *држење сроти војната и држење сроти режимо.*

Разни продајници на својо народ не можат искрено да се борат за слобода и равноправност на македонскио народ, тиа кој го бранат и работат за режимо шчо го потиснува, поробува и краде македонскио народ. Не се борци за македонската работа разни Алтипармаковци и Ташковиќевци; динеци на режимо, нити разни аги и бегови, крстени и некрстени, који мислат дека се повикани да го преставуваат македонскио народ и го управљават.

Не можат искрено да се борат за слобода и равноправност на македонскио народ разни Ванчо Михајловисти и други кои шчо ја бараат таја слобода од бугарскио, италијанскио или кој било друг туѓ империјализам. Искрено мислат само тиа шчо се како против српската хегемонија и големосрпскио империјализам така и против секој друг империјализам.

Прави борци за македонската работа не можат да бидат ни оние шчо не го гледат еднио пат денеска да се одбрани неутралност и осигури миро на народите. Сите тие шчо се за врзување за ѓомоти демократска Англија или Франција или сакат ослободувачка со влегување на Германија или Италија, потпалувачи се на војната, направо служат на империјалистички цели и непријатели му се на народо.

*Прави борци за работата на македонскио народ и вистински непријатели на војната а пријатели на миро, кои шчо ке умејат да го бранат тој мир, се ониа кој шчо едини можен пат за отстранување на војната: Воспоставување дипломатски обноски и правење пакт на взаимна помош со Совјетскиот Сојуз, го земаат како свој и одат по него.*

Македонскио народ треба да ги ишчисти својте редови и да ги ојакни. *Со јасно и одредено држење во овие прашања ма-*

*кедонскио народ треба да тргни во борбата за нивното решување. Со решителна борба заедно со другите народи на Југославија и со помошта на српскио народ во една братска заедница, навалувајќи се на Совјетскиот Сојуз, Македонците ке дојдат до мир, до своето ослободување и до поарен натамошен живот.*

*Другари и другарки, работници и работнички на Македонија!*

Вас најмногу ве гони денешнио режим, ви ги скусува сите права и слобода и сé оноа шчо сте го извојувале во своата борба. Полициата ви ги затвора самоволно без законска основа вашите класни работнички синдикати и сите други работнички организацији, се обидува вашата борба и штрајкови со сила да и скрши. Капиталистичката експлоатација је особено голема во Македонија, кај шчо се надниците од секаде во Југославија по ниски. И самата држава вас шчо се на работа во Монополо ве експлоатира и истезава по лошо одколку и најлошио капиталист експлоататор. Вие сте најмногу погодени со тешкото положение во денешново воено време. Капиталистите и шпекулантите дигаат тешки пари од вашите дневнини, а власта во тоа му оди не само на рака, туку и вас ве гони и се обидува да ја скрши вашата борба за поголеми дневнини и поарен живот.

*Стиснитe ги вашите редови по јако, врзете се со борците за единство на работничката класа во борбата за секиднешни интереси и влегувајте во акцији. Развивајте ја далгата на работничката борба шчо се шири по целата земја.*

Бркајте ги по далеко од вас агентите на режимо и мајстор-чорбаџијите од Југорас.[153] Не лажете се по социјалдемократите кој играат продајничка улога според работничката класа и со помошта на полицијата ги кршат класните работнички синдикални организацији. Нивната провократорска служба на режимо во борбата против нашата Партија ги разобличи и го отскри нивното право лице.

[153] Југословенски раднички савез, режимска синдикална организација.

*Вашите јаки и единствени работнички редови и вашата решителна борба треба да биди пример и водител во ослободувачката борба на работнио народ во Македонија. Вие треба да бидете први во борбените редови за национални права и слобода, против скапотиата и војната, против режимо на насилие и арамилак.*

Браќа селани!

Вас никој не ве шчити и разни издајници со режимлијите заедно, ви јавнале на грбо, ве лажат и ве тераат да бидите робја на капиталистите, агите и беговите, а на режимо послушни војници и арни платци на порез, други даванини и трошарина. Режимо на место да ве помогни со ефтини кредити, со давања земја и друго ви а зема вашата мака и потта истечена во работење на тутуно, афионо и кожурците. Вие го работите лебо, а сами го немате колку шчо ви треба. Режимо ве држи во стег и товарил на вас цела војска жандари, финанси, шумари и секакви чиновници. Секое право ви го зема, дури и правото да се викате Македонци. Режимо сака да ве оддели од работниците, вашите браќа по мака оти се бои од вашата слога и заедничка борба. Не лажете се. Бранете си го своето народно име и водете борба за своите народи права и слобода на Македонија.

*Врзувајте а своата борба со борбата на работничката класа.*

*Правете борбен сојуз на работници и селани во борбата против војната и скапотиата, за зашчита на вашите селски интереси, за слобода и за поарен и по сретен натамошен живот на македонскио народ.*

*Другари комунисти!*

Вас ве чекаат многу големи задаци. Тероро и арамилако над македонскио народ не е дело само на големо-српскио режим и буржоазија. Тој е дело и на страшливците и издајниците на борбата на работничката класа и на праведната борба на македонскио народ за слобода и равноправност. Реакционернијо големо-српски режим си има верни слуги и поможувачи во издајниците на македонската работа и во Југорасовското ѓубре и социјалдемократските провокатори. Ама посигурни поможувачи нема од оние противнародни и противпартијски и на Пар-

тијата туѓи елементи, кои под видо на комунисти, и често во името на нашата Партија, направо му служат на режимо во неговата противнародна работа.

Луѓе како Грубишиќ,[154] Благоје, Жика, кои вршат деструктивна противпартиска работа, и слични во Скопље, Кирило Талевиќ-Џале и Јордан Костиќ-Дебеломесо во Прилеп и други во разни места ја рушат организационата и акционата способност на работничката и народна борба.

Под видо на комунисти, плампаеќи за тоа дека треба да се стои и се чека револуцијата, ги одбиват и ги демобилизираат здравите работнички елементи и ја разједуват борбената способност на работните маси. Такви рушителски елементи и ѓомити комунисти го урнуват престижо на нашата Партија. А пак сосем се туѓи и на нашата Партија и нашето сфаќање и немат нишчо опшчо со интересите и целите и на работничката класа и народната ослободувачка борба.

*Вие другари комунисти, вие треба сеедно и будно да гледате да ги ишчувате чисти и неизвалкани знамето на нашата Партија и името комунисти.* Денеска кога работнио народ на Македонија, недоволен со ропското положение, притиснат од воените товари, даванини и скапотиа, протестира и се размрдува, вие треба да бидите тиа кои ке ги организирате народните маси и ке ги поведете во борбата. Бидете не само другар и предводител, туку и учител, кој ќе го објаснува значението, целите и задачите на борбата на народно ослободување од капиталистичкио јарем и националното потиснување. *Нека види и сети работнио македонски народ дека нашата Партија му е најблискио пријател и водач.*

Недоволството на работниците, селаните и граѓаните поради мобилизацијата, земањето на добитоко, скапотиата, непоможувањето на фамилите на мобилизираните, пониските надници, треба да го организирате и префрлите во силни акцији, кои ќе ги затресат темелите на потиснувачкио режим и оневозможат вовлекувањето на македонскијо народ во војната.

[154] Се однесува на Антон Грубишиќ, адвокат, ветеран на партиската организација во Скопје меѓу двете светски војни.

*Вие треба да бидите организатори и предводители во силната далга на штрајкашката борба на работничката класа во Македонија.*

*Вие треба да бидите организатори и предвоители, како авангарда на работничката класа и на чело во борбата на македонскио народ за полно национално ослободување.*

*Вие треба да го кажите на македонскио работен народ вистинскио и правио пријател на потиснатите народи, Совјетскиот Сојуз, земјата на мир и слога, работничко-селската држава.*

Најпрвната ваша задача е да го истребите корово шчо изникнал по партијската нива во Македонија. Чистите ги своите редови, исфрлувајте ги од ниф туѓите, несаламните и страшливите елементи, зајакнете ги своите партијски редови. Борете се против сите оние надвор од партијските редови шчо под вид на комунисти ги растуруват и демобилизират здравите работнички и народни снаги, шчо а кршат борбената засиленост на масите, шчо ја запират работничката и народна-ослободувачката борба и го срамат чесното име комунисти.

*Кренете го високо знамето на нашата Партија, викајте и приемајте во нашите редови борбени и класно свесни работници и народни борци за да поведиме работничката класа и работнио народ во Македонија под раководството на нашио борбен Централен комитет во борбата за крајно ослободување.*

*Да живеи единството на македонскио народ во борбата за национална слобода и равноправност!*

*Да живеи Совјетскиот Сојуз, зашчитнико на малите народи и калето на миро!*

*Долу империјалитичката војна!*

*Да се бориме против скапотијата а и воените шпекуланти!*

*Да се бориме за демократски права на работнио народ за слобода на организација, збирање и договор, за право на штрајк!*

*Да се бориме за делба на големопоседничката земја!*

*Да се бориме за да го нема монополо!*

*Да живеи сојузо на работниците и селаните!*

*Да живеи Комунистичката Интернационала!*

*Да живеи Комунистичката партија на Југославија, водачо и организатор на борбата на работнио народ и национално потиснатите народи во Југославија!*

*Јуни 1940.* ПОКРАЈИНСКИО КОМИТЕТ НА КОМУНИСТИЧКАТА ПАРТИЈА НА МАКЕДОНИЈА

*Илегалниот печат на КПЈ во Вардарска Македонија меѓу двете светски војни. Подготвил: д-р Иван Катарџиев, том II, книга 2, Скопје, 1983, 313-318.*

## Бр. 2
## ОДГОВОР НА ПРОФЕСОР Н. ВУЛИЌ[155]

**Скопје, VII 1940 г.**

Во весникот "Правда" од 10 јули 1940 година, излезе от перото на Н. Вулиќ статија под наслоф: "Јужна Србија". Целата статија, како и она шо излезе во веснико "Време"[156] во ноември месец 1939 год. има за цел да ја на еден наивулгарен начин извртува историческата вистина, карактеро на Македонија и да ги поткани административните и "просветни" органи да му "разјаснуваа" на Македонците оти сет Срби. Ние ќе се заприме по долу, макар во опшчи черти, да докажиме научно шчо се и какви се Македонците, а сега ќе зборуваме нарочно по самата статија.

[155] Одговорот не е потпишан ниту е датиран. Во Билтен бр. 1, орган на ПК на КП во Македонија од 20 јули 1940 год. се вели дека "вистинските Македонци и вистински привврзаници на борбата за македонското дело овие дни му испратиле одговор на проф. Н. Вулиќ на неговата статија објавена во Правда од 10 овој месец".

[156] Статијата во в. "Време" е објавена на 16 ноември 1939 година под наслов - "Јужна Србија или Македонија".

Пред се́, г. проф. Н. Вулиќ[157], не праи опит барем, како шчо напраи проф. Цвијиќ прет него, да докажи "научно" оти се Македонците Срби, туку наигрубо лажи, ја фалсификува историјата и ги наречува Македонците свободни грајгани. Негоата статија мегју Македонците предизвикува присмевајне и јарос. Негоите приметувајна и јазико сет приметувајна и јазик на еден српски жандар во Македонија кој не сака да ја испушчи плачката шчо му попаднала во рацете. Г. професоро не можи да не́ убеди оти целата област от Ристовац до Гевгелија никогаш не се нарекувала Македонија и да ни било тоа импортирано "у новије доба". Треба да биди некој фалсификатор и лош, за да можи да тврди нешчо, како што је ова. Не ја името Македонија внесено со сила во новото доба, туку името "Јужна Србија", јет господине професоре внесено и употребено от српските шовинисти, империјалисти и потисници во новата доба. Географическото положеније на Македонија не је вчерашно, то јет ушче от времето прет Христа, од времето на Филипа и Александар Македонски. Професоро по таму велит: "А што је нарочито важно, то је да непостоји никаква посебна Маќедонска народност". Н. Вулиќ или је профен во областа на науката, или пак со злонамереније лажит и не сака да ја кажи вистината. Македонска народност, т.е, националност постоји, и ако сега неје како отделена самостојателна држава. Ако Македонците немат своја држава; зато они не сет криви, али српските, бугарските и грцките империјалисти који се сојузија, заграбија, расцепија и поробија Македонија на место да ја ослободат от Турците и да ја остаа самостојателно да живеи и да се развива. Верно јет едно, да до 19 век на Балканскиот Полуостров не била нити македонска нација, нити па српска или бугарска. Секија нација јет плот на капиталистичко развитије, плот на епохата на капитализамо. Во времето на цар Душан, Кралевиќ

---

[157] Проф. Никола Вулиќ (1877-1945), српски археолог. Меѓу двете светски војни долго време работел во Македонија. Поводот за оваа реакција е предавањето што го одржал на тема "Македонија", во просториите на "Српски културен клуб" во Белград. Предавањето потоа е објавено во в. "Време" и во в. "Правда".

Марко, Аспарух и Симеон, т.е. во епохата на феудализамо немало никакви нацији. Шчом јет така, како шчо тврди Н. Вулиќ, да српската нација постојела во времето на Душан Силни и Кралевиќ Марко, зашчо после смрти на Душана се распадна српската држава, како кули от мукава. Зошчо татко му на Марко, Волкашин се отдели от државата на Урош. Српската држава се распадна, оти не беше национална држава, туку феудална. По смрта на секој по силен феудал, кој успевал за малку време (како цар Душан) да сједини пројке области и да покори појке мали феудали – српската држава, како и секоја друга феудална држава се распаднала на малечки феудални државици.

Никакви исторически права, никакви традиции не можат да ја оправда власта на српските империјалисти во Македонија. На истите тије основанија, засновуваа своите права нат Македонија и Бугарите, Грците, Турците и Талијаните (овие се сметаа како потомци на Римјаните). Македонците не сакаа да имат за господар никого, а сакаа да бидат самостојателни и свободни. Това “историческо право” јет само еден претекст за да биди Македонија поробена, и да во неја управува друзи, - претекст за да биди наиварварски експлоатирана. Ако се зборува за историческо право, то и Македонците имаа уштче по големо, зошчо постојала ушче во времето на Филипа – и Александар Македонски, - македонска држава, макар да тије биле Грци. Во 10 век није имаме Славјанска македонска држава, во времето на цар Самуила, со седилишче во Охрит, то мие македонските Славјани имаме по големо историческо право.

Што се односи на јазичната еднаквост мегју српскио и македонскио нарот, то това не можи апсолутно да биди причина, да се оправдаа српските завоевателни и потиснителни намеренија во Македонија. – *Прет се́, македонскио јазик неје ни српски, ни бугарски, што јет специфичен македонски*. Еднаквоста на јазико мегју Србите и Хрватите јет многу по голема, от колку мегју српскио и македонскио. Денеска сет Хрватите отделна нација и народ. *Англичаните и Американците от САД* зборуват на еден јазик, а сет отделни и

различни нации. Македонците от разните делои на Македониа многу поарно се разбираат мегју себи се, от колку Немците от Австрија и Баварија со тије от Прусиа, или от колку Французите од Париш со оние от јужна Франција, или пак от колку Србите от Пирот и Врање со Шумадинците. Ако немаа Македонците ушче свои књижевен (опшч.) јазик, то се криви потисниците негои, кои не му даваа да зборува на својо јазик, а камоли да создаи литературен јазик. Во Македонија дури и децата во чколите се накажуваа заради то оти зборуваа на својо мајчин јазик, а за постарите и да не зборуваме. Но покраи сите пречки Македонците создадоа вејке и своја литература на македонски јазик. Во Југославија како и во Бугарија издадени сет дури и стихотворениа на македонски јазик. Тука јет вејке на прво место македонскио песник Марковски кои на свое скопско-велешки диалект напиша своиве великолепни сбирки “Народни бигори” и “Огинот”. Целата прогресивна опшчесвеност и критиките освободни от шовинизмо кренаа глаите и укажуаа на вазможностите и богаството на македонскио јазик, и протиф тероро, кои се врши нат Македонци и нат нивнио јазик, на трите делои на Македонија: пот Српско Бугарско и Грчко. Никакви платени агенти, филолози, на српскио империјализам не можат да докажат еднаквоста на македонскио и српскио јазик. Самите професори се скарале со науката, со цел за да го оправдаа ропството и грабајнето во Македонија и можат ли да тврдат оти сет Македонците Срби кога самите Македонци не се осетуваа Срби. Г. Н. Вулиќ, зошчо ги бркате Македонците и нивнио јазик кога јет тои српски. Зошчо неги остаите тије слободно да си зборуваат на маичино си јазик и сами да си водат и управат.

Македонската нација се создала исторически, а неје плот од умо на оваи или онаи. Македонскио нарот води вејке 50 години организирана борба за своето постојувајне. Овде немаме место да докажиме зошчо Македонците до воината 1876-77 година[158], врвеа рамо до рамо со бугарскио и српскио нарот за своето ослободувајне. Само треба одеднаш да кажиме да Македонците и ден денешен водат борба заедно со српскио, бугар-

[158] Се однесува на Српско-турската и Руско-турската војна1876-1878 г.

скио и грчкио нарот за своето ослободувајне, - против балканските империјалисти и потисници, оти ни еден балкански нарот неје слободен, а јет потиснат, гмечен от своите диктаторски правителства. После свободителната 1876-77 год. Македонците останаа сами да се борат за својата слобода. Во 1895[159] год. тије создадоа своја народна революциона организација за борба и слободувајне от турското феудално иго. Светлите имина на Гоце Делчев, Пере Тошев, Дамјан Груев, Гјорче Петров, Сандански, Ник. Карев и полно друзи знаени и незнаени борци, водеа Македонците во жестока крвава борба со нивните потисници. Како венец на сето то *беше големото Илинденско востание и Крушевската Народна Република на чело со славнио Карев и Пито Гулев*. Тије славни борци, тије спомени от блиското минало на Македонците не може да се премачкат со бесвредности писанија на Вулиќа и компанија. После неуспелото Илинденско востание мије после 1903 година није имаме во Македонија србоманска, бугароманска и гркоманска пропаганда. За да се потврди нашето кажувајне, нека се отвори књигата "Спомени" от србоманскио шовинист и агент воивода Јован Бабунски, кои го признава отворено тије исторически факти за борбата и востанието до 1903, оти се водене пот Македонски барјак и идеи. Истото нешчо го признава и врховисто и бугаромано Борис Серафов во еден брои на "Македонски глас" – издаван во Москва 1904 ушче кога тои не беше изменил на македонската идеја и принципи. Тои на пр. таму кажува, *оти Македонците не се ни Бугари, ни Срби, нити Грци, туку сет само Македонци.*

Непоткупени и наидоследни во борбата протиф Турците, бугарската, српската и грчката пропаганда останаа само санданистите. Сé шо невеверуваше, шо беше продаено, малодушно и слабо потпадна после Илинден на разни пропаганди во Македонија. Ама, ни терооро, ни пропагандите, до ден денешен не го скршија македонскио дух за слобода и равноправије. Македонскио нарот се борел, се бори и ќе се бори заедно со сите потиснатите до полно ослободувајне.

[159] Македонската револуционерна организација е создадена во 1893 г. во Солун.

Македонската нација јет плот на исторически стечени околности и преставува едно географическо историческо и духовно-културно цело со еднаквост на јазико. Македонските Славјани имат еднакоф јазик на кои се разбират, тије имат еднаква своја култура, традиции, песни и др. Македонија јет географически определена во своите граници: река Места, планините Рила, Осогово, Шар, реката Дрим, Бистрица и до Егејско море. Исто така Македонија преставува и едно економско цело, това нешчо признава дури и проф. Миливој Павловиќ во "Правда" от 15. VII. 1940 година[160]. Денеска Македонија пот српско и пот бугарско ропство страда за това, оти јет отцепена от Македонија пот Грчко: от Солун и Кавала. *Македонската нација ја образуваат македонските Славјани, а македонски народ сет сите кои живеат во Македониа: македонски Славјани, Турци, Арнаути, Евреи, Власи, Грци и Срби.* И така Македонците сет оделена националност со свои јазик, култура, економическо и географическо цело исторически создаено со револуциона борба, со македонско национално освободително движеније. Како што земаа во турско време участие во македонската борба сите, дури и турските сиромаси така и денеска сите водат борба протиф српското империјалистическо господство. Во сретната македонска република сите народи шо живеа во Македонија ке имат равноправие и слобода. Едно такво славно минало на героиска борба.

*ДАРМ, Фонд: Поединечни документи, К. 7. Објавено кај Илегалниот печат на КПЈ во Вардарска Македонија ... цит. 318-322.*

---

[160] Се однесува на статијата на Миливое Павловиќ, професор на Филозофскиот факултет во Скопје, објавена во белградска "Правда" (бр. 12826, од 16. VIII 1940 г.) под наслов "Неке истине о Јужној Србији". Со оваа статија Павловиќ се вклучил во дискусијата на страниците на в. "Правда", започната со спомнатата статија на Никола Вулиќ за непостоењето македонска нација.

**Бр. 3**
# МАКЕДОНЦИ, ПРАЗНУВАЈТЕ СЛАВНОТО ИЛИНДЕНСКО ВОСТАНИЕ! 2 АВГУСТ (20 ЈУЛИ) 1903[161]
***Повик***

**Скопје, VII 1940 г.**

Пред 37 години на сам Илинден се објави славното македонско востание, које имаше за цел слободата на Македониа. Цели 37 години македонскиот народ слави тоја ден, као ден најсвет на Македонецот, оти за прв пат се излезе отворено и организирано со вооружена борба за ослободувајнето на Македонија. Као венец на таја наоружана борба беше слободната Крушевска Република с Карев на чело. Никога от Македонците нема да се заборави таја велика борба за слобода, таја Крушовска Република, која траја близо две недели.

Во таја тежка борба со Отоманската империја, македонскиот народ даде крвави жртви. Около десет хилјади паднаја убити и ранени, жени изнасилени, моми обезчестени и беја избегали 70-80 хилјади Македонци во комшијските балкански земљи. Турската абсолјутическа власт во лицето на пашите, беојти и спајте се нафрли со целата си сила, со војски донесени от Анадол за да смачка таја правдива македонска борба.

Во 1903 год. 2.VIII (20.VII по стар стил) македонскиот народ се крена на наоружена борба со стари пушки, коси, колји и српови, за да турни султанската власт, за да се ослободи от средновековното робство и експлоатација, за да си земиземја, која турските бегови и паши беја му заграбиле и от чија пот они се преранува и ужива.

Илинденското востание водено от Натрешната македонска организација со својо оперативен штаб во село Смилево, Битолско и ако вон него се покажа геројско држание и готовност за жртви беше неуспешно, то заврши со пораз. За да

[161] Повикот не е потпишан, ниту е датиран. Се смета дека е упатен од ПК на КП во Македонија, а издаден е во јули 1940 година.

заврши востанието со пораз има многу причини. Али како и да заврши то, ни нај-малко не намали стремежо за слобода, а остави во македонската историа, во преданијата длабока бразда, силен пример за да следува младите поколениа.

Денеска, кога се е зафатила Вторатa империалистическа војна, која се води за заграбувајне на колонии и потискане на тугји народи, Македонецот треба и ке празнува под разни форми својо Великден, Илинден.

Илинден е светло и чисто македонско знаме, под које сите и сиромасите Турци, и Власите, и Грците, и Арнаутите и пр. се обединува, така исто као што во Крушево се обединија Питу Гулев, Цинцарин, геројски се биј и загина на Мечкин – Камен, зато што делото беше обшто за сите потиснати от турскиот феодализам.

Исто така денеска Македонците, Турците, Арнаутите и сите потиснати експлоатирани во Македонија *от србскиот, бугарскиот и грчкиот империализам*, должни сет да се сгрупират за обшта борба, за слобода и равноправие.

Денеска от секога повеке е потребно единство и борба, зато што готви се за Македонија нов јарем, нова поделба, ново робство.

Нека Илинден служи за пример!

Нека младото поколение се зарази от огинот на Илинденските борци!

ДА ЖИВЕИ СЛОБОДАТА И РАВНОПРАВИЕТО!

ДА ЖИВЕИ СЛОБОДНА МАКЕДОНИЈА!

*Илегалниот печат на КПЈ во Вардарска Македонија ... цит. 322-323.*

## Бр. 4
## НА РАБОТНИО НАРОД ВО МАКЕДОНИЈА[162]
***Повик***

**Скопје, VII 1940 г.**

Работнио народ во Македонија достојно го прослави годинава Илинденското востание и споменот на народните борци од 1903 год.

Во Прилеп се вивна со незадржима силина борбенио пламен на нашио народ. Илјади мажи и жени, стари и млади смело се кренаа да го кажа своето големо недоволство со ова тешко положение со ова ненародно управление и да ја кажа својата спремнос да се од него ослободи. Илинденските демонстранти во Прилеп се покажа достојни синој и кјерки на својте големи татковци от Илинден 1903 г.

Прослава на Илинденското востание во Македонија и големите демонстрации во Прилеп докажа оти работнио народ во Македонија нејки да трпи, туку е готов да се бори за својте права. Нејки да трпи арамилок и пљачка која над него ја врши противнароднава влада, разни капиталисти и воени шпекуланти, смалувајќи ги работничките надници и цената на тутуно, афионо, кожурците и други селски производства, а поскапувајќи го сето она што му је на народо требно и товареќи му на народо на грбо сѐ поголеми порези и други даждбини. Нејки појке да трајт со политичко беспtwавие, насилие и национална потиснатос од големосрпските империјалисти, нити од ма кој други империјалисти. Нејки појке да трпи неизвеснос и дволична политика на неутралност од ненароднава влада Цветковиќ-Мачек која спроводи мобилизација не да ги запази народите во Југославија од војна и да им обезбеди мир, ами да ги воведи во војна.

Работнио народ во Македонија сака поарен и поубав живот. Тој сака да има должности али и права. Тој сака да биди

[162] Документот е потпишан од Илинденските демонстранти, меѓутоа тој е подготвен од Партиската организација во Македонија.

слободен на својата земја и равноправен во братска заедница со другите народи во Југославија. Македонците сака да бида коачи на своата садба и сака права народна влада. Македонците се за мир и сака споразум за взаимна помош со Совјетскиот Сојуз, едината земја на свето која го брани миро и ги штити малите народи. Работнио народ во Македонија сака леп, мир и слобода.

Апсење на десетина луге и жени од редоите на народните борци во демонстрациите во Прилеп и другите места не можи да ја запри правдивата борба од Македонците. Нашите тирани вејќе со години гуша со терор секое недовлствие на народо и негоата борба за слобода, равноправие и поарен живот. Илинденските демонстрации, а нарочно во Прилеп, ги собра во борбените редој сите искрени Македонци, верни синој на својо народ и приврженици за македонската работа без обзир на нивното убеѓење. На сите нас денеска ни је јасно да без озбилна, упорна, чврста и непрекидна борба од работнио народ од градо и селото нема успех. Работнио народ во Македонија ќе дојди до победа само со единствена борба. Низ пламено на Илинденските демонстрации се обистини единството на народите во Македонија. *Работниците, селаните и граѓаните си скоја сојуз на работнио народ во Македонија за натамошна борба.*

*Да ги оцврсниме нашите редој, да го ојакнеме сé појке нашио сојуз на работнио народ во Македонија и уште поупорно и поодлучно поведеме во борба за народни права и народни слободи, за слободна Македонија и поарен живот.*

СЛАВА НА ИЛИНДЕНСКИТЕ ЖЕРТВИ!
ДА ЖИВЕИ ИЛИНДЕНСКОТО ВОСТАНИЕ И
КРУШОВСКАТА НАРОДНА РЕПУБЛИКА!
ДОЛУ ВОЈНА!
ДА ЖИВЕИ СОЈУЗО СО СССР!
ДОЛУ СКАПОТИЈАТА И ВОЕНИТЕ ШПЕКУЛАНТИ!
ЗА ДА ГО НЕМА МОНОПОЛО!
ПОМОШ НА ВЕЖБАРИТЕ И НИВНИТЕ ФАМИЛИИ!
ДОЛУ НАСИЛИЕТО!
ДОЛУ КОНЦЕТРАЦИОНИТЕ ЛОГОРИ!

САКАМЕ ЛЕП, МИР И СЛОБОДА!
ДА ЖИВЕИ СОЈУЗО НА РАБОТНИО НАРОД ВО МАКЕДОНИЈА!
ДА ЖИВЕИ СЛОБОДНА МАКЕДОНИЈА!

ЈУЛ 1940[163] ИЛИНДЕНСКИТЕ ДЕМОНСТРАНТИ

*Илегалниот печат на КПЈ во Вардарска Македонија ... цит. 324-325.*

## Бр. 5
## МАКЕДОНЦИ[164]

**Прилеп, VIII 1940 г.**

Еве две недели како се помина от Илинден. Две недели во Прилеп беснејат полицијата и великосрпските шовинисти от црната рака - србоманите. Белградското реакционно правителство на Цветковиќ-Мачек заповедува, а агентите Мејкјарината му во Прилеп извршуват и спроведуват нифната политика.

Покрај 22-ицата затворени во прилепската апсана, кладо уште осум души. Пуштени сет и казнени со пари 2-3 души. Оптужени сет да вршиле големи и страшни работи. На затворените не се допушта редовно да им се носи јадејне од кујките и роднините. Клеветнически доноси сет прајни от страна на разни Коневци, Тошо Петровци, Гиниќовци да затворените ко бајаги викале: "да живеј Хитлер" и незнам што се. То е чиста лага, зато што фашизмо заробува, а не ослободува народите. Мејгу другото биле винени оти викале: да живеј СССР и истински и искрен сојуз са СССР. Со клеветнички односи се готви против четворица оптужба гјо оти биле организатори. Полици-

[163] Документот носи датум "јул 1940". Меѓутоа, бидејќи е издаден по изведените демонстрации на Илинден, на 2 август 1940 г., по се изгледа датирањето е извршено по стариот календар.

[164] Повикот најверојатно е издаден од МК на Партијата во Прилеп.

јата сака да скрој судебен процес. От друга страна целио град се тероризира от вооружени џандари со пушки и ножеј. Фтасаа до това дереџе да апсат и десет годишни деца, да ги шетат низ чаршија, за да покажувале кој фрлал летците - позивите.

Овие арести преследувајна, сет само зато оти народот посака ефтино брашно, посака добра цена за тутуните, посака истински, а не лицемерен сојуз со СССР, посака демокрација, слобода и посака слободно да се празнува најсветото от македонската историја - Илинден. На место да донесат и даат ефтино брашно, власта во Прилеп прави апсене. На место да дат слобода на народо, властниците и агентите на црната рака сакат да скројат скандален и безобразен судски процес по законот за заштита на држава. За ниф државата вакква построена, вакква на Цветковиќ-Мачек е светаја светих. Та им служи како перде зад које слободно можат да експлоатират Македонци, да грабат плати и пенси оти биле "национални ратници", да земат рушвети и порези и да јадат зелници и кокошки. На сето то одозгора ако можа народите во Југославија да ги шибнат во империјалистическа војна, за да задржат заграбеното и да вршат терор и насилија.

Апсејнето е мејгу другото, оти Прилеп и околијата сака одма да биди отменена наредбата за неподкинувајне на тутуно. Таја жестока наредба носи голема вреда на 7000 производгјачи во Прилеп и Прилепско. Народот сака тврдо да се нормира брашното и дрвата, *оти наспапува гладна година* и зимата ќе биде страшна. Да се земат мерки против големите трговци спекуланти, да се продава врејкјата брашно не 30, а 18 банки. На самите бедни и средни селани производгјачи на жито да им се плати добра цена от милионите што ги спечалил Призад, а на народо да се дај ефтино брашно, на ситните брашнари една законна печалба. На место да се води таква народна политика, управниците вршат апсенија, преследувајне, терор, безправие и процеси. Нема поголемо безобразие и преступление от това што се врши денеска за есап на народо от страна на централната власт и от тие нифни органи во Прилеп.

Денеска прилепските грагјани сет појке от секога единни и согласни. Прилеп стој цел испраен како некоја спила

от Кукул. Ништо не е во положение да поколеба негојот дух за право, за слобода, за мир и леп. Целиот град, со изклјучение на продајните душици и агенти на великосрпбскиот империјализам, со сето срце и душа се бори и е кај тија што се борат за правда и слобода.

Во Прилеп како во огледало може да се види целата водена борба на Македонија. Прилеп е град, кој е водил славни борби за црковна, училишна и политическа слобода против турската монархија и против сите оние пропаганди што имале за цел поробувајне на Македонија. Пере Тошески е бил најпоследователен централист против србската, бугарската и грчката пропаганда.

Паметни сет и денеска икономическите борби, затворајнето на чаршијата по случај убиства, насилја и неправди от страна на турската власт (затворајне чаршијата во 1905 по случај убиствата кај рибарите, земјане на сеното во 1909 г. от Манестирската ливада и други).

*Тоја истио Прилеп денеска е изпраен како еден чоек и си бара својте народни права и слобода.*

САКАМЕ ЕФТИНО БРАШНО И ДРВА!
САКАМЕ ОДМА ОТМЕНА НА МОНОПОЛСКАТА НАРЕДБА ЗА ПОТКИНУВАЊЕ НА ТУТУНО!
САКАМЕ ОДМА ДА БИДАТ ОСЛОБОДЕНИ СИТЕ АРЕСТУВАНИ ПРИЛЕПЧАНИ!
САКАМЕ МИР И ИСТИНСКИ СОЈУЗ СО СССР!
ДОЛУ СРБСКИТЕ ЗАВОЕВАЧИ И ИМПЕРИЈАЛИСТИ И НИФНИТЕ АГЕНТИ!
ДА ЖИВЕЈ СЛОБОДНА МАКЕДОНИЈА!

август 1940 г. ОД ПРИЛЕПСКИТЕ ГРАГЈАНИ

*Завод-музеј Прилеп, инв. бр. 26. Објавено кај Илегалниот печат на КПЈ во Вардарска Македонија ... цит. 325-327.*

**Бр. 6**
**НАРОДЕ![165]**
***Повик***

**Скопје, лето 1940 г.**

Владата Цветковиќ-Мачек - исто како и тие што беа пред неа, на Стојадиновиќ и Јефтиќ дојде на власт со веќајне оти ке уведи демократизациа да ке го укини законо за заштитата на државата и судо за заштитата на државата да ке прогласи амнестиа за сите политички (кривци) осудени. Али владата не си достој на зборо шчо го даде. Ништо не стори от сето това што веќаваше. По апсаните во Срем[ска]  Митровица, Ниш, Лепоглава, концентрационите логори и ден денес се затворени народните борци, а сите амнести до сега биле колку да го успиа и да го залажа народо. Судо за заштитата на државата и ден денес работи и им суди на најарните синој от сите народи во Југославиа. На сите манифестаци ка што се посакало мир, леп и слобода режимо редовно леј невина крв. Режимо Цветковиќ-Мачек не само да не го симна (укина) тероро ами уште толку го појакна и секој ден бива сé по лош.

Кој се тие што се апсат и зошто? Не за кражби и други аџамилаци. Ги апсат борците за правата на работничката класа, народните борци што се против империјалистичката војна за мир леп и слобода против воените шпекуланти. Се убиват тие што се за сојуз со големио и силен СССР. Се апсат и претепуват борци за најосновните права на човеко и претепани дома и пуштат да се лекуват. Бестрамници.

Во овој страшен терор што го спроводи ненародната влада Цв[етковиќ]-Ма[чек] македонскио народ и овај пат бележи крвава страница во својата историа. Затворите по македонските градој полни се со најдобрите, најчесните синој на Маке-

[165] Повикот не е датиран. Врз основа на содржината, сметаме дека е издаден во летото 1940 г. Повикот е потпишан од Одборот на Народната помош, основан и раководен од ПК на ПК во Македонија.

дониа. Се апсат по сите градој а нарочито во Скопје, Прилеп, Велес, Штип, Куманово и Тетово.

Во ова положение кога режимо со сета сила станал против најдобрите синој на Македониа, ние ги викаме сите приатели на жертвите на реакциата противниците на терор - да помогна и да ги бранат борците за слобода. Сите тие кој сет за достојанство и правата на чоеко, целио македонски народ нека дај помошт и заштита на жертвите. Работници, селани, работен народе со својте протести и прилози во пари и храна помогнете жертвите на тероро.

ОДБОР НА НАРОДНА ПОМОШ

*Илегалниот печат на КПЈ во Вардарска Македонија ... цит. 327-328.*

## Бр. 7
## ДО МОНОПОЛСКИТЕ РАБОТНИЦИ И РАБОТНИЧКИ, ТУТУНЏИИ И ЦЕЛАТА РАБОТНИЧКА КЛАСА ВО МАКЕДОНИЈА[166]
***Повик***

**Скопје, лето 1940 г.**

*Другари и Другарки*

Нас нѐ искористува и крада, лажа и заведува, плаша и гона.

Појќе од стотина хиљади нас заработено је околу садење и работење на тутуно. Со нашата работа даваме милиарде динари вредност, али таа вреднос што сме а ние сториле не а користиме неа ја зема и дига како ќар [при] продавањето на тутуно нашио газда-државата.

---

[166] Повикот не е датиран. По сѐ изгледа, објавен е во летото 1940 г. Потпишан е од "Класно свесните монополски работници", а сметаме дека е повик од ПК на КП во Македонија.

Тој ќар то е наша мака и пот. Ние работиме и живеме во немачка и сиромаштина. Како дар за нашата работа је мачниоф и тешкиоф живот, не знаејќи утре шо нé чека нас сите. Ни гарантува ли некој оти утре ние и наша фамилија ќе имаме бар сув леп и куќа да се прибереме. Никој тоа не ни гарантува ја најмалце државата за која си а арџиме снагата наша.

Другари и другарки, ние треба да знаеме да не сме борчлии да само работиме ма за каква надница ма под какви условиа. Ние треба да сме свесни да како замена за нашата работа треба да имаме не само тоа шо е за нас и за нашите фамилии нужно за живот, ами да таа замена за нашата работа мора да биди таква да ни дава сé поарен и поарен живот.

Ние другари и другарки, треба да знаеме да постоји таква земја каде работниците немаа над главата ни газди ни чауши и не работа за туѓи есапи ами за свој. *Во Совјетскиот Сојуз работничката надница је од ден на ден сé поголема.* Заирињата за живот и други животни потреби се од ден на ден сé поефтини. А тоа може да бидни само зато, оти работниците бера гајле за сето то, оти тие работат со ќеф оти работат за себе. Со помалце арџои извода појќе роба и така ги намалуваа цените и ги дигаа надниците. *Со таква работа другари во Совјетскиот Сојуз успеале да го работното време (смала) на 7 саати, а во тешките работи и по 6 саати на ден.* Башка од нас тие имаа полно други користи и леснотии како: платено годишно осуство за секого, обезбедени почифка и докторско гледање во куќите за почифки, бањите и саниториумите, помош за деца, праење здрави куќи, обавезно школување за сите деца до 8 разреда гимназиа итн. Така животот станува сé полесен и поарен.

Сето ова можи да биди само така шо другарите во Совјетскиот Сојуз [живеат во] работничко-селска држава, предводени со Комунистичката партиа на чело со другаро Стаљин, сами повела својата држава. Работниците и селаните со ќеф работа, оти си праат себе си и на своите деца сé поарен и поубав живот сигурна будуќност.

Крајно е време, другари и другарки, да земеме за свое и да си [во] ведеме во живот светот(о) работничко-селско прави-

ло: Тој што работи треба [не] само да живеи како било ами сѐ поубаво да живеи, оти тој работи и праит сѐ. Кој не работи не треба ни да јаде.

А што имаме ние? Тешки пари спечалени со нашата пот ги расврла и арчат разни ашлаци, распикуќи кои јавнале на грбот народен и на сила повела. Има ли чоек во ова земја кои може да рече оти е народо задоволен да знаи утре шо го чека. Напротив несигурноста е од ден на ден сѐ поголема а живото потежок.

Сите влади кои од војната на ваму се ределе на државната управа не воде есап за народните потреби, ами работеле против интересо на работнио народ, во прв ред против интересот на работниците и селаните. *Денешната влада Мачек-Цветковиќ го тера истото стање низ нова лага: лага за спораузмо и демократизациа.* А спораузмо е направен само помеѓу српските и хрватските чорбаџи за полесен арамилак и повелба над народите во Југославиа, а демократизацията е во толку шо сега и хрватските чорбаџи газа и плука на сѐ шо е народно.

Па и кога би сакала владата Мачек-Цветковиќ не би можела да му даит на народо, работниците и селаните она шо им треба: леп, мир, земја и слобода.

*Ова влада е за војна, оти е сама освајачка и угњетавачка.* Таа да не е во Македониа: Македонците, Арнаутите и Турците би можеле слободно да диша на својата земја, не би не сиктерисал и пљачкал секој, да почниш од бано па до пандуро. Не би по Македониа џандарите и контролите лазеле како црвје разјадуале и го сатирале македонскио, арнаутскио и турскио народ.

*Ова влада не може да ни даи леп.* То и ние сами на своата кожа го сеќаваме. Ова е капиталистичка и чорбаџиска влада која го гони народо да работи [за] неа. Ние и сами гледаме да од работата на тутун, немаме ни за живот довољно, дури пак државната каса дигат секо година по милиарда и пол да би со тие пари можела да се држи на влас и да плаќа голем војнички, џандарски и порезнички апарат и сила, да нѐ држи во стега и покорнос, да нѐ пљачка. Ова влада не може да ни даи леп и

земја, оти је и сама капиталистичка и роб на капиталисти и големи чифликсајбии.

*Најмалце пак ова влада може да даи слобода.* Оти таа не е на влас па (.....)[167] да народа, таа носи закони и уредби незаконито по свој кеф, без согласнос на народо. Народо ова влада ја неќе, оти е ненародна и противнародна. *Таа повела со сила, оти се плаши од народо, затоа и не му дава слобода.* Затоа ова влада нам не́ лажи сама и не́ лажи преку своите платеници и агенти. Тие со сила нам ни затина устите, ги апса народните борци. Ги разбива нашите работнички организации, не дава састанки и зборои и крша штрајкои. Председнико на владава Драгиша Цветковиќ си основал своа работничка организациа, Југорас со помошта на полициските и најголемите апаши. Како можа такви луѓе да ги вода работниците за поарни условиа во живото? Тие ги кодоша работниците, па покретот го води така да ги само истера работниците, а да го задоволи својот газда насилнико-капиталиста.

Ова политика на лаги и обмани ја помагаа социалистите. И на место да ги организира работниците, па и да ги вода во борба за нивните интереси, тие го разбиваа работничкото единство и коча праведна борба на класнио работнички покрет, тие заедно со полициата ги прогона најарните и најборбените работници. Во исто време растураа едно море лаги против Совјетскиот Сојуз и фрлаа со кал заедно со капиталистите на целио свет на нашите другари работници и селани во Совјет. Сојуз.

Денеска владата Мачек-Цветковиќ нам не́ лажи и обмамува со војна опаснос *да би не́ полесно завлекла на војно коление за туѓ есап.* Оти за ошто има да војуваа народите во Југославиа? За кого и за чии есап? Зашто ова влада кажува каде и кој е непријател? *Да и́ е нејзе да го брани народо, а не да се одржи на влас и да а рашири војната, таа би а нашата судбина врзала за Совјетскиот Сојуз кои е вистински против војна, а за одбрана на нашите народи. Таа би се потпрела на Совј. Сојуз и негоата војна помош.* [Кој] би тогаш смел да

[167] Оштетен, односно непрочитан текст.

гибне во границите на Југославиа? Кои смее да е нападне Естониа, Летониа и Литваниа дур има пакт со СССР. Народите на Југославиа ќе се бора како арслани за својата слобода и независимос кога знаа да зад ниф стои непобедиф и силен Совјетски Сојуз. *Оваа влада не е таа овеа шо ќе го стори. Тоа може само една права народна влада, која можи да оствари братски споразум на народи Југославии и братство со народите на Сов. Сојуз.*

*А пак шо работи ова влада? Таа врши војни припреми, мобилисува, праит преки војни судови и во оваа матна ситуациа му даваат прилика на војните спекуланти да дигне големи ќарови дигаеки ги цените и поскапуваеќи го животот а пак надниците и платата останувааа како по рано не доволни за живот.*

Владата Мачек-Цветковиќ спровоѓа и води политика на неутралнос, а таа политика речиа неутрална водеше и норвешката влада, а целта е беше водење на војната за есап на англиските и француските империалисти. Владата ги обманува народите на Југославиа да можа да бида нападнати. *Па зашто таа не обезбеди мир на еден арен начин: сојуз со Совјетскиот Сојуз? Народи Југославиа на чело со работничката класа против ваквото стање и вакваа политика на денешната влада.* За тоа се владава фрлила со сета сила да гуши секои покушај на незадоволствие кое го народните маси покажуваа пред сé по голема скапиа и војна политика, арамилок и зулуми.

Шо треба ние да работиме другари и другарки? *Ние мораме да поведиме одлучна борба за поарен живот и слобода на работничката класа, борба за захтевите на нашите сојузници селани. Оваа борба треба да а поврзиме и да и оствариме работнички селски сојуз. Нашата борба е наедно и борба за захтеви на градските средни слоеви, а нарачно борба на Македонците, Арнаутите и Турците против угнетувањето и золумов над нас. Ние мораме да се бориме против војната политика и влагање во војна да не дозволиме мобилизација на нашите ранители. Ние мораме да наставиме со сите сили да се оствари сојузо со СССР и обезбеди мир на народите во Југо-*

*славиа. Ние мораме да доведиме на земљината управа една народна влада коа ќа ни обезбеди леп, мир и слобода.*

Борба на работничката класа веќ се шири. Работниците се решени да го поправа своето положение. Штрајковите се бројно сé поголеми во целата земја и нарочито во Белграт. Не може поеќе ни Југорас, ни издајство на социјал-демократите ни уредба за минималните надници да го задржи снажниот талас на работничката борба.

Зато, другари и другарки во акција! Вршете пропаганда, разговарајте се и договорујте се меѓу себе во работилниците и сегде. *Поврзујте се и организујте се.* Нашата поврзанос и организациа е снага со коа низ нашата акциа ќе ги разбиеме нашите непријатели. Ако во секодневната борба не му даеме отпор на неприятело, тој ќе нé победи и повела над нас. Затоа ние мораме да дајме не само отпор ами да преидеме во напад, да победеме и задобиеме влада над сите народни неприятели.

ДРУГАРИ И ДРУГАРКИ ВО АКЦИЈА!
КЛАСНО-СВЕСНИТЕ МОНОПОЛСКИТЕ РАБОТНИЦИ

*ДАРМ, Фонд: ПК КПМ, 1940/42, инв. бр. 013. Објавено во Илегалниот печат на КПЈ во Вардарска Македонија ... цит. 328-331.*

**Бр. 8**
**ДО ВОЈНИЦИТЕ И ГРАЈГАНИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА**[168]
***Повик***

**Скопје, лето 1940 г.**

Еве повеќе от една година македонскиот народ се растерува по вежби. Еве повеќе от година време страда и се мучи цела Македонија. Скапотиата, сиромаштиата и гладот сет секој ден гости во сека една кујќа. Работата нема кој да е врши по

[168] Повикот не е датиран и не е потпишан. Според неговата содржина може да се заклучи дека е објавен во летото 1940 г. и потекнува од ПК на КП во Македонија.

полето. Нема мажите да работат по работилниците и по дуќаните, за да извадат парче леп за својте жени и деца. Повеќето фамилии сет остајени без грош, нема способните мажи да вадат преранувајнето на куќите си. Самите вежбари сет исто така во лошо положение. Многу лошата рана, лошото гледајне и мислите за фамилиите остаени без издржка, твори во душите на војниците бунтарство. Како можат војниците да бидат задоволни и слободни кога знајат оти нифните жени и деца гладува. Како ќе бидат спокојни кога државата не дава редовна помош на жените и децата. Војниците во казармите се бунтуват - тије сакат да си одат по домојте. Во Скопие, Битола и Кичево војниците се бунтуваја. Има многу затворени и казнени, али ништо нема да помогни во военолјубците српски империалисти. Секој се пита аџаба, зашто сме на вежба.

Правителството на Цветковиќ-Мачек собра народот македонски и друзите народи во Југославија во казармите и објави оти ке варди неутралност - нема да се меша во ова империалистическа војна. То е сето лага. Правителството изврши мобилизација, за да се намеша во војната, кога ке му дојди згодниот момент, да се намеша на страната на Франција и Англија. Али есапите на западните империалистически сили, како и есапите на нашето правителство и сите оније военолјубци што сакат на грбот и от крвта на народот да се обогатат као лиферанти и банкери не излегаја прави, оти германскиот империализам побрза и им ги измеша тије есапи. Правителството држи војниците уште во казармите, оти се плаши да не би Југославија да биди нападната от Италија и Германија, да не биди распарчосана.

То вели оти Југославија пазела неутралност. Југославија сама не можи никогаш да се опази от големите волци. Југославија можи да се опази, ако се опри на СССР. Али правителството на Цветковиќ-Мачек нејќи да заклјучи споразум со Советскиот сојуз за взаимна помош, нејќи да дај права и слободи на народот- то оди и се подмазува на фашиските држави Германија и Италија и сака да клај фашиски систем во Југославија. То бега от слободниот и демократичен СССР и оди кај реакционите држави - вчера со Франција и Англија, денеска со Герма-

нија и Италија, оти самото правителство е реакционно противнародно.

Денеска возможност за војна на Балканот туку речи нема, затова треба ослободувајне на сите вежбари. За да се осигури нашата држава от напади се налага борба на Народно Правителство, које ке дај полна слобода на македонскиот народ, ке заклјучи сојуз за взаимна помош со Советскиот Сојуз, за да не можи нашата земја да стани плјачка на империалистическите балкански и европејски сили.

*Полна помош и издржка на фамилии на вежбарите!*
СОЈУЗ ЗА ВЗАИМНА ПОМОШ СО С.С.С.Р.!
ПОЛНО ОТПУШТАНЕ НА ВЕЖБАРИТЕ!
ДОЛУ ИМПЕРИАЛИСТИЧЕСКАТА ВОЈНА!
ДА ЖИВЕЈ НАРОДНОТО ПРАВИТЕЛСТВО!
ДА ЖИВЕЈ СЛОБОДНА МАКЕДОНИЈА!

*ДАРМ, Фонд: ПК КПМ, 1940/42, К. 1, инв. бр. 032. Објавено во Илегалниот печат на КПЈ во Вардарска Македонија ... цит. 331-332.*

## Бр. 9
## Р Е З О Л У Ц И Ј А
## НА ПОКРАИНСКАТА КОНФЕРЕНЦИЈА НА КОМУНИСТИЧКАТА ПАРТИЈА ВО МАКЕДОНИЈА[169]

**Скопје, 8. IX 1940 г.**

Положението создадено от империјалистичката војна, незините економски последици во Југославиа и курсо на фашизација проведуван от правителството на Цветковиќ-Мачек сет

[169] Покраинската конференција на КП во Македонија е одржана околу 8 септември 1940 година на Водно крај Скопје и траела еден ден. Конференцијата е организирана како подготовка пред одржувањето на Петтата земска конференција на КПЈ во Загреб. На Конференцијата присуствувале околу 20 делегати.

Резолуцијава се објавува изворно.

две работи при који се развива борбата на македонскиот народ за подобар живот, демократизација и национално ослободувајне.

Во надворешната си политика реакционото правителство на србо-хрватската буржоазна коалиција Цветковиќ-Мачек се ослонува на фашистичките империалистички сили од осовината Берлин-Рим, спроведува фашизација на Југославиа, го потчинува целиот економски живот на земјата по нифното сакање и се служи со жесток и зверски терор над народните маси во Југославиа и специјално во поробената и потисната Македониа. Правителството отфрлува искрени политички и економски отношеиа и врски, како и сојуз за взаима помошт со великиот СССР, брка и преследува дружевствата за приателство и културни врски со СССР и по такоф начин е на пат да предаи независимоста на народите во Југославиа на милост и немилост на фашистките држави. Правителството со неговата политика на мазнење и сервилност е самото това пета колона на фашистките држави во Југославиа и предател на народните интереси и слободи.

Едногодишната мобилизација на војниците, лошиот берикет, скапотијата и спекулата со стоките помогна да се исцрпат економските возможности на македонскио народ. Ликвидира се и со малите остатки от изборност. Општинските одбори се растурат насилствено и на нивно место се клават испечени големосрпски агенти на српскио имеприализам, презрени и отфрлени од македонскио народ елементи. Експлоатациата и грабежот над работничката класа и целио македонски народ врви уште со поголемо темпо. Политиката на национално потискајне, асимилациа, див терор и преследувајне на се што е македонско, како и на македонската култура, јазик и песни се спроведува со целата им крвожеднос. Измаченото, обесправено и национално поробено македонско население се најдува пред нови и големи борби. Работниците први се крева на штрајкови за заштита на своите секидневни интереси. Манифестациите и демострациите што станува во Македониа сет израз на насобраното македонско народно негодувајне против

големосрпската политика на колониална експлоатациа и национално робство.

При такви економски и политички условиа пред нашите организации во Македониа се поставени от Ком[унистичката] партиа и ЦК многу важни задачи и то:

а) Создавајне единство во редовите на работничката класа против социалдемократските агенти во редовите на работниците, против чорбаџиските маши и крепители на најдивјот национализам и шовинизам на лугјето от "Југорас" против политичко бесправие, национално робство, асимилациа и потисничество, против колониалната експлоатациа и мизериа за поарен живот, слобода и национално ослободувајне;

б) Создавајне челичен сојуз мегју работниците, селаните, македонската интелигенциа и целиот македонски народ за борба против српските империалисти и поробители, за висока цена на тутуно, памбуко, афионо, сусамо и пченицата, против монополо, чифликсајбите и колонистите за земајне земјата от чифликсајбите, манастирите, вакафите, националните големосрбски великаши и колонисти и давајне на македонскиот земледелец и произвогјачи;

в) Запазувајне чистота на партиата и незиното чистејне от тугји елементи - за незиното засилувајне и појакнувајне на борбената способност.

I. Благодарение на големата помошт и внимание даени от ЦК на Партиата, нашите организаци во Македониа стојат здраво на нозите си и за едно малко време се забележуват успехи како организационно така и во политичко отношение. Зајакнувајнето на ПК и давајне прека и разноврсна поткрепа и помошт на месните организаци, чистотата[170] на тугјите антипартијни опортунистички и троцкистки елементи, допринесе многу нешто за да се излези от сектанштината, затвореноста и организаците сет на пат да се превртат во политички фактор и раководител на масовите борби от македонскио народ.

II. Македонската покраинска конференциа констатира, оти постигнатите успехи не дојдоа сами от себе, а това е резул-

[170] Печатна грешка. Треба: чистење.

тат на мерките и борбата на Партиата и ЦК. За чистејне на партијните редови от нездрави от тугји опортунистички и троцкистки елементи, кои беа седнале во раководствата на организациите и беа пречка во нифното развивајне. Таја борба треба да се продолжи со енергиа тврдос и буднос против сите неприатели, опортунистички свивајна и сектанското приближувајне кај масите.

1. Неопходно е да се создат нови како и да се зајакнат старите организаци по местата и то најнапред во монополските складови (станици), фабриките и работилниците во Македониа. Без да се разбери и спроведи на дело ова организационна нужда, немисливо е да се исполнат задачите кои се поставени от Партиата;

2. Правилно распределение на партијната работа мегју партијците, принадлежност на секои партијец кај своја келиа створена на производствен принцип, партијците ке можат да имат јасен поглед или да преставуват активна целост во борбата на оделна фабрика, тутунџиска станица, град и село.

Покрај големите напори за воспитајне на кадрите се чувствува потреба от изучувајне и разработувајне по отделно и колективно на историата от ВКПВ(б)[171] која преставува богат арсенал на опит и теориа за победата на руската револуциа. Арно треба да се разбери от сите организаци оти без здрави, болшевички закалени и наоружани со марксизмо-ленинска теориа и комунистичко васпитание партијските кадри неможа да си достигнат клаените пред Партиата задачи - подобрение на положението от македонскио народ, национална слобода и независимост на Македониа и победата на комунизмо.

3. Стравот от пријемајне на нови партијни членови или пријемајне без обзир на това да ли некој кандидати сет способни и годни за такви се забележува во отделните организации. При пријемајне партијни чланови како условие да се зема - борбеноста и готовноста за жертви со цел да се рашират и пораснат нашите организации и уште потесно да се врзат со широките народни маси.

[171] Всесоюзная Коммунистическая Партия (большевиков) - Сојуз на комунистичка партија (на болшевиците).

4. Неопходноста от создавајне на партијски организаци по селата е исто така едно условие за влегувајне и водејне борбата на македонското село. Башка от това е потребно да се изгради една широка мрежа от ванпартијни, широки и масови просветни, читалишни и културни организаци за опфатувајне на селското население. Неразбирајне и изоставајне на ова задача можи да стани пречка да се продолжи денешното положение и е немислима борбата против колониалната политика на големосрпските шовинисти и слободата на македонскиот народ.

5. Еден од најизостајените сектори на нашата работа е работа мегју жените. Стварајне на женски дружества под разни форми и со различни цели според месните условиа е исто така важна задача на партијните организаци. Робството на Македонката е многуврсно. Незиното издигајне и участие како во борбата на работничката класа, така и во опшчо националната борба за слобода и равноправие на македонскиот народ е потребно и неможи да се помини без неа. Успоредно со работата мегју македонската жена селанка или грагјанка, да се превземат мерки за Туркијните и Албанките, кои сет еден не мал процент от општото население во Македониа. Потценувајне и несериозно отношение за општествената и борбена рола на македонската жена и затворајне вратите на Партиата за жени е антипартиен поступак и пречка за правилно постапувајне на националното прашајне, који не можи да си позволи ни една партијна организациа.

6. Работата мегју младите синови и керки на Македониа уште со поголема енергиа да се продолжи и рашири. Македонската младеж ги полни тутуновите станици, фабрики и работилници. Чираците, младите селани и учениците најпламената и готова за жертви част од македонскиот народ треба да биде опхватен от дејноста и борбата, која води Партиата. СКОЈ како организациа на младите комунисти е многу широко движение која во Македониа треба да стани единствено народна организациа на македонската младеж. Борбата против империјалистичката војна, за мир, против терор, за култура, спорт, трзвенство, полопривреда и многу други грани от оп-

штественио живот на македонската младеж сет нифнио објект, како и популаризирајне на успехите и достижениата на големата држава на социализамот СССР.

7. Нај остро треба да се постави по местата прашајнето за вардејне конспирациата и достојно држејне пред класнио неприател и национален враг - големосрпските господари и империалисти. Не само комунистите, но сиот македонски народ да се воспитува во духот на конспирациата, на омраза и презрение спрема предателите и шпионите на македонскио народ и борба, за геројско држејне и молчејне кога сет во рацете на полициата и националните потисници.

III.

1. Борбата за единство на македонската работничка класа, за подобар живот, за поголеми надници и хигиенски условиа на работа, за права и слобода за право на штрајк и синдикална оргаизациа, клубови, штампа - треба да збери сите организирани и неорганизирани работници.

2. Една от основните и најважни задачи на организациите от Партиата во Македониа, е тактиката за создавајне за општ македонски национал-револуционен фронт, који треба да биди како част от општата борба на пролетериато во Југославиа. Само сојузот мегју работниците во Југославиа со македонското национал-ослободително движение можи да клаи крај на србскиот империализам и можи да донеси слобода на сите народи, србскиот, македонскиот и другите потиснати народи во Југославиа. Потребата од тактика за обединение на сите македонски групи и елементи, који сет готови да водат борба за слобода против големосрпскиот империализам али да сет тугји и непријатели на разните империалистички и фашистки пропаганди бугарска, грчка, немска, талијанска и други. Ете што треба да биди раководно начело на комунистичките организаци во секидневната борба. Тука и во врска со това развивајне активности и работа за спечалувајне на македонскио селанин који преставува основниот елемент на национал-револуционото македонско движение. Лозунка и сакајне земјата во Македониа от чифликсајбите, големосрбските шовинисти и "герои", таја на колонистите, манастирите, црквата, круната и вакафи-

те, треба да премини во рацете на македонските селани и производгјачи. Македонците от големите ридои и планини да слезат и работат земјата на своите татковци и дедовци, а на стварно бедните колонисти да им се даит земја во Србиа земјата на тамошните чифликсајби и чорбаци, манастирска и крунска. Прашането за тутуно и неговата цена како и цената на памбуко, кожурците, афионо и пченицата, за непостоеине на монополо и борбата околу ниф треба да послужи како форма и база за обединение на македонското село и тутунопроизвогјачи и спечалувајне им за општио национал-револуционен фронт, против големо српската тираниа и робство.

Македонското национал-револиционо движение нее и неможи да биди тугјо на правата и борбата на целиот македонски народ вклучително таја на Арнаутите, Турците, Куцовластите и др., који сет исто така експлоатирани и поробени, подложени сет на терор и асимилациа. Работниците и селаните Арнаути и Турци во Македониа сет бракја по судбина на македонските Славјани. Борбата им е општа и победата можи да се добие само со општи сили. Партиските организаци по местата во својата агитациа да не испуштат от предвид Арнаути, Турци и Куцовласи, а да развива братство, солидарност и општност на борбата, зато што само слободна и независима Македонија можи да гарантира слобода на сите потиснати и поробени во Македониа.

*ДАРМ, Фонд: ПК КПМ, 1940/42, К. 1. инв. бр. 047. Објавено во Илегалниот печат на КПЈ во Вардарска Македонија ... цит. 334-338.*

## Бр. 10
## НА СКОПСКИТЕ РАБОТНИЦИ[172]
### *Повик*

**Скопје, IX 1940 г.**

Страшни тешки условиа стана на живото. Ниските надници от пред една година немаат денеска ни половината стајност и сила. Лебо е лош, сос пијанка и се продава шест динари кило (700 грама за 4 динара). Маст, сирење и другите стоки (роби) поскупеле многу или ги нема никако на пијац. Настанува невидена гладна зима. Работнио народ нема ќумур, нема дрва. Од друга страна со стоките се врши невидена спекулација. Разни трговци и кожодери најбесчовечно грабаат и го кубат работнио народ.

Фабрикантите и господарите от своја страна вршат голема експлоатација над работниците. Стоките им се тражат, стоките поскапеја, али надниците остана истите. Условијата за работа сет многу мучни. Нема хигијена, нема брига за здравјето на работниците у фабриките. Се работи по 10 и 12 сати, на ден. Почни[173] усто работниците се плаќа под определените од власта минимални надници. Работниците гледајќи оти не се живеј со досегашните надници и влага у покрет. До сега штрајкувале папучари, ќилимари, текстилна, Вар[174]... керамика и конзерви. Дрводелските, берберските и металските работници зедоа тарифни покрет. Штрајкуваат металната фабрика на Папатеодосије,.. [чевла]рите исто така сет у покрет.

Власта и полицијата на место да ги помагат и да ги остават работниците слободно да се бора и да ги заштитава своите интереси, својо леб - тија ги помагат господарите и фабрикантите. Полицијата отворено застанува на страната на експлоататорите. Таа ги заплашува, растерува, бије и апси работниците оти сакале поголеми надници. Над работниците се врши голем терор.

---

[172] Оригиналот на документот е прилично оштетен.
[173] Веројатно зборот треба да гласи "почти".
[174] Текстот не се чита поради тоа што е оштетен.

*Другари*

У овој тежок момент кога је поставено питање за вашио живот, за ваше постоење и постоењето на вашите фамилии, треба да се обедините без разлика на вашите мишлења и убеѓење за општа борба, за повисоки надници, за подобар живот. Општио ваш непријател сет господарите и чорбаџиите [оштетено]... експлоатирани, пудени и гладни. Вие нема меѓу себе што [да] спорите, ами обединете ги вашите сили за борба.

[Прејдузмете тарифна акција за нови колективни уговори сразмери[175]]... и висина на надниците.

Припремени ступајте у штрајкови, тамо кај што не ви дават поголеми надници.

Раширете акција за материјална и морална помошт на штрајкачките работници.

Протестирајте против тероро на господарите и полицијата.

*Септембар, 1940* Месни Комитет на
*Скопље* Компартија

*ДАРМ, Фонд: ПК КПМ, 1939/42, К. 1, инв. бр. 022. Објавено во Илегалниот печат на КПЈ во Вардарска Македонија ... цит. 333-334.*

## Бр. 11
## НА РАБОТНИО НАРОД ВО МАКЕДОНИА
***Повик***

**Скопје, IX 1940 г.**

Во последните 20-30 години нашиот народ никогаш не е западнал во потешко положение от денешново. Скапотиата и спекулата земат големи размери. Леб, маст, сирење, облекло и др. стоки поскапуват. Цените им се креват на горе секи ден

[175] Веројатно треба "сразмерно".

пред вашите очи. Многу стоки вејке се изгубија от пазаро. Народо нема возможност да си купи најпотребното, тој не си дојадува, тој гладува. Една рака лугје Македонци и Срби богатеат за есап на Македонскиот народ. Скубат и му дерат кожата најбезобразно. Нема власт, која да ограничи и да запри спекулата. Власта е ортак и помошник на спекулантите. Како за пример можи да се покажи кревање цената на млечните стоки. Сирењето, маслото и кашкавало сет прајени во летните месеци по определени ефтини цени на млекото по бачилата. Требаше цените на млечните стоки да остане истите и преку есента и зимата. До 7-IX сирењето се продаваше 14-15 динара на ангро и по 18 динари килото на ситно. На место власта да запази нормираните цени за преку целата година, това та издаде нов ценовник, ново нормирање – по 20 динари килото за сирењето. То се знаи оти големите трговци воеднаш поткачиа цената на ангро на 17 динара. От таја наредба на власта се користат големите трговци, који имат складирани големи количини сирење, кашкавал и маст, како што је случајо со Марка Дебранецо от Скопље. Само за једна ноќ со таја наредба на власта спечалиа големите трговци милиони динари.

Ако имаше народна власт, која да се грижи за живото и здравјето на народо нема да се допушти ова крваво оро на спекулација и гладувајне. Денешново противнародно правителство на Цветковиќ-Мачек-поп Корошец е правителство на чорбаџите и спекулантите. На место да заштити народо од спекулантите и трговците, та го апси, бије и суди. По цела Македониа се шири крвав терор и преследувајне. Народни синови од Скопје, Куманово, Тетово, Велес, Прилеп, Битола и Штип се апсат и се судат по законо за заштита на државата. Нивната кривица е таја оти сакале леб и слобода.

Реакционото правителство на Цветковиќ-Мачек-Корошец на место да допушти да се изберат при секоја општина одбори за борба со спекулата и скапотијата – та растури избраните општински савјети како што је случај во Прилеп и другите градови на Македониа и ги замени со испечени антимакедонци, големосрпски шовинисти и пљачкаши, во кои народо не само нема доверие, ами ги презира и мрази.

Правителството на место да ограничи извозо за тугјина и обезбеди народо со потребни стоки за живеејне – та безгранично дава на Германиа и Италиа маст, месо, леб и други стоки и остава народо да гладува. Германиа и Италиа сет полни господари во Југославиа и диктуват трговински договори на нашето противнародно реакционо правителство. Целата тежина от това положение е фрлено на грбо на македонскиот народ, то значи глад, мизериа и терор.

Недоволството е големо од таја политика на скапотиа и глад мегју народните маси во Македониа. Това недоволство се манифестира от народо публично. Во некој градови то се изрази во улични демонстраци. Власта одговори на това со апсани и судилишта, на место да земи ефикасни мерки за борба со скапотијата и спекулата.

Правителството мисли со насилие и терор над Македонците ке можи да се смачка борбата за леб, мир и слобода, али то многу се лажи. Македонскио народ нема да престани да се бори против политиката на глад и мизериа, против националното робство и потисничество, за леб, мир и слобода.

ДОЛУ СКАПОТИАТА И СПЕКУЛАТА!
ДОЛУ КЛАЕНИТЕ ОТ ВЛАСТА ПЉАЧКАШКИ ОПШТИНСКИ ОДБОРИ!
САКАМЕ СЛОБОДНО ИЗБРАНИ ОДБОРИ ПРОТИВ СКАПОТИАТА!
ДОЛУ НАСИЛИЕ И ТЕРОР!
ДА ЖИВЕИ СЛОБОДНА МАКЕДОНИЈА!

Септембар 1940 год.

ПОКРАИНСКИО КОМИТЕТ НА
КОМУНИСТИЧКАТА ПАРТИЈА
ВО МАКЕДОНИА

*Завод-Музеј, Прилеп, инв. бр. 635. Објавено во Илегалниот печат на КПЈ во Вардарска Македонија ... цит. 338-339.*

## Бр. 12
## МАКЕДОНЦИ!
***Повик***

**Скопје, X 1940 г.**

Реакционото фашистичко правителство на Цветковиќ-Мачек-поп Корошец е во акциа. Министри и патрици шетат низ Македониа и држат горешти речи во заштита на србизмо, во заштита на големосрпското потисничество на Македониа. На 14 ов. м. Драгиша Цветковиќ во скопскио военен клуб, по случај крштавајне на једрилиците, со пејна на устата се мачеше да докажи на Македонците оти се Срби, оти Јужна Србија (читај Македониа) е била дирекот на србизмо оти србската историа се е творела на југ, во Скопје "на Цара Душана", а уште малку остана да докажи оти и тој (Драгиша) е Македонец. Ова реч како и досегашните му такви, не беше и не можеше да убеди Македонците да сет Срби, зато што триесет години слушат само такви празни приказни. Али треба да се признај, оти до голема степен ова присуство и реч на Цветковиќ, успокој големосрпските шовинисти и џелати во Македониа, исплашени от натрешните и мегјународните сабитија. За Драгиша Цветковиќ и заслепените београдски шовинисти не само ни една провинција и област во Југославиа не се отрекува оти е "грб на србизмо и стварајне на српската историа", ами таква ке се најди дури во Африка, ако им требат за да оправдат својте завоевателни и поробителни намерениа и политики.

Како хала таман Цветковиќ замина за Белград, а от кај Прешево и Куманово зафати да навлегува во Македониа друга "напаст Божја" облечена во црна раса, како што се црни душите и целите им, т.е. владиците и патрико. Това што не можеше да постигне Драгиша – сака да постигни патрико Гаврило. Џелатите от Белград, се надева оти Македонците ако не сака да слушат Драгиша Цветковиќ – ке појда да слушат владиците и патрикот, али тије џелати заборават оти македонскио селјак ако набожен, нејќи да слуша "Божјите српски слуги" от сортата на патрико Гаврила.

Во Куманово и Скопје патрико држа воени речи. Фалеше и плачеше за жертвите дајени за “слобода на Јужна Србија” от турскиот јарем, а заборави да кажи за наметнатио јарем от страна на српските шовинисти.

Сите речи на патрико се чисто политички, во услуга на големосрпскиот завоевателен империализам на Македониа. Овај случај докажа уште еднаш на Македонците оти црквата е со двете нозе загазила во блатото на српскиот шовинизам и игра ролја на македонски потисник. Множеството попови владици и проти во Македониа, преди да се попопат, па и како свештени лица, биле и сет српски џандари и четници. Многу македонска крв е пролеана, многу сирачина има останати и вдовици со крпи забрадени от денешните џандари во раса облечени.

Акциата на црквата и правителството во лицето на патрикот и поповите има за цел да се насади во Македонците чувство на српски национализам и шовинизам, да завладеј душите и срцата на македонската младеж и да створи от ниф предатели на својте сопствени народни интереси и идеали. За чес на Македониа, македонскио народ врти грб на таја акциа. Само македонски предатели от рода на Алтипармак и Каламатиа поздравуват и одат на тие српски прослави. Акциата на празнувајнето “ослободението на Јужна Србија” от страна на големосрбите нема позитивни резултати, та е тугја на македонскио народ, кој 28 години стенчи под страшно политичко и економско ропство на српскио империализам.

Ослободението на “Јужна Србија” се празнува во еден момент кога притивнародното правителство на Цветковиќ-Мачек-поп Корошец готват по пример на романскио генерал Антонеску и Хора Сима да подчина македонскио народ и сите народи во Југославиа на германскио и италианскио империализам. Српската и Хрватската буржоазиа за да запазат својте привилеги и експлоатациа над народите во Југославиа се преклонува пред Хитлера и Мусолини, дават им сѐ што они сакаат, само и само народите да се држат во подчинение да не им се позволи да создат права народна власт, која во својата политика ке се опират на великио Совјетски Сојуз – против империа-

листичките влци и заробители. Денеска народите во Југославиа сет сведоци на една подла и не чувено предателска политика, водена от правителството во услуга на германо талјанскио империализам, против нифната слобода и независимост.

От една таква предателна политика на југословенското правителство македонскиот народ нема полза, а има вреда. Многу се лажат оние Македонци што мислат, сé поубаво ќе биди, ако во Македониа дојди Хитлер и Мусолини. Жестока лага! Такви Македонци сознателно или несознателно стануват ортаци на Цветковиќ-Мачек-поп Корошец, ортаци на нејзаклетио враг на македонската слобода – германскио и талјанскио империализам. Македонскио народ во таков случај ке има двојца господари, двојца експлоататори, двојца потисници: српскио џандар и германската чизма. Македонскиот народ ке има двојца господари и во случај да е Хитлер дај Македонија на бугарскио империализам.

Спасението и слободата на македонскио народ лежи само во борба против правителството Цветковиќ-Мачек-Корошец за НАРОДНА ВЛАСТ, КОЈА КЕ ДАЈ СИТЕ СЛОБОДИ НА МАКЕДОНИА – А ВО НАДВОРЕШНАТА ПОЛИТИКА КЕ ЗАКЛУЧИ СО СОВЈЕТСКИО СОЈУЗ ПАКТ ЗА ЗАШТИТА ОТ СЕКОЈ ЕДЕН ИМПЕРИАЛИЗАМ.

ДОЛУ ПРАВИТЕЛСТВОТО НА ЦВЕТКОВИЌ-МАЧЕК-КОРОШЕЦ!

БОЈКОТ НА ГОЛЕМОСРПСКИТЕ "ОСЛОБОДИТЕЛНИ" ПРО СЛАВИ!

ДА ЖИВЕИ ИСТИНСКА НАРОДНА ВЛАСТ!

ДА ЖИВЕИ СЛОБОДНА МАКЕДОНИА!

Октомбри 1940

ПОКРАИНСКИО КОМИТЕТ
НА КОМУНИСТИЧКАТАПАРТИА ОТ
МАКЕДОНИА

*ДАРМ, Фонд: ПК КПМ, 1940/42, К. 1, инв. бр. 041. Објавено во Илегалниот печат на КПЈ во Вардарска Македонија ... цит. 340-341.*

## Бр. 13
## ДО МАКЕДОНСКИО НАРОД[176]
***Б р а ј к ј а,***

**Скопје, XI 1940 г.**

Многу тешки времена преживуеме. Влегофме во втората година от оваа втора империалистичка војна, на која крајо уште не можи да се види. Вашите синои, татковци и мажи сет мобилизирани. Вие старци жени и деца страдате от скапотиа, немашчина и глад. Црни облаци на војната сет собрани на Балканскио Полуостров. Грциа е во војна са Италија. Гласот на топоите от Охридското и Преспанското Езеро се слуша низ цела Македониа. Македониа под Грчко е напраена пепел от талијански бумби. Битола е исто така бумбардирана от страна на талијански ероплани. Неколку десетини жени, деца и старци станаа жртва на талијанските бумби. Битола наново е разрушена. Ова бумбардирање беше само новата ластаица. Секој момент можи да се повтори во поголем размер. Секои сат можи огинот на војната да ја зафати и Југославиа.

Во ваквиа критични минути големосрбите и големобугарите спорат чиа е Македониа и кој треба да ја управлјава. Тоја спор се зафати по повод речите на П. Думанов во Народно Собрание[177], кој рече оти Македониа требало да сјаи како драгоцен камен во короната на цар Борис. Српските шовинисти и поробители му отговориа, оти Македониа ке сјаи како елмаз во короната на југославенскио крал.

Специално во Македониа под србско зафати еден талас на шовинизам от страна на српските големци. Голема устна и

---

[176] Леток на ПК на КП во Македонија, Објавен е по повод заострувањето на југословенско-бугарските односи во ноември 1940 г. околу Македонија.

[177] Петар Думанов, пратеник во бугарското Народно собрание. Во својот говор на 21 ноември 1940 г. во Народното собрание рекол дека “Македонија е рубин што ѝ недостига на царската круна”. Тоа предизвикало бурни реагирања во политичките кругови во Кралството Југославија, а свој став по неа заседе и КПЈ, од аспект на одбрана на правата на македонскиот народ и мирот на Балканот.

печатна агитациа се поведе против ослободуењето на Македониа, за незиното вечно ропство. Целата големосрпска штампа, заедно со скопскио лист "Глас Југа" чији редактори сет македонски предатели и шпиони, викнаа: "Македониа неа даваме на Бугариа, та е била српска и српска ќе остани" и т.н.

Драги брајкја,

Првото нешто, кое бие на очи е признаването от страна на српските големци да постои Македониа. До сега секогаш си го дереа грлото оти Македониа нема, а има само "Јужна Србиа", а сега признаа оти Македониа има не само во Грциа и Бугариа, ами и во Југославиа. *Ама сушноста на споро меѓу српските и бугарските шовинисти е кој да владеи во Македониа и кој да стрижи македонската овца.*

Господата от Белград и Софиа спорат за Македониа, а македонскиот народ ич не го питат. Тије поробители на Македониа имаат тепегјозлук да зборуат оти македонскио народ бил српски, бил бугарски и да Македонците немале историа, јазик и др. Македонските поробители лажат! Во сушност Македонците не сет нити Срби, нити Бугари, а сет само Македонци.

Б р а ј к ј а,

Вие имате свои јазик, своа култура, свои традиции, песни и т.н. Вие имате славна историа и минало. Кирил и Методиа не беа ни Срби ни Бугари, а македонски Славјани кои дадоа писменос и култура на сите Славјани. Новата историа на Македониа е богата со борби за национална слобода, *Илинден е најславнио пункт на Македонците за слобода и равноправие.*

Поробителите на Македониа ке се раскина да докажат оти Македонците биле слободни. Навистина пак во Македониа не постои слобода, а апсани, џандари, кјотеци, национално претепуење, колониална експлоатациа, политичко ропство и бесправие. Поповите со евангелие и џандарите со камшик биат македонскио нарот по очи, по глава да му докажат оти тој бил Србин. Жални големосрпски чоечина!

Драги сестри и брајкја,

Српските властодржци се борат да не би да испуштат кокало (Македониа) от устата, па затоа се готват за отпор, за војна. Ни еден народ не сака војна во тоа число и македонскиот. От една војна помеѓу Југославиа и Бугарија - за Македониа, ке страдат народите на двете држави. Во најарен случај при една таква војна *Македониа ке смени само господарите си*. Вие сакате не војна, а мир, работа и добар живот.

Благодарение на големата страна на социализмо - СССР овиа дена затегнато положение во Југославиа, Бугариа и Турциа попушти. Конфликто можеше да избувни и да станиме сите балкански народи пљачка на империалистите. *Големата заслуга за запазуење на мирот е на СССР.*

Спасението на Македониа е во борбата за слобода во сојуз со сите народи и потиснати во Југославиа.

ДОЛУ ВОЈНАТА!
ДА ЖИВЕЈ МИРОТ!
ДОЛУ РЕАКЦИОНОТО ПРОТУНАРОДНО ПРАВИТЕЛСТВО НА ЦВЕТКОВИЌ-МАЧЕК-КОРОШЕЦ!
ДА ЖИВЕИ НАРОДНАТА ВЛАСТ ВО ЈУГОСЛАВИА, КОЈА КЕ ДАИ РАВНОПРАВИЕ И СЛОБОДА НА МАКЕДОНИА!
ДОЛУ ЕЛМАЗИТЕ И КОРОНИТЕ!
ДА ЖИВЕИ СЛОБОДНАТА МАКЕДОНСКА РЕПУБЛИКА!

Ноември,

ПОКРАИНСКИО КОМИТЕТ НА
КОМУНИСТИЧКАТА ПАРТИА
ВО МАКЕДОНИА

*Илегалниот печат на КПЈ во Вардарска Македонија ... цит. 361-363.*

## Бр. 14
## ДО ТУТУНЏИИТЕ ВО МАКЕДОНИА![178]
### *Повик*

**Скопје, крај на 1940 г.**

Голема е маката на тутунџиите. Цели девет месеци усилен денонокјен труд. По жешкото сонце, ветер и дожд, како искрстени, без огин, при студ работат чедата на македонскио народ да насадат, ископајат, оберат, нанижат и окалапат жолтио лист на тутуно. Тутуно, тутуно, - е зборот на устата со који легнуја и стануја голем дел от македонскио народ. От тутуно се чека жевејачка, от него се чека радост. Али напусто!

Тутуно не е своина на македонскио произвогјач. Маката е својина на Македонецо, тутунџиата, а бирикето е својина на српскио завоевател - денешната држава на Цветковиќ-Мачек-Корошец. Тутуно е монопол на таја тугја [држава] на завоеватели, експлоататори и пљачкаши, који експлоатират Македонија [како] што се експлоатират Африка на Црнците. Рајо на земјата за велико[српските] големци е во Македониа. Зар не е пљачка да купиш тутун за 20-25 динари, да го продаиш 300-400 динари? Зар не е пљачка да работиш алтан-(тутун) што се цени во тугјина скупо - да ти го земат за 2-3 банки, кој денеска немајат вредност ни за еден стар динар?

*Драги бракја,*

Оваја година државата на српските плачкаши е исекла во печатницата на Белград многу нови пари (1,300,000,000 по 50 и 20 дин.). Та сака да откупи тутуно со нови пари. Таја белградска власт во сојуз со хрватската буржоазија обешта, оти ке плати тутуно со една банка по-више отколку лани. За тоја цел, та издаде објава уште пред неколку месеци. Во сушност таја таблица во објавата не дава никакво повишение, зато што створени сет класи два чешита тутун IVа, Vа, Vб, који во минатите години ги немаше. Така на пример класите во тоја објава

[178] Повикот не е датиран. Веројатно е пишуван кон крајот на 1940 г. кога започнува кампањата за откуп на тутунот.

сет покачени со 10 дин., али имаме сега не само А но и Б. По тоја иста објава класите со Б не се никако повишени. Тоја работа е направена за да не се плакја по А, но по Б. Со други зборови това значи оти тутунџите ке добијат оваја година истата цена, која добија лани.

По таков начин белградските тирани сакат да ограбат и излажат македонскио тутунџиа; да платат тутуно по лански цени со нови пари, кој имаат сила во купеното половина от вредноста на ланските пари. Македонскиот тутунџиа оваја година ке добие за тутуно многу по малку от колку ланска година. Ама ако се земе скапотиата на живото, која е денеска 100% поголема от лани и ако се додај скапа кириа за нивјето, орајне и работа-та, ке излези оти оваја година тутуно нема да се плати и по банка килото.

За да изврши слободно овој арамилак, власта на србохрватските пљачкаши ги намали поверениците на тутунџиите при отделните кантари, при откупните комиси. Оваја година сет одбрани по еден повереник при комисиа. Самио избор за поверениците беше само *една шега за тутунџиите*. А се сеи [.....][179] ко каде се одбра от народо и со силата негоа прави народни повереници [.....]. Поверениците не сет одбрани направо, директно, от тутунџите, но преку дел[егати], а на самите тутунџи им се налагаше кандидат от самите срески началници кој се врши избор. Така на пример во Скопје беше наложен от српскио началник, Изет бег, кој има околу 40.000 кила тутун (со околу 30 исполџи). Овој бег нема да прај кавга за сиромасите тутнџи, а ке си биде во дослук со ценачите, ке си зема по 8 банки на ден и на крајо ке му помини тутуно со една банка по скапо, што значи да земи бего 400.000 динари повеќе. На таков начин "одбран повереник" нема да штити тутунџиите нема да го боли забо за интересите на бедните и ке биде на страната на српските пљачкаши. Годишнио избор на поверениците и нивното намачение значи да се намачи контрол(а)та на народо да завлада најголемо беспраавие, да заигра рушвети и да се цени по приателство. От тоја политика ке имат кјар само големите

[179] Текстот е оштетен во оригиналот.

тутунџи и чорбаџи који имат да "подмачкат" за поарно да им се плати, а тије се и замешани со ценачи, посланици итн., а на сиромасите, бедните тутунџи, сатаро ке им го удрат.

*Безобразиата и јан кесецилуко немат крај!* Македонскио селјак, македонскио произвогјач, тутунџиа, е нападнат от белградските крлежи, кој му [ја] сиса(?)јат крвта, грабат и дерат по неколку ваши от неговио грб. Тије великоср[пски] големци от потта и маката на Македонецо, стројат плати во Белград, до[бивајат] големи плати и пенсии, живејат широк живот.

Поради времето што помагаше, тутуно е годинава прекуредно убав квалитет, годинава се тутуновите вистина "како алтан жолти лисја". Годинава [про]давачка на тутуно треба да биди не со плачка и олели - *ами со кренатa чела да се посака за арен тутун, арни пари.*

БРАКЈА ТУТУНЏИ

Време е вејке да се даj отпор на овој *организиран од Белград арамилак и експлоатациа. Време е вејке да се дај организиран отпор и да се поведе решителна борба против пљачкашите који осудуват на гладна смрт вас, вашите жени и деца. Средствата за борба сет во вашите раце.*

Не чекајте да дојди некој от надвор да ве ослободи от пљачкашите. [Не]Мусолини и Хитлер ке ве ослободат от експлоатациа и ропството, а вие самите и треба да поведите борба, за правилна цена на тутуно, за слобода [.....] справидливост от империалистите, затоа што сите империалисти сет [.....] изедници. Силата е во вас самите. Обединете се во вашите ту[тунски] задружениа, одбори, комитети и делегаци. Устројте собраниа и демон[страци] против ниските цени на тутуно, за 60 динари просечно килото тутуно. Поткреване цените на класите, а во прв ред III, IV, V и VI класа, како поткреване цената на македонските тутуни, који сет прва, а не втора категориа.

ДОЛУ БЕЛГРАДСКИТЕ ИМПЕРИАЛИСТИ И ПЉАЧКАШИ!
ДОЛУ МОНОПОЛО!

НАВЛЕГУЈТЕ ВО ОТБОРИТЕ И КОМИТЕТИТЕ ЗА ПОВИШЕНИЕ НА ТУТУНО!
САКАЈТЕ 60 ДИНАРИ ПРОСЕЧНА ЦЕНА НА ТУТУНО!
СВИКУЈТЕ СОБРАНИА И ДЕМОНСТРАЦИ!
СЛОБОДНО И НАПРАВО ИЗБРАНИ ОТ ТУТУНЏИТЕ ЗА СЕКОЈ КАНТАР ПОВЕРЕНИЦИ!
ДА ЖИВЕЈ СЛОБОДНАТА МАКЕДОНСКА РЕПУБЛИКА!

ПОКРАИНСКИО КОМИТЕТ
НА КОМУНИСТИЧКАТА ПАРТИА ВО МАКЕДОНИА

*ДАРМ, Фонд: ПК КПМ, 1940/42, инв. бр. 20. Објавено во Илегалниот печат на КПЈ во Вардарска Македонија ... цит. 368-370.*

**Бр. 15**
**ДО РАБОТНИЧКАТА КЛАСА ВО МАКЕДОНИА**[180]
***Повик***

**Скопје, I 1941 г.**

На 2 јануар владата даде решение со кое забранува секоја работа на класните Урс-ови синдикални организаци.

Капиталистичката влада на Цветковиќ-Мачек, проводнико на старио реакционен режим стори това што не можеше Стојадинович и Јевтич да стори. Таја забрани и запечати класовите синдикални организаци, а остави само "Југорас". Класовите синдикати сет безразложно забранени што се гледа и от самото комунике на владата, каде не се наводат никакви причини, за да се оправда овај атак над работничката класа.

Наместо во овие тешки времена да се дај на работниците слобода на организиранје, да се дај леп и дрва, да им се осигури мир, владата на крвници и убици, владата на 14 децембар-

[180] Повикот не е датиран. Со оглед на тоа дека е издаден по повод забраната на работата на Обединетите работнички синдикати (УРС) од владата на Цветковиќ-Мачек, веројатно е објавен во почетокот на јануари 1941 г.

ско и 8 септембарско колекие, станува во одбрана на капиталистичките интереси. Таја носи разни уредби со кој помага на чорбаџите да трупат големи печалби, да се богатат на грбо от работниците и работнио народ, а на работниците им зема и последна возможност за подобрение на живото, им забранува нивните класови синдикални организаци.

Под овие услови за живот кога на пазар ги нема основните животни намирници како леп, маст, дрва и т.н. под условиа на огромна скапија и ниски надници, денеска кога е скапотиата најголема забранени се класовите синдикални организаци. И досегашните акци се водеја со терор, забрани и апсенја, но работниците со цврста и непоколебива волја успева да поправа своето животно положение. Денеска е земена и таја возможност, а слободно се оставени чорбаџиите да чинат со работниците што сака.

Владата на секаде вика да е влада "народног споразума", но таја даде докази да е влада на споразум, помеѓу српската и хрватската буржуазиа за експлоатациа над работничката класа. Падна маската со која беше покриана. Појецо за "сарадњу рада са капиталом", пресидатело на "Југорас" Драгиша Цветковиќ, не можеше да гледа како се класовите синдикати развива и шират. Тој ги забрани, а остави неговио "Југорас". Ама работниците нема да позвола да ги повелат еден "Паприќ" во Скопје, "Чкодра" во Прилеп и др. по местата во Македониа, такви арами и издајници.

Ова затворање на класовите синдикати е голем удар за работничката класа во Македониа. Македонскио работник зема најмала надница, најмногу е експлоатиран, најобесправен; без синдикат работниците знајат оти овај мизерен живот ќе се повлоши.

Класовата синдикална организациа е кукја и збиралиште на работниците, баш денеска и при денешните условиа синдикатите се најтребни. Работниците score нееможа да остана без синдикати.

Работници, вашето животно положение е неизмерно тешко. Со забраната на синдикатите капиталистичката влада

ви зеде и последната возможност, да го това положение подобрите.

Оваја капиталистичка влада е најголем враг на работниците, борба против таја влада значи борба за слобода на синдикално организиранје, против фашистички синдикати и принудно организиранје, значи борба за слобода и демократиа, за леп против скапотиа, за слобода на собраниа и национално равноправие. Со таја забрана вие не можите да се смирите, а ќе посакате да се отмени решението, да се позволи слободна работа на синдикатите. Работници, цврсто и солидарно како досега стегнете ги вашите редови и како еден станете во одбрана на вашите класови синдикални организаци. Да збериме собраниа на протест, да посакаме нашите права.

Да живеј слободата на класовите синдикални организации!

Сакаме отмена на решението за забрана!

Сакаме ефтино брашно, леп и дрва!

Сакаме достојни надници со скапотијата!

Долу капиталистичката влада Цветкович Мачек!

Да живеј права народна влада која ќе дај слобода и полна демократија на работниците и работниот народ!

Да живеј слободна Македониа!

Покраинскио комитет
на Комунистичката партија
во Македонија

*ДАРМ, Фонд: ПК КПМ, 1940/42, к. 1, инв. бр. 016. Објавено во Илегалниот печат на КПЈ во Вардарска Македонија ... цит. 375-376.*

## Бр. 16
## МАКЕДОНСКИ РАБОТНИЦИ, СЕЛАНИ И ГРАЃЈАНИ
***Повик***

**Скопје, I 1941 г.**

Нов талас на реакција, на неправда и насилије зафати македонската земја. На нови арести, мачениа и особено концентрациони логори створени за Македонци сет подложени добрите синови на Македонија. Правителството на Цветковиќ-Мачек, правителството на српските шовинисти и империјалисти кладе во концетрационио лагер Иваница-Меѓуречје, повејке от 600 македонски граѓјани, чија кривица е оти не биле "добри Срби". По истата причина во Србија сет створени уште два други логори за комунисти.

Српските власти во Македонија повејке от 20 години експлоатират, оголуват и ограбват македонскиот народ, али от како зафати оваја Втора империјалистичка воина, експлоатацијата на трудот и стоките, особено на тутуно е видлива за секого. Слепите видеја, глувите чуја и децата разбраја оти македонските произвоѓачи на тутун, македонскиот селјак, беја ограбени по сред бел ден. Качаците, Турци и Арнаути беја по исафли от колку денешните качаци дојдени од Србија и настанени во Македонија. Оваја година тутуно го зедоја насила по цена колку што се продават копривите во пролетно време. Цела Македонија пишти и плачи, зато што трудот, зато што лебот от устата на децата е земен. После това иди земајне на татковците, синовите и децата на македонските фамилии и сет пратени во концентрациони логори во Србија, натерани да работат по патиштата и тунелите.

Б р а ј к ј а !

Секоје идејне на Драгиша Цветковиќ во Македонија е придружено со нови насилија, со нови безобразја нат македонскио народ. Идејнето му есеноска беше сопроведено со масовите арести во сите градови во Македонија, а идејнето му на

Св. Сава беше сопроводено со прајкјене во концентрациони логори многу стотници Македонци. Цветковиќ при откривајне на радиостаницата Скопје на 27 о.м. рече" "Правда за сви и све". НЕ ПРАВДА, А ГОЛО НАСИЛИЕ, АПСАНИ, ТЕРОР И КОНЦ[ЕНТРАЦИОНИ] ЛОГОРИ СЕ ДАВАТ НА МАКЕДОНЦИТЕ!

Српските великаши кажват за да ублажат недоволството, које постој мегју македонскио народ от новите насилија, оти ова било вежба. Кој можи да поверва то! Та на вежба ли сет пратени покрај здравите, старците, неспособните, шеснајсетгодишните деца, па и оније млади македонски синови, који имаја позив за регрутација? Не! Вашите брајкја и сонародници сет пратени во концентрационен лагер!

Таму Македонците, како и комунистите от Србија, Црна Гора и Хрватско, сет клајени под воена куманда на бивши, резервни офицери и наредници. Ланските логори створени от полицијата на Цветковиќ-Мачек се окажаја неефикасни, зато оваја година створија воени логори, али со началници, џандари и полицајци, испечени во својата омраза и диваштина против македонскио народ, против народите во Југославија и нивната слобода.

Мегју честните Македонци пратени во логори, најдуват се и јавни српски шпиони и агенти на властта, за да вршат доноси на началството, кој што прави, кој што зборува. Концентрационите логори сет створени не само за Македонци, ами и за Црногорци за сите национално потиснати во Југославија, како и за српските и хрватски комунисти. От овој факт можи да се заклјучи да југославјанската реакциона власт се плаши од комунистите и национално поробените от изградувајне на општио ослободителен фронт. *Самата власт со тоја акт потцртава да комунистите сет единствени и последователни борци на македонската слобода и уопште на слободата на национално потиснатите и поробени народи.* Али овија конц[ентрациони] логори створени за комунисти и национално потиснати сет само првиот чекор, зато што власта се готви да рашири тија логори и да прати таму сите онија честни и демократски елементи, који сет против диктатурата белио

терор и бесправије, који сет за народна демократска власт и који гледат денеска да само со Советскио Сојуз можат народите во Југославија да се запазат от крвавата касапница и от ропството на големите империјалистически сили.

Денешните мерки на власта против комунистите и национално поробените не водат кај закрепување на независимоста на народите, а напротив, со овај акт на правителството одбранителната способност на Југославија се намали, увеличи се опасноста од полесно заробвање на народите от страна на империјалистите. Самата власт е дефетистка и петоколонашка, тија отвора слободно вратите на Југославија на Немци, Италијанци и Англичани. По таја причина власта е опасна како за македонскио народ, така и за српскиот, црногорскиот и другите народи. Народните маси сакајат - не логори и слепа послушност према империјалистите, а да се запази независноста на малите народи, да се дај слобода и демократичност.

Македонци!

Власта на српските великаши, реакционери и експлоататори е ваш враг. Таја не ви дава слободно да работите, слободно да дишите, слободно да зборувате на вашио мајчин јазик; а ве прајка во конц[ентрациони] логори, ве тепа, ве преследува. Вие можи да се спасите от овај али само ако се обедините и сите поведите општа, народна борба за слобода и демократичност во сојуз со демократичните партии и елементи во Србија, како и со потиснатите народи во Југославија, за решителна борба за демократичната власт, која ќе се опри во надворешната политика на великио Советски Социалистички Сојуз.

Работници, работнички и македонски комунисти!

Вие, који сте најжестоко експлоатирани и гонени, вие, који сте во првите редови на борбата против тероро и насилијето - за национална слобода, равноправие и социализам - стегнете поздраво својте редови и уште порешително се борете за стварајне на единен македонски демократски фронт, за

мир, слобода и народни правдини, за народна демократична власт во Југославија.
Долу насилијето и теророт!
Долу концентрационите лагери!
Долу диктаторска власт на Цветковиќ-Мачек!
Да живеј Сојузот на народите во Југославија!
Да живеј Сојузот С. С. С. Р.!
Да живеј Народна демократична власт во Југославија!
Да живеј слободна Македонија!

Јануари 1941 год.

Покраинскио комитет
на Комунистичката партија
во Македонија
*Архив на Македонија, Скопје.*

*ДАРМ, Фонд: ПК КПМ, 1940/42,К. 1, инв. бр. 058. Објавено во Илегалниот печат на КПЈ во Вардарска Македонија ... цит. 377-379.*

**Бр. 17**

**РЕШЕНИЕ НА ПРОШИРЕНИОТ ПЛЕНУМ НА ПОКРАИНСКИОТ КОМИТЕТ НА КОМУНИСТИЧКАТА ПАРТИЈА ВО МАКЕДОНИЈА**

**Скопје, I 1941 г.**

Проширениот пленум на Покраинскиот комитет на Комунистичката партија во Македонија, по ислушувањето на рефератот на делегатите на V земска конференција на КП Југославија, реши:

Еднодушно се примаат решенијата на Петтата конференција, политичката линија и тактика како и сите мерки што се преземени на планот на форсирањето на масовната работа, нејзиното влијание и нејзиното проширување меѓу широките маси во Македонија. Се подвлекува дека успесите на Партијата

во последнава година дадоа можност да се одржи V земска конференција, која има колосално значење за развојот на Партијата.

Задачите што ги постави пленумот како резултат на Конференцијата и донесените решенија на ЦК на Партијата се:

Борба против антипартијците, троцкистите, опортунистичките елементи, кои уште се активни во Македонија.

Работа на организационото зацврстување на организацијата: организационото поставување на ќелиите врз производствен принцип, против [...][181] за здрави, прекалени и издигнати кадри за конспирација [...][182] на кадрите.

Како посебна политичка задача пред Комунистичката партија во Македонија Проширениот пленум го поставува создавањето на македонски демократски фронт со сите антиимперијалистички [вклучувајќи] [...] групи и елементи за влегување во општиот демократски фронт на Југославија врз база на сојузот на меѓусебна помош и пријателство со СССР, за мир и демократија, за народна власт во Југославија. Пленумот исто така потцртува дека Комунистичката партија во Македонија ниту, за момент не се откажала од својата крајна цел: полно ослободување и рамноправност на Македонија - дури до барањето, до отцепување во самостојна државна заедница.

Проширениот пленум на ПК КП во Македонија се заветува пред ЦК на Југославија дека ќе ги вложи сите свои сили за исполнување на горните задачи.

Јануари 1941 год.

*ДАРМ, Фонд: ПК КПМ, 1940/42, К. инв. бр. 48. Објавено во Илегалниот печат на КПЈ во Вардарска Македонија ... цит. 381-382.*

---

[181] Текстот во оригиналот е оштетен.
[182] Текстот во оригиналот е оштетен.

## Бр. 18
## МАКЕДОНСКИ НАРОДЕ, НА ШТРЕК!

**Скопје, VI 1941 г.**

Зафати се војна от страна на фашистките империјалистички сили Германија и Италија против великата земја на советските социалистички републики. Фашистка Германија, Германија на банкарите и капиталистите, после заробуенето на поголемата част от Европа, се заврти да граби и советска земја, да руши великото дело на социјализмо, на советските народи. Малку беше што подчинија малите народи и Франција - сега свртија со сета сила да нападаја миролубите саветски народи, да грабни богатството им, да го поробат и експлоатират. Германија наруши нај-подло пакто, за пријателство и ненапагјане со СССР. Како што нападна Хитлер малите народи нокно време без предупреждение - исто така нападна и бумбардира саветски градови без предупреждание, без причини. Првата и најглавна причина за да нападни Хитлер  СССР е таја, оти тој и неговата разбојничка банда сет империјалисти, поробители, грабачи на тугји богатства, тугји земји, тугји народи, за да ги користат и варварски експлоатират. Втората причина за напагјане на СССР е таја, оти Хитлер се плаши от растенето на економската и воена сила на советите. Третата причина е оти Хитлер се бои от својо народ, кој гледа и сака Германија да биде уредена по социјалистички, а не по капиталистички како сега. И затова што тој неке социјализам, а сака да запази капитализамо - то тој удри на СССР - за да не соштеструва, да го нема, за да не служи како пример на германските маси.

Праша се што ке прави Бугарија и каква позиција [ке прави] спрема војната против СССР? Бугарија ке влезе во војна против СССР - зато што е сојузник на Хитлера. Бугарија автоматски влезује у војната, зато што црноморските пристаништа и воздушни бази се користат от Германија против СССР. Хитлер нај[де] во лицето на Финландија и Руманија две маши за да се бијат за интересите негови.

РАБОТНИЦИ, ЕСНАФИ И ИНТЕЛИГЕНЦИЈО,

За сите вас денеска е јасно, оти Хитлер не се борел и не се бори за слободата на малите и потиснати народи и специално за македонскио народ. Ако српските великаши беја избркани от Македонија, това е за тоа што правителството на генерал Симович не се согласи да се придржава за пакто, кои Цветкович и Мачек подписаја. Хитлер и Рибентроп зајавија, оти цела Македонија, вклучително и Солун, давале на Србите само да стојат мирни. Това покажује, оти Хитлер заклучује спогодби и поговори какви сет и згодни за неговата империјалистичка политика, а не да е по принцип против ропството на Македонците. Вие сами се убедифте на вашите плекји, оти Немците и нифните ортаци, Бугарите, дојдоја не да донесат слобода на Македонија, а да ја опљачкајат и поново поробат. Сите македонски богатства, сиот труд на Македонецот што беше собран от српските великаши во монополите, складовите и амбарите беја опљачкани и кренати во Германија. Не сет малку дукјаните и кукјите што беја опљачкани от "ослободителите". От горе на сето това на Македонците е забранено да се викат Македонци, а македонската култура и целата македонска 50-годишна борба за слобода и равноправие от страна на бугарските завоеватели се претставуе не како македонска, а како бугарска. Насилието против Македонците от страна на бугарските власти зафати. Многу Македонци се распитујат от полицијата. Има тепани без причина само за това што се викаат Македонци. Нај-големиот македонски поет-песник Венко Марковски от Скопие, во София е арестуван и пратен во лагер. Готват се големи насилија и арести над македонците.

МАКЕДОНСКИ СЕЛЈАЦИ,

Вие, који бефте експлоатирани от големосрбите, вашите тутуни, афиони, оризи и жита земени на нај-ниска цена а земјата ваша беше раздавана на четници, офицери и национални герои, не се чувствувате ни економски ни национално политички слободни. Заробената ваша земја от великаши и колонисти се зима от бугарската држава. На таја земја от населени-

ците, бугарското правителство готви насилно да дотера и пресели от северна Бугарија селјаци, за да можело да претопи Македонците. Бугарите врват по стапалата от Србите. Раната вија земаат по 60-70 лева. Истото нешто ке биде со тутуно и житото. Решено е от правителството, да се зима на селјаците 50% от житото, та имало-немало за вас, за да е дај на немците. Во секоја околија ќе има трговци-тутунџии, који сами ке определујат цените. Страшна експлоатација и грабеж ве чека. Се ке се носи во Германија и Бугарија, а македонскио народ ке гладува и не ќе можи со пиперки и лук да се најади.

МАКЕДОНЦИ, ТУРЦИ, АРНАУТИ и ДР.

Животот и соштествуенето ви сет клаени на зар. Глад, мизерија и страда[ња] ве чекаат. Вашата стока се зимат за да се најадат Германците, за да водат војна, против широката и славна советска земја, против слободнио 200 милионен народ, кој очуди светот со својте успехи во областа на материалната и духовна култура. Завидеја германските империјалисти на богатио и слободен живот на советски грагјанин и колхозник, та сакаат да им влезат во бафчата, да им сторат пакост. Али советскио народ, уште преди 20 години даде отпор на 14 капиталистички земји и запази својата слобода и земја. Хитлер заборави оти 1918 година, армиите на Кајзер Вилхем беја бити во Украина - и нај-позорно избегаја. Ако тогај слаба, немоштна младата Советска Русија ги тепа сите 14 држави, то денеска уште по сигурно това ке биде, али жртвите и страданијата ке бидат големи.

Во овија решителни сатови за целото човечество, кога се решава судбината на народите за вечни времина - длжност е на македонскиот народ, заедо со другите народи, да ја покажи својата солидарност, својте симпатии спрема великио советски народ, зато што таму е изградено браството и равенството на народите за који братство, равенство и слобода нашио македонски народ даде илјади крвави жертви. Денеска, вие македонци, можите да добиете слобода и равноправие само по патот на советските народи, само подкрепени од ниф - на чело со великата душа на Советската Русија, на рускио пролетариат

и неговата борба. Борбата на СССР против Хитлера е и ваша борба, за слобода, за правда и равноправие против фашистката диктатура, против империјализмо и колонијалното робство.

МАКЕДОНЦИ,

Хитлер требе да биде тепан! Требе да се спасат от напаста не само СССР, но и сите потиснати народи во Европа. Дошол е сатот сите мали народи вкључително и македонскиот да се ослободат от јаремо на Немците и Италијанците.Требе да бидат тепани и бугарските фашисти, који се спремаат заедно со Хитлера да се борат против СССР. Бугарските фашисти заборавија оти во 1919 година грцките војски што се бије против советите беја при Одеса натерани в море и издавени. Истото нешто можи да се случи и со бугарските војски, ако бидат пратени во Русија.

Паролата на македонците е:
ДОЛУ АНТИСОВЕТСКАТА ВОЈНА!
ДОЛУ ИМПЕРИЈАЛИСТКАТА ВОЈНА!
НЕДАВАНЕ НИКАКВА СТОКА НА НЕМЦИТЕ И БУГАРИТЕ!
П'ЛЕН БОЈКОТ! НЕ БОРБА СО ЦРВЕНАТА АРМИЈА, А ПРЕДАВАНЕ И ПРЕМИНАВАНЕ НА СТРАНАТА НА ЦРВЕНАТА ВОЈСКА!
ДА ЖИВЕЈ ВЕЛИКИОТ И СЛАВЕН СССР!
ДА ЖИВЕЈ СЛОБОДНА СОВЕТСКА МАКЕДОНИЈА!

Јуни 1941 год.

От покраинскиот комитет на работничката партија во Македонија

*Зборник документата и података о Народноослободилачком рату југословенских народа, Том VII, књига 1, Борбе у Македонији, Београд, 1952, 10-12; и Илегалниот печат на КПЈ во Вардарска Македонија ... цит., том II, книга 1, 19-22.*

## Бр. 19
## МАКЕДОНСКИ НАРОДЕ

**Скопје, 2. VII 1941 г.**

Десет дни се води крвава борба и мегју два света - стариο свет на фашизмо-империализмо и новио свет, револјуциониот светот на социјализмо. Германскиот фашизам на Хитлер, потпомогнат от цела фашистка и реакциона Европа, со моралната подкрепа на светската мегјународна буржоазија, се стави во движение против земјата на слободата, против земјата на братството, равенството и социализмо на **ВЕЛИКИО И СЛАВЕН СОЈУЗ НА СОВЕТСКИТЕ СОЦИАЛИСТИЧКИ РЕПУБЛИКИ**. Стотици илјади пагјаат мртви от двете страни. Антисоветската војна е предизвикана от германо-италијанскио фашизам со цел да се заграбат земјата и богатствата на СССР, со цел да несоштестува СССР - земја на слободата, надежда на сите поробени народи и работни лугје на свето.

Во таја борба фашистите не потбират средства, за да држат својте народни маси во заблуждение. Они се служат со најсилното оружие-лагата. По адрес на Советскио Сојуз, мегјународнио фашизам, заедно со бугарскиот, со бугарските вестници и радио-расправат чудовиштни работи. От архивата сет извадени сите лаги от 23 години на овамо и се повтарат секој ден во разни форми. Чеката (ГПУ)[183] била што ги терала војниците да си бијат, Правителството избегало от Москва, глад, Сталин и овој-оној се скарале, Бесарабија ја зеле Немците, а германските војници незнам колку танка разрушила со ножеите си. На таквија бабини-деветини се смејат зрелите лугје, али радиото и вестникарите не се страмат - ним им е пукнало пердето. Господин министеро на внатрешните работи Габровски, издаде строга заповед против "антидржавните елементи" т.е. против работниците и работните маси, оти пуштале

[183] Чрезвичаиние комисии - ЧК - Серуска извонредна комисија основана во Русија по Октомврискатa револуција, реорганизирана во 1922 година, во Государственное политическое управление - ГПУ (Државна политичка управа).

"неверни и тенденциозни слухови". Ако има неверни и тенденциозни новини - то сет новините пуштани от власта, от незините вестници и радиа.

МАКЕДОНЦИ,

Бугарската фашистка власт, заедно со македонските врховисти-фашисти, секој ден преджвакват хитлеровските лаги, оти Советскиот Сојуз бил нападнат, зато што Сталин и Черчил биле ортаци, т.е. имале сојуз, а штом Хитлер се борел против Англија ке се бори и против СССР. Оваја лага е лага на лагите. Најбесрамната и подла поступка на Хитлер, кој за да покори малите народи во Европа наогјаше по некоја лага, за да оправда својата грабителска и разбојничка политика. Да е Хитлер империалист, грабач, заробител и потисник, вие сами се убедивте от неговата политика во Македонија и от политиката на неговите бугарски васали-фашистката клика во Бугарија на чело со Министрите. СССР не пролива крвта на своите славни синови за интересите на англиските империалисти, како до вчера не проливаше крв за германо-италијанските империалисти, СССР денеска, после Хитлеровското нападение, пролива крвата за заштита на својата земја, за заштита на Социалистичката татковина, за ослобожданието на народите от фашискио јарем, за слободата на балканските народи и за слободата на нашата многу измачена Македонија. СССР се бори не за да се дај Македонија на Англичаните и на Петра Карагоргиевича (Српските империалисти), а да биди Македонија Советска! Това е истината! Тaја истина сакајат от вас да ја скријат, за да сте врагови на СССР, за да можат германските завоеватели да ве јаваат, да ви дерат кожата, да ве оголат и држат во ропство.

БРАКЈА МАКЕДОНЦИ,

Едничкото правителство, кое не лажи, кое не крие, како от својо нарот, така и от работните маси во капиталистичкио свет - то е Советското правителство. Кога губи Советската власт кажуе на народо, оти губи, за да се стегни, за да напрегни своите мишкии сили и победи враговите си. Така беше во време на грагјанската војна и интервенцијата на 14 држави 1917-21, така беше во најкритичните сати кога контрареволу-

цијата беше завзела цела Русија и беше пред вратите на Москва и Ленинград. Истото нешто болшевиките не криеја и не кријат кога имајат недостатки и пропуски било во политиката, било во индустријата. Болшевиќите кажујат самата истина, па колку да е та горчлива, критикујат се, за да избегнат грешките и недостатките - за да можат полесно да победат својот враг-фашизмо. Фашистите от своја страна не можат без лаги да дишат, да живејат. И така, на една страна имате фашизмо со лагите, заблудите, насилието, тероро и ропството, а на другата страна болшевиките со истината, критиката, правдата, равенството и слободата.

Вие требе да знаете, оти Црвената армија и СССР нема да бидат победени, а та ке биде победителка на фашизмо. Борбата ке биде тешка со многу жртви, али СССР ке победи, зато што тој е носач на новото, револјуционото, против капитало и спекулантите - за слобода и социализам. Ни за една минута не треба да се сомневате во силата на крајната победа на СССР. СССР со двеста милиони народ, со своето единство на народо, со својата индустрија, со големата воена машина, со својата ширина кеископа гроп на Хитлера, ке клај крај на фашизмо, капитализмо и војната.

ДОЛУ ЛАГИТЕ НА ХИТЛЕРА И НА БУГАРСКИТЕ ФАШИСТИ, ВЕСТНИЦИ И РАДИО!
НЕ КУПУЈТЕ И НЕ ЧИТАЈТЕ ФАШИСКИТЕ ВЕСТНИЦИ "ЗОРА" И "ЦЕЛОКУПНА БЛГАРИЈА"!
ДА ЖИВЕЈ СССР И НЕЗИНАТА СЛАВНА ЦРВЕНА АРМИЈА!
ДА ЖИВЕЈ СОВЕТСКА МАКЕДОНИЈА!
2 јули 1941 год.

От Покраинскио комитет на
работичката партиа во
Македонија

*Архив на ИНИ, св. 26 – 2. Објавено во Зборник документа и података... цит, док. бр. 9; и Илегалниот печат на КПЈ во Вардарска Македонија ... цит., том II, книга 1, 23-25.*

## Бр. 20
## ПРИЈАТЕЛИ НА СОВЕТСКИО СОЈУЗ!

**Скопје, VII 1941 г.**

Сите знајте оти германските империалисти нападнаја народите на Советскиот сојуз. Водачите на германскио империјализам знаеки да Советскио Сојуз, благодарение на социалистическата уредба, направи голем напредок во сите области на материалната и духовна култура и станва от ден на ден поарен, по-богат и по-јак - отворија војна и по нај-отвратен и подол начин нападнаја мироЉубивите советски народи, скршија пакто за пријателство, кој беше за 10 години[184], со цел да заграбат нивните богатства. Хитлер е против социјализмот зато што и германскио народ сака таква уредба, како и другите народи и за да не допушти това да се стори, зато што е он империалист и поробител - удри на народите, који изградија равенството, братството и слободата мегју себе си во СССР.

Цел свет знај да ова војна е фашистко-Хитлерово дело. Целиот работен народ е возмутен и осудуе тоја германски вандализам. Народот во Македонија покажује како виновен (кривец) Хитлера. Али на това неодобрение, недоволство от политиката на фашизмо сред македонските маси - бугарските империалисти и поробители, заедно со германските агенти на гестапо преследујат и апсат пријателите и симпатизерите на Советскио Сојуз. Секој ден се вршат обиски, апсенија и наноси се кјотек на луѓе без кривица, на лугје који осудујат Хитлера и неговата политика.

Страшен терор се врши. Бугарските полицајци и германските Гестаповци[185], верни на своите методи за потискане и мучене на бугарскио и германскио народ - вршат истото и во Македонија. Има случај у скопската полиција на млади македонски синови да се врши ужасно насилие. Поливани им

---

[184] Се однесува на пактот за ненапаѓање меѓу СССР и Германија, потпишан во Москва на 23 август 1939 г.

[185] Припадници на Geheime Staaatspolizei - германската државна тајна полиција.

сет руките со терпентин и запалени за да извадат некои признанија от ниф, да биле членови на организации који симпетизирали на СССР.

Бугарската и германска[та] полиција прибегнујат кај методите на српски[те] потисници, а от друга страна како за мајтап говорат "ослободифме ве по[робе]ни бракја от Србите".

ДРАГИ БРАКЈА,

Вие сами осетифте на вашио грб "слободата", која донесоја [Герман]ците и Бугарите. Вашето положение е лошо. Вие сте страшно ограбени [от] власта и от спекулантите. Слободата, за која сте се бориле цели 50 [години] не е добиена. Вие добивте ново ропство, ново насилие, нов терор. [Вашите деца-синови] от Скопје и Битола лежат уште по занданите на Косовска Митровица[186] и другите апсани под власта на германските фашисти: Јордан Николовски от Скопје, Бацко Бане[187] од Велес, Киро, Боге[188] и Јосиф от Битола и други. Нифната кривица беше и е, оти се бореја против српските поробители и империалисти за слободна Македонија. Зашто не сет уште пуштени на слобода штом Германците и Бугарите носат слобода? Зашто Мусолини и Хитлер држат уште иљади Македонци како заробеници, макар да е докажано да се Македонци? Скопските и други[те] мајки на тија заробеници излижаја праговите от оденето кај бугарското, италианското и германското команданство да докажујат со документа, оти синовите им сет Македонци и се наогјат во нифни логори. Одговорот е еден " Ќе останат да работат таму до крајо на војна".

Денешниот голем македонски поет-песник Венко Марковски, родом и израснал во убавото Скопие, е пратен во лагер. Неговата кривица е, оти Венко е македонски песник. На

---

[186] Грешка во оригиналот, се мисли на Сремска Митровица.

[187] Се однесува на Бане Андреев-Ронката (1905-1980), учесник во НОВ, политички секретар на ПК на КПЈ за Македонија и на ЦК на КПМ, делегат на АСНОМ и член на АВНОЈ, министер за рударство во владата на Југославија.

[188] Се однесува на Богоја Фотев (1900-1993), учесник во НОВ, делегат на АСНОМ и претседател на Президиумот на Народното собрание на Македонија. Во 1949 г. бил осуден по ИБ и затворен на Голи Оток.

место Венко да си дојди слободно во родниот град, да види мајка, сестри, блиски и својо народ, он е пратен на сургун. Каква разлика има измегју бугарските и српски[те] потисници?

Насилието и теророт што се вршат денеска над македонскио народ, нема да скрши вашата волја, вашио стремеж за слободата и поарен живот. То нема да скрши духот и волјата на македонските мученици по бугарските и германските зандани. То нема да скрши симпатиите на новите жртви - пријатели што сет во полицејските апсани. Македонскиот народ многу е видел, многу е пренесол, многу е страдал, ке понеси и овија нови мученија. Сатот за македонската слобода брго, многу брго ке удри. До тогај, до како удри тоја сат, долг е на сите Македонци, на сите пријатели на СССР, који следат со задржан дуф во градите великата борба на Советските народи против фашизмо - да помогнат кој со што може на жртвите за слободата на Македонија.

Собирајте и предавајте пари, алишта и храна за македонските мученици и славни синови!

ДОЛУ ТЕРОРО И НАСИЛИЕТО НАД МАКЕДОНЦИТЕ!
ДОЛУ ВАРВАРИТЕ ОТ ГЕСТАПО И БУГАРСКАТА ПОЛИЦИЈА!
ДА ЖИВЕЈ СЛОБОДНА МАКЕДОНИЈА1

*Архив на ИНИ, арх. бр. 74. Објавено во Зборник докумената и података... цит., док. бр. 10; и Илегалниот печат на КПЈ во Вардарска Македонија ... цит., том II, книга 1, 26-28.*

# V

# НАПИСИ ВО “БИЛТЕН”

## Бр. 1
## НАШИОТ ПАТ[189]

Прогласот на Покраинскиот комитет на Комунистичката партија за Македонија упатен до работниот народ на Македонија јасно укажа на патот и на начинот на борбата за остварувањето на задачите што денешнава ситуација ги поставува пред Комунистичката партија, работничката класа и работниот народ на Македонија.

Натамошната работа и резултатите во прв ред зависат од акционата и од организационата способност на нас самите, на нашите кадри поучени од јасните директиви од Пролетер, орган на ЦК на Партијата - во практиката да ги оживотворат партиските налози.

Во новите услови на работа, кои произлегуваат од денешнава, како надворешна така и внатрешна ситуација, е да ја зајакнеме работата на Партијата, поврзувајќи ги за тие нови напори новите методи и систем на раководење. Поврзувањето со масата на работниот народ, вкоренувањето не само на влијанието на нашата Партија туку и на живите луѓе, нашите активисти и борци меѓу широките работни слоеви, поврзувањето на единствената борба на работничката класа со борбата на селанството и на средните поставените слоеви поставување организирање и водење акции по сите конкретни прашања и барања што ги засегнуваат и што се однесуваат на интересите на народот, раководењето со народно-ослободителната борба тоа е прва практична задача врз правилната примена на нашиот став и на нашата линија.

Во Македонија се особено поразни и штетни последиците од несфаќањето на улогата и на значењето на нашата Партија како организатор и раководител на борбата на работничката класа и на работниот народ против насилството, грабежот и националното угнетување. Божем наречените комунисти и

[189] Написот е преведен на македонски од српски јазик.

самоповиканите водачи, жигосани преку нашиот партиски печат, пропаѓаа сѐ повеќе и повеќе и од теснозакоравени секташи се претворија во ликвидатори, во противпартиски и туѓи елементи на револуционерното работничко движење. Тие се поставуваа над Партијата и бегаа од контролата на здравите партиски месни организации и партиски форуми. Тие низ легалната позиција на работата на разни сектори удираа нож в плеќи, на партиската работа и сакаа да ја сведат партијата на шепичка политиканти, паничари, ликвидатори и предавници на работничката и народна борба. Широкиот пат на борбата на револуционерното работничко и национално-ослободително движење тие се обидоа да го препречат за да ги одржат своите позиции и сомнителниот политички авторитет во очите на чаршијата и на лековерните и измамени луѓе. Крај ваквите типови режимот не само што вечно би можел да постои туку и самиот би ја поддржувал таквата партија на чиешто чело би се наоѓале вакви луѓе, што објективно се претвораа во бранители и столбови на режимот.

Одлуката на ЦК на Партијата[190] да ѝ се посвети особено внимание на работата во Македонија има историско значење. Таа им застана на патот на сите антипартиски, злосторнички и туѓи елементи и ја оздрави, засили и оспособи партиската организација во Македонија. Им овозможи на низа наши добри организации енергично и цврсто да ги очистат и да ги зацврстат своите редови и, поврзувајќи се со масата да се ставаат веќе на чело на работничката и народната борба.

Работничката класа во Македонија не сака повеќе да ги поднесува грабежот и ѕверската експлоатација од страна македонските и великосрпските капиталисти и угнетувачи. Штрајковите во Скопје покажаа дека работничката класа во Македонија е готова да се бори за своите права и за подобрување на

---

[190] Се однесува на одлуката донесена на Земското советување на Партијата, одржано под раководството на Јосип Броз-Тито на 9 и 10 јуни 1939 година, под Шмарна Гора во Словенија. На советувањето, на кое не присуствувал претставник од Македонија, се третирала и положбата во Македонија и се задолжило раководството на Партијата да се "ангажира во реорганизацијата и активизацијата на КПЈ во Македонија".

условите на својот живот и дека не се плаши од жандармскиот режимски терор. Работниот народ на Македонија желен за слобода и за своите народни права се буди и се организира да ја продолжи борбата за своето ослободување наспроти насилството и теророт на великосрпскиот империјализам и наспроти предавниците на македонското дело. Сѐ е поцврсто единство на заедничката борба на Арнаутите, Турците и Македонците против секое угнетување од која и да е страна, било да доаѓа од Србија, Бугарија, Грција или Италија за ова не е мала заслуга на нашата Партија која прави големи напори да ја разбие омразата и неслогата што режимот со години ја сееше и ја сее меѓу разните потиснати народи. На великосрпските угнетувачи, насилници и капиталисти им влезе стравот в коски од колежот, што според нивното мислење, би можел да настапи од страна на Арнаутите или Турците во извесни услови на заострување на ситуацијата. Македонскиот народ не се плаши од меѓусебна пресметка, зашто кај него нема судирања, туку единство на интереси и единство на борба против заедничкиот непријател: режимот, грабежот, насилството и националното угнетување. На народот во Македонија му е јасно дека во борбата за мир, слобода и леб, поврзувајќи се со борбата на работничката класа и со помош на другите угнетени народи и самиот српски народ низ цврстиот сојуз на работниот народ на Македонија лежи патот за конечното ослободување.

Режимот се подготвува отворено да ги воведе фашистичките фронтови и метод на владеење по угледот на фашистичка Германија и Италија. Ова ја покажува само слабоста на режимот и невозможноста и понатаму да се држи на власт и со помош на измама и лажења на народот да ја спроведува својата политика на насилство и грабеж, маскирајќи се секогаш во сегашнава воена ситуација со потребата на народната одбрана. Од друга страна ова значи дека режимот во желбата за одржување на власт ја бара поддршката од фашистичките држави против интересите на сопствената земја и народите на Југославија, наместо судбината на народите на Југославија да ја врзе за великиот Советски Сојуз, што на народите на Југославија би им осигурало мир и полн полет за

слободен развиток. Примерите на Литва, Летонија и Естонија тоа речовито го покажуваат. За оваа ненародна поддршка на хрватската буржоазија и ваквата противнародна владејачка и натаму ја прикрива со божем некаква селанска демократија и со плаштот на радичевската наука. "Корпоративното фашистичко уредување на државата значи дека режимот влегува во отворено судирање во борбата со народите на Југославија. За овие свои намери решително веќе сега наоѓа поддршка во врвовите на граѓанските партии и социјалдемократи.

Во борбата против режимот, за неговото соборување и за создавањето на своја народна влада во заедничкиот фронт се наоѓаат сите народи на Југославија, на чело со нашата Партија. Во таа борба ние комунистите најдоследно ќе го исковеме тој сојуз на комунистите со народот. За таа борба треба да бидеме подготвени за, продолжувајќи го своето дело и борба вооружени со директивите на Партијата, да ги исполниме задачите што ни ги има поставено за извршување ЦК на нашата Партија.

*В.“Билтен” бр. 1, 20, VII 1940, ДАРМ, Фонд: Весници на партиска организација, К - 80, Инв. бр. 23.*

## Бр. 2
## ЗЕМЛЕДЕЛЧЕСКИОТ ВОПРОС[191]

Вопросот за земјата интересуват от векови македонскиот селанин. Во Турско време земјата е била својна на беговете и чорбаџиите. Селаните работеле земјата, али берикетот одел во амбарите на агите и чифликсајбите. Народот во Македонија е бил по големата чест во полето исполичар, чифчија или момок. Друга чест от земјата е била манастирска или вакафска. Само лошата земја во планините и брдата е била својна на селаните.

[191] Написот е објавен на македонски јазик. Сите текстови на македонски јазик се објавуваат изворно без јазични и стилски измени.

Со идението на големосрбите на Македонија вопросот за чија да биде земјата не се разреши. На место да се раздај на тија што је работат остана пак во рацете на чифликсајбите Турци и христијани - и во вакафите. Без стопанствената земја од избегали бегови се зеде од државата или се заграби од разни србски четници и војводи. Се создаде фонд од земјата под контролот на државата за давање на безимотните селани при Аграрната банка. Питасе кој доби земја от тој фонд.

Прво, земја се даде на националните ратници. Това се луѓе који стојели на чело на србоманската пропаганда во турско време во Македонија, разни војводи и Срби од стара Србија, који имат дел во посрбувањето на Македонците и насилијата во Македонија.

Друго, се даде земја на таканаречените колонисти. То су луѓе резервни официри, подофицири и една част бедни селани от стара Србија, Далмација и Херцеговина. Ова политика со раздавање земја не на Македонци насилствено одземање на Турци, Арнаути и Македонци, имат за цел, да можи да се претопи Македонскиот народ и да стојат тија колонисти како џандари во Македонија. На колонистите им се дадоја покрај земјата пари, волја и све што им треба за стопанисување и обработување на земјата. Многу од тија колонисти не стана земеделци, продадоа земјата и остана да живејат по градоите во Македонија или се вратија во својите места. Многу от ниф живеат бедно и сет маши во рацете на империјалистическата србска политика.

Секој во Македонија знајит да македонскиот народ који работи земјата при големо србското господство не доби земја. Нешто повеќе онија македонски селани што са купили земја от аги и бегови со уговори сретнува голема пречка от власта за господарување на нивите си. На некој селани им беја земени нивите, оти не биле купени со тапии. Али вопросот за тапии и ако големосрбите повела више од 20 години не је решен. Многу селани живеат со страв да им се земи земјата, оти немаат редовни тапии:

Сета земја во Македонија треба да биде својна на тија што ја работат, на месното македонско население. Заради това

треба да се сака да се раздели на бедните селани следнатаземја:

а) от сите чифликсајби Турци и Македонци, који живеат от потот и трудот на земеделците;

б) сета манастирска, вакафска и црковна земја, затоа што на неја уживат владици, попои и калугери за есап на страданиата на селаните. Религиата не можи да биди източник од една страна на експлоатација на народот, а от друга страна, уживајне на владици, попои и калугери. Тије што веруват во бога, не верува да е господ рекол да страда народо без земја, а "божите служители" да ужива и да тонат во разврат;

в) сета земја од разни "национални ратници" и колонисти. На колонистите да им се дај пат да си се вратат по својте родни места.

Само по таков радикален начин ќе можи на македонскиот селанин да се дај земја и многу от онија у планинската част на Македонија да се спасат от сиромаштија и гладна смрт.

*В.“Билтен” бр. 1, 20, VII 1940, ДАРМ, Фонд: Весници на партиска организација, К - 80, Инв. бр. 23*

## Бр. 3
## ТУТУНСКАТА ПОЛИТИКА НА ПРАВИТЕЛСТВОТО[192]

Тутунот во Македонија е една от основните земледелчески култури. От него се преранува близо 70 хилјади македонски произвогјачи заедно со нифните фамилии. Оваја година се садат 1.300.000.000 корејне во Македонија. Македонските тутуни сет по качество најдобрите и миризливи во цела Југославија. От тија тутуни се прават нај-скапите цигари за натрешна употреба и за извоз во Европа. Секој ќе одговори да македонските тутуни, штом се нај-убави сигурно се платени најарно. За жал али фактите не се таквија. Македонските тутуни, средно от бербата 1939 година се платија од Монополската управа по 20 динара за килограм. Само от тутунот државата кјари годишно

[192] Написот е објавен на македонски јазик.

милијарди динари, кои одат во џебојте на србските империјалисти и за издржка на административен апарат, кои служи за потискање на македонскиот народ.

За бербата од 1940 година Министерството на финансите е предвидело нови цени. Цената на тутунот от друга категорија е подкрената со 10 динари на класа. Прво това подкренуване на цената на друга категорија тутун не е сразмерно подкревајне на скапотијата и друго тије цени нема да ги зафати македонските произвогјачи. Министеро на финансите - Шутеј, така напраил цените, штото произвогјачите от Херцеговина и от Преко да се користат, а не македонските произвогјачи. Во Македонија се сади прва категорија, а не втора и затова македонските произвогјачи ќе си дадат тутунот по старите цени. Ние не сме против да се плати убаво тутунот на произвогјачите от Херцеговина и Хрватско, али није протестираме против таја неправда и грабеж, што се чини на македонскиот тутунопроизвогјач.

От еден декар земја во Македонија се вади многу помалку тутун, отколку от еден декар во Херцеговина или Хрватско. Смело можи да се речи, оти во Македонија се добива полојната, от това што се добива другаде зато што македонскиот тутун е мал, е от прва категорија. За македонскиот тутун треба да се употреби два пати појке време за работа от колку во другите земји во Југославија. Малиот тутун по-мачно се бери, по-мачно се нижи, по-мачно се сортира и калапи и како награда за сите маки Македонецот ќе добије по малку пари от Србинот, Хрватинот и от Херцеговецот.

Оваи "законски" грабеж возмути целиот македонски народ. Дури македонскиот предател - сенатор Алтипармаковиќ излезе да заштити македонските произвогјачи. Неговијо плач је плач на Јуда, кои продал себе си и интересите на Македонците, штом се поставил на отворена служба на големосрбските завојувачи во Македонија. Штом дори тоја Јуда има сурат да кажи оти е сторена со новите цени от Министерството за финансите неправда што останува за македонскиот народ. Целиот народ во Македонија е недоволен, револтиран от новите цени на тутуните. Сета оваја работа е резултат на големосрбската политика во

Македонија. Политика на големосрбите спрема Македонците е политика на ефтино купувајне, а скапо продавајне, политика на грабеж и потискане, т.е. колонијална политика.

Македонскиот производјач треба да најди сили и начин да се бори за справедливи цени на неговите тутуни. Не треба да се чека, че неговото подобрение, че повисоки цени ќе му дај само држава, не! Македонците треба да се надеват нај-напред на својте сили и да зафатат борба за по-арен живот, за по-добри цени, без да очекува на оваи, на онаи. Србските империјалисти сами доброволно нема да дат справедлива цена на тутуно и слободна садба, ако не бидат натиснати, ако не видат оти Македонецот е готов да се бори за својте интереси. Начини и возможности за борене има. Нека тутунопроизвогјачите да за се организират и да започнат низ својте удружениа и поведат борба.

*В. "Билтен" бр. 1, 20, VII 1940, ДАРМ, Фонд: Весници на партиска организација, К - 80, Инв. бр. 23*

## Бр. 4
## ЗАДАЧИТЕ НА МЛАДЕЖТА ВО МАКЕДОНИЈА[193]

Во времето кога авето на ненародната империјалистичка војна голта милиони работен народ и негоа младеж; кога Совјетскиот Сојуз со незапамтено во историјата револуционерно одушевлене градит нов свет на леп, мир и слобода, кога славна и непобедива работничко-селска Црвена армија победоносно чекори со барјако на слободата. Младежта во Македонија мора да биди сложна и сврзана во работничка и народна борба за работнички, народни и младешки права, за поарен живот и среќна понатамошност.

Озбиљност от времено во кое живееме клала и пред младежта неодложиви и судбоносни задачи.

Младежта во Македонија, била таја македонска, турска, арнаутска или србска, како дел од свои народ, мора братски,

[193] Написот е објавен на македонски јазик.

сложно и несебично да служи на идеалите от слободата и миро, мора да појди по патот на борба от кое зависи незината сегашност и незината натамошност.

Нај-важните задачи кои стоат пред работната младеж се оние:

1) борба против ова нечоечна војна, коа ништи толку наши млади другари коа не служи на младежта и народо, на коа една рака крвожедни зверои заработува милиони, и нашата крв и крвта на таткоите наши ја преправа во злато; раскринкување на незинио имеријалистички карактер пред нај-широките слоеи на младежта;

2) да ѝ се кажи на младежта во Македонија вистината за Совјетскиот Сојуз, за негоата силна и среќна работна младеж, поноста од СССР коа во среќа и мир, заедно со своите постари другари, градат нов свет на имашливост и богатство, коа не знае за нечоечка експлоатација и уништување на милиони млади во сите капиталистички земји, коа во братство и слобода праит од СССР земја на младост и полет, чија та младеж не знае што е то капиталистички јарем;

3) со сите сили да настоаваме за воени сојуз са СССР кои едино можи нашите народи и нас младежта да ѝе запази от колението и воените ужаси;

4) да се бориме за слобода на народите во Македонија во духо на прогласо на Покраинскио Комитет на Комунистичката партија во Македонија, помагаеќи се и солидаришуќи се со борбата на србскиот народ на негоата младеж;

5) да се посвети појке пажња за конкретните захтеви на работничката и работната младеж; тие захтеви да се клаат во секоа прилика и да се настава за нивното решение.

Само по пато на нај-широко збиране сета чесна младеж во чврста врска со борба на работнио народ, и младежта во Македонија можи и мора да биди нај-млад и нај-верен борец, за леп мир и слобода.

*В. "Билтен" бр. 1, 20, VII 1940, ДАРМ, Фонд: Весници на партиска организација, К - 80, Инв. бр. 23.*

## Бр. 5
## БОРБАТА НА РАБОТНИЧКАТА КЛАСА ВО МАКЕДОНИЈА[194]

Работничката класа во Македонија живее под мошне тешки услови, зашто за својата работа е помалку платена отколку каде и да било во Југославија. Работниците со својот труд создаваат сé, но за тоа добиваат мизерни надници, додека капиталистите и работодавците за сметка на работничките надници добиваат огромни профити.

Работниците во Македонија не се експлоатирани само од своите газди и капиталистите, нив уште повеќе ги експлоатираат великосрпските капиталисти, кои се поврзани со македонските капиталисти, а ги експлоатира и државата, која преку Монополот за тутун е најголемиот експлоататор над македонските работници и над работниот народ во Македонија.

Ваквата состојба: експлоатацијата, тешкиот и мачен живот, бесправјето, насилството на режимските луѓе, македонските капиталисти и предавниците на македонскиот народ сакаат да ја претставаат како добра. Од друга страна насилничкиот режим го прогонува секој обид на работниците и на народите за поправање на нивната економска положба и за добивање на граѓански права, слобода и рамноправност. Организираната борба на работничката класа и борбата на македонскиот народ се разбива и се задушува со сила од страна режимот. Во Македонија има најголем број жандарми, агенти, шпиони и разни режимски платеници. Оваа режимска политика ја поддржуваат македонските капиталисти богаташи и разните предавници на работничката и на народната борба како што се Грубишиќ, Жика, Михајловиќ, Благоја, Горѓи Пешиќ, Крнда и други во Скопје итн.

Работниците и работниот народ особено се погодени од денешнава војна политика на режимот. На нивните плеќи се струполени сите тегоби на војната: зголемувањето на сите давачки, трошарината, поскапувањето од страна на државата

[194] Написот е преведен на македонски од српски јазик.

на сите монополски артикли, трошоците за војската итн. Од друга страна, разните шпекуланти им ги подигаат цените на сите потреби со помош на власта. Меѓутоа, капиталистите не им ги зголемуваат надниците на работниците, туку напротив им ги намалуваат, а им го зголемуваат работното време, а власта ги брка работниците кога бараат зголемување на надницата и го заштитува капиталистичкиот грабеж.

Работниците и работниот народ на Македонија не сакаат повеќе да го поднесуваат ова и да ја трпат ваквата состојба на насилство и грабеж. Работниците се договараат, се организираат и ги изнесуваат своите барања за подобрување на надниците и на својот живот. Бидејќи работодавците и капиталистите со помош на власта, преку уредбата за минималните надници, гледаат да ги изиграат работничките права и не им излегуваат во пресрет, работниците се принудени да стапуваат во штрајк за извојување на своите барања. Освен измамите на работниците од страна на работодавците и власта, нив сака да ги измами и режимот и ги упатува кај Југорас[195], за Југорас да ги заштити и да преговара во нивно име. Во Југорас меѓутоа седат платени полициски агенти и шпиони, што претседателот на владата ги плаќа од државните пари за да ги лажат и да ги заведуваат работниците.

Во цела Југославија се шири и се развива работничката борба. Во Македонија исто така. Така дојде до штрајкот на опинчарските работници во Куманово, до штрајкот на папуџиските работници, на работничките во килимарницата и текстилната фабрика "Вардар" во Скопје. И во другите места работниците од разни бранши се подготвуваат да им ги поднесат своите барања на работодавците.

Работодавците на сите возможни и невозможни начини гледаа да ја скршат борбата на работниците. Тие ги заплашуваа работниците, врбуваа со помош на Југорас штрајкбрехери, ги преместуваа разбоите од работилницата по куќите, итн. Полицијата во тоа сесредно ги помагаше, ги бркаше штрајкувачките стражи, им доведуваше штрајкбрехери

[195] Југословенски работнички сојуз - режимска синдикална организација.

и на работодавците, со сила ги тераше работниците на работа, дивјачки со вооружени и пијани жандарми налетуваше врз работниците и работничките итн.

По овие штрајкови работодавците се уплашија од работничката борба. Некои и сами ги дадоа зголемувањата (Ванѓел Костиќ и Тулбен во Скопје, и др.) за да ја оневозможат борбата. Меѓутоа, тоа зголемување што го добија работниците од своите работодавци е толку мало и во несоодветство со скапотијата, што воопшто не се [...]

На овој начин работодавците ги мамат работниците и со тоа сакаат да се претставаат дека се загрижени за доброто на работниците и дека и сами им ги подобруваат условите за живот. Работниците, меѓутоа, ги увидуваат сите лаги и не им наседнуваат.

Потребно е од овие штрајкови да ги извлечеме потребните искуства за во иднина да можеме да ја предвидиме секоја ситница, сé што е потребно за успех на борбата. Кога во едно претпријатие се подготвува акција за подобри услови на работата и за поголеми надници, потребно е сите работници да се подготват за секоја евентуалност и однапред да се знае дека работниците ќе го прифатат и штрајкот како средство на борбата. Во штрајкувачкиот одбор треба да се изберат најборбените работници. Работниците мораат да се подготват за решителен отпор, зашто капиталистите заедно со полицискиот апарат не ги избираат средствата за задушување на работничката борба и за одбивањето на работничките барања и само упорноста и решителноста на работниците може да ги победи. Исто така во исто време треба да се подготват работниците и во сите други претпријатија да бидат готови во своето претпријатие на акции, како и на тоа дека треба да им помогнат на своите другари во борбата со штрајкови на солидарност и со материјална помош.

Кога работниците се поврзани цврсто во сите претпријатија, бранши, во сите места и во целата земја, тогаш капиталистите и нивниот апарат ја губат главата, разбиени од работничката цврстина, од солидарноста и од упорната борба. Тогаш успехот е сигурен.

Работниците не се плашат и не ја губат верата во своите сили. Поединечен неуспех не може да ја оневозможи натамошната борба. Неуспехот означува само дека работниците не се подготвиле и не се организирале добро. Сложената и организираната работничка класа е посилна и од газдите и од власта. На свеснокласните работници им е должност сето ова да им го објаснат на работниците и неорганизираните да ги организираат, внимателно да ја подготват акцијата и да ги поведат работниците во борбата и во успехот.

*В. "Билтен" бр. 1, 20, VII 1940, ДАРМ, Фонд: Весници на партиска организација, К - 80, Инв. бр. 23.*

## Бр. 6
## ОДГОВОР ДО ВУЛИЌ[196]

Вистинските Македонци и вистинските привrзаници на борбата за македонското дело, му упатија овие денови одговор на универзитетскиот професор Н. Вулиќ на неговата статија, објавена од 10 о. м.[197]. Во тој одговор историски и научно се докажува формирањето и постоењето на македонскиот народ и се укажува на патот на македонскиот народ за ослободување. Славниот спомен на Илинденското востание, на Крушевската Република и на светлите народни имиња... живее во душите на македонскиот народ и го загрева со револуционерен... во неговата натамошна борба, што продолжува... Близок јет дено кога слободното знаме на Крушевската Република на Никола Карев, ќе се развије пат Македонија!

Во својата статија професор Н. Вулиќ ја брани режимската политика на грабеж, насилство и национално угнетување во Македонија. Заради одбрана на оваа политика и за сметка на великосрпскиот капитал и режим на колонијално експлоатирање во Македонија, тој им го одрекува на Македонците

[196] Написот е објавен без наслов и е на српски јазик.

[197] Статијата на Никола Вулиќ, "Јужна Србија", е објавена во белградскиот весник "Правда", бр. 12821 од 11. VII 1940 г.

правото да се викаат Македонци и ја одрекува дури и самата Македонија, а постоењето на македонскиот јазик воопшто не го признава.

Од настанувањето на оваа држава хегемонистичките великосрпски насилници и грабачи им го одрекуваа на народите на Југославија нивното народно име и правата. Но ни теророт, ни насилствата, ниту вештачки создаваната, измислената југословенска народност, не можеа да ги задушат националноослободителните движења на угнетените народи на Југославија. Предавствата и компромисите на поединците или на групите не можеа да ја ослабат борбата на угнетените народи за слобода и рамноправност. Спогодбата на хрватската буржоазија со великосрпските хегемонисти не донесе решение за националното прашање во Југославија, туку доведе до сознанието на хрватскиот народ за различноста на неговите интереси од интересите на неговата сопствена буржоазија.

Слободата на народот и неговите национални права не можат неказнето да се задушуваат со бајонети и со сила и со нив да се брани грабежот и насилството над угнетените народи. Уште помалку тука помагаат "научничките" разлози на платените универзитетски професори. Угнетувачот не сака да види народ, ниту некакви народни права, тој го гледа само својот интерес и власт. Тој го поробува и својот сопствен народ и од него сака да создаде орудија за угнетување на другите народи. А слободата и народните права ги добива самиот угнетуван народ со работничката класа во првите редови и со помошта на угнетувачкиот народ кој и самиот има интерес за соборување на угнетувачкиот режим. Македонскиот народ го знае тоа и ги засилува своите редови во борбата за своето ослободување, сеедно дали тоа го сака угнетувачкиот режим или не го сака, а исто така и неговите платеници Вулиќи.

*В. "Билтен" бр. 1, 20, VII 1940, ДАРМ, Фонд: Весници на партиска организација, К - 80, Инв. бр. 23.*

## Бр. 7
## ТАЈНА КОНФЕРЕНЦИЈА ВО СКОПЈЕ[198]

Како резултат на тајна конференција во Скопје е терор што владеј во Прилеп и цела Македонија. Српските великаши уште мислат оти со насилие и терор можи да се управљава. Нити апсенето, нити маченијата, нити судебните процеси ќе натерат Македонците да се откажат од борбата, от волјата за слобода. Денеска појке от секога Македонците држат во рацете си чистото знаме на Илинден на која е напишано: братство, равенство и слобода!

*В. "Билтен" бр. 2, 20, VIII 1940, ДАРМ, Фонд: Весници на партиска организација, К - 80, Инв. бр. 23, а.*

## Бр. 8
## МАКЕДОНЦИ НА ШТРЕК![199]

Овде даваме место на едно писмо пратено от великосрпската младеж до ќерката на Новковиќа, гувернера на Народната банка во Белград, која била на летувајне во Охрид:

На госпоѓицата Новковиќ, ќерка на г. Новковиќ, гувернер на Народната банка, кај г. Чедомир Даниќ, Охрид, Улица на Престолонаследникот.

Србинко!

Вам ви падна тешка должност! Српската младина напоена со јунаштвото на своите паднати големи великани реши да му одговори со одмазда на тајното уривање на нашата држава од страна на револуционерната македонска младина. На сите нам добро ни е познато дека Македонците нé мразат од сето срце и дека сакаат да се соединат со Бугарите. Сите тие се мамат. Јужна Србија е нашата татковина, нашата лулка. Тоа е големината на нашата слава. Тука процвета Душановото цар-

[198] Информацијата е без наслов. Текстот е на македонски јазик.

[199] Првиот пасус е на македонски јазик, а останатиот текст на српски јазик.

ство. Одовде е и нашиот најголем јунак Марко Крале. Затоа ние нема никому да му дадеме нашата убава Јужна Србија. Ќе се бориме до последната капка крв. А пред тоа ние ќе им покажеме на сите мизерни Македонци на што сме способни во нашата одмаздничка акција.

На последната наша тајна седница решивме да пристапиме кон труења. Од најглавните места на Јужна Србија мораат да исчезнат најпознатите личности. Акцијата веќе е поведена и специјални луѓе за остварувањето на оваа наша намера веќе се наоѓаат по разни градови.

Беше решено во Охрид да се отруе судијата Филипчевиќ, кој со својата добрина и благородноста на својата душа, ја освои љубовта и симпатиите на овдешниот народ. Тој исто така е голем сепаратист. Пред некој ден нему незабележано во чашата му е сипан отров. Слушнавме дека тој почнал да дејствува. Се надеваме дека истиов не сонува за ова. Но не е доволно само ова. Потребно е да му се даде уште една доза од отровот. Затоа решивме да ви се обратиме вам на помош, зашто г. Филипчевиќ еднаш го видовме во ваше друштво. Потребно е да купите само малку арсеник и истиот да му го дадете со некоја бонбона.

Немојте да мислите дека ова е некаков грев или злосторство. Ова е најсветата должност што треба да ја исполни секој Србин и Србинка.

Оваа задача му е ставена во должност уште на еден човек што г. Филипчевиќ го смета за свој пријател, но можеби ни вие ни овој човек ќе немате потреба да ги крвавите рацете ако веќе дадениот отров го направил своето.

Великосрпската младина

Ова писмо запалете го веднаш.

От[200] горното писмо се гледат оти заразени, отруени души от шовинистическо воспитание српски младежи есапат да трујат по истакнати Македонци, за да се запази господството и експлоатацијата од страна на великосрпските шовинисти во Македонија. Тие будале младежи, терани от нифните татковци

[200] Текстот до крајот на написот е на македонски јазик.

и нифните учители како академико Никола Вулиќ, есапат оти е дошло време да приложат мерките на грцките фанариоти - владици, који во 1861 год. отровија во цариградската апсана двајца големи Македонци брајкјата Миладинови от Струга.

Како со смрта на Миладиновци не се сврши борбата за слобода, а уште по вејке се разгоре исто така и со опити за отрувајнето на Филипчевиќа от Охрид и на некој други Македонци, нема да се сврши стремежо и борбата за слобода, а повеќе ке се разгори. Нека това добро да разберат великосрпските шовинисти от Белград и нифните орудија во Македонија.

Односно нифните мисли оти во Македонија некогаш Душан е властувал, та требало белградските шовинисти да владејат и држат во робство Македонија сега, - то не е обоснование. Никакви исторически права Македонците никому не признаваат и нема да признајат. На тија исторически права секоја држава би се основала, зато што кој не е поминал низ Македонија. Нај-големи исторически права имат над Македонија самите Македонци. Македонските Славјани многу пати имали своја држава. Во времето на цар Самуила во 10 и 11 век таја држава била најсилна. Тој се е борил и против српското, бугарското и грцкото владичество во Македонија.

Да остаиме на страна што било преда векове. Самите великосрпски младежи сега признават оти Македонците не сакат да бидат под српско робство и чекат момент да се ослободат. Това е најсилно доказателство оти Македонци не се Срби. Тие сет само Македонци и такви ќе си останат. За да си останат Македонци, слободни, от никого непотискани и неексплоатирани тоа е смислата на македонската борба.

А за това, оти великосрбите лејале крв не се криви Македонците. Никој не терал, никој не канил великосрбите да дојдат во Македонија. По таја причина треба да си идат, да се изчисти Македонија от српски шовинисти.

Македонци! Разобличите паклените замисли на великосрбите да трујат истакнати Македонци. На штрек! На борба!

*В. "Билтен" бр. 2, 20, VIII 1940, ДАРМ, Фонд: Весници на партиска организација, К - 80, Инв. бр. 23 а.*

## Бр. 9
## ЖИВОТИТЕ НА ШПАНСКИТЕ ДОБРОВОЛЦИ СЕ ВО ОПАСНОСТ[201]

Владата се уште не им го дозволува враќањето во земјата на херојските шпански доброволци и покрај тоа што е добро познато во каква опасност се наоѓаат нивните животи. Низ Франција сега беснее најстравотниот бел терор. Се вршат секидневно масовни стрелања на најдобрите синови на францускиот народ. Свирепо се гонат оние што со години предупредуваа на воената опасност и што бараа водење на таква политика што би ја оневозможила таа војна. Француските империјалисти, што го фрлија францускиот народ на кланица за после да го предадат, плашејќи се од револуционерното движење, му ја предадоа земјата на Хитлер, излагајќи ја на ужасна беда и неволја. Таа финансиска олигархија, што кај Хитлера ја бара заштитата од сопствениот народ нема многу да се срами да ги уништи животите на херојските борци на меѓународната бригада. Во каква ситуација се наоѓаат сега нашите шпански доброволци најдобро покажува една картичка што неодамна пристигна од логорот.

... Потоа третата група, за која ти пишував, што беше одведена на работа, изгледа дека стана жртва на подла измама што однапред се подготвуваше. Неколку другари од другите националности, што успеале да се вратат назад во логорот, раскажуваат неверојатни работи. Бидејќи инаку биле во близината на огнената линија, нивните чувари би искористиле зготен момент и ги коселе со митралезите. Некои биле ставени на камиони, претставувани како заробеници и често биле каменувани. Од нашите што беа на работа, ниеден не се врати; не знаеме што станува со нив... Нашиот живот е најтежок. Добиваме еден леб на десет луѓе. Почнаа да ни даваат и еднаш дневно чорба... Не заборавајте дека веќе седумнаесет месеци не тормозат и не влечат од логор в логор, а вие како да сте се успале

[201] Текстот е преведен на македонски од српски јазик.

од мрзливост или од илузии. Пишете дали преземате нешто за нашето враќање. Поздрави ги сите. Здраво".

За сите овие маки на нашите шпански доброволци главен виновник е владата на Цветковиќ-Мачек, која оди рака под рака со реакцијата од целиот свет и на која и се туѓи интересите на работниот народ. Таа е одговорна за нивните животи. И покрај барањата од сите страни, таа уште им го нема одобрено враќањето во земјата. МЕЃУТОА, ВРАЌАЊЕТО ВО ЗЕМЈАТА НА ШПАНСКИТЕ ДОБРОВОЛЦИ МОЖЕ И МОРА НАЈИТНО ДА ИМ СЕ ИЗВОЈУВА.

ДА ЈА ОРГАНИЗИРАМЕ НАЈИТНО БОРБАТА НА ШИРОКИТЕ НАРОДНИ МАСИ ЗА НИВНОТО ВРАЌАЊЕ!

ДА ОРГАНИЗИРАМЕ ДЕМОНСТРАЦИИ, ИСПРАЌАЊЕ НА ПРОТЕСТНИ ПИСМА, ДЕПЕШИ И ДЕПУТАЦИИ!

ДА НЕ ЗАБОРАВАМЕ ДЕКА СЕ ВО ПРАШАЊЕ ПОВЕЌЕ ОД ТРИСТА ЖИВОТИ НА НАЈДОБРИТЕ СИНОВИ НА НАРОДИТЕ НА ЈУГОСЛАВИЈА, НА НАЈДОБРИТЕ БОРЦИ ЗА ПОДОБАР ЖИВОТ И ПОСРЕЌНА ИДНИНА НА РАБОТНИОТ НАРОД НА ЦЕЛИОТ СВЕТ!

ДА НЕ ЗАБОРАВАМЕ ДЕКА СЕКОЈ ПРОПУШТЕН ДЕН МОЖЕ ДА ИМ ДОНЕСЕ СМРТ НА МНОГУ ОД НИВ!

"Единствено борбата ја воспитува експлоатираната маса, единствено таа ѝ ја покажува нејзината сила, ѝ го шири нејзиниот хоризонт, ѝ ги развива нејзините способности, ѝ го бистри нејзиниот ум, ѝ ја челичи нејзината волја". (Ленин)

"Во револуционерната епоха пролетаријатот може да развие стопати поголема борбена енергија, отколку во обично, мирно време". (Ленин)

*В. "Билтен" бр. 2, 20, VIII 1940, ДАРМ, Фонд: Весници на партиска организација, К - 80, Инв. бр. 23, а.*

## Бр. 10
## ЗА ЗЕМЈАТА ВО МАКЕДОНИЈА[202]

Земјата во Македониа се најдува еден дел во рацете на селаните, а друг дел доста голем во раците на чифликсајбите национални (читај големосрби) герои, колонисти, цркви, манастири, кафани и државата. Најубавата земја во полината покрај реките и котлините не е во рацете на селаните.

При идејнето на Турците во Македониа, убавата земја на македонските Славјани е била земена и дајена на разни турски големци. Тие станале паши и бегови-чифликсајби. Во XIX век многу земја била за борчеви и на ниски цени земена од рацете на селаните и така се сториле многу чифликсајби Македонци, кои исто како беговите давале земја на исполица и со кесим. Гладот за земја од страна на македонскио селанец е бил голем, оти покраи турските чифликсајби се намножиле и христјани чифликсајби (Македонци и Грци). Македонскио селанец е бил ужасно експлоатиран. Тој работал земјата, тој збирал плодот, а неговите амбари биле празни, а тије на чифликсајбите полни, без да уложат задните апсолутно некаков труд.

После балканската војна и новото робство на Македониа под српските завоеватељи и угнетители, положението се многу измени. Многу од чифликсајбите Турци беа протерани или избегани. Чифлизите им беа земени от разни србски великаши, от србската држава, а некој беа и купени поделени од селаните. *Докај што имаше селското пасиште и место државата го зеде и даде не големосрбски герои и колонисти*. Пак селаните остана без земја. На место србската држава да раздели селската земја на селаните, кој имат потреба од земја - та донесе от Србиа, Црна Гора и Далмација фамили и ги насели во Македониа, даде им земја, алати, пари и кредити. Со таја политика сите досегашњи србски државници преследуват една и иста цел: *измешувајне на Македонците со Срби и стварајне србски јадра за борба со Македонците за нивното мачкајне, потискајне и асимилирајне*.

---

[202] Написот е на македонски јазик.

Македонските селани осетиле оти "брајката ослободители" сет само поробители, кои наместо да дават политичка слобода и да земат земјата од чифликсајбите и да им ја остават сами да земат плодо од неа, поробителите зедоја и селската земја и селските ормани и селските пасишта, та се најдоа во положение уште полоше от колку во турско време. При това положение недоволство и омразата од србската власт станаја поголеми от колку под турската власт.

Македонскиот селанец не можи да биди доволен от тиа што го плачкале, што му ја зедова земјата, горите, полето и пасиштата и не го остават да си пушти на пасејне една овца на земјата од нифните деди и предеди. Многу селски општини (села) имат тапии за горите, пасиштата, али разбојниците од Белград не сакат да чујат за това. Тие се разпоредува во Македониа со имотот, со земјата на селаните и ја дават на враговите на македонскио народ, на неговите потисници.

Целата земја на Македониа требе да је својина на македонскио народ, на македонскио селанец. Земјата во селата треба да се премини во рацете на селаните, а таја околу градовите во раците на произвогјачите грагјани, на тутунџите, афионџите и други култури. Сите пасишта, сите гори и селски земјишта да се вратат на селаните и распределат мегју ниф самите. Земјата која е сега во раците на чифликсаибите (Турци, Македонци и Срби), како и земјата от националните герои и колонистите е македонска земја и треба да се врати на македонскио селанец. Во Македониа има многу села што немат земја, кај да фрлат еден шиник семе. Селаните от тиа села сет принудени да одат на црна тугјина, печалба како мајстори, бозаџи, млекаџи и т.н., и со години не можат да си видат децата, а тие пак што останале во селата си гладуват и умират како кучина. Цело Кичевско, Дебарско, Гостиварско, Тетовско, Струшко сет тугјинци. От тие селани треба да бидат преместени еден део во Скопско, Тиквешко, Битолско, Прилепско и Овчеполско, а на другиот останал дел да им се позволи да влезат во орманите и горите, да сечат, да им се осигури добар и ефтин транспорт за дрвата и кјумуро. Земјата на црквите, манастирите, круната и вакафите исто така треба да биди раз-

делена мегју селаните, а не да се користат разни владици, попови и калугјери, кои дошли во Македониа само за лапајне и спроведувајне на големосрбската политика и потисничество. То се знае отиземјата која ке се земи от чифликсајбите, државата, националните герои, колонистите, црквите, манастирите и вакафите треба да се разделени на македонските селани и производјачи на бедните селани Арнаути и Турци. Македонските селани не сет уопште против бедните колонисти Срби, Далматинци и Црногорци. Нека бедните колонисти барат од државата да им даде земја во Србиа и другите нивни провинци зато што и тамо има чифликсајбиска, манастирска, црковна и крунска земја.

Од горното се гледа оти селаните треба да сет стопани на земјата, оти имат потреба от земја. Најболниот вопрос во Македониа е тој за земјата. Тој не е разрешен от србските завоевачи во корист на македонските селани. Македонските селани само негодува али и се борат за своата земја. Примери на крвави бојеви стихијна борба има много во Македониа. Нека послужи само за пример село Лисичје, скопско. Кога дошли колонистите со србските власти да е земат селската утрина и бафчите на селото - мало и големо со вили, колци и мотики е излегло и се зафатил формален бој сред селото. До ден денешен близу четири години, лисичјани се судат за тој случај. Земјата ке се добие од селаните само во борба со пљачкашите - србската власт. Таја борба и тија сакајна за земјата, да се даји на селаните, покренува и ја води само Комунистичката партиа во Македониа. Селаните ке добијат земја само во сојуз со работниците со комунистите.

*В. “Билтен” бр. 3, 30, IX 1940, ДАРМ, Фонд: Весници на партиска организација, К - 80, Инв. бр. 25.*

## Бр. 11
## СКОПСКИТЕ РАБОТНИЦИ СЕ БОРАТ ЗА СВОЈТЕ ПРАВА[203]

Упркос на големата реакција и терор који се чини от страна на власта и полициата во Македониа штрајкови се шират једен за друг.

Тешка економска криза која завлада услед империалистичкиов рат им даде могуќност на фабрикантите и господарите, да вршат голема и бездушна експлоатациа над работниците. Стоките и животните намирници страшно ги поскупева, а надниците останава исти као што беа порано, кога бева животните намирници многу поевтини од денеска. Условите за работа се многу мучни. Нема никакви заштитни справи на машините, многу работници останале без рука и без очи неспособни за работа, и тогај послодавците ги исфрлујат работниците на двор, јер неможат да вршат експоатациа над ним. Нема никаква хигијена, нема никаква брига за здравјето на работниците у фабриките и работилниците. Се работи по 10 и 12 сати на ден. Работниците се плаќат по одредените минимални надници од страна на власт а појќе нути и тие ги нема. Работниците гледајќи оти неможе да се живеје со досегашните надници влагат у покрет. (...)[204] штрајкуеле папучарите, ќилимарките, текстилана “Вардар, Керамика и (...)[205] ноделските работници водева тарифна акциа која успе со 25% повишица и потпишан кол.уговор. Берберските работници се у тарифна акциа. Млинарите се у покрет за акциа и шнајдерските работници. Металските работници водат херојска борба, која се води веќ 30 дена у металското предузеќе на Тодор Ќ. Папатеодосие у Скопје. Нивната геројска борба и нивното сјајно држање и борбеноста ќе ни служи за пример на целокупната класа у Македонија.

Ни бездушен терор од страна на власта и полициата, ни апсењето и растерувањето не им помогне да ја скршат борбеноста и солидарноста на работниците.

---

[203] Написот е на македонски јазик.
[204] Текстот е оштетен.
[205] Текстот е оштетен.

Работниците останава чврсто поврзани као стуб одлучни у борба за своите права на живот. И тражат да се врати еден отпуштен работник назад кој је без никаква грешка отпуштен од работа, исто така да се отпушти пословоќата. Тој се понашал зверски према работниците. Сите работници сет солидарни штар (...)[206] брехери нема. Сега се у штрајк металските работници на браварската работилница Антон Ручигај, штрајкот прае веќе десет дена борбата изби за повишујење надници и скратујење работното време на осам сати на ден и да се обезбеди правилно учење на чираците занат и да се ослободат од свака физичка работа која неје у веза сос занајетот. Металските работници стојат чврсто и одлучно у борбата за своите права на живот.

Власта и полициата место да ги помагат работниците и да ги остави да се слободно борат за своите интереси, за својот леб-тија ги помагат фабрикантите и господарите.

Полициата отворено застанује на страна на експлоататори, полициата ги растурује и ги апси работниците и врши страшан зверски терор над работниците мислеќи да на таков зверски начин ќе а скрши борбеноста, солидарноста и јединството на работничката класа у Македонија.

Али и преку све това скопските работници ќе ја продужат борбата за поголеми надници, за слободно организирање, за леб, мир и слобода.

Н а п р е д у б о р б а т а !

*В. "Билтен" бр. 3, 30, IX 1940, ДАРМ, Фонд: Весници на партиска организација, К - 80, Инв. бр. 25.*

[206] Текстот е оштетен.

## Бр. 12
## ТУТУНСКОТО ПРАШАЈНЕ[207]

Тутунското прашајне во Македониа има огромно значение за македонскио народ. Това е денеска станало животно прашајне. Нема ни една грана на привредата кај шо македонското населеније појќе ангажувано от колку во тутуно. Това си има пак уште поголемо значение ко се знај оти во Македониа нема индустриа кај да се заработи македонскио работник.

Тутунското прашање нее исто шо и расправиата помеѓу министрите Смољан и Алтипармак, дека едно мисли да е поарен херцеговскио тутун и треба појќе да се плати, а другио пак напротив македонскио. Не е исто оти таја расправиа носи само раздори и кавга помеѓу народите во Југославиа. Тие луѓје вистина ништо арно не му носат на тутунџите, стварно се тие само демагози.

Тутунското прашајне не е исто шо и интересо шо го државата има от него и грамадните ќарои што стоа во годишните извештаи на државнио буџет. Од ќаро и надвор от него таја ништо друго не можи да види и не гледа, това што секој от нас треба да види, иљадници ситни луѓје тутунџи и аргати на кои тутуновата производна треба да му користи.

Да се сведи тутунското прашајне само на бездушна експлоатациа от страна државата и ќареите што ги земат, то би значело да се донесе во негоата супротност. На место да му на народо користи това станува како камшик во рацете на средновековен царски паша, што вие и бие по народо.

Бездушна е експлоатациата от страна на тутунџискио чорбаџиа - државнио монопол. Ниските откупни цени, не може народо от борчот да го извадат а камоли да го прерана или да му стаса за да го поправи животното положение. На тутунџите е фрлена една војска културни чиновници и финанси и мерка нема от нивната шиканациа и изигрувајне. От како ке се засади тутуно дури да се однеси на монопол, тутунџиата глоби го чекат и страв да не му а скинат дозволата.

[207] Написот е на македонски јазик.

Преко разни форми и модуси монополот сака да стани мајка на тутунџите. То му треба да се одржи во својата тиранска експлоатациа и грабеж. Народо можи да испрати своји повереници при откупо на тутуно. Многу и не знат како се одбрани повереницте, ниф ги одбрат многу пати сресксите началници. Затоа не е ни чудо ко ке бида тутунџите заступени от разни бегој србомани и продајни души - најголеми корупционаши и рушветчи шо ке си делат парите со проценивачите. Па и тие шо се одбрани повереници, нема скоро никакви права, задна и решителна реч има монополо.

Корист од монополската политика имат само големите тутунопроизвогјачи, кои лист во рака не фатили, тугја работна снага искористува и на кој тутуновата производна нему е средство за живот само богатејне. Малите тутунџи и аргати се како ајван искористени, работејки со невиден интезивитет и енергиа.

Преко тутуно сет Македонците колониално експлоатирани. Специално за Македониа постои објава и откупни цени, специална скала на категори. На Македонците му се плакја помалце тутуно, помалку заим му дават доцна и со ногу интервенции. То е политика на министеро финансија Шутеј. На сегде по складовите сет Срби чиновници.

Ситните тутунџи, исполџи и аргати сет едно по маката си и нема мегју ним супротности за кој би се на прв поглед рекло. Оти ако се тутунското прашајне сведи на супротност помегју тутунџите и аргатите тогај би се изгубил от предвид самио карактер на тутуновата производна која се врши за есап на еден едини чорбаџиа - државата. Тогај би се изгубила от предвид државата која земат за себеси најголемата корист. Тогај не би можел да се знаи и види да откупната цена на тутуно треба да садржи (треба да биди толку висока) не само цената на квалитето ами и вредноста на утрошената работна снага во производната на тутуно.

Годинава излезе уредба да биде семето тутунско во ред на уљарици. На народо се викаше да го остави семето пари ке земи за него. Тие што го поткршиа цвекето машки сториа, оти цената за семето излезе дури за срамота 5 динари по кило.

Кога се знаи оти тутуно непокршен гори и слабеи то никаков есап нема. Годинава времето е убо и тутуно е собран квалитетно убав. Но ова година за тутунџиата е многу лоша. Бесната скапотиа и спекула на стоките на најпотребните животни намирници го донесо тутунџиата да западни во борџеј. Кога лани не можеше да излезе от борџо и да се исплати што стана за годинава кога е се поскапо, ништо не може да се купи, а вежбите го осиромашиле и изнемоштиле народо до крајна мера.

Тутунџите треба да бидат свесни да поведа борба да се измени објавата за годинава и да се донеси друга, да се поткрена цените на тутуно спрема стоките како што се поскапели 100% да нема испод пет банки тутун просечно по кило, само така годинава тутунџиата можи наглава да излези. Монополо е безмилосен, тој не осека криза и нема сам да ги поткрени цените, треба народо да стани во борба, за поголеми цени на тутуно. Во борба дури е бргу, настанува гладна зима, гладна година.

*В. "Билтен" бр. 3, 30, IX 1940, ДАРМ, Фонд: Весници на партиска организација, К - 80, Инв. бр. 25.*

## Бр. 13
## ПРОТИВ НАСИЛИЕ И ТЕРОР[208]

От време македонскио народ бил поробен, немал слободе и права. Над него се ределе разни паши и бегои, го цицале народо, убивале и бркале синоите на македонскио народ.

Но македонецот никогаш не е дочекал вакво дереџе како задниве дваесет години под големосрбските шовинисти и потисници поробители на народите во Македониа. Во Македониа кундак се зацарил. Крај нема от бркајне и преследувајне убиства и мачајне, корупциа и грабеж от страна на србоманите црнорукци и разни други мекјарина на големосрбскиот империализам. Македониа се стори (...)[209] лониа на србските чорбаџи от која само се крева, изнесува, а народо се остава осиромашен без ништо и никакво право.

Влада Цветковиќ-Мачек-поп Корошец продолжува со уште поголема жестина, невиден без и крвожедност тиранството колониалната експлоатациа и националното робство. Да би го држала своето империалистичко господство, таја брка и преследува, апси и мачи по апсаните најарните, најчесните синои и кјерки на македонскио народ. Окол 200 души се најдува по апсаните от Скопје, Прилеп, Битола, Велес, Тетово, Куманово и другите мести мачени и претепувани. Во концетрациони логор седи уште еден чесан син на Македониа-Мино од Велес земен без ич кабает, некја да го пушта оти не е продаен. Во Белград на излето во Кошутњак џандарите натерани от владата Цветковиќ-Мачек крвнички изубиа окол 20 души и многу други раниа. Меѓу ним се најдува и дваица македонци, еден ученик на VII разред гимназие от Гевгелиа-Бранко Петрушев и шнајдерскио работник “Кокошкаро” от Велес.

Работнио и чесен народ во Македониа треба да знаи оти негоите синои и кјерки не лежа по апсаните за крадени кокошки и други аџамилаци. Тие дигнале глас на протест за слободата на народо против бездушната скапотиа и спекула за поарен живот, против експлоатациата, против националното робство

[208] Написот е на македонски јазик.
[209] Текстот е оштетен.

за слобода на Македониа. На чеснио македонски народ останува да ги морално и материално поможи жертвите на насилието големосрбско. Треба да сиа искажи солидарноста со чесните и бестрашните синои на Македониа кои се дигнале по примеро на нивните татковци оти Илинден за слобода и равноправие, за леб и мир, за слобода на Македониа.

*В. "Билтен" бр. 3, 30, IX 1940, ДАРМ, Фонд: Весници на партиска организација, К - 80, Инв. бр. 25.*

## Бр. 14
## КОНФЕРЕНЦИАТА[210]

Покраинската конференциа на Комунистичката партиа на Македониа се состана. Незиното значение за револуционерното движение е големо. Конференциата разгледа специфичните вопроси, који многу интересуват работничката класа и македонскио народ во целост. До сега не е бил поставен во партијните организаци во Македониа национални вопрос. Макар да е имал ЦК от неколку години навамо правилни позици по национални вопрос во Македониа на дело во самите организаци до колку е бил поставен то е бил поставен формално, без да се разбере во суштината. На конференциата и во резолуциата се потцрта колосалното значение на Ком. организаци разбирајнето и спроведувајнето на дело революционерната политика и тактика во национален вопрос, затоа што тој се јавува како вопрос на вопросите. Ако до сега не се достигнати осетливи успеси за резолуциата во Македониа то е било зато што тој вопрос испагјал от погледо на комунистите. Крупни грешки од левосектански, троцкистки и опортунистички карактер сет праени. На место комунистичките организации да се зафатат со тој вопрос како централен, то тие оставале да се реши *социјалистичката револуциа*. Што е било така, тогај нема што да ни се гледа чудно оти разни тугји империалистички пропа-

[210] Написот е на македонски јазик.

ганди сет слободно ширени от враговите на македонскио народ. Нека сега комунистите и организаците да се завземат сериjозно со тоj вопрос и изучат и спроведуват резолуциата на конференциата.

Независно от општио революционен фронт, каj што треба да учествува целиот македонски народ, конференциата разгледа и задачите коj престоjат посебно на работничката класа во Македониа. Комунистите никога не се и немат да се откажат градеjки македонски революционен народен фронт от интересите на работничката класа и незината секидневна борба за подобар живот и за демократски слободи. На партиjната конференциа се дебатираше борбата и специално штраjкашкото движение на работниците во Македониа за парче леб, за право на собрание, синдикални слободни организации, за штампа итн. Задачата на комунистите е да разгорат борбата за единство на работничката класа, борбата за човечки живот, против враговите во редоjите на работниците великосрбските агенти от Југорас и социалдемократските предатели. Без таква борба немислимо е обединувањето на работничката класа во Македониа и извоjувањне на победата. Трети вопрос исто така важен беше селскиот. Истина е да е тоj дел от општио национален вопрос и општио революционен фронт, али на конференциата не се заборави да се кажи и за разгорувањне и водењне борбата на македонското село на чело со селските комунисти, по сите економски и културни вопроси, кои живо интересуват селото како: афионо, тутуно и други култури кои сет основни производства на селските маси во Македониа.

Само од длабоко разбирањне и спроведувањне на резолуциата на нашата партиа, како и другите досегашни партиjни решениа от нашите организаци и членови, ке можи борбата на македонскио народ да се заврши со победа против колониалната експлоатациа и национално потисничество за мир и национално ослободувањне.

При краjо на конференциата испратени се пламени поздрави до нашето борбено руководсво ЦК КПЈ искажуваjки приврженос и вернос како при спровогјањнето на одлуките така

и во борба против разни опортунистички, троцкистки и ликвидаторски елементи.

*В. "Билтен" бр. 3, 30, IX 1940, ДАРМ, Фонд: Весници на партиска организација, К - 80, Инв. бр. 25.*

## Бр. 15
## ВОЈНАТА НА БАЛКАНО[211]

Војната пламна на Балкано, Грција е нападната од Италиа. Правителството на диктаторо Метаксас[212] реши да се сопротиви и запази независимоста на Грција. То е орудие во рацете на англискио империализам, Италиа од своја страна не може да се помири со това положение и сака Грција да стани незино орудие, сака да земе грцките морски и воздушни бази, за да води успешно војната во Средиземно Море и Африка против Англиа. Со нападението на Грциа[213], Балканот влезе во нова фаза, во фазата - арена на воените дејствија на империалистичките сили.

Дали Грциа ќе издржи Итало-германското нападение је голем вопрос. Помошта која беше таксана од страна на Англиа е малку веројатна да се осети значително, оти Англиа до сега докажа оти таја сака само да а помагат малите држави, а не таја да помагат. Од друга страна сопротивата на самио грцки народ е не мала и е вопрос дали ке оди тој да се бие радостно со Италијанците, зато што во четиригодишното Метаксасово управление не виде никаква слобода никакви права, никаква демокрациа. За несрекјите и војната кој се собрал над грцкио народ крива е власта во Грција - фашиското правителство на генерал Метаксас. То не води политика на натрешни слободи, на подобрение на положението на грцкио народ, а го потиска, гнети и експлоатира, за да се користат грцките капи-

---

[211] Написот е на македонски јазик.

[212] Метаксас Јоанис (1871-1941), грчки генерал и политичар. Познат по воведувањето на тоталитарниот режим во Грција (1936-1940).

[213] Нападот на Грција Италија го изврши во октомври 1940 г.

талисти, кој сет крвно врзани со англискиот империализам, со англиските лордови.

ДИКТАТОРСКОТО ПРАВИТЕЛСТВО НА МЕТАКСАС, КАКО И ДРУГИТЕ ПРОТИВНАРОДНИ - ПРАВИТЕЛСТВА, НАМЕСТО ДА СЕ СПОРАЗУМЈАТ ПО МЕГЈУ СЕБЕ ДА ИЗГРАДАТ ЕДЕН СОЈУЗ НА БАЛКАНОТ ЗА ЗАШТИТА НА НАРОДИТЕ СИ ОТ ИМПЕРИАЛИСТИЧКИ НАМЕРЕНИА НА ИТАЛИЈА ГЕРМАНИА И АНГЛИА ТО ОТИДЕ ВО СОЈУЗ СО АНГЛИЧАНИТЕ И СТВОРИ ПОВОД, ЗА ДА МОЖИ ГЕРМАНОИТАЛИЈАНСКИО ИМПЕРИАЛИЗАМ ДА ЈА НАПАДНИ И ПОРОБИ. Ако балканските правителства мислеа доброто на својте народи, тије ке се опреја во надворешната политика на Советскио Сојуз, КОЈ ЈЕ ГОТОВ ДА БРАНИ МАЛИТЕ НАРОДИ, ДА ЗАКЛУЧИ ПАКТ ЗА ПОМОШТ И ДА ГАРАНТИРА НИВНАТА НЕЗАВИСИМОСТ ОД АПЕТИТИТЕ НА ЗАВОЕВАНИЈА НА ЕВРОПСКИТЕ ИМПЕРИЈАЛИСТИ, ДА СЕ ЗАПАЗИ МИРОТ НА БАЛКАНО И ДА СЕ ИЗБЕГНАТ ВОЈНАТА И СТРАДАНИАТА НА БАЛКАНСКИВЕ НАРОДИ!

Во врска со Итало-грчката војна, секој се пита каква ке биде позицијата на Југославиа. Од комуникето на Југословјанското правителство публиковано во весниците на 2 о. м. се виде оти Југославиа ке држи "пријатељски односи са свим суседним земљама, а нарочито се двема суседним великим суседним силама Немачком и Италијом".[214] Југословенското правителство мотивира со сакањето да се запазел миро, интересите на народите во Југославиа и да се запазеле и поштовале незините граници. На прв поглед, ако чоек не е вмикнал во политиката и целите на југословенската власт, ке допушти да ова позициа е добра и единствена, која можи во денешните времиња да се тера. Сушноста на ваквата политика и позиција е политика, која се спроведува тајно зад грбо на народите на Југославиа, то е политика на капитулациа и продаванје на интересите народни, на Германо-Италијанскио империализам. Правителството Цветковиќ-Мачек-поп Корошец апсолутно ништо во кому-

[214] Текстот во оригиналот е на српски јазик: "Пријателски односи со сите соседни земји, особено со двете соседни сили Германија и Италија."

никето и во својте надворешни политички изјава не спомнува за великио Совјетски Сојуз, кој је првостепен фактор, во мегјународната политика. Дали је това случајно заборавено и зашто уште југословенското правителство не заклјучува пакт за взаимна помошт со Советскио Сојуз.

На тој вопрос можи да се одговори само со омразата, која капиталистите и нивните слуги југословенски министри, имат спрема Советскио Сојуз. Тие се готови да отступат цела Југославиа да подпадни под германско и италианско ропство, но не да бранат независимоста и интересите на народите во Југославиа со помошта на Советскио Сојуз. Класните интереси на југословенската буржуазија сет ставени многу повисоко, по горе, од колку интересите на народот. Југословенската буржуазија се плаши оти можи да изгуби своето господарство, својте привилеги, ако тргни по пат на спротивленије на германо-италианските империалисти, ако тргни да штити народните интереси, ако заклучи пакт за взаимна помош со СССР да не би само народо сторил свое правителство по таја причина то отвара широко вратите на Хитлера и Мусолини во Југославиа, то дава месо, храна, маст и метали (бокситѝ за аламиниум) само и само за да запази власта. Народите во Југославија страдат за да можи на Немците и Италјанците да им се дај, што сакат. Али нее само това икономско ропство, које Југословенската власт приготви. Со икономското ропство врви политичко. На Хитлера и Мусолини се позволи да развие слободна фашистичка агитациа во Југославиа. За ниф не можи ништо лошо да се речи, нити лошо да се пиши во весниците. Пропуштаја слободно да поминат по Дунав германски војски за окупиранје на Романиа. Нема сомнение оти власта, во Југославиа, макар да зајавуе оти е неутрална, ке пропуштит ако Германците посака пат и војска за Солун. Не само това но тие ке ги викат Немците, како што го извика во Романија генералот Антонеско, да биди Југославиа окупирана, само и само да се задржи класното господство, класните интереси на југословенската буржоазија, против интересите на народите на Југославиа. Во ова војна значаен е сојузот помегју буржуазите од разни капиталистички земји, макар да тие сет во лоши отношениа, дури и во војна,

како што е случајо мегју Петена и Хитлера, мегју Антонеску и Хитлера и т.н. Буржуазиата от разни земји се помага се погодува пред опасноста за ниф од страна на народите, пред опасноста от револуциа.

От така построената политика на југословенската власт, за жалост има Македонци, кој сет во радост. Се радуват оти великосрпските поробители на Македониа капитулират од ден на ден се повекје пред Хитлера и Мусолини. ИСТИНА Е ОТИ СИТЕ МАКЕДОНЦИ ВО ОВА РАЗМЕТЕНО МЕГЈУ НАРОДНО ПОЛОЖЕНИЕ ВИДИ ПРИБЛИЖАВАЊЕ НА НИВНАТА МНОГУЧЕКАНА СЛОБОДА, ЗАТО ШТО МИСЛЕА И МИСЛАТ, ОТИ КЕ СЕ ПОТКОПАТ ТЕМЕЛИТЕ НА ВЕЛИКОСРБИТЕ И ПОЛЕСНА КЕ БИДИ БОРБАТА ПРОТИВ ПОТИСНИЦИТЕ. Но истински Македонци немат ништо општо со оније Македонци, кој чекат слобода од Хитлера и Мусолини и создавање секаква Македониа по типо на Словачко-чешко, Норвегиа и Данска. Башка од отворените и сознателни Македонци буржуји симпатизери на германо-италјанскиот империализам, има еден голем дел заблудени Македонци кој искрено мислат оти двете фашистички држави (Германиа - Италиа) се борат против оковите на версајскио договор, за слобода на малите потиснати народи. На тие Македонци треба да им се кажи оти ХИТЛЕР И МУСОЛИНИ НЕ НОСА СЛОБОДА, А НОВО РОПСТВО, ПОЈАКО И ПОТЕШКО ОД СЕГАШНОВО. Ако таја капитулантска политика на југословенското правителство продолжи тешко и горко на Македониа под јакиот јарем на германскио фашизам. Колку едно ропство се спроведува от појак империализам, како што је германскио, толку борбата на Македонците за слобода ке биде потешка. Нека се земе за пример Англиа. Та цели векои потиска 500 милиони колониални народи и ден денешен кога е англискио импер722ијализам од војната јако ударен - пак и уште не се ослободени. Това ке биде и со германскиот империализам, ако излези победник во ова војна. Зато Македонците треба да се пазат од германското ропство, а не сами да го сакат и викат. Што се односи борбата на Хитлера против версајскио договор и слободата на малите поробени на-

роди, нека на сите да послужи за пример судбината на поробените чешки, словечки, норвешки, дански, холандски, белгиски, полски и австриски народи. Германските фашисти отворено пишујат во весниците оти малите народи нека не живе со илузи за слобода и независимост, а да се помират со мислата, оти сет во германска фамилиа и треба да се борат за Хитлера, под знамето на покршенио крст, (статиа од "Das raih", препечатена во "Политика" од 27.X ов. м.).

Штом германскиот фашизам се однесува према малите народи како завоевател, кој не сака тие народи да идат во Африка, Азиа, па и против Советскио Сојуз да се бијат за интересите на германскиот империализам. Имаме ли право да мислиме оти Хитлер ке дај на Македонците и Бугарите сами да се управлават. Разбира се оти това нема да биди и големи политички наивници сет оније Македонци кој мислат во добрите намерениа на Хитлера. Такви Македонци сет жертва на германската фашистичка демагогиа, бајаги Хитлер се борел против версајските нерпавди.

Исто така е погрешно мислејнето оти ако Германците дојдат во Македониа ке постројат фабрики и ке има работа за сите. Жестока заблуда! Германскиот империализам ако стапи во Македониа нема да развие индустриа, а ке сака само сирови земледелски стоки за својата индустриа, со други думи ефтино ке купува земледелски стоки, а скапо ке продава својте фабрички стоки. За политичкото ропство кое ке настани во тој случај нема што да се докажува, зато што имаме примери от многу мали народи во Европа потпаднали под чизмата на германскиот империализам. Хитлер се бори против Версај али е за уште по страшен и потежок Версај.

Што се односи за сознателните Македонци хитлерови фашисти, со тие како бракјата им од Софија и Белград готови се да е продат Македонија, Југославиа и Бугариа на германскиот и италианскиот империализам, за да е задржат експлотацијата на народите и да се спасат од революционернио талас.

Како југословенското правителство, така и боржуазиа, така и сознателните Македонци хитлерови симпатизери ја терат Југославиа и Македонија во скутот на Хитлера, подгот-

виа ново тешко политичко и економско ропство, експлоатациа, бесправие и насилие над македонскиот народ кој не сака ропство, а слобода, не експлоатациа, а крај на експлоатациата, не расова разлика и приемузство на германската раса, над словенската, а равноправие над расите и народностите. За таква слобода и равноправие изумреја илјади Македонци, за таква денеска гниат по српските зандани илјади македонски синови, за таква слобода денеска се бори и Комунистичката партија во Македонија.

*В. "Билтен" бр. 4, 30, X 1940, ДАРМ, Фонд: Весници на партиска организација, К - 80, Инв. бр. 26.*

## Бр. 16
## РАБОТНИЦИТЕ ВО МАКЕДОНИА СЕ БОРАТ ЗА СВОЈТЕ ПРАВА![215]

Империалистичкиот рат го запали целио свет, и го претвори у светски империалистички рат. Па им даде могуќност на господарите и чорбаџиите да тргајат големи печалби и богатства на работничката класа пагја се у поголема беда. Голем терор се врши над работничката класа во Македониа, от страна на власта и буржоазиата. Тероро е секој ден се поголем и покрвав а борбата на работничката класа расне се повише и повише. Штрајкови се нижат секој ден се поголеми, и се претворујат секој у отворени сукоби со власта која отворено застанује на страна на експлоататорите на работничката класа.

Работничката класа у Македониа на чело сос својата комунистичка партија, влезује у борба за поарен живот у борба против бездушната експлоатациа, која ниа сиса и последната капка крв, у борба против господарите и чорбаџиите, што ставајат големи богаства за сметка на работничката класа.

Поробената и угнетена работничка класа се дига у борба и преку крвавио терор на буржујските шпијуни и џандари и

[215] Написот е на македонски јазик.

издајството на социалдемократските водачи. Работничката класа се дига со својте препукани и грапави руки, не само да го брани својот живот туку и да го створи да биди поарен. Масовни штрајкови се дига во Македониа секој ден се повише ова е само искра на врбата која треба да се вивни у голем пламен у борба за крајното ослободуење на целио работен народ.

Малите штрајкоји отвара пут за други поголеми штрајкоји, работниците почнујат да се свестат у борбата да се челичат борбеноста на работниците расне се повише. Од овај империалистички рат работнио народ пагја све у поголема беда и незадоволство. Животните намирници секој ден се поскупи и од таја голема скупотија кај работнио народ се кова снажно револуционо стајне само това стајне треба да се прихвати и правилно да се поведе. Штрајкоите треба да бида добро организовани, не смејат да бидат распарчани туку чврсто груписани. Кога ке ја биеме буржоазиата да осети снагата наша. Само у борба работничката класа увидује сос колку снага располага.

Имаме низ штрајкој у Скопје кој успеле сос голем успех и сега се водат големи штрајкои - умлин - Валкан у кондураџиските работници. Па и у Велес, Битољ, Куманово и Прилеп се врши голем терор от страна на власта у Прилеп има големо апсење и синдикатот го затвори полициата, така да би 6 на таков начин спречиле класната борба на работниците у Прилеп али и ... и преку цела реакциа работниците се борат за своите права. Овие штрајкои ни покажуја правата слика на социјалдемократите слутиште на буржоазиата социјалдемократските водачи отидова таму кај што им беше правото место надвор от синдикатите сос власт.

Работничката класа ке се бори за слободно организуење за ур... класен синдикален покрет.

НАПРЕД ЗА ПОАРНИ ЖИВОТ ЗА СЛОБОДА(ТЕЛЕН) И МИР

*В. “Билтен” бр. 4, 30, X 1940, ДАРМ, Фонд: Весници на партиска организација, К - 80, Инв. бр. 26.*

## Бр. 17
## ПРАВИТЕЛСТВОТО ПРОВОДИ ФАШИЗАЦИА![216]

Цел танец разни уредби кој ги владава донесе во задно време, покриани со пароли "за нациу" јасно покажува по кој пат тргнало да оди денешното правителство и колку им дошло до независноста на земјава, до нивната "нациа".

Уредбата на разни баталјони, по која владата можи кого сака да го испрати на работа, уредбата за Еврејте нивните прогони, забрана да се школуват, затварајне на дукјането, со животни намирници, па и циркуларо испратен до провесорите и учителите од страна на попо "просветителот" Корешец јасно кажува: 1. Владата се плаши од народот од јавното мнение каје сé појке ги отвора очите и гледа што се праи. 2. Владата сака да е прикрие својата арамиска политика, фрлајки повик против еврејските шпекуланти таја ги штити националните шпекуланти. 3. Владата нејки напредна интелегенциа и проводи политика "играј како ти свирам". И до сега со просвета на задно место сме биле фаламу на големосрбиве, а сега пак сака од децата наши да напрат јаничари издајници на својо народ, помагатели на нивната асимилаторска и национална потисничка политика.

Арамиската антинародна и дерикожна политика на денешната влада се гледа и во други слични уредби. Уредбата за принуден откуп на житото. Овде владата го открива своето право лице, овде е токмо ортак со својте арамиите. Дури од една страна со сила се зема житото од селанецот кој и натака малку го има, или скоро ич го нема оти и досега отишло во разни борчој на чорбаџиите, за порези, утрини и зошто нема селјанин да дава, од друга страна ние си извозиме пак и воените резерви и ги даваме на Германиа. Нека трпи народо, нека поскапува од ден на ден сé, ние ке а колкаме Германија за да можи да е води својата империјалистичка и завоевателна војна. Нашата држава донесена е во положение на колониа, откаде се извози маст, жито, јагнца и др. за империјалистичките завоеватели Германиа и Италија, во самата држава се устројува фаши-

[216] Написот е на македонски јазик.

зам каде е сила и право. Специјално значение има уредбата по која годинава тутунџите не можат да испрата при откупо на тутуно повереници на секој кантар, ами еден за цела комисиа. Макар да во некој места си одбери народо свој народни вистински претставители, јасно е да годинава е невазможна контрола како што беше лани. Со други думи речено, то значи да се настави со старата пракса на проценивачите и крупните "*јалли*" тутунџи, да заигра рушвети, да се цени по атер или приателство за да се крада кила на кантар, од ваков ред можа да има корист само крупните произвогјачи кој се разбира во таја работа имат "арка" (пријателство), пак и пари за рушвет да плата. Сиромаштиата, т.ј. масата тутунџиска има да страда неа сатарот ја чека за есап на неколку крупни произвогјачи ке пострадат маса тутунџи кој не се во стојност да платат да "подмачка".

Сите овие уредби имат нарочно значение за македонскиот народ кој е исцеден, колониално експлотисан и национално поробен. Овде уредбите од правителството идат до својо плн изражај. Годинава и на силнава скапиа и неродна година, народо чекаше и се надеваше само со уредби за да се поолесни неговото животно положение, вистински дочека да го цеда дури мрда. Петоколонашката и издајничка влада на Цветковиќ-Мачек-Корошец ја проводи фашизацијата на земјава со безграничен терор, без трунка човешност и мисла на народо. Провокаторите издајници на независимоста на Југославија, знат убаво да ги покријат уредбите со пароли за "нацију" за "Краља" от кој вистина сé живо пропиште и ке пропишти и проплачи. Антинародната влада (а и от името се гледа таја јет "краљевска влада") от ништо не устукнува секоја реч се гуши со крв и убиства. Преполни се апсаните во Југославиа претепани и убивани се најарните и најчесните синој на народо. Националното ропство е позајакнато, чувте вие работен народе Цветковиќ и патрикот Гаврило[217] устите си раскинаја оти сме "Срби" и местово "Јужна Србија".

Работнио народ нема да ги признаи уредбите на издајничката влада оти се антинародни, директно свртени против

[217] Гаврило (1881-1950), патријарх на Српската православна црква, избран во 1938 г.

народните интереси. Јасно је да ова влада не мисли арно за народо. Народо го стегнал кајишо до задна дупка, не може појке, от грабеж и арамилак до носо му дошло. Јасно е веке да е за се крива денешнава влада, за сите дереџина што ги дочека народецо.

Само права народна влада можи да ги скини овие уредби и да донеси други кој стварно ке му користа на народо од кој вистински народо ке види полза и ке попрај своето животно положение.

ВО БОРБА НА ЧЕЛО СО КОМУНИСТИЧКАТА ПАРТИЈА ПРОТИВ ДЕНЕШНАВА ВЛАДА ЗА ПРАВА НАРОДНА ВЛАДА - ВЛАДА НА РАБОТНИЦИ И СЕЛАНИ КОЈА КЕ ДАЈ ПОЛНИ ПРАВА НА НАРОДО, КЕ ГИ СКИНИ ФАШИСТИЧКИТЕ УРЕДБИ И КЕ ОСИГУРА МИР И СЛОБОДА НА ЗЕМЈАТА!

*В. "Билтен" бр. 4, 30, X 1940, ДАРМ, Фонд: Весници на партиска организација, К - 80, Инв. бр. 26.*

## Бр. 18
## БОРБАТА НА МАКЕДОНКАТА[218]

Погрешно ке биде ако се речи да македонската жена не е земала и не зема дел во борбата на македонскио народ. Макар и да е Македонката во многоструко ропство како национално политичко, социјално ропство на мажо, то ипак имаме многу примери во борбата на македонскио народ, таја да је земала живо учестие.

Известно е да условиата под кој живеи нашио народ сет ситнобуржуазни. Така е било во турско време, така и сега е под српско ропство. При тија еснафски, ситнобуржоазни, економски отношениа на лугјето во Македониа, жената е била само работна снага и продужителка на човешкио род. Таја се е сметала за човек од втора категориа, а мажот човек од прва категориа, Македонката, а особено македонската селјанка е била ценена доста много и се плајкало скупо и прескупо за неа при женидбата зато што е преставлавала солидна работна снага во фамилиата.

Таја е била држана далеку од политиката и од незиното участие во борбите од страна на мажите, кој се сметале за стопани над ниф, така како што биле стопани на стоката. Али борбата на народо ја натерал жената да земе дел во ослободителната борба против волјата на нивните "стопани". Организационата борба на Македонците, од основанието на натрешната македонска революционерна организациа наваму, познава масовно учестие на жената. Македонката е земала учестие во масовите протестни демонстрации против турските зулуми и насилиа, против тероро за ослобождение на апсени грагјани и др. Во појкето случаји тие протестни акции биле организирани од натрешната организациа, а имало е многу случае на спонтанен протест каде заедно со децата оделе пред турските власти, и се јавлавале со местни сакајна.

Македонката е земала и непосредно учестие во работите на организациата. Така, на пример, жените служеле за курири,

[218] Написот е на македонски јазик.

наблудатели, пренесувачи на илегална литература и оружие. Жените вршеле спомагателна работа, како на пр., плетејне чорапи, фанели и други алишта за четниците и нелегалните, везеле знамина на четите и друго.

После војната и особено последните години со вовлакање на жените од "потполица" во фабриките и монополите складови се создаде во Македониа тип на жена-работничка. До првата војна не беше познато жената да оди на работа со туѓи мажи по фабриките, али сега го имаме това јавлеције. Множество от тије жени сет млади момичиња, кој се експлоатират жестоко. Влегувајки во нови производни, отношениа и подлегајки се на непосредна експлоатациа - македонката е принудена да се бори за економска база за подобрениа на надниците, за подобри услови на работата. Зато што нашата земја е потисната, поробена, то сите економски штрајкачки борби стануват и политички. Известни сет борбите на велешанките, прилепчанките и скопските работнички, не само со монополските управи и господари, ами и со полициата. Борбата на килимарските работнички, фабрика "Вардар" фабрика конзерви и др. сет еден дел од таја борба економска и политичка за подобрение на живото.

И преку сите тија случај на борба на жената Македонка, треба да се признај оти многу малку кај нас жената е организирана и мал дел од жените влегло во борба за својте специјални женски нужди, за изборно право, за равноправие и слобода на Македониа. Задачата на сите партиски организаци, на сите масови македонски женски или замешани организаци е да ја приберат и вовлеча Македонката во тије организаци и борбата за култура, леп и слобода.

*В. "Билтен" бр. 4, 30, X 1940, ДАРМ, Фонд: Весници на партиска организација, К - 80, Инв. бр. 26.*

## Бр. 19
## НЕШТО ЗА КОНСПИРАЦИАТА И ДРЖЕЈНЕ ПРЕД КЛАСНИО ВРАГ[219]

Развитието на нашата Партиа, растејне на движението на работничката класа во Македониа и национално ослободителна борба на македонскио народ го поојакна стремежо на класовио враг да влези во редовите на авангардата од работнио народ, да внеси својте агенти и шпијуни, да е открие и е скрши партиската организациа.

Таква ситуациа на секој член на партиата му наложува постојана, комунистичка буднос спроти сé што класниот непријател опитува и спроти сé што би користело во борбата против нашата Партиа.

Потребно е да се сето внимание обрати и сврти на чувајне и зајакнувајне единството на Партиата, на незиното чистејне од антипартијни, колебливи, сумливи или тугји елементи. то е прво условие за јака болшевичка партиа, то е во исто време гаранциа на класовио враг по мачно ке можи да продри во нашите редови.

Само со масовост нашата Партиа, само со постојана работа и акции кој ке го соберат нашио народ работен околу Партиата, може да се напрај еден зид кој класови враг треба да го пробие да би дошол до нашата организација. Ако Партиата води акци кај што е повзана со масите, таму тешко иди до провали. Таму каде това не е, провалите се реда едни за други. Ова условие оди со нераздвојна врска со условието за чистејне на Партијата от сé што е антипартијно смниво, тугје или колебливо.

Треба многу поголемно внимание да се сврти на манипулирајне со материјало, секоја немарнос или мрза во тој смисол можи да чини и е чинила нашата Партиа големи и непотребни жертви. Искуствата на нашата Партиа за конспирациа е многу големо и богато и треба комунистички да го искористиме, секога имајки на ум да се секоја несавесност во тој смисал

[219] Написот е на македонски јазик.

свртува во антипартијна работа. Разни случки од најскоро време сведоча за това. Да се имало малку појке постојана грижа за Партиата, многу наши вредни активисти не би пагјале во рацете на полицијата, не би било провали и нашите другари би биле дочувани за работа.

Треба сосем да се искорени романтичниот стремеж за робие, што секога било негативно, а денеска во денешниве услови за борба директно се свртува во дезертерство.

Во врска со вопросот за конспирациа треба во сите партиски организаци најрешително да се стави вопрос за држејне пред класниот враг. Држејне пред полициата доказ е за свеста и оданоста спроти комунистичката партиа, пролетерското движение и работнио народ воопшто. До сега овој вопрос не се ставил доста сериозно.

Ударо на реакциата зајакнатите апсејна, сé појке ги остава нашите активисти лице в лице со најмрскио враг на нашата Партиа.

На силата на неприателскио камшик и мачејнето, одвет со силата на своето комунистичко убеждение и болшевичка нескршивост. Лажна е приказната да нема "такви кој под кјотеци не признале". Толку примери на геројско држејне покажале баш противното, ги воспитува нашите кадрови, го подига афторитето на нашата партиа, ја зајакнува верата на работните маси во неја.

Комуниста можи сé да издржи! тој треба да биди свестен оти во полициата се најдује очи в'очи со сета светска реакциа, да осети на себе поглед на целио работен народ, да знај да никога не е сам.

Комунистата не признава ништо што би ја издало организациата или да штети на партијното достојанство.

Комуниста не признава ништо за себеси, не прима тугји товари. Комуниста се држи геројски, болшевички по примеро на големите учители, творци и најарни синој на болшевичката Партиа по примеро на Ленина, Сталина, Димитров и Ѓуро Ѓаковиќ кај нас, и многу други. Тој подобро ке умри ако треба, али нема да открие што класовио враг не треба да знај.

На суд (спроти конкретни случки - изглед за осуда) комуниста ја брани борбата, чесноста и знамето на својата комунистичка партиа.

Треба на нашите другари да им се објаснат сите марифетлуци, застрашувајна и методи со кој се служи класовио враг во стремежо да сознај нешто, треба да се челича на конкретни примери и воспитуват во духо болшевичко-Сталинско, - Димитровско држејне.

Во тој дух треба да се воспитуват сите партијци, симпатизери и целио работен народ во Македониа.

Треба секогаш точно да се провери држејнето пред класовио враг за секого кој ке излези от полициа. На издаиците и страшливците не му е местото во геројската Комунистичка партиа.

*В. “Билтен” бр. 4, 30, X 1940, ДАРМ, Фонд: Весници на партиска организација, К - 80, Инв. бр. 26.*

## Бр. 20
## НА МЛАДИТЕ КОМУНИСТИ [220]

Нашата Партиа јасно је поставила во резолуциата на покраинската конференциа на Комунистичката партија во Македонија, задачата на младите комунисти, на СКОЈ-евците.

"Работата мегју младите синови и кјерки на Македониа уште со поголема енергиа да се продолжи и рашири. Македонската младеж ги полни тутуновите складови, фабрики и работилници. Чираците, младите селјани и учениците, најпламенио готов на жертви дел од македонскио народ, треба да биде обхватен од дејноста и борбата која е води Партијата. СКОЈ, како организациа на младите комунисти, е многу широко движение, која во Македониа треба да стани единствена организациа на македонската младеж. Борбата против империјалистичката војна за мир, против терор, за култура, спорт, трезвеност,

[220] Написот е на македонски јазик.

полопривреда, и многу други грани на општествениот живот на македонската младеж сет нивнио објект како и популаризирајне на успехите во достижениата на големата држава на социјализамо СССР (резолуција).

Постојаното ширејне на империалистичка војна, неиздржима ни натрешна ситуациа, се́ потежок удар на реакциата на работната младеж, ставиле пред нас младите комунисти, неодложни задачи во најголемо значение.

Реакциата напагја на целио работен народ, таја го зајакнува арамилако и тероро, таја напагја на секоје сакајне за слобода, таја проводи политика на продавајне на земјава, политика на фашизациа и колонизациа на Југославиа како целина, таја го донесе живото и будуќноста на работната младеж во прашајне. Се́ појке им станува јасно и на најшироките народни маси на младежта да е ова војна неправедна и да се води само за ново ропство и ново богатејне на буржуазиата.

Се́ појке станува јасно да е денешнава влада Цветковиќ-Мачек-Корошец шпекулантска, капитуланска влада која ги издава народните интереси и ги чува класните интереси на буржуазиата.

Се́ појке станува јасно да фашизациата и ставајнето на Југославиа во ред на колониа на тугјио империјализам, да држејнето на Македониа во национално и́ економско ропство на возможноста на двоструко колониално ропство на македонскио народ, во сушност значи најсрамен злочин и предателство на независимоста на земјава, проведејне на петоколонашката политика.

Се́ појке му станува на сите јасно да е Совјетскио Сојуз едина земја на мир и благостојание, да сојуз со Совјетскио Сојуз и борба за права народна влада можи на земјава да и гарантира мир и независимост.

Во таква ситуациа се става вопрос на најодлучен отпор на младата генерациа од Македониа против злобноста која се спроведува над Македониа, незината младеж и младежта на народите од други националности во Југославиа. Младите комунисти секога биле и останале првоборци на народните идеали, тије секога се најдуеле во првите редови на ра-

ботничката класа и работнио народ водејки е младежта во борба на свој живот и права.

Младите комунисти во Македонија! Да би сте го исполниле својо дел на историската задача која се става пред Комунистичката партија, работничката класа и целото работно човечанство, вие треба:

1. Да го зајакнете сојузо на комунистичката младеж во Македониа. СКОЈ-евската организација "треба да стои единствена организациа на Македонската младеж", огромно поле лежи на работа уште незафатено како треба. Младежта на Македониа е голем дел от експлоатисана работничка класа, потиснат и обесправен македонски народ. Сакајте и најдујте масови организациони форми да се сета млада генерациа опхвати от дејствијето на комунистичката младеж. Това е тешка али неодложна задача која стој пред младите комунисти, "Треба да се покажи смелост и полно инициатива да се това постигни. А това можи и треба да се постигни". (Димитров). Младите комунисти нека секога има пред очи ЛЕНИНСКИО КОМСОМОЛ, кој даде силна помошт на работниот народ во Русиа, во борбата за ослобождение и кој денеска помага во борбата за полно построение на комунизмо и сретен живот на младата совјетска генерациа.

2. Вие треба уште појако да поведите борба против империалистичката војна, сеј смрт и носи окои на работнио народ и младежта од целио свет. Во таја борба треба секогаш да се истакне сакајне на незиното запирајне, за мир без анекси и слобода на сите народи во свето.

3. Да се поведи најжешка борба против злобната влада Цветковиќ-Мачек-Корошец, против фашизациа на земјава, за права и демократски слободи на работнио народ, за култура против фашистичко варварство, за слобода на омладинско организовајне и штампа, за подобрение на економски животни условиа на младата генерациа за 6-то часовно работно време на чираците, против национално и колониално ропство на народите и младежта во Југославиа, за туркајне на ова петоколонашка, капиталистичка влада, за права народна влада која ке

дај слобода на народите и ке ја зачува независимоста на земјава во сојуз на взаимна помошт со големио Советски Сојуз.

4. Да се зајакни борбата за слобода на Македониа и незината младеж. Младите комунисти треба со сета своја сила да бида со својо национално потиснат народ. Да ја води младежта во борба за ослобождение од големосрпското ропство и да разбива илузите за ослобождение от било кој империализам.

5. Вие треба на работната младеж во Македониа, без разлика на национална припадност да им објаснат да е Совјетскио Сојуз, единствена земја на свето во која живеат толку националности во слобода, братство, лубов и со општи стремежи, зида нов свет на КОМУНИЗАМ.

Младите комунисти треба да покажат оти сакат и можат да ги исполна тие задачи.

*В. "Билтен" бр. 4, 30, X 1940, ДАРМ, Фонд: Весници на партиска организација, К - 80, Инв. бр. 26.*

# VI

# П Р И Л О З И







Методија Шаторов







Методија Шаторов



Семејството на Методија Шаторов



Методија Шаторов како ученик во Прилеп



Методија Шаторов со неговиот брат Кирил



Методија Шаторов со другарите во Прилеп



Методија Шаторов со семејството и пријателите во Прилеп, 1940 г.




Сестрите на Методија Шаторов, Наталија и Блага, пред неговиот споменик во Пазарџик






Фотографии од полициското досие на Методија Шаторов



Према показаном успеху испитни одбор објављује да је:

г. Методију Шаторовићу

признао зрелост и

способности за учитеља

СВЕДОЧАНСТВО

КРАЉЕВСКО СРПСКЕ УЧИТЕЉСКЕ ШКОЛЕ

О

УЧИТЕЉСКОМ ИСПИТУ ЗРЕЛОСТИ

Г. Методије Шаторовић

рођен 10 јануара 1897 г. у Прилепу

вере источно православне

који је школске 19... године свршио IV. разред Учит. Школе у Призрену врло добрим успехом и врло добрим владањем, на испиту учитељском, држаном од 6 до 24 јуна 1915 године у Скопљу у Учитељској Школи у Призрену показао је овај успех:

Свидетелство на Методија Шаторов за завршено Учителско
училиште во Призрен, 24.VI.1915 г.


МИНИСТЕРСТВО НА ВЪТРЕШНИТѢ РАБОТИ И НАРОДНОТО ЗДРАВЕ
ОБЩЕСТВЕНА БЕЗОПАСНОСТЬ

Въпросникъ
за установяване самоличностьта на лицето

година 1925 месецъ Май день 8

1. Име Методи
2. Презиме Шаторовъ
3. (Нареченъ още и)
4. Роденъ въ година 1897 месецъ Януарий день 10
5. Мѣсторождение гр. Прилѣпъ
Мѣстожителство гр. София
6. Вѣроизповѣдание Източно-Православно
7. Народность Българинъ
8. Чий поданикъ е? Българскı
9. Главното занятие Чиновникъ
10. Каква други професии или занятия знае и изпълнява?
11. Какви средства за прехрана е ималъ и има? Само службата с която се дебита
12. Женѣнъ ли е – Не
13. Име и презиме на жената или мъжътъ.
14. Колко деца има?
15. Името на децата, поль и възрасть:
16. Име и презиме на бащата Тасе Шаторовъ
17. Име и презиме на майката (родена) Иванка Христова
18. Живеять ли родителитѣ?

Подписъ на распитания: Шаторовъ

Подписъ на полицейския чиновникъ:

Шаторовъ



До Господина
Околийския Началникъ
Тукъ.

Заявление отъ
Методи Шаторовъ, интерниранъ въ
гр. Г. Джумая, а живущъ на постоянно
местожителство въ гр. София.

Господинъ Началникъ,

На 29 Юлий т. г. подадохъ заявление, придружено съ медицинско свидетелство, отъ което се вижда, че съмъ боленъ. На горецитираното заявление не последва отъ компетентното место отговоръ, обстоятелство, което ме накара да подамъ друго такова. Болестите отъ които страдамъ ме поставятъ въ едно положение, което не ми дава възможность да работя, а средства за церене и живеене тука нямамъ.

Поради видъ на горното моля, Господинъ Началникъ, ходатайството Ви за бъда върнатъ на постоянното ми местожителство.

Увъренъ, че молбата ми ще бъде удовлетворена, оставамъ

Съ почитание:
Д. Шаторъ

гр. Гор. Джумая
27/VIII. 925 год.

28 VIII. 25

Къмъ № 3858
30.VII.т.г. Настоящето при надписъ изпращамъ на

Молба од Методија Шаторов до Околискиот началник на Горна Џумаја, 27.VIII.1925 г.



До Господина Околийския Началникъ

Тукъ

Заявление отъ Методи Шаторъ, отъ гр. София, интерниранъ въ гр. Г. Джумая.

Господинъ Началникъ,

Най-учтиво моля застъпничеството Ви да бъда повърнатъ на постоянното си местожителство въ гр. София, тъй като имамъ нужда отъ специално лекуване. Намирамъ се безъ работа и съмъ въ отчаяно физическо състояние.

Увѣренъ, че молбата ми ще бъде удовлетворена оставамъ,

Съ почитание:

Шаторъ

Приложение: Медицинско свидѣтелство.

Къмъ № 4386 Настоящето при надписъ съ приложение медицинско свидѣтелство изпращамъ на Господина Директора на Полицията, на разпорѣждание.

гр. Горна Джумая ..11..IX.925 год.

ОКОЛ. НАЧАЛНИКЪ:

СЕКРЕТАРЬ:

Молба од Методија Шаторов до Околискиот началник на Горна Џумаја, 7.IX.1925 г.



Получено на 24.XI.925 г.

Държ. безоп. 2343 25.XI

До Господина Директора на Полицията

Тукъ.

Заявление отъ Методи Шаторъ, Софрийски жителъ – намиращъ се на лечение въ Александровската болница.

Господинъ Директоре,

Чрезъ повѣреното Ви управление съмъ изпратенъ тукъ на лечение отъ гр. Горна Джумая, където бехъ интерниранъ презъ пролетьта на тази година, когато се случиха ужаснитѣ атентати и взривания въ София. Презъ м. Септемврий бехъ подалъ заявление съ молба, да бъда повърнатъ на местожителство въ София, където ми е работата и семейството, обаче резултатъ не дочакахъ.

Предвидъ на това, че имамъ за издържане майка и сестра и на обстоятелството, че ще бъда при изпращането отъ тукъ много слабъ и болнавъ и то срѣдъ зимата; – най учтиво Ви моля, Господинъ Директоре, да ходатайствувате предъ надлежната Комисия, да не ме повърща назадъ и остави на постоянното ми местожителство тукъ.

Съ почитание:
М. Шаторъ.

гр. София
12/XI.925 год.

Приложение: Мед. свидетелство.

Молба од Методија Шаторов до директорот на полицијата во Софија, 12.XI.1925 г.



Преписъ.

Наблюдение за м. Юний 928 г.
МЕТОДИ ТАСЕВЪ ШАТОРОВЪ.

1 Юний 928 г.

Методи Тасевъ Шаторовъ презъ целия день е престоялъ въ домътъ си. Само майка му на нѣколко пъти преди и следъ обѣдъ е излизала до входната врата, огледала се е нагоре и надоле като да очаква нѣкого и следъ това се прибирала отново.

2 Юний 928 г.

Въ 8 ч. пр. пл. майка му излиза и купува отъ близката будка единъ утрененъ вестникъ и се прибира. Въ 10 ч. Шатаровъ излиза по Ц. Симеонъ, а майка му остава на вратата до момента когато той завива по Брѣгалница. На Пиротска той се качва на трамвай и слиза на Регентска и Априловъ. Тукъ той по ул. Раковска обхожда всички колониални магазини и железарски и при артилерийскитѣ казарми се качва отново на трамвай и въ 12.15 ч. сл. пл. слиза на ул. Перникъ и отъ тамъ се прибира въ домътъ си. Следъ обѣдъ престоява у дома си.

5 Юний 928 г.

Шатаровъ цѣлия день и нощьта прекарва въ домътъ си безъ да бъде посещаванъ отъ нѣкого.

6 Юний 928 г.

Методи Шатаровъ презъ целия день не е забелязанъ да излиза отъ квартирата си. Само майка му къмъ 9 ч. пр. пл. е излѣзла и купила сутрешни вестници и кисело млѣко, следъ което тя се прибира у дома си.

7 Юний 928 г.

Преди обѣдъ Шатаровъ не е излизалъ отъ дома си. Майка му къмъ 8.30 ч. купува вестници и му ги занася. Той излиза въ 1.45 ч. сл. пл. и отива на Солни-пазаръ, отъ кждето се прибира къмъ 6.30 ч. у дома. Къмъ 7 ч. майка му купува вестници "Позии "Дневникъ", "Македония" и му ги занася.

8 Юний 928 г.

Шатаровъ

Извештаи од полициското следење на Методија Шаторов во Софија, VI.1928 г.




Записник од претресот на домот на Методија Шаторов, 5.IX.1928 г.



До г-н Директора на
Полицията

1928

Заявление
отъ Ионка Шаторова Никкова
жителка отъ гр. Прилѣпъ
жив. въ София ул. Ц. Симеонъ № 181

Господинъ Директоре,

отъ триподесеть дни е арестуванъ синъ ми Методи Шаторовъ отъ политическото отдѣление на Дирекцията. Понеже, синъ ми, отъ време на последното му интерниране въ гр. Горна Джумая презъ 1925 година кѫдѣто заболѣ отъ тифусъ въ Горна Джумая и не е церенъ никакъ, то остана последствие отъ болестьта му въ червото, което усложнение може да се изцѣри и до днесъ при всички грижи положени отъ насъ, близкитѣ му. Презъ тия три дни той водеше единъ специяленъ режимъ на ядене за да може да намали ходенето на кръвь по [illegible] нужда, предизвикана отъ язва въ червота и отъ режима на ареста влоши здравословното състояние, то азъ старата [illegible], Ви моля най-покорно, да се разпоредите да бъде прѣгледанъ и пратенъ на лекуване въ болницата, до като разбере дали е въ нѣщо обвиненъ, за да не се погуби единствената ми подкрепа въ живота.

Иванка Шаторова.

Молба од Иванка Шаторова, мајка на Методија Шаторов,
до директорот на полицијата во Софија, 17.IX.1928 г.



36

Разпитан Методи Тасев Шаторов, род. в гр. Прилеп – Македония, жив. ул. Цар Симеон № 181, 31 годишен, неженен, [illegible], българин, и [illegible] православен, [illegible] осъждан, [illegible] показа:

От 4 години насам не съм се занимавал с никаква работа нито от обществен характер, нито здравето ми е позволявало да си гледам дори частната работа. Лежал съм на легло дълги месеци дома и в болницата. Не съм взимал и не взимам никакво участие в Комунистическата нито в работническата партия. Не зная и не съм имал нищо общо с нелегални организации. Когато съм оздравявал от[illegible], съм се залавял за частна работа за да изкарам [illegible] за мене и старата ми майка. С Петър Георгиев се познавам от преди 5-6 години и то запознаване незначително, в клубовете на синдикатите и партията, обаче както тогава така и сега с него не съм имал работа нито синдикална нито партийна. Ако съм се виждал с него в [illegible] тази година и съм приказвал, то е било случайно и нищо от нелегален характер, нито пък съм [illegible] в некакъв [illegible]. Това може да удостовери и [illegible] Петър Георгиев. С много хора [illegible] по [illegible], [illegible] съм [illegible] и разговарял и в [illegible] [illegible] на нашите разговори са бивали [illegible], за което съм бил принуден да говоря до [illegible]. Повечето от времето, когато не съм бивал на работа и съм бил [illegible] болен, съм прекарвал на легло.

Подписал: [illegible]

Изјава на Методија Шаторов пред полициските органи во Софија, 18.IX.1928 г.



ВХ № 17098
25. IX 928 г. 37

До Господина
Прокурора при Окръжния Съдъ
София

З А Я В Л Е Н И Е
отъ Ионка Тасева Шаторова, ж.
на гр. София, ул. Царь Симеонъ № 181.

Господинъ Прокуроре,

На 5-и т.м. синъ ми Методи Шаторовъ бе арестуванъ и до днесъ се задържа въ Дирекцията на Полицията. За какво става това, намъ не е известно: азъ, неговата стара майка, както и неговите по малки братя сме подъ страшенъ мораленъ гнетъ отъ тая неизвестность, толкозъ повече, че той не се радва на добро здраве. Съ неговото арестуване обаче ние сме лишени отъ единствената ни материална подръжка. Ето защо, като имате предъ видъ това, Господинъ Прокуроре, моля Ви най-учтиво да направите нуждното и се изиска преписката за да се види причината за задържането му вече двадесеть дни и ако има основание за това – да се образува редовно съдебно следствие, като синъ ми бъде изпратенъ въ Централния Затворъ, ако ли липсва такова – да бъде освободенъ незабавно.

Гр. София, 24 Септемврий 1928 год.

М.В.Р.Н.З. Дирекция на полицията
Отд. ...
Вх. № 33780
Получено на 28 ...

Тв. бързо

Настоящето заявление ... на Полицията за да се дадатъ сведения ... и ако е извършено престъпление да се ... решение за задържането му повече отъ 24 часа ако това е необходимо, а въ противенъ случай да се освободи.

№ В 17098 ... гр. София 27.IX.928 год.

Прокуроръ:
Секретарь:

Изјава на Иванка Шаторова, мајка на Методија Шаторов,
до обвинителот на Софискиот окружен суд, 24.IX.1928 г.



ПРОТОКОЛЪ ЗА РАЗПИТЪ. 115

Днесъ 29.IX.1928 година подписанниятъ [illegible] Драганов, началника на Вътрешна Политическа служба при Дирекцията на полицията на основание устната заповѣдь на Началника на отдѣла Държавна Сигурность пристъпихъ къмъ произвеждане на следващето тукъ дознание по обвинението на задържания въ ареста при Дирекцията на полицията Методи Шаторовъ, обвиненъ като членъ на нелегалната комунистическа организация: Казвамъ се Методи Таевъ Шаторовъ роденъ отъ гр. Прилепъ (Македония) 31 год. възрастъ, българинъ, грамотенъ, източно-православенъ, неженен, търговски служащъ, неосъжданъ, живущъ на ул. Царь Самуилъ № 181 показвамъ:

Познавамъ се съ Петъръ Георгиевъ отъ преди нѣколко години. Боленъ съмъ отъ 4 год. насамъ и не съмъ се занимавалъ съ никакви конспирации. Миналата година, когато заминахъ за Виена отъ никого не съмъ билъ натоварванъ нито пъкъ съмъ се срѣщалъ при отиването си съ нѣкой конспираторъ. Върнахъ се отъ Виена презъ м. Февруарий. При пристигането си не съмъ носилъ никакви документи и писма. Срѣщахъ се съ Г-нъ Петъръ Георгиевъ пролѣтьта въ бирария „Батенбергъ", където бѣхъ отишълъ да се храня. Презъ всичкото време съмъ приказвалъ съ него около това какъ съмъ прекаралъ и какъ съмъ съ болестьта. Срѣщалъ съмъ него случайно и по улицата, където сме размениме само поздрави. Съ Михаилъ Саковъ се познавамъ отъ дълги години. Съ него съмъ и вѣждалъ често

[illegible] ходилъ при него на [illegible] [illegible] много пъти но 1-2 обикновенъ разговоръ. презъ м. Май т.г., кога- [illegible] съмъ седѣлъ въ [illegible] [illegible] не съмъ вършилъ [illegible] давалъ нища или хора [illegible] Презъ месецъ [illegible] 1/5 отъ времето съмъ пре- [illegible] не съмъ поз- [illegible] нещо. Къмъ 5 Августъ се [illegible] Заразавашкиска [illegible] [illegible] Всичко говорено отъ [illegible] казвамъ, защото не съмъ [illegible] говорятъ нещо за мене [illegible] отъ отговорность.

[illegible]: М. Шаторовъ

Произвелъ дознанието: [illegible] Драгановъ

Поемни лица: [illegible]
Никола Януловъ

Записник од распитот на Методија Шаторов од страна на Дирекцијата на полицијата, 29.IX.1928 г.


14045
12 XII 928 г.

64

До Господина
Директора на Затвора
въ Градъ

Заявление отъ
Методи Шаторовъ, политически
затворникъ, килия № 73.

Не може.

Господинъ Директоре,

Предъ видъ на това, че се нуждая отъ систематическо болнично лекуване, което е придружено отъ известни грижи и е необходимо за цѣлта по широко мѣсто, а подобни условия въ тукашната болница не съществуватъ; то моля нареждането Ви, Господинъ Директоре, да разрѣшите за се лѣкувамъ въ килията си, като за цѣлта стане едно доброволно разместване на другари ми, които сѫ съгласни да идатъ въ килия № 71, а при мене да дойде Никола Покровникли, който ще ми помага при правенето на клизмите.

Надѣвамъ се, Господинъ Директоре,

65

че скромната ми и уважителна молба ще бъде удовлетворена.

Съ Почитание:
М. Шаторовъ

Съгласенъ съмъ да отида при Методи Шатаровъ да му помагамъ при церенато.
Съ почитъ:
Н. Покровникли

Молба од Методија Шаторов до директорот на Софискиот централен затвор, 12.XII.1928 г.



азъ нямамъ възможность да [illegible]
и съмъ изложенъ на гладъ и явна смърть.
Като имате предъ видъ горното,
Господинъ Министре, вярвамъ Вие незабавно да
отмените наложеното ми наказание.

София (Затвора)
3.I.1929 г.

С почитание:
М. Шаторъ

66

Чрезъ
Господина Директора на
Затвора и
чрезъ
Господина Прокурора при Соф.
Окр. Съдъ
До Почитаемото
Министерство на Правосъдието
Тукъ

Заявление
отъ Методи Шаторовъ, политически затворникъ следственъ.

Господинъ Министре,

Съобщиха ми, че наказанието отнасяще се до политическите затворници (уединението отъ 20 дена, забраната на храна, кореспонденция и др.) обхваща и мене.

Предъ видъ на това, че съмъ боленъ отъ болестьта Proctitis-Colitis Ulcerosa – въ червата, която болесть се нуждае отъ систематическо и рационално лекуване, което нещо не може безъ необходимите лекарства за цельта – [illegible] въ [illegible] болница и специалната храна за болестьта ми, която не може да бъде [illegible] само въ болницата; то моля, наказанието наложено на всички политически затворници – обхващаще и мене – по отношение на мене да бъде отменено.

Въ противенъ случай, Господинъ Министре, азъ съмъ принуденъ, въпреки волята и желанието ми, да гладувамъ и да се не лекувамъ, защото възможностьта за това ми е отнета съ наложеното ми наказание. Отъ вчера, а особено отъ днесъ (следъ като ми е отнета храната)

Молба од Методија Шаторов до министерот за правосудство, 3.I.1929 г.


2161/10/TF. 1930 Шатор... 176 1

ДОКЛАД

ПО РАБОТЕ БКП /т.с./ В НАЦИОНАЛЬНОМ РЕВОЛЮЦИОННОМ ДВИЖЕНИИ.

В [illegible] 1928 г. после второй партийной конференции и после моего возвращения в Болгарию, я взял на себя работу в партии [illegible] в области национально-революционного движения. Ввиду того, что тогда не существовало национально-революционной комиссии при партии и конференции я [illegible] с [illegible] работы в национально-революционном движении в Болгарии, мы после моего возвращения создали комиссию из 3-х человек, которая начала работать под моим руководством. В эту комиссию входил один товарищ из Добруджа, один из Македонии и я, причем было намечено привлечь и одного товарища из Фракии /такового на первое время не удалось найти/. На нескольких заседаниях этой комиссии обсуждался вопрос о [illegible] и было решено взять на себя руководство [illegible] в македонском и добруджанском движении, а также [illegible] и создания таковых, определяя их задачи и значение.

Кроме центральной национально-революционной комиссии были созданы и местные комиссии, которые находились под руководством местных партийных организаций. Нужно было преодолевать большие трудности [illegible] в нашей партии [illegible] много [illegible] в области национально-революционного движения, а [illegible] недооценивание значения этого столь важного вопроса. Многие считают национально-революционное движение [illegible] делом, а не как на имеющее [illegible] значение. Ввиду того, что этот вопрос является центральным, вокруг которого стоят все другие вопросы внутренней и особенно внешней политики буржуазной Болгарии и продолжает до сих пор оставаться таковым, то необходимо уделять ему большое внимание. Ограничусь, однако, указанием на то, что при наличии самой [illegible] македонской, добруджанской и фракийской эмиграции в Болгарии и ввиду того, что часть

[illegible] 176

6.

[illegible] был ли обдуман вопрос о расколе [illegible] [illegible]ТО и давал ли согласие на раскол [illegible], момент для раскола был удачно [illegible] после окончания съезда Добруд[illegible] в 1929 г. Для всех было ясно, что после [illegible] этой организации и особенно в [illegible] в свои руки, после того, как [illegible] в ее руках два раза, после того, [illegible] движения удавалось [illegible] при [illegible] представителей [illegible] путем для [illegible] оставался-[illegible] организацией. Левые создали инициа[illegible] стал во главе борьбы и поставил [illegible] всех [illegible] и [illegible] исполнительным добруджанским комитет[illegible] от имени 145 добруджанцев, [illegible] в пользу раскола. Стоять со [illegible] к этой мере было [illegible] после [illegible] в октябре 1929 г. [illegible] организации. Нужно отметить, что [illegible] общества на стороне левых и [illegible] встречает [illegible] поддержку со стороны масс. Тот факт, что 145 человек членов только [illegible] организации выступили с подписями своими в этом воззвании, ярко подтверждает это.

Марко /член ЦК/БКП.

Реферат на Методија Шаторов за работата на БКП
во национално-револуционерното движење, 1930 г.



Москва, 3/I.1937 г.

С Ком. привет: Каталина

Обраќање на Методија Шаторов до Претставништвото на ЦК на БКП, Москва 3.I.1937 г.



1. 1202. 21/113

ЗАЩО БЪЛГАРСКАТА ФАШИСТКА ДИКТАТУРА ПРОВЕЖДА СЛЕД 19 МАЙ ОТКРИТА ПРОТИВОМАКЕДОНСКА ПОЛИТИКА?

Всякога завоевателната политика на бълг. империализъм е имал в лицето на македон. национал-освободително движение един свой сериозен противник. – Защото, това национал-освободително движение е една антитеза на анексионистичната политика по отношение на Македония.

Ако в известни моменти велико-българските шовинистични, реакционни среди и техните правителства са подпомагали и подпомагат отделни македонски организации или движение, това подпомагане е дотолкова, доколкото тия организации и движение се поставят в услуга на техната завоевателна политика. И обратното.

-- Щом като това движение малко или много придобива по-самостоятелен характер и се насочва против тая реакционна политика на българските завоеватели, то се подлага на най-жестоко преследване.

След 19 май, с въвеждане на откритата фашистка диктатура, българската реакция предприе повсеместна терористическа акция срещу целокупното македонско движение, срещу всичко македонско. И това е лесно обяснимо. – Когато българските империалисти и фашисти се намират в един период на непосредствена и усилена подготовка на войната, всяка македонска инициатива, от където и да произхожда тя, която цели да запази самостоятелния характер на македонската борба, се явява толкова по-опасна и поради това главния удар на реакцията бе насочен преди всичко, ДА УБИЕ ПРЕДИ ВСИЧКО ТОЯ МАКЕДОНСКИ ХАРАКТЕР НА БОРБАТА.

За тая цел бидоха разтурени редица македонски организации и институти като ВМРО на Михайлов и Шанданов, Националния комитет, Македонския Младежки Съюз и др., които не стояха на централистични позиции, но които все пак носеха македонски характер.

За това българските власти в македонския край снемат от училищата и читалищата фирмите и портретите на видни македонски революционери, забраняват каквито и да са беседи или четене на реферати по македонските въпроси. Уволняват македонската интелигенция от държавните и общински учреждения, какъвто е случая в Г.Джумая, св.Врачко, и уволнението на учителите санданисти в Неврокопско и Разложко, даже и на чопа-санданист.

За това се забранява на близките на убитите македонци да организират панахиди, да се посетят гробищата, какъвто е случая по повод годишнината от убийството на Т.Александров, на Яне Сандански и др.

Забранява се също така на населението в македонския край и бежанята в България, свободно да чествуват своите народни празници, като са Илинден, Гоцевия ден, годишнината от Крушовската република и др. Младежите македонци, които са искали да поставят венци на паметниците на незабравимия четник -- в Горна Джумая, на бюста на П.К. Яворов в Неврокоп и др. са били най-вулгарно разгонени от полицията.

Тази терористическа вълна в по-малка или в по-голема степен засегна привърженците на михайловистите, които от тях все още не са се помирили с положението и правят опити да възстановяват своите разтурени организация, какъвто е случая в Г.Джумая.

С всички тези мерки българската реакция цели:

1. да запази заграбената част от територията на Македония, да държи в подчинение македонското население, за да може по-лесно да го ограбва;

2. да обезличи македонския въпрос, като го превърне в чисто български вътрешен въпрос;

3. да подготви психологически и фактически общественото мнение тук и в чужбина, за евентуалното завладяване и на останалите части от Македония, като българска такава.

Реферат на Методија Шаторов: „Зошто бугарската фашистичка диктатура по 19 мај спроведува отворена противмакедонска политика?“, 1937 г.



Париж,
25/V.1938 год.

Другарю Янев,

Вчера можах да се видя с [illegible]. Поприказвахме два часа, но разбира се, разговорите нема нищо днес, нищо утре да се свършат. В писмото си от 3 май т.г. до [illegible] засягаше за [illegible] с [illegible] по [illegible] на лични въпроси. [illegible] на [illegible] Янко [illegible]. Аз от тук [illegible] да се откажеш от тази [illegible], защото това е трудно и невъзможно и защото ЗБ. [illegible] въпроси може да ги решава.

[illegible]

[illegible] от 13.III. т.г. [illegible] Правда и Известия нема да праща, защото [illegible] се [illegible].

Чакам [illegible]. [illegible] на всички.

Марко.

Писмо на Методија Шаторов од Париз, 25.V.1938 г.



Писмо на Методија Шаторов од Барселона, 8.VI.1938 г.



**ЛИЧНА КАРТА**

Презиме и име Шаторовић П. Методије

Занимање трговац из Прилепа

Срез Прилепски бановина Вардарска

Рођен 1898 год. у Прилепу

**ЛИЧНИ ОПИС:**

Стас висок Лице обично

Очи смеђе Нос правилан Бркови обријани

Брада обријана Коса смеђа Особени знаци

Својеручни потпис М. П. Шаторовић

Да су означени подаци у овој карти тачни и истинити као и фотографија сопственика ове карте, општина Прилепска **тврди.**

Напомена:

Бр. 396 V

7 XI 1939 год.

у Прилепу

Деловођа,

Претсед. општине,

Такса по Т. бр. 56 наплаћена је.



Лична карта на Методија Шаторов,
издадена во Прилеп, 7.XI.1939 г.



Потпис имаоца књижице. — Potpis imaoca knjižice.
Podpis lastnika knjižice.

За неписмене. — Za nepismene. — Za nepismene.

Отисак палца. — Otisak palca. — Odtisek palca.

ПОСЛОВНА КЊИЖИЦА
POSLOVNA KNJIŽICA
(Уредба М. с. бр. 276 од 24-III-1938, Сл. н. 69-XXIII-1938 г.)
(Uredba M. s. br. 276 od 24-III-1938, Sl. n. 69-XXIII-1938 g.)

Осн. бр. / Osn. br. / Osn. štev. I 0772096 Број именика / Broj imenika / Štev. imenika 1396/39

Шатторович Методија

Тасев

Презиме, име, очево име, код удатих жена и удовица и девојачко презиме. — Prezime, ime, očevo ime, kod udatih žena i udovica i djevojačko prezime. — Priimek, ime, očetovo ime, pri poročenih ženah in vdovah tudi dekliški priimek.

Датум издања / Datum izdanja 25. Децембра 1939

Књижица важи 10 год. — Knjižica važi 10 god. — Knjižica velja 10 let.

Работничка книшка на Методија Шаторов,
издадена во Прилеп, 25.XII.1939 г.



16 децембар 1940 год.

№ 24888

Вх № 135[18]/60.

Х-А-564

На молбу Шаторовића Т.Методија, из Прилепа, а на основи извештаја статистичког отсека ове општине и Закона о таксама, Управа општине в. Прилепа издаје ово:

_УВЕРЕЊЕ_

Да се по пописним књигама ове општине од 1921 године у регистру II на страни 818 води да су молиоц Шаторовић Т.Методије, његова жена Марија и кћи Кремена, сви из Прилепа, грађаним општине прилепске;

да су сви држављани Краљевине Југославије;

да су сви доброг владања и понашања;

да се у истом регистру и на истој страни води да су рођени: молиоц Методије 10 јануара 1898, његова жена Марија 1894 и његова кћи Кремена 31 марта 1938 године.

Уверење се издаје молиоцу на његов захтев и употребу. Такса је наплаћена.

За деловођу, За председника општине-члан,

Уверение за државјанство на Кралството Југославија на Методија Шаторов и неговата сопруга и ќерка, 16.XII.1940 г.



ОТКРИТЪ ЛИСТЪ

Военното комендантство въ гр.Скопие дава настоящия откритълистъ на МЕТОДИЙ ТАСЕВЪ ШАТОРОСКИ, отъ гр.Скопие, за това че той може свободно да патува отъ гр.Скопие до гр.София и обратно.

Настоящиятъ откритъ листъ важи за еднократно отиване и връщане.

№ 16.59 [illegible].IX.1941 г., Скопие.

ПОЛКОВНИКЪ-КОМЕНДАНТЪ

Пропусница на Метоја Шаторов од Воената команда на град Скопје, IX.1941 г.



Писмо на Методија Шаторов до неговата сопруга Марија, 11.II.1941 г.



Писмо на Методија Шаторов до затекнатата ќерка Стефана, 14.II.1941 г.



Извештај на Методија Шаторов до Извршниот комитет на Коминтерната, 16.IX.1941 г.

3 XII 1942 г. 44

МЕТОДИ ТАСЕВЪ ШАТАРОВЪ, нелегално име /МАРКОВЪ/, род. на 10.I.1897 год. въ гр. Прилепъ, по професия търговски служащъ.

Като активенъ комунистически функционеръ отъ 1924 година регистриранъ при Дирекцията на полицията досие № 346.

1/ Задържанъ е на 7.VIII.1924 год., като комунистъ знаещъ за образуването на "Петорки".

2/ Задържанъ на 8.V.1925 год., като комунистически функционеръ и въдворяванъ на мѣстожителство.

3/ Презъ 1928 год., като секретарь на Окръжния комитетъ на комунистическата партия, задържанъ и разпитванъ съ другитѣ членове на нелегалната организация.

4/ Презъ 1930 год., напуска страната съ редовенъ паспортъ № 43734/1913 отъ 24.III.1930 год. и заминалъ за странство. Презъ 1931 год. се явилъ въ Българската царска легация въ гр. Прага, кѫдето подновилъ паспорта си № 005121/399, който въ последствие билъ намѣренъ отъ Виенската полиция въ едно ателие на Коминтерна за фалшифициране на документи, предназначени за комунистически функционери.

5/ Презъ Октомврий 1935 год. при разкриване на членоветѣ на комунистическата организация В.М.Р.О. /обидинена/, се установило, че Шатаровъ е главенъ организаторъ на сѫщата за София. Потърсенъ тогава сѫщиятъ се укривалъ. Осѫденъ задочно съ присѫда № 525 отъ 21.VII.1936 год. по дѣло № 42/935 год. на трето наказателно отдѣление при Софийския областенъ сѫдъ по чл:чл. 2 и 3 отъ З.З.Д. на 5 /петь/ години строгъ тъмниченъ затворъ, 50,000 лева глоба и 8 години лишение отъ права. По това време Шатаровъ е живѣлъ въ С.С.С.Р. и Парижъ, като изпълнявалъ различни функций въ комунистическата партия.

6/ Презъ Ноемврий 1939 год. при залавяне членоветѣ на Ц.К. на Б.К.П. ДОБРИ КОЛЕВЪ ТЕРПЕШЕВЪ и ИВАНЪ ПЕТРОВЪ КОЛЕВЪ, и при обиска на последния сѫ намѣрени 8,000 долара, за които се установило, че сѫ изпратени отъ Шатаровъ, за провеждане изборната агитация на комунистическата партия.

Сведения за настоящата дейность на Шатаровъ, като членъ на О.К. на Б.К.П., сѫ Ви изпратени съ преписка № II-А-2578 отъ 23.XI.1942 год.-

Политичкото досие на Методија Шаторов, 3.XII.1942 г.



Вх.№ II-А-1461
17.III.943 год.

Преписъ.

ТУКЪ-Дирекцията на полицията
Отд.Държавна сигурность

Наредете да бѫдатъ издирени,заловени и представени въ паркета лицата:ДИКО ДИМИТРОВЪ ДИКОВЪ и МЕТОДИ ТАСЕВЪ ШАТАРОВЪ, осѫдени по присѫда № 90/43 год.на Соф.Военно-полеви сѫдъ-на смърть чрезъ разстрелване.

№ 2499,16.III.1943 година.София.

Майоръ-Прокуроръ при Соф.Военно-полеви сѫдъ:/п/не се чете.

Акт на Дирекцијата на полицијата во Софија за апсење на Методија Шаторов, 16.III.1943 г.




Од полициското досие на Методија Шаторов

# Р Е Г И С Т А Р

## РЕГИСТАР
## НА ЛИЧНИ ИМИЊА


**А**

Александров, Тодор: 33, 34, 52, 140, 142, 143, 166
Алтипармак(ов)(иќ): 270, 308, 343, 361
Анави, Леон: 67, 74, 75
Анастасов, Димитар Петров: 248
Андреев, Бане – Ронката: 332
Антонеску, Јон: 179, 310, 372
Апостол-војвода: 139
Арабов: 67
Аранович, Илија: 192
Арсов: 145
Арсов, Петар: 136
Аспарух: 279
Атанасов, Никола: 71
Атанасов, Филип: 37
Ашер: 70, 71, 72

**Б**

Бабунски, Јован: 281
Бадев, Јордан: 107
Бајров: 248
Балкански, Тодор: 8
Бандишев: 70
Беловодски, П.: 263
Билјарски, Цочо: 59, 109
Богданов: 55, 62
Борис, цар: 113, 129, 179-180, 310
Броз, Јосип - Тито: 17, 127, 338
Бунтески, Ристе - Бунте: 8-9, 27
Бурилкова, Ива: 59, 109
Бухарин: 64

**В**

Василев, Арсо (Трпко): 60, 263-264
Велјановски, Новица: 27
Весковиќ-Вангели, Вера: 9
Вилхем, кајзер: 328
Винкер: 72
Вичев, Петар: 157
Владимиров: 55
Влахов, Димитар Јанакиев: 52, 263 - 264
В’лканов: 67
В’лков, Иван: 156
Волкашин: 279
Врчков, Иван: 212
Вулиќ, Никола: 278-282, 351, 355

**Г**

Габровски: 330
Гаврило, патријарх: 309, 377
Гајдаров, Н.: 264
Галиќ, Крсто и Владимир: 79
Ганев, Дим.: 53
Ганчев, Ив.: 70
Ганчев, Сава (Ради): 71
Гарванов: 138
Георгиев: 248

Георгиев, Ангел: 11
Георгиев, Георги: 218-219
Георгиев, Петар: 223, 226-231
Георгиевски, Кузман: 27
Георгиевски, Л. – Љупта: 9
Геров, Драган: 229
Гичев, Димитар: 172
Главинов, Васил: 136
Горниев: 46
Гочев, Димитар Ненов: 220, 225, 233
Грачанов, Коце: 51-53
Греков, Петар: 201, 203-204, 206-209
Григоров, Никола: 218-219
Гринберг: 71
Громов – Влахов, Димитар: 52, 55
Грубишиќ: 348
Грубишиќ, Антон: 275, 348
Груев, Даме (Дамјан): 136, 138, 281
Груевски, Трајче: 9
Гули, Питу (Голев, Питу): 111, 281, 284
Гумнеров, Љубен: 19

**Д**
Даниќ, Чедомир: 353
Даскалов, Георги Хр. (Мирчо): 225, 233
Делчев, Гоце: 55, 57, 106, 111, 113, 136-138, 144-145, 173, 281
Диков, Дико Димитров (Пешо): 260-262
Димитров: 102
Димитров, Георги: 51, 382, 385
Динев, Ангел: 56
Дичев, Димо (Јанов): 62-63, 68-69, 73, 75, 263
Драганов, Живко: 65
Драганов, Стоил: 226
Драгојчева, Цола: 17, 123, 263
Думанов, Петар: 312
Душан, цар: 279, 309, 353, 355

**Ѓ**
Ѓаковиќ, Ѓуро: 382
Ѓилас, Милован: 102
Ѓошев, Андон Танев (Черно, Дончо): 263

**Е**
Ефтимов, Петар: 227, 232

**Ж**
Жељасков, Петар Георгиев: 220, 225, 231, 233-236
Живков, Тодор: 19
Жила, Ленина: 10, 23
Жогов, Н.: 198

**З**
Зајаков, Митко (Донев): 61
Занков, Георги: 59
Зиновјев: 64
Зојчев, Данаил: 210

**И**
Иванишевиќ: 32
Иванов: 51, 53
Иванов, Антон (Богданов): 75
Иванов, Антон (Велко): 51, 63, 67

Иванов, Димитар: 218, 219
Ивановски, Васил Атанасов (Наско): 60
Ивановски, Вл.: 9
Ивановски, Перо – Тиквар: 5, 27
Иваноски, Орде: 9
Игнатов, Васил: 62
Игов, Иван Денков: 238-240
Изет-бег: 314
Искров, Петар: 43, 47, 55

**Ј**
Јаворов, П.Ј.: 166
Јанков, Петар Д.: 74
Јанков, Христо: 141
Јанкулов, Никола: 227, 232
Јанов – Дичев, Димо: 62-63, 68-69, 73, 75, 262
Јевтиќ: 290, 318
Јовчиќ, Ставре: 79
Јосифов, Јосиф: 67

**К**
Калајџиев, Христо: 214
Каламатија: 310
Калфов, Христо: 156
Каменев: 64
Караѓорѓевиќ, Петар: 331
Карамфилов: 63-65
Карев, Никола: 281, 283, 351
Касабов: 60
Катарџиев, Иван: 116, 277
Катилина – Шаторов, Методија: 39, 41, 48-50, 61
Кирил и Методија: 313
Кирчев: 72
Кирчев, Лазар: 67
Кљакиќ, Драган: 19
Ковачев, Георги Костов: 220, 225, 233
Козарова: 261
Коларов, Васил: 24, 36, 43, 47, 51, 53, 55, 165, 185
Коларов, Ив.: 57
Колев, Иван Петров: 256-257
Колишевски, Лазар – Митре: 19, 127, 129-130
Копчев, Борис: 261
Корошец: 178, 307, 309-311, 314-315, 366, 370, 376-377, 384-385
Костиќ, Вангел: 350
Костиќ, Јордан (Дебело Месо): 275
Костов, Трајчо: 24
Костојчинов, Ив.: 233, 237-238, 243
Коцалиев, Георги: 10
Кочев, Илија: 51
Крнда: 348
Крстев, Георги: 213
Крушовски, Илија: 185

**Л**
Лазаров, К.: 53
Лалов, Јанко: 67
Ламбов: 75
Ламбрев, К.: 57
Леви: 72
Левковски, И.: 42
Ленин: 42, 45, 64, 161, 357
Линдро, Милош: 27
Луков: 250

Луков, Христо: 17
Луксембург, Роза: 161
**Љ**
Љапчев, Андреј: 156

**М**
Мавров: 53
Македонски, Александар: 278-279
Марко Дебранецот: 309
Марко – Шаторов, Методија: 23-24, 33, 36-38, 49, 55, 62, 66-68, 72, 76, 159, 263
Марко, Крале: 279, 354
Марков – Шаторов, Методија: 257
Марков, Ем.: 54
Марковски, Венко: 280, 327, 334, 335
Маркс: 45
Мартулков, Алексо: 52
Мачек, Влатко: 110, 178, 269, 271-272, 287-288, 290, 293-295, 297-299, 307, 309-311, 314-315, 318, 320-321, 327, 357, 366, 370, 377, 384-385
Машев: 70 - 72
Метаксас, Јоанис: 369-370
Мечев, Ж.: 203
Миладиновци, браќа: 355
Милев, Јордан: 54
Митре – Колишевски, Лазар: 119, 127, 129-130
Митре – Шаторов, Методија: 115
Михаилов, Христо (Дјатката): 264
Михајлов, Георги (Железов): 62, 66
Михајлов, Иван (Ванчо): 51, 56, 156, 160, 166, 172, 176, 272
Михајлов, Миле: 130
Михајловиќ: 348
Михов, Борис: 52
Михов, Милен: 9
Молотов, Вјачеслав Михајлович: 110
Мусолини: 112, 113, 178-180, 310-311, 317, 334, 371-372

**Н**
Настев, Георги - Жоро: 58
Неделев, Н.: 263
Ненов, Ванчо: 67
Николов: 57
Николов, Бож.: 263
Николовски, Јордан: 334
Новковиќ: 353

**О**
Обов, Александар: 37
Островски: 38

**П**
Павелиќ, Анте: 115
Павловиќ, Драган: 117, 119
Павловиќ, Миливој: 282
Палазов, Стефан (Кирчев): 68
Панов, Јонко (Пергела): 225, 230, 231, 233, 236
Папатеодосије, Тодор: 305, 361
Паприќ: 319
Паукер, А.: 53

Пенџерков, Михаил: 220, 225, 233
Пенџеркова, Стефана: 80, 81, 84, 86, 87, 89, 91, 92, 95, 96, 97, 101
Петен: 370
Петков, Борис: 75
Петров, Дим.: 54
Петров, Ѓорче: 111, 136, 138, 141, 144, 281
Петров, К.: 34
Петров, Никола: 81, 85, 90, 92, 93, 97, 99, 100
Петрова, Марија: 78, 80, 82, 83, 85, 88, 90, 92, 94, 96, 97, 100, 101
Петрушев, Бранко: 366
Пешиќ, Ѓорѓи: 348
Плеханов: 42
Покровнички, Веселин: 67
Покровнишки, Нико(ла) Георгиев: 220, 225, 229, 230, 231, 233, 236-237, 245
Попов, Стојан: 174, 177
Поповски, Владо: 10, 23
Поп Тодоров, Крстан: 174
Поп Томов, Владимир: 24
Преславски: 54
Проданов, Ст.: 263
Протогеров, Александар: 38, 140, 142, 143, 156, 157
П.Тодоров, Арсо Василев: 252

**Р**

Радионов, Цветко (Васил): 262
Радулов, Георги: 67
Рамек: 71
Р'вал: 71
Рибентроп, Јоахим: 178, 327
Риков: 64
Рилски: 53
Рубљов, Давид: 192
Руменов: 53
Русев, Иван: 156, 157
Ручигај, Антон: 362

**С**

Савов (Славов), Монката (Капитан Рак): 262
Сакарело: 71
Самуил: 279, 355
Сандански, Јане: 111, 136, 139, 140, 144, 166, 175, 281
Сарафов, Борис: 138, 281
Семерџиев, Атанас: 19
Симеон: 279
Симеонов: 55
Симеонов, А.: 203
Симеонов, Борис: 74, 75
Симовиќ, Душан: 111, 327
Сиромахов, Вл. Д.: 240, 247
С'мналиев: 70
Смољан: 36
Спасовски, А.: 9
Спиридонов: 54, 55
Сталин: 45, 64, 103, 162, 164, 270, 292, 330, 331, 382
Стамболиски, А.: 37
Станишев: 57
Станишиќ, А.: 32
Стефанов, Илија: 8
Стоев, Петко: 203
Стојадиновиќ: 290, 318
Стојанов, Младен: 236
Стојчев, А. Д.: 196

**Т**
Табаков, Продан (Табака): 65
Талевиќ, Кирило – Џале: 275
Танев: 86
Ташковиќ: 272
Теодосиј Скопски: 145
Терпешев, Добри Колев: 255, 256
Тодоров, Арсо Василев: 263, 264
Тодоров, Коста: 37
Тодоровски, Зоран: 8, 59
Тошев: 57
Тошев, Пере: 111, 136, 138, 144, 281, 289
Тулбен: 348

**Ќ**
Ќано (Ѓано): 178
Ќерамитчиев: 67
Ќосеиванов, Георги: 57

**У**
Урош: 279

**Ф**
Фердинанд, цар: 138
Филип, цар: 278
Филипов, Симеон Славов (Рак): 65
Филипчевиќ: 354, 355
Филов, Богдан: 180
Фотев, Богоја: 334
Франко: 65, 67
Фратев, Иван Попов: 220, 233

**Х**
Хаим, Хасан: 70, 71
Хајдуков: 177
Халачев: 62
Хаџи Димов, Димо: 10, 33, 35, 106, 111, 138, 141, 142, 144
Хаџисандров, Михаил: 82
Хитлер: 112, 113, 114, 124, 178, 179, 180, 287, 310, 311, 317, 326, 327, 328, 329, 330, 331, 333, 334, 356, 371, 372, 373
Хитров, Ем.: 262
Хора Сима: 178, 308
Христов, Павел: 141

**Ц**
Цанков, Александар: 57, 143, 156, 157, 172, 174
Цветанов – Драгојчева, Цола: 123
Цветковиќ, Драгиша: 110, 178, 269, 271, 272, 287, 288, 290, 293, 294, 295, 297, 298, 299, 307, 309, 310, 311, 314, 315, 316, 318, 320, 321, 322, 327, 357, 366, 370, 377, 384, 385
Цветковска, Надежда: 27
Цвииќ: 278

**Ч**
Чавдарова-Галилеева, Тодорка: 81
Чаков, Михаил: 213, 227, 228, 229, 230, 231, 234, 235, 236
Чанков: 72
Чаракчиев, Асен: 8
Чаулев, Петар: 143

Чернопеев: 138, 139, 144
Черчил: 331
Чичето: 72
Чкодра: 321

**Ш**
Шанданов, Петар: 166, 174, 176, 177
Шапкарев: 57
Шаторов, Кирил: 187, 190, 205
Шаторов, Методија-Шарло: 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 13, 14, 15, 16, 17, 18, 19, 20, 21,, 22, 23, 24, 25, 26, 27, 31, 32, 33, 36, 39, 41, 43, 44, 48, 49, 50, 51, 55, 59, 62, 63, 68, 69, 73, 75, 77, 78, 80, 82, 83, 85, 88,, 90, 92, 94, 95, 96, 97, 100, 102, 104, 110, 116, 131, 132, 135, 153, 165, 185, 186, 189, 192, 193, 194, 195, 196, 197, 198, 199, 200, 201, 202, 203, 204, 205, 206, 207, 208, 209, 210, 211, 212, 213, 215, 217, 218, 219, 220, 222, 223, 225, 226, 227, 228, 229, 230, 231, 232, 233, 234, 237, 238, 239, 240, 242, 243, 244, 245, 246,, 247, 248, 249, 250, 251, 252, 253, 254, 255, 256, 258, 259, 260, 261, 262, 263, 264, 265
Шаторов, Тасе: 78, 186, 189, 240, 243, 253, 257, 259, 265
Шаторов, Тодор: 187, 190
Шаторова, Блага: 81, 82, 85, 90, 96, 97, 101, 187, 190
Шаторова, Евгенија (Гена): 81, 91, 187, 190
Шаторова (Христова), Јованка (Иванка): 78, 186, 189, 205, 221, 222, 223, 224, 240, 243, 253, 257, 259, 265
Шаторова, Кремена: 77, 78, 80, 81, 82, 83, 85, 86, 87, 89, 91, 92, 94, 96, 99, 100
Шаторова, Наталија (Талија): 81, 82, 84, 85, 87, 90, 93, 97, 187, 190
Шин: 72
Ширков, Лалју Георгиев: 220, 225, 233
Шуплиновски, Ристо: 8, 27
Шутеј: 345, 364
Шутилов, Венелин: 263

**СОДРЖИНА:**

Предговор ........................................................................................ 5

I Документи ........................................................................................ 29

II Материјали ........................................................................................ 133

III Полициско досие ........................................................................................ 183

IV Прогласи на ПК на КП во Македонија ........................................ 267

V Написи во „Билтен“ ........................................................................................ 337

VI Прилози ........................................................................................ 387

Регистар ........................................................................................ 425

**ДРЖАВЕН АРХИВ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МАКЕДОНИКА ЛИТЕРА**

**МЕТОДИЈА ШАТОРОВ - ШАРЛО**
**ДОКУМЕНТИ И МАТЕРИЈАЛИ**

Избор, предговор и редакција
*д-р* ***Зоран Тодоровски***

Лектура
***Тронда Пејовиќ***

Компјутерска обработка
***Емилија Роū***

Печат
***Евроūа 92 - Кочани***

Тираж
***500 ūримероци***